К II 533

УНИВЕРЗИТЕТ "КИРИЛ И МЕТОДИЈ" - СКОПЈЕ
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

КОЧО СИДОВСКИ

ИТАЛИЈАНСКАТА ПОЛИТИКА КОН МАКЕДОНИЈА ОД ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ ДО ПРВАТА СВЕТСКА ИМПЕРИЈАЛИСТИЧКА ВОЈНА (1903-1914 ГОДИНА)

- Докторски труд -

СКОПЈЕ, 1987

Ин 33
Инв. бр. 23-21/93
Сиг. 522

Кочо Сидовски

ИТАЛИЈАНСКАТА ПОЛИТИКА КОН МАКЕДОНИЈА ОД ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ ДО ПРВАТА СВЕТСКА ИМПЕРИЈАЛИСТИЧКА ВОЈНА (1903-1914 ГОДИНА)

- Докторски труд -

С К О П Ј Е

1987

Историски институт Скопје

П Р Е Д Г О В О Р

Темата "Италијанската политика кон Македонија од Илинденското востание до Првата светска империјалистичка војна (1903-1914 година)" го третира проблемот на политичките и економските односи на Италија и Македонија, во рамките на севкупните италијанско-турски односи од 1903 до 1912 година, а потоа и односите на Италија со балканските земји заклучно до 1914 година. Досегашните историографски проучувања му посветуваа внимание на оваа проблематика само во рамките на политиката на големите европски сили спрема македонското прашање во периодот на Илинденското востание и Мирцштегските реформи. Сепак треба да се истакне дека за овој период имаме повеќе прилози, што ја третираат италијанската политика кон Македонија, одколку за периодот од Обединувањето на Италија во 1870 година па се до Илинденското востание во 1903 година.

Преку разработување на гореспоменатата проблематика целта ни е, во почетокот, на кратко да се осврнеме на развојот на македонско-италијанските односи на политичко-економски план во периодот од 1870 до 1903 година. Главна поента се става на италијанско-македонските односи од 1903 до 1914 година кога ќе се осврнеме на политиката на Италија спрема Македонија во разните области како на економски план, кое што се вршело преку меѓусебната трговска размена која што се одвивала во рамките на трговијата на Отоманската империја со Италија, а подоцна и на балканските земји, кои ја окупирале Македонија, со Италија, така и на политички план кое се огледало низ призмата на италијанско-турските односи, подоцна односите на Италија со балканските земји, а во кои македонското прашање заземало едно од

поистакнатите места.

При изработката на нашиот труд користени се како објавена така и необјавена архивска документација, потоа печатот и литературата.

При давањето синтеза на нашиот труд "Италијанската политика кон Македонија од Илинденското востание до Првата светска империјалистичка војна (1903-1914 година)" настојувавме, во рамките на можностите, распределбата на материјата да ја извршиме така за да може да се согледа италијанската политика во сите аспекти на своите односи со Турција, балканските земји, во однос на македонското прашање. Во извесна степен ни недостасуваат ~~xxxx

У В О Д

ПРЕГЛЕД НА ИЗВОРИТЕ И ЛИТЕРАТУРАТА

При изработката на нашиот труд ние се користевме со извори и литература кои се однесуваат на прашањето за "Италијанската политика кон Македонија од Илинденското востание до Првата светска империјалистичка војна (1903-1914 година)".

Во изворите се опфатени дипломатските извештаи во кои влегуваат: 1. Необјавените дипломатски извештаи, 2. Објавените дипломатски извештаи, во кои треба да се вбројат и разните трговски извештаи кои се објавени и 3. Печатот.

Што се однесува до литературата што е користена при изработката на трудот, таа подолу хронолошки ќе биде изложена.

I. ИЗВОРИ

1. ДИПЛОМАТСКИ ИЗВЕШТАИ

а. НЕОБЈАВЕНИ ДИПЛОМАТСКИ ИЗВЕШТАИ

Како основен изворен материјал за нашата работа ни послужи материјалот од Историскиот архив на Министерството за надворешни работи на Италија во Рим (Archivio Storico del Ministero degli affari Esteri) кој се наоѓа микрофилмуван во Архивот на Македонија - Скопје. Овој материјал го микрофилмувал проф. д-р Стјепан Антољак за време на неговото истражување во Рим во гореспоменатиот архив. Кога сме кај ова посебно треба да нагласиме дека гореназведениот микрофилмуван материјал сеуште не е архивски обработен од Архивот на Македонија во Скопје, кое ни ја отежнуваше работата. След обработката на овој микрофилмуван материјал од страна на Архивот на Македонија - Скопје работата во иднина многу ќе се олесни.

Во споменатиот микрофилмуван материјал се наоѓаат извештаи на конзуларните претставништва на Италија во Македонија.* Во

* Италијанските конзулати во Македонија беа отворени: Во 1860 год.

овие извештаи воглавно се зборува за разни настани во Македонија од конзуларните окрузи на италијанските конзулати во наведениот период. Во извештаите најповеќе простор му е посветен на периодот по избувнувањето на Илинденското востание во 1903 година, потоа на реформната акција на големите сили во Македонија и на настаните поврзани со Младотурската револуција од 1908 година.

Исто така треба да се истакнат и извештаите на дипломатските претставници на Италија од соседните земји па и од самата Отоманска империја како напр. Софија, Белград, Атина, Букурешт, Цариград каде воглавно се оценувале низа настани во Македонија, од аспект на ставовите на соодветните влади на балканските држави а и на самата италијанска влада.

Во истиот контекст треба да се споменат и извештаите на италијанските дипломатски претставници од Виена, Париз, Лондон, Берлин и Петроград, во врска со македонското прашање. Во нив се третираат или ставовите на владите на големите европски сили во поглед на македонското прашање, или пак контактите на самите италијански дипломатски претставници во тие престолнини со официјалните личности на тие сили во врска со споменатото прашање.

б. ОБЈАВЕНИ ДИПЛОМАТСКИ ИЗВЕШТАИ

Посебна стојност за проблематиката што ја третираме во нашиот труд има италијанската "Зелена книга" (Libro Verde).* Во неа се изложени ставовите на италијанската влада по низа прашања од македонската проблематика особено ситуацијата во Македонија по задушувањето на Илинденското востание во 1903 год.; потоа за реорганизацијата на жандармеријата во Македонија поврзано со Мирц-

за конзул на Сардинското кралство во Солун е именуван Фернандез Саломон, кој продолжи да ја врши својата должност и по создавањето на Италијанското кралство во 1861 година; Италијанскиот конзулат во Битола бил отворен во 1895, а во Скопје 1902 година.

*Официјалниот наслов на "Зелената книга" е следен:

итетскиот договор, кореспонденцијата на владата со своите дипломатски претставници акредитирани кај големите европски сили по однос на горните проблематика; спроведувањето на финансиските реформи во Македонија; контактите на италијанскиот дипломатски претставник во Цариград со претставниците на двете најзаинтересирани сили по македонското прашање Русија и Австро-Унгарија. За нас од интерес се посебно документите, во кои се третирани настаните поврзани со политиката на Италија кон распределбата на округите за реорганизацијата на жандармеријата во Македонија. Збирката ја користиме преку микрофилм, кој се наоѓа во Архивот на Македонија - Скопје а снимен е од Дубен Лапе во Националната библиотека во Лозана.

Поодделен материјал за нашиот труд се наоѓа и во документите на Турција и на балканските држави, во поголем број случаи објавени како резултат на истражувачка работа.

И покрај неизмерното архивско богатство на цариградските архиви, постои можност, поради непристапачноста во нив, да се користи само сосема ограничен материјал кој тие објавиле.

Еден од попознатите по своето значење е збирката на П. Дорев,* во која е објавен материјал од турските државни архиви. Тоа претежно е официјална кореспонденција на Портата со нејзините претставници во странство во врска со настаните во Македонија. Во оваа збирка има документи кои се однесуваат и за односот на турските власти кон италијанските офицери кои учествувале во реорганизирањето на жандармеријата во Македонија. Исто се третирани одредени оценки на италијанскиот амбасадор во Цариград за политиката на турските власти во однос на странските пропагандни чети.

За дејноста на македонските револуционерни комитети во Бугарија, Србија и Романија, Италијанските дипломатски претставници во Софија, Белград и Букурешт редовно известуваа до Министерството за надворешни работи во Рим. Овие извештаи подоцна беа објавени во Atti Parlamentari - Camera dei Deputati. Documenti diplomatici presentati al Parlamento Italiano dal Ministero degli Affari Esteri (Di San Giuliano), Macedonia. Roma 1906.

* П. Дорев, Документи изъ турскитѣ дьржавни архиви. Част II (1863-1909). София, БАН, 1940, 463.

тас Лозанчев и Ѓорче Петров во 1904 година, податоци наоѓаме во еден прилог на Стјепан Антољак* во кој е предаден еден извештај на италијанскиот дипломат во Софија Куќи Боесо.

Извесен материјал каде што се третира ставот на Италија спрема македонското прашање наоѓаме и во збирката на документи на Г. П. Генов.** Тука воглавно е изнесено интересирањето на Италија за текот на преговорите за мир во Букурешт по Втората балканска војна во 1913 година.

Од интерес, во однос на третирањето на италијанската политика спрема Балканот и Македонија по балканските војни до почетокот на Првата светска империјалистичка војна во 1914 г., се и збирките на документи кои ги подготвиле Душан Лукач, Владимир Дедијер и Живота Аниќ.*** Во документите презентирани во овие збирки, се гледа големото интересирање на Италија за положбата во Македонија и воопшто на Балканот по завршувањето на балканските војни. Посебно е нагласено интересирањето на Италија во врска со планираната изградба на железници во овие региони.

За подоброто согледување на политиката на Италија кон Отоманската империја односно Македонија, особено важна улога играат и економските аспекти. Во суштина економскиот фактор бил доста важен бидејќи Италија настојувала да го зголеми својот извоз во Отоманската империја а исто така да обезбеди суровини за својата

* Stjepan Antoljak, Jedan talijanski diplomata o djelatnosti Anastasa Lozančeva i Djorča Petrova u 1904 godini. Годишен зборник на Филозофскиот факултет (Скопје), 14 (1962), 97-101.

** Г. П. Генов, Международни актове и договори засягащи България. София, 1940, 463.

*** Документи о спољној политици Краљевине Србије 1903-1914. Књига VI/1-2, 1/14 јануар-31 март /13 април 1913; 1/14 април-30 јуни/13 јули 1913. Приредио Душан Лукач, Београд 1981, 563, 681 и Документи о спољној политици Краљевине Србије 1903-1914. Књига VII/1,2, 1/14 јануар-30 април/13 мај 1914; 1/14 мај-22 јули/4 август 1914. Приредили Владимир Дедијер, Живота Аниќ. Београд, 1980, 855.

индустрија. Економските показатели на овие односи ги наоѓаме во статистичките прегледи, издавани особено од големите империјалистички држави. Тоа се документирани прегледи на надворешната трговија (внос и извоз), пловидбата, таксите и др. Италија како и сите други сили издавала статистички прегледи на трговија, воопшто или посебно на надворешната трговија, општо со сите земји или одделно за подрачја или за одредени земји. Меѓутоа што се однесува до надворешната трговија на Италија со Македонија, во периодот 1903-1914 година, не располагаме со подетални податоци, со кои би можело целосно да се согледаат релациите на економската политика и воопшто на надворешната трговија на Италија со Македонија.

Во однос на трговската размена на Италија со Македонија, извесни податоци наоѓаме во поодделни објавени извештаи на италијанските дипломатски претставници во Македонија.

Овде би го навеле извештајот на италијанскиот конзул во Битола Г. де Визарт.* Во извештајот исцрпно се прикажани политичките, географските и стопанските услови во Вилаетот. На крајот на извештајот, во поскромни рамки се презентирани податоци за надворешно-трговската размена на Битолскиот вилает со разни држави во текот на 1902 и 1903 година.

Значајни податоци за одразот на балканските војни, вр стопанството на балканските земји вклучена и Македонија, ни дава и извештајот на Луиџи Вилари, кралски инспектор за емиграција.** Во овој извештај покрај за стопанската ситуација во Бугарија, Грција, Србија, Црна Гора исцрпно се зборува и за состојбата во Македонија

Посебно се зборува за тоа како влијаеле балканските војни, вр еко-

*Il Vilayet di Monastir, Rapporto del Conte G. de Visart, Regio console in Monastir. Bollettino del Ministero degli Affari Esteri. Gennaio 1906, Roma 1906, 1-20.

**L'Economia balcanica e la Guerra, Rapporto del Cav. Luigi Villari, R. Ispettore d'Emigrazione. Ministero degli Affari esteri Direzione Generale degli Affari Commerciali. Anno 1914/2. Roma s.a

врз економските полозби на најважните стопански центри на Македонија Солун, Битола и Скопје. Дадени се податоци и за трговијата на Италија с и на другите земји со поранешните три македонски вилаети во последните години од турското владеење.

Вредни податоци за трговската размена на Италија со Македонија, односно со нејзиниот дел кој бил под власта на Србија освоен по војната од 1912 и 1913 године, несомнено во извештаите на италијанските конзули од Скопје и Битола.* Во нив детално се наведени податоци за извозот од сите европски земји на територијата на конзуларните подрачја на италијанските конзулати во Скопје и Битола со посебен нагласок на Италија с во пошол обем обем и за извозот од овие подрачја.

Посебен интерес во одделни извештаи е обрнувен кон производството на кожурците од свилените буби во Македонија со оглед на тоа што овој производ на јповеќе се експортирал во Италија.** Во извештајот опстојно се зборува за долготрајните традиции што ги имала Македонија во производството на кожурците од свилените буби. Меѓутоа, балканските војни и подембата на Македонија од страна на соседните балкански држави многу негативно се одразиле на ова производство . Нагласена е и заинтересираноста на Италија, како значаен увозник на овие суровини, да се зголеми нејзиното производство.

II. ПЕЧАТОТ

Како дополнување на архивскиот материјал, а се

11-21. Кочо Сидовски, Италијански извештај за одразот на балканските војни врз македонското стопанство. Историја XVIII/1-2 (1982), 215-224.

* Serbia: Dal Regio consolato ad Uskub i Dal Regio consolato in Monastir. Ministero degli Affari esteri, Direzione generale degli affari commerciali. Bollettino del Ministero degli Affari esteri, 1914/9 - Maggio. Roma, 1914, 6-17.

** Ministero degli Affari esteri. Direzione Generale degli

Илинденското востание во Турска спетски империјалистички војни (1903-1918 години)", си значење и и остранскиот печат. Печатот на ко помошно средство може многу ни помаѓа во барањето одговорите на не стеснувачото кои одредени актуелни прашања, верувањата, дефинираните и резервите што ги имаат претставниците во општите ни се дефинира односот и најпосле во него наоѓањето на интересни детали, кои не се среќаваат во документацијата. Печатот како регулатор на јавното мислење може придонесе во искристализирањето на односот кој одредени политички прашања, во поголем или помалем степен да се актуелизира настанот.

Ставот на италијанските официјални кругови е и не помалку значајни во врска со Илинденското востание од 1903 година може да се регистрира и преку зборовите на одбрани статии за односот на Илинденското востание во странскиот печат.* Конкретно во овој зборник што се однесуваа до целото тело, особено интересни може што се зборуваа за формирањето на одбори во Италија, како што беше "Pro Armenia e Macedonia" и др. кои постојуваа преку јавни митинзи и агитација во печатот да го покренат италијанското парламент и владата да бара што поенергични мерки од страна на европските држави во полза на христијанското население во Отоманската империја. Исто така може да се регистрира и ставот на италијанската влада во однос на Илинденското востание од 1903 година, потоа за учеството на италијанските воени личности во решавање на спроведувањето на Мирцштегските реформи во Македонија.

Заинтересираноста за настаните во Македонија сред општествената јавност во Италија, предизвикани со своите статии познатиот италијански публицист Вико Мантегаца. Тој, во 1902-1903 година дојде во Македонија, со цел да го проучи револуционерното движење

---

arrivo commerciali. Grecia (e paesi limitrofi). Dal Regio consolato generale in Salonicco. Sericultura nella Macedonia. Bollettino del Ministero degli Affari esteri. Parte commerciale, 1914. Roma 1914, 7-12.

* Х.Г.Андоновски, Б.Ковач, Б.Мокров, П.Михаилов и Ј.Попов-

на македонскиот народ. Испраќал статии на весниците "Ле Национале", "Ил Корриере дела Сера", "Л' Илустрационе Италиана и на други.* Со своите прилози во италијанскиот печат се истакнал и Л. Виллери. Интересни податоци за ситуацијата во Македонија по Илинденското востание дал и францеско Гвичардини во своите петописи.**

При изработката на нашата тема се консултирани и весниците "Реформи" и "Право" кои го пренесуваат пишувањето како на италијанските така и на весниците од другите европски земји во врска со разните мислења кои беа изнесувани во Италија околу македонското прашање.

X III. ЛИТЕРАТУРА

По прашањето за "Италијанската политика кон Македонија од Илинденското востание до Првата светска империјалистичка војна (1903-1914 години)" постои одредена литература. Меѓутоа, истовремено може да се констатира дека не постои кој подолу наведената литература, со мали исклучоци, еден комплексен преглед на проблемот, со опфаќање на сите специфични аспекти на прашањето.

Треба да се истакне дека за да ја проследиме развојната линија во односот на италијанската дипломатија кон македонските работи од Илинденското востание во 1903 година до Првата светска империјалистичка војна во 1914 година се осврнуваме покрај на литературата која директно се однесува на италијанската политика кон Македонија и на онаа литература во која се разработува општата европска дипломатија т.е. нејзиниот однос кон Отоманската империја. Во неа можат да се насетат основните нитки на италијанските дипломатски акции спрема Македонија.

ски, Странскиот печат за Илинденското востание. Скопје, 1953, 185.

*Впечатоците од Македонија ги изнел и во книгата: "Macedonia" (Marzo-aprile, 1903). Milano 1903, 340.

** Francesco Guicciardini, Impressioni di Macedonia. Nuova Antologia di lettere, scienze ed arti, Quarta serie (Marzo-aprile), Roma 1904, 25-29; 224-244.

Една од најзначајните студии каде што се третира италијанскиот став според македонското прашање во рамките на италијанското политичко според Отоманското империја претставува студијата од труд на Џовани Амадори Вирџил.* Во овој труд тој ја расветлува италијанското политичко според Македонија во поширокиот рамки на европските провинции на Отоманското империја. Тој се осврнува на проблемите на Епир, Македонија, Стара Србија и Албанија комбинирајќи го проблемот на Цариград и на Одринскиот вилает Тракија. Комбинирајќи го проблемот на Цариград,кој, според зборовите на Џовани Амадори Вирџил, имал една специјална физиономија на интегралниот балканизам и целиот источен проблем, се набљудувале и многуте пресметливи оценки со употребата на изразите Албанија-Македонија, тој се послужил со изразот "Румелија" географски, политички и историски кадар помалку детерминиран од другиот, но со својата неопределеност ("neutra") повеќе одговарал на географската и политичката конфигурација на проблемот кој го разработувал авторот, што значи само е дел од балканскиот проблем и интегралниот источен проблем.

Од посебен интерес за нас претставува увидот на оваа студија каде се прецизираат причините кои довеле до тоа Италија порадди да се вклучи во решавањето на Источното прашање. Тоа се должело пред се како резултат на подоцнежното конституирање на Италија во една обединета држава за разлика од останатите европски

Во продолжение се разгледува Источното прашање во сите негови аспекти. Туку пред се е дадена целокупна анализа на положбата во европските провинции на Отоманското империја т.е. во Македонија, Стара Србија, Албанија и Епир. Според зборовите на Џовани Амадори Вирџил, во времето кога ја напишал својата студија, Источ

* Giovanni Amadori-Virgilj, La Questione Rumeliota (Macedonia Vecchia Serbia, Albania, Epiro) e la politica Italiana, Volume primo, Bitonto 1908, 1006.

ното прашање, се презентирало под парцијална форма на македонскиот проблем. Тој истакнува дека Источното прашање суштински се јавувало како прашање за владеењето на отоманските брегови на Медитеранот. Пак според него, европската дипломатија го издвоила македонското прашање од Источното, како ситуацијата во Македонија директно се рефлектирала врз состојбата на другите парцијални проблеми поврзани со решавањето на Источното прашање. Потоа е прикажана балканската политика на Бугарија, Србија, Црна Гора, Романија и Грција. Исто така се прикажани односите помеѓу балканските држави во периодот од 1903-1906 и од 1907-1908 година. Во трудот се зборува и општо за состојбата во Отоманската империја и влијанието што врз неа го вршеле големите европски сили на сите подрачја.

На крајот во студијата на Џовани Амадори-Вирџил се приложени географски и статистички карти и тоа: Политичко-административна карта на Европска Турција и училишно-административни карти на Скопскиот, Битолскиот, Јанинскиот и Одринскиот вилает.

Од истиот автор се користевме и со студијата за италијанската надворешна политика во периодот од 1875-1916 година.* Во овој труд покрај остананото, доста опширно се зборува за позицијата на Италија во текот на спроведувањето на Мирцштегските реформи во Македонија. Посебно се потенцирани нејзините односи со Австро-Унгарија во врска со македонското прашање. Апострофирана е политиката што ја спроведувал италијанскиот министер за надворешни работи Титони во периодот до 1906 година. Опширно се прикажани односите помеѓу големите европски сили, со посебен акцент на Италија, во навечерието на набљудувањето на анексионата криза во 1908 година. Посебно е елаборирана неспремноста на Италија на се соочи со анексионата криза. На крајот се зборува за

*UN ITALIANO (Giovanni Amadori Virgili), La politica estera italiana (1875-1916. Bitonto 1916, 1023.

италијанската надворешна политика по завршувањето на балканските војни е и нејзината политика во Албанија, Македонија, во Египт и на островите во Егејот во овој период.

Интересни материјали во врска со прашањето што го разгледуваме ни дава и италијанскиот публицист Батиста Пелегрини.* Во овој труд посебно внимание му е посветено на односите на Италија и Австрија, во врска со Источното прашање. Разгледани се италијанско-австриските спротивности во Црна Гора и Албанија. Посебно внимание му е посветено на разгледувањето на македонското прашање.

Десетата глава од овој труд носи наслов "Македонското прашање и Италија". Во почетокот на ова поглавје (стр.527-541) Пелегрини посебно се осврнува на приликите во Битолскиот вилает, борбите кои ги воделе помеѓу себе етнеските пропаганди од соседните држави и интересите кои ги имала Италија во овој Вилает. Батиста Пелегрини непосредно на самиот терен во Македонија ги проучувал состојбите во кои живее македонското население. Тој во Крушево присуствувал на еден собир на местното население, на кој беа изразени жини симпатии кон Италија. Пелегрини је изразувал надежта дека соработката на населението од разните националности ќе доведа до ослободување од вековното турско ропство. Инаку тој имал намера покрај Крушево да ги посети Прилеп, Велес, Скопје, Митровица и Солун (стр.541-560).

Во ова поглавје значително внимание му е посветено на улогата на Италија во спроведувањето на Мирцштегските реформи, потоа на спроведувањето на финансиските реформи во Македонија. Меѓутоа, како потврда на неуспешноста на сите вакви реформски зафати во Отоманската империја, Пелегрини дава ретроспектива на сите реформи што беа обновувани од турските султани, но на крајот ни-

* Battista Pellegrini, Verso la Guerra? Il dissidio fra l'Italia e l'Austria. Roma 1907, 626.

што не проследувале. Во продолжение се зборува за придонесот што го дале генералот Де Чезаре и другите италијански офицери во реорганизацијата на жандармеријата во Македонија. На крајот на оваа поглавје се зборува за односот на Италија кон македонското прашање (стр. 563-586).

На крајот од студијата се дадени неколку податоци за трговските односи на Италија со балканските земји и европските провинции на Отоманската империја во периодот 1900-1904 година (стр. 611-624).

Проблемот за односот на Италија кон македонското прашање поопширно го разработил уште неколку автори. Туку само студиозниот потфат на А.Јовановиќ-Кази што е разработено прашањето за односот на европската дипломатија кон македонското прашање меѓу кои и италијанското.* Интересот на односот на европската дипломатија кон македонското прашање авторот ја оправдува од периодот по Берлинскиот конгрес па сè до балканските војни и последиците од нив. На ваквата тема авторот зборува во врска со Мирцштегските реформи. Иако сепак тој се осврнува во врска со [illegible] Италија кон плановите за реформи во балканската администрација во Македонија. Материјалот е доста документиран и тоа со користење и на дипломатска кореспонденција. Зрелоста на резонирањето прилично во врска со донесувањето и спроведувањето на реформите е оригинален и со голема доза на објективност. Иако тоа во трудот е најмалку опишувањето на италијанската дипломатија кон Младотурската револуција и балканските војни. Посебно е потенцирано залагањето на Италија, да ги охрабри балканските држави на отпочнувањето на војна со Отоманската империја со цел да и се олесни војувањето против на врска со италијанско-турската војна за Либија.

* Assen Iv. Kraïnikovski, La Question de Macédoine et la diplomatie européenne. Paris 1938, 335.

Еден обид со опфаќање на покомплексни прашања за односот на Европа вклучувајќи ја и Италија кон Илинденското востание и по него, објави во 1955 година Христо Г.Андоновски-Полјански.* Тоа е општ преглед на ситуацијата во Македонија настаната како резултат на востанието и последиците во врска со донесувањето на мирцштегските реформи. Излагањето не се задржува само на односот на дипломатијата, туку во општи црти е разработено прашањето на странскиот печат, активноста на општественото мислење и помошната акција во полза на настрадалните Македонци од востанието. Во работата направен о зафат кон покомплексно согледување на позабележителните аспекти на темата.

Тенденцијата за документирана разработка на оваа тема ја наоѓаме и во работата на И.С.Гелкин, но со опфаќање на периодот 1905-1912 година.** Во оваа книга особено интересно и со нови материјали е разработен периодот 1905-1908 година и тоа ангажманот на силите, посебно на Русија и на Велика Британија но во одреден степен и на Италија за донесување на нови реформи за Македонија.

Извесни податоци за италијанската политика на Балканот можат да се најдат и кај познатиот италијански публицист Анџело Перниче.*** Во оваа книга се наоѓаат податоци за активноста на македонското национално-ослободително движење по Илинденското востание, потоа за младотурската револуција, општо за медитеранската политика на Италија и др.

За разлика од погоренаведените италијански студии издадени уште во времето на првите децении од XX век до нас допре и една студија од поново време издадена исто така во Италија. Во оваа

*Х. Г. Андоновски-Полјански, Ситуацијата во Македонија по Илинденското востание и Мирцштегските реформи. Годишен зборник на Филозофскиот факултет (Скопје), 8 (1955), 5-57.

**И.С.Гелкин, Дипломатия европейских держав в связи с освободительным движением народов Европейской Турции 1905-1912. Москва 1960, 263.

***Pernice Angelo, Origine ed Evoluzione storica delle nazioni

студија се третира односот на Италија кон балканските народи е во тие рамки има материјали и за Македонија. Тоа е студијата на Марио Пакор, Италија и Балканот од преродбата до Отпорот издадена во 1968 година.* Во оваа книга се дава приказ на развитокот на врските на народот на Италија и балканските народи во контекстот на нивната борба за ослободување и за учеството на италијанските доброволци во борбите за ослободување на Грција, Босна и Херцеговина, Македонија, Албанија, Унгарија, Полска и др. Овде се допрена и проблемот за ставот на италијанската официјална политика спрема одредени настани на Балканот. Овде што се однесува до нашата тема, конкретно станува збор за односот на Италија кон Младотурската револуција. Потенциран е односот на Италија кон балканските војни, за кои авторот вели дека иако имале експанзионистички компоненти, сепак биле гледани и како војни за ослободување од турското господство, кое и довело до учество на италијанските гарибалдинци - но кето и офицери и војници од војската -во борбите во Грција, Албанија, Црна Гора и Македонија. Покрај официјалниот италијански став, овде се третира и ставот што го имале поширокиге општествено-политички групации во Италија спреме разните настани на Балканот.

Во студијата на Марио Пакор е проследена италијанската политика спрема Балканот закључно со Втората светска војна. На крајот е дадена литература користена при изработката на оваа студија.

Во студијата на К.Е.Кирова, Италијанската експанзија в Источното Средоземноморје во почетокот на XX век, е разработено прашањето за односот на Италија кон Источното прашање.** Во оваа

Balcaniche. Milano 1915, 628.

*Mario Pacor, Italia e Balcani dal Risorgimento alla Resistenza. Milano 1968, 357.

**К. Е.Кирова, Итальянская экспансия в Восточном Средиземноморье (В начале XX в.). Москва 1973, 300.

ступија Македонија мошку е третирана како објект на италијанската експанзија, затоа што "Италија немала специјални интереси за Македонија, но крајот се граничел со Албанија, и тоа било доста-точно, италијанските дипломати со напрегнато внимание да го следат односувањето во Македонија на другите држави".

Но трудот има посебна важност затоа што во него се даваат основните претпоставки кои ја определуваат политиката на Италија во овој регион, внатрешната и надворешната политика на Италија, нејзината економска моќ, нејзините идеологија и др. Об-јаснети се начините преку кои Италија ја врши својата експанзи-ја во земјите на Источното Средоземноморје во почетокот на XX в., тн. "Мирно проникнување", преку поштите, потоа индустриската екс-панзија во Отоманската империја, изградбата на железниците итн.

Одредени податоци за односувањето на Италија спрто кон Отоманската империја можеме да најдеме и во трудот на И.Г.Се-нкевич, Ослободителното движење на албанскиот народ во периодот од 1905-1912 г.* Во овој труд по пат на исцрпна анализа на итали-јанското односување кон албанското прашање во споменатиот период се нашираат и основните контури на италијанската политика кон От манската империја и посебно кон Македонија. На крајот се даваат изворите и литературата користени при изработката на овој труд.

Определени податоци за италијанската политика кон Отоманската империја наоѓаме и во монографијата на З.П.Јакимовиќ Италијанско-турската војна 1911-1912 г.** Во неа на доста образло-жен начин се даваат причините за избувнувањето на италијанско-ту ската војна 1911-12 г. и односувањето на големите европски сили кон неа. На крајот се зборува за Лозанскиот мировен договор со кој е завр-

*И.Г. Сенкевич, Освободительное движение албанского наро-да в 1905-1912 г. Москва 1959, 259.

**З.П.Якимович, Итало-турецкая война 1911-1912 гг. Москва 1967, 203.

на италијанско-турската војна, и за резултатите од оваа војна.

Кај нас пра потфат кон расветлувањето на македонско-италијанските односи во минатото претставува прилогот на Христо Андонов-Полјански, посветен на оваа проблематика, објавен во 1970 година.* Во овој прилог се третират македонско-италијанските врски од најстарите времиња па се до поновите времиња. Меѓу другото е истакнато учеството на Георги Кончев во италијанското национално-ослободителното движење во 1848 година и поради тоа стекнат близок сподвижник на Гарибалди и на неговото семејство.** Во овој прилог посебен акцент е ставен исто така за интересот на италијанската дипломатија спрема Македонија непосредно пред и за текот на самото Илинденско востание во 1903 година. Потенцирана е и активноста на италијанските воени кругови во врска со реализирањето на Мирцштегските реформи во Македонија, котоа големата улога што ја одиграе италијанскиот печат во правилното информирање на италијанската јавност за вистинската состојба на работите во Македонија во време на Востанието од 1903 година. Истакнато е и промакедонската активност во Италија пред, за време и по Илинденското востание во 1903 година, која што си поставила за цел да го популаризира ослободителното дело на македонскиот народ и собирање помош за настрадалите по востанието во Македонија. На крајот е потенциран и италијанскиот интерес за Македонија во време на Младотурската револуција, балканските војни и особено во време на решавањето на македонското прашање на Версајската мировна конференција кога тоа

* Христо Андонов-Полјански, За македонско-италијанските односи во минатото, Современост, Скопје, 1970/10, 1043-1025, Исто така (на нем.) Zur Geschichte der italienisch-mazedonischen Beziehungen, Südost-Forschungen, 29 (1970), 399-[illegible]. Rapporti storici italo-macedoni. Estratto da "Balcanica", n.3 - Roma - dicembre 1982.

** Георги Г. Кончев, Българо-гарибалдийци. - История и география 6(1964) 49; Българи гарибалдийци. Софија 1965, 60-68; G. Musigiani, L'Insurrezione di Ilinden e i Suoi Artefici. Roma 1968, 6.

се занесени во антологијата на Македонија.

За одгласот на Илинденското востание во Америка и Европа фалучени и Италија поопширно зборуваат во статијата на Христо Андонов-Полјански за Одгласот на Илинденското востание во Америка и Европа.* Во неа се зборува за одгласот на Илинденското востание во Америка (САД) и во големите европски земји: Велика Британија, Франција, Италија, Русија, како и во Швајцарија, Полска, Чешка и Бугарија. Што се однесува до Италија истакнат е придонесот на италијанскиот печат за разрешувањето на внатрешното и надворешното политичко положба на македонските работи. Во статијата се зборува за силното проилинденско движење во Италија кое се изразило со формирањето на комитетот "Pro Armenia e Macedonia", со апелите на Гарибалдинците и со собирањето помош во корист на пострадалите Македонци од востанието.

За одгласот на небугарската јавност кон Илинденското востание се зборува во студијата на Христо Андонов-Полјански за Илинденското востание и небугарската јавност.** Во оваа студија се зборува за одгласот на европските дипломатија кон Илинденското востание. Најголем впечаток е посветен на одгласот на Востанието во Америка и Европа и сред југословенските народи и народности а во тој контекст и одгласот во Италија и воопшто кој придонесе силниот дел во италијанското општествено мислење. Покрај другото тука е дадена библиографија на користени архивски материјали необјавени и објавени, печатени, спомени, писма, сведоштва на современиците и др. Дадена е и преглед на печатот со избор на статии и прилози, библиографии и литература за односното прашање.

*Христо Андонов-Полјански, Одгласот на Илинденското востание во Америка и Европа. Историја IV/1 (1968), 37-74.

**Христо Андонов-Полјански, Илинденското востание и небугарската јавност. Скопје 1985, 583.

востание во италијанскиот печат од тоа време дава и италијанскиот историчар Франческо Гвида.* Во оваа статија се зборува за прегледот на пишувањето на италијанскиот печат за развојот на македонското прашање пред и по избувнувањето на Илинденското востание. Преку извештаите и редакциските написи на весниците „Il Giornale d'Italia", "L'Avanti", "Il Corriere della Sera", "L'Adriatico" и др., и списанијата "Nuova Antologia", "La Civiltà Cattolica" и др. може да се види како го гледал италијанскиот печат од различна политичка ориентација избувнувањето, текот и задушувањето на Илинденското востание. Овде има извесни материјали за тоа како се гледало во италијанскиот печат на дејноста на Македонските револуционерна организација во споменатиот период.

Прилог кон прашањето за одгласот на Илинденското востание во Италија во 1903 година прави и авторот на овие редови.** Во прилогот се зборува за појавата на промакедонското движење во Италија уште пред Илинденското востание со формирањето на комитетите "За Ерменија и Македонија". Проследени се и акциите на овие комитети што ги преземале кога избувнало Востанието со цел да се популаризира револуционерната борба на македонскиот народ во Италија. Исто така е прикажана низната активност за собирање на помош во полза на настрадалото македонско население по задушувањето на востанието.

Еден обид се опфаќање на прашањето за настаните во Битола и Битолско за време и по Илинденското востание (1903-1904) според извештаите на италијанскиот конзул во Битола, прави и потпишаниот на оваа работа.*** Во прилогот се зборува за тоа како ја

*Francesco Guida, L'insurrezione macedone del 2 agosto 1903 nella stampa dell'epoca. Зборник Илинденско-Преображенското востание од 1903 година. Софија 1983, 126-140.

**Ноче Сидовски, Одгласот на Илинденското востание во Италија во 1903 година. Историја XIX/2 (1983), 105-116.

***Ноче Сидовски, Настаните во Битола и Битолско за време и по

оценувале непосредно во Битола и Битолско во овој период италијанскиот конзул Г. де Виверт. Акцентирани се антагонистичките односи на големите сили во овие краишта со цел да се одрази потенцијалот судир меѓу Турците и христијаните и меѓу самите овие посредници. Интересно е оценката од страна на конзулот и реформите преземени денесени во Мирцстег и е нарекено и осмислено во усогласувањето на работата на италијанските офицери во реорганизацијата во жандармеријата во Битолскиот сектор.

Во врска со односот на европските дипломатија во 1903 година и Илинденското востание има извештаите на италијанските конзулски службеници да биде одбележан и трудот на Славко Димевски во врска со ова прашање.* Во трудот е внесен ставот на италијанските кругови кои македонското прашање во годините непосредно пред избувнувањето на Илинденското востание е потоа и по избувнувањето. Италијанските дипломатски претставници будно ги следат односувањето на соседните балкански држави кои новонастанатата ситуација во Македонија. На крајот на трудот се зборува за односот на италијанското јавно мислење кон настаните во Македонија.

Одредени поентни во ставот на италијанските дипломатија кон Илинденското востание најдете и во еден прилог на Вангело Д. Свиќ.** Во него во почетокот се зборува за ставот на Италија кон македонското прашање во крајот на XIX и почетокот на XX век. Главното внимание му е посветено на односот на Илинденското востание во извештаите на италијанските дипломатски претставници. На крајот се зборува во почетокот на реформите акција во Македонија предизвикана со Ирипетскиот договор.

Илинденското востание (1903-1904). (Според извештаите на италијанските конзули во Битола). Прилози (Битола), 36-37, 1982, 167-175.

* Славко Димевски, Односот на европските дипломатија во 1903 година и Илинденското востание има извештаите на италијанските конзули. Зб.: Прилози за Илинден 1979, III. Скопје, 1983, 347-363.

** Вангело Д. Свиќ, Македонија во очите на италијанските

На ставот на европската дипломатија кон Илинденското востание му е посветен прилогот на Симеон Дамјанов.* Во него се зборува како е пресретнато Илинденското востание во диплометските кругови и демократската општественост во Европа. Даден е ставот на италијанската дипломатија кон македонското прашање пред Илинденското востание и по неговото избувнување. Истакнете е и улогата на италијанските прогресивни кругови во заштитата на македонската кауза. На крајот се зборува за улогата на Италија во текот на спроведувањето на мирштегските реформни програми.

Поврзано со претходните трудови се работите што стрикно се однесуваат на мирштегските реформни програми. Така, Г. Бакрдаров во својата статија "Мирштег" со сериозна студиозност, на еден пристапачен начин, се обидува да ги образложи суштинските начела на мирштегските реформи.**

Интересни податоци за одразот на македонското прашање во италијанскиот печат во периодот 1903-1908 година несомнено во една нова студија на италијанскиот историчар Марко Дого.***Во трудот е даден осврт на развојот на македонското прашање од средината на XIX век па се до Илинденското востание. Потоа се зборува за дејноста на познатите италијански публицисти и новинери Вико Мантегаца, Франческо Гиичардини, Јовани Аџадори-Виргил, Антонио Бадлачи и Родолфо Фоа поврзани со Македонија. Карактеристично за сите нив е тоа што набљудувањето на македонските настани во петгодишнината на реформите (1903-1908г.) претставува прилика за проверка и критика на италијанската политика на Балканот. При ра-

диплометија во почетокот на XX век. Зб.: Прилози за Илинден 1979, III. Скопје, 1983, 441-456.

*Симеон Дамјанов, Европейската дипломация и Илинденско-Преображенското въстание. Исторически преглед XXXIX/3 (1983), 23-41.

**Г. Бакрдаровъ, Мирщтегъ. Сборникъ Илинденъ 1903-1927. (София), 18-29.

***Marco Dogo, La dinamite e la mezzaluna. La questione macedone nella pubblicistica italiana 1903-1908. Udine, 1983, 220.

кате на студијата авторот во одредена сесмен користел литература и периодика објавувана и во Македонија во последните години.

За реформите на големите сили во Македонија во периодот 1829-1909 години вредни материјали објавува во една своја најнова студија Глигор Тодоровски.* За нашето излагање од интерес се 2 и 3 книга каде што се зборува за идејата за реформите од пред Илинденското востание па продолжува со Мирцштегскиот реформен програм. За учеството на Италија во решите на реформиот програм од Мирцштег доста се зборува. Детални податоци има за дејноста на генералот Де Доркис како началник на реорганизирањето на македонската жандармерија а и за работата на италијанските офицери во Битолскиот сектор. Исто така се зборува и за односот на италијанските офицери кон Македонската револуционерна организација.

Свој прилог кон прашањето за односот на италијанската дипломатија спрема Мирцштегските реформи дава и потпишаниот на овие редови.** Во овој прилог во почетокот општо се зборува за положбата во Македонија по Илинденското востание од 1903 година. Исто така нагласен е одгласот на Илинденското востание во Италија во 1903 година. Што се однесува до ставот на Италија кон спроведувањето на Мирцштегските реформи во Македонија е истакнато дека Италија била доста запоставена со Мирцштегскиот реформен програм. Тој бил донесен без неа иако таа била членка на Тројниот сојуз. Италија се раководела од свои империјалистички прохтеви и била "силно" заинтересирана за приликите на Балканот, сметајќи ја за своја интересна сфера Албанија, северниот и дел од западна Македонија и Новопазарскиот санџак каде што се судирале со австро-унгарскиот империјализам. Истакнато е и активноста на Италија во

* Глигор Тодоровски, Реформите на големите европски сили во Македонија (1829-1909). Книга 1-3. Скопје 1984, 303, 384.

** Кочо Сидовски, Италија и македонското прашање во времето на мирцштегските реформи (1903-1904 години). Зб.: Прилози за Илинден 1979, III. Скопје 1983, 393-412.

врска со спроведувањето на Мирдитетските реформи.

Проблемот за односот на Италија кон македонското прашање маркантен низ призмата на изворите и литературата издавани во Италија е претставен во трудот на Христо Андонов-Полјански. Осврт на изворите и на литературата за односот на Европа кон Илинденското востание издаден во 1967 година.* Тука се разработени дипломатските документи издавани во Италија каде што се третира македонското прашање, потоа статистичките прегледи од економски аспект за трговијата на Италија со Отоманската империја односно Македонија, пишувањето на италијанскиот печат, ставовите на италијанското прометодонско општествено мислење во врска со односот на Италија кон Илинденското востание. Исто така е дадена синтеза на литературата објавена во Италија а која го третира македонското прашање.

Одредени податоци за учеството на италијанската војска во текот на Првата светска империјалистичка војна на фронтот во Македонија (1916-1918 година) наоѓаме во спомениците на италијанскиот конзул во Битола Квинто Мацолини под наслов "италијанската војска на Источните фронтови" издадена во 1928 година.** Спомеником била издадена во чест на десетгодишнината од победата на силите на Антантата над централните сили во текот на Првата светска војна. Посебно се зборува за воените операции на 35-та италијанска дивизија на теренот во Македонија. Оваа дивизија ги држела позициите на фронтот во реонот на Битола наоѓајќи се во постојани борби со противничките сили се до 1918 година.

Покрај студиите кои директно се однесуваат на разгледувањето на италијанската политика било спрема македонското пра-

*Христо Андонов-Полјански, Осврт на изворите и на литературата за односот на Европа кон Илинденското востание, Годишен зборник на Филозофскиот факултет (Скопје) 19 (1967), 203-243.

**Квинто Мацолини, Италијанска војска на Источним фронтовима 1914-1918. Битољ 1928, 37.

шење или општо спреме Источното прашање користена е и литература која во рамките на третирањето на некои општи теми се допирува во помал или поголем обем до прашањата поврзани со нашата тема.

Во студијата на Ф. Шишиќ за предвоената политика на Италија и потпишот на Лондонскиот пакт* треба да се истакне третирањето на италијанскиот став спрема балканските земји кои беа под власта на Отоманската империја, а во чии рамки спаѓале и Македонија, во рамките на кои разните комбинации во случај на распаѓање на Империјата и тоа уште пред избувнувањето на Илинденското востание во 1903 година. Потоа се зборува за односите на Италија со останатите големи европски сили, во врска со настанатите кризи во Отоманската империја по Илинденското востание, а особено за време на Младотурската револуција и анексијата на Босна и Херцеговина во 1908 година. На крајот е проанализиран ставот на Италија во врска со балканските војни.

За процесот на историскиот развиток на Италија со сите компоненти кои влијаат на нејзината надворешно-политичка ориентација, прилично материјали ни даваа студијата посветена на историјата на Италија издадена во 1973 година.** Во оваа книга на марксистички начин е прикажан процесот на историскиот развиток на Италија почнувајќи од крајот на XVIII век па закључно со завршувањето на Првата светска империјалистичка војна во 1918 година. Потенциран е периодот од историскиот развиток на Италија кога доаѓа до прерастување на домокомполистичкиот капитализам во империјализам, аналогно на тоа и до засилено интересирање на Италија за создавање на свои интересни сфери на влијанија и освојување на територии прво во Африка а потоа и на Балканот. Карактеристично е да

*F. Šišić, Predratna politika Italije i postanak Londonskog Pakta (1870-1915), Split 1933, 149.

**Историја Италије, том II. Москва 1973, 604.

се спомене и тоа дека развитокот на надворешно-политичката ориентација на Италија е поврзан со развитокот на внатрешната економско-политичка ситуација во земјата.

Вредни податоци за историскиот развиток на италијанското општество во времето на засилувањето на империјалистичките тенденции, наоѓаме и во трудот на италијанскиот историчар Џампиеро Карочи, Историја на Италија од Обединувањето до денес.* Во овој труд за нашата тема се зборува за настанувањето на империјализмот во Италија, чии тенденции посебно се развиле со избувнувањето на италијанско-турската војна за Либија. Посебно е потенцирана политичката и економската ситуација во Италија по либиската војна до почетокот на Првата светска империјалистичка војна.

Слични податоци како и во претходниот наслов наоѓаме и во монографијата на В.П.Љубин, Италија уочи стапувањето во Првата светска војна.** Во монографијата се зборува за стопанскиот развиток на Италија во првата деценија на XX век, потоа за италијанската империјалистичка експанзија во овој период поврзано со дипломатските борби на големите европски сили за освојување на нови територии. Исто така се зборува за внатрешно политичките борби во Италија во времето на зајдисонот на ерата на Џолити, т.е. кога Првата светска војна се наоѓала на прагот на започнувањето.

По прашањето за развитокот на трговијата на Италија со Македонија исто така постојат извесни студии и прилози. За развојот на италијанската индустрија и извозот на нејзините производи на Балканот се зборува во една статија на Анџело Тамборра.*** Во

* Giampiero Carocci, Storia d'Italia dall'Unita ad oggi. Milano 1975.

** В. П. Любин, Италия накануне вступления в Первую мировую войну. Москва, 1982, 191.

*** Angelo Tamborra, The Rise of Italian Industry and the Balkans (1900-1914). The journal of european economic history, volume 3, number 1. Roma, 1974, 87-120.

овие студии во почетокот се зборува општо за политичките полож-
би во Европа и посебно на Балканот во крајот на XIX и почетокот на XX век а потоа за економското проникнување на големите европски сили на Балканот. Во продолжение посебно се зборува за учеството на италијанскиот капитал кој се влекувал во Црна Гора, Србија, Босна и Херцеговина, Албанија и општо во Отоманската империја. Посебно се нагласува уделот кој требал да го има италијанскиот капитал во намерената изградба на железнички линии на Балканот.

Драгоцен придонес во разгледувањето на прашањето за ра
звитокот на трговијата на Италија со Македонија ни дава студијата на Данчо Зографски, За развитокот на капиталистичките елементи во Македонија за време на турското владеење објавена за прв пат во 1967 година а прередадена со дополнување и во 1980.* Во овие сту-
дија се презентирани материјали за развитокот на стопанството во Македонија со сите негови карактеристики кои произлегуваа како последица од развитокот на капиталистичките елементи во Македони-
ја под влијание на странскиот капитал. Значително место во оваа студија му е посветено на развитокот на трговската размена меѓу Македонија и одделните земји каде што необични материјали и за трговската размена на Италија со Македонија, потоа за развитокот на сообраќајот, создавањето и развитокот на кредитот и банките во Македонија во XIX и во почетокот на XX век и создавањето и разви-
токот на индустријата во Македонија до Првата балканска војна.

Придонес за разјаснување на прашањето во врска со италијанската политика спрема Македонија односно италијанскиот став кон Источното прашање ни даваат и дипломатските истории на Европа. Во контекст на овие студии треба да се истакне "Дипломат-
ската историја на модерна Европа" од Ј.П.Гуч и Ј.Ш.Јовановиќ.**

*Данчо Зографски, Развитокот на капиталистичките елементи во Македонија за време на турското владеење. Второ дополнето издание Скопје 1980, 440.

**Ј.П.Гуч - Л.М.Јовановиќ, Дипломатске историје модерне

Тука е претставен од општ аспект италијанската политика, во рам-
ките на акциите на европските дипломатија. Во студијата необ-
ични материјали за односите на Италија спрема Балканот, потоа за одно-
сите меѓу членките на Тројниот сојуз Италија и Австро-Унгарија,
т.е. борбата за позиции во одделните региони на Отоманската импери-
ја. Покрај горенаведеното во оваа студија се даваат извесни фак-
ти за политиката на Италија спрема Балканот во чии рамки се збо-
рува и за македонското прашање.

Воопштени податоци за македонските реформи од времето
то на Мирцштег и останатите, констатираме и во советската истори-
ја на дипломатијата, под редакцијата на В.П.Потемкин.* Во нее
ма и податоци за ставот на Италија кон аneксионата криза и во
1908 година, потоа за одразот на Италијанско-турската војна за
Либија на Балканот, која го забрзала склучувањето на договорот
на балканските држави за заедничко истапување против господство-
на Отоманската империја на Балканот.

Интересна во овој поглед е и студијата на А.Ј.П.
Тејлор "Борбата за господство во Европа 1848-1918",** каде прет-
ставена акцентирањето на односите во империјалистичките сојузи е пре-
ситирана политиката на Италија кон Балканот.

Прилог за разјаснување на италијанските економски
политики на Балканот дава во една своја статија и Данице Милиќ.***
Иако во оваа статија повеќе се зборува за развојот на италијан-
ската индустриска експанзија во Црна Гора, во нее се засегнати и
Европе. Од Берлинског конгреса до Версајског мира, 1878-1919.
Београд 1933, 639.

*История дипломатии. Том второй, Дипломатия в новое время
(1872-1919 гг.). Под редакцией академика В.П.Потемкина. Москва -
Ленинград 1945, 423.

**Alan Dž.P.Tejlor, Borba za prevlast u Evropi 1848-1918.
Sarajevo 1968, 590.

***Данице Милиќ, Односи са Црном Гором у склопу опште економске
политике Италије спрема Балкану до 1915 године. Зб.: "Црна Гора у
међународним односима". Титоград 1984, 189-202.

одредени податоци кои се однесуваат општо на сите балкански земји вклучувајќи ја Отоманската империја а во неа и Македонија. Посебно се зборува за економските интереси на Италија во Солун.

Од осврнот на користената литература за изработката на нашата тема "Италијанската политика кон Македонија од Илинденското востание до Првата светска империјалистичка војна (1903-1914 година)" може да се констатира дека тоа во поголем дел е претставена од општи студии за италијанската политика спрема Отоманската империја и Балканот а во сосема мал обем за италијанската политика спрема Македонија. Сето ова секако е одраз како што е истакнато и погоре на немањето на специјални интереси од страна на Италија за Македонија.

Пред да се премине на конкретното излагање на материјата која се однесува на "Италијанската политика кон Македонија од Илинденското востание до Првата светска империјалистичка војна (1903-1914 година)" треба да се каже дека горното ќе биде изложено во два дела. Во првиот дел ќе се зборува за економските односи на Македонија со Италија. Во почетокот ќе стане збор општо за стопанските врски на Италија со Отоманската империја со аспект на Македонија, каде што посебно ќе се даде осврт на трговската политика на Италија спрема Отоманската империја со посебен акцент за Македонија. Меѓутоа, како што е истакнато погоре, непостоењето на подетални податоци за трговската размена на Македонија со Италија не овозможува поконкретно да се претстават вкупните трговии, т.е. увозот од Италија во Македонија и извозната трговија на Македонија во Италија.

Во вториот дел ќе стане збор за дипломатските односи на Италија со Отоманската империја со посебен осврт за Македонија. Тука ќе стане збор за надворешната политика на Италија во периодот од 1903 до 1912 година со посебен акцент на Источното прашање

во овој период. Ќе стане збор и за дипломатските односи на Италија и балканските земји, во врска со Источното прашање во периодот од 1912-1914 год. Во истатистичкото излагање ќе се зборува за развивањето на интересот на Италија кон Македонија, каде што ќе се разгледаат различните аспекти од интересот на Италија кон Македонија и дејноста на конзулатите на Италија во Македонија со посебен осврт врз нивните извештаи.

Преку осврот на извештаите, на италијанските конзули во Македонија а и на италијанските дипломатски претставници во балканските земји меѓу кои и Отоманската империја, а исто и на дипломатските претставници на Италија акредитирани кај големите европски сили, ќе видиме како придонесуваат тие во осветлувањето на италијанската политика кон Македонија.

На крајот врз основа на користените извори и литература ќе стане збор за италијанската политика кон Македонија во периодот од 1903 до 1914 година. Меѓутоа, со оглед на бурниот развиток на настаните поврзани со македонското прашање во овој период, италијанската политика кон Македонија ќе биде разделена на три потпериоди: 1. од 1903 до 1908 година (Од Илинденското востание до Младотурската револуција); 2. од 1908 до 1912 г. (Од Младотурската револуција до балканските војни) и 3. од 1912 до 1914 год. (од балканските војни до почетокот на Првата светска империјалистичка војна). Посебно ќе стане збор за ставот на Италија спрема македонското национално-ослободително движење и односот на Италија кон активноста на егзархиските пропагандни во Македонија.

За да дојде до развојот на италијанско-македонските односи во поголем степен по Илинденското востание во 1903 година требало да постојат одреден развиени врски и во претходниот период како на политички така и на економски план. За ова подолу ќе стане збор.

Г Л А В А I

ОСВРТ ЗА ИТАЛИЈАНСКАТА ПОЛИТИКА СПРЕМА МАКЕДОНИЈА ДО 1903 ГОД.

1. Политички односи

Македонија ја зазема средишната положба на Балканскиот Полуостров. Најзначајната поволна географска определеност овозможила чувствително многу врз најзначајниот историски развиток. Тоа придонесло да се најде во средиштето на крстопатот на повеќето светски цивилизации кои оставиле печат на најзначајното тло меѓусебно се со автохтоните токуму создале сопствен израз во рамките на човечката култура.

Првите историски констатирани односи на Македонија со царскиот Рим ги следиме преку трите македонско-римски војни со кои се запечатиле судбините на Античка Македонија. Присуството на власта на Римската империја во Македонија довела до заокружување на културното рамниште за што ни сведочат богатите остатоци на античките римски градови и сочуваните примери на римската скулптура како повеќето македонски музеите. Врски меѓу Рим и Македонија констатирани и во врска со големата мисија на браќата Кирил и Методиј.

Периодот до потпаѓањето на Македонија под власта на Турција е интересен и по тоа што тогаш се констатираат значајни елементи на македонско-италијанските односи. Тоа е времето на развиени меѓусебни трговски врски. Во тој трговски сообраќај активно учествувале трговците од сите поголеми италијански центри, од Венеција па на југ се до Сицилија. Трговците го користеле познатиот пат Via Egnatia, а исто така и по море, за да воспостават врски и размена со македонските центри и тоа главно со: Солун, Серез и други.[1]

Турската окупација на Македонија многу тешко се одразила врз положбата на македонскиот народ. Меѓутоа, македонскиот

народ преку организирање на повеќе бунтови и востанија давал израз на своите слободољубиви стремежи. Покрај формите на вооружен отпор одделни истакнати македонски првенци се користеле и од создадената антитурска расположба во Европа во XVI и XVII век, за да ја синхронизираат со востаничките акции во Македонија за борба против Отоманската империја. Акции на помош тие организирале и во италијанските држави. Таму тие наишле на топол одѕив. Тоа се одразило во преземање на извесни чекори за реализирање на тие антитурски потфати.

Треба да се истакне дека се правени обиди за отворање на конзулати на италијанските држави во Македонија. Така, во 1743 год. во Солун се инсталирал венецијанскиот конзулат.

Францускиот конзул Араси во својот извештај од 24 април 1778 година споменувал дека тогаш во Солун постоел покрај другите и вице конзулат на Неапол.

Во XIX век во Македонија се јавувале првенци, кои неможејќи, поради турското ропство, да ги разгранат своите иницијативи, се посветиле да им служат на ослободителните кауза на другите народи. Во нашиот случај станува збор за италијанскиот народ. Конкретно го споменуваме случајот на Ѓеорѓи Капчев, од македонскиот културен центар-Охрид, кој се приклучил кон италијанското национално-ослободително движење во 1848 година. Тој станал гарибалдинец и близок пријател на Џ. Гарибалди. Учествувал во низа судирања и го придружувал Гарибалди при неговото отстапување преку Апенинските. Со овој и со другата своја активност, Капчев станал прв сен пријател на Гарибалди, а и на неговите синови, а особено на ѓенералот Ричоти Гарибалди.[3] Врските на Ѓ. Капчев со Гарибалди, а и учеството на другите македонски доброволци во италијанското движење кое во идните повеќе ќе се испита, претставуваат значаен

момент во историја на македонско-италијанските односи.

Од друга страна и Гарибалдинските доброволци активно учествувале во борбите на Балканот во различни земји, како напр. во востанието на Крит во 1866-67 година, потоа во 1886. Тие исто така беа во Црна Гора, Србија и Босна во 1876 година. Тие во 1897 година зедоа учество во Гарибалдинскиот одред и во филелинската интернационалне легија кои се бореа во Епир, Македонија и во Тесалија под команда на Ричоти Гарибелди и подоцна во балканските војни во 1912-13 година за што ќе стане збор во нашите понатамошни излагања.[4]

Во шеесетите години на голем отзвук наоѓа Манифестот на Мацини до источните народи, повикувајќи ги да си подадат "... братска рака, зошто часот за вашиот спас - како се вели во Манифестот - е блиzу...идината ќе ве награди за трудот и жртвите на денешната мачна работа, во која никако нема да ве остави вашиот Мацини".[5]

Краткото горенаведено искажување дава можност да се заклучи дека врските меѓу Италија од една страна, поврно речемо меѓу италијанските држави водејќи сметка дека Италија во дадениот период не биле обединети, и балканските народи, односно за нашата тема наглесено Македонија, беа прилично широки и интензивни.

Меѓутоа, по ослободувањето и Обединувањето на Италија македонско-италијанските односи добиваат конкретен вид, особено на полето на дипломатијата и трговијата. Имено, Италија се повеќе тежнеела на овој дел на Балканот да ги зголеми своите позиции и интереси и да ја зголеми трговската размена.

Со присоединувањето на Рим во 1870 година се завршила борбата за единство на Италија. Со самото тоа завршиле целата епоха на буржоаско-националните движења, револуции и војни. Земјата

оттогаш влегле во нова фаза на својот историски развиток.

Внатрешните политички односи дадоле одраз и во надворешната политика на Италија.

Отворената во предвечерието на империјалистичката епоха остра борба за територијално разделување на светот ја побудила италијанската буржоазија почнувајќи од крајот на 70-тите години да ја активира својата надворешна политика. Од друга страна, нејзе ја туркала самата нејзина неспособност да ги разреши редицата проблеми во внатрешниот живот на земјата, кои станувале се посложени.

Активната надворешна политика, насочена кон создавање на опширна колонијална империја, станувала во очите на господаречките класи не само прашање на "националниот престиж, но и средство да си ги осигури своите социјални привилегии."

Од друга страна во периодот по 70-тите години од XIX в., кога капиталистичките европски држави поминувале во првата етапа на империјализмот, повторно се актуелизирало Источното прашање, прашањето за опстанокот на Отоманската империја. Тоа е време кога во нея се повеќе почнува да се шири и зголемува влијанието на европскиот капитализам, што придонесува за нејзино претворање во полуколонија на европските капиталистички држави. Тоа било времето кога се создадени основите за разгорување на национално-ослободителните движења, за изразити револуционерни настроенија среде потчинетите народи.

Обединувањето на Италија во 1870 година во една единствена држава и овозможило поактивно вклучување во тековите на надворешно-политичките односи освен со другите земји, исто така и со Отоманската империја. Истовремено се заострило и прашањето за опстанокот на последната.

Во првите години по своето конечно обединување, поради внатрешни пробчеми, Италија не можела да се ориентира повеќе но Исток. Повлавена со воена сила, Италија била премлада сама тогаш да влијае врз нестаните. Спрема желбата на балканските народи, најавите влада се покажувала често благонаклонето; уште во поголема мера тоа се однесувало до најавината демократска јавност, во која живееле сосема свежи спомени во врска со борбите за обединување на Италија. Но, во постапките и на италијанската влада и на значителен дел од јавноста се криеле скетки. Зад сите нивни миролубиви иницијативи или залагања за принципот на национлноста се насетувало силно настојување да се афирмираат интересите на Италија на Балканот. Такивите настојувања дошле во израз во ранните фази на Источната криза, како и на разни точки на Балканскиот Полуостров, но најјасно беа искажани во врска со Албанија. Во тое подрачје дошло, во 1876-1878 година, до јасни австро-италијански противречности. Чувствувајќи дека нема сила за активно учество во империјалистичките игра околу Балканот, Италија оде на кон негово смирување, со цел и на другите, а пред се на Австро-Унгарија, да им се онемозможи ширење во тој дел од Европа.[6]

Избувнувањето на револуционерните движења на Балканот во 1875 година го предизвикале внимањето на Италија кеде што одгласот не овие настани се паралел во широка печатна кампања во земјите на поробените народи. Во различните градови, како Рим, Милано, Венеција, Торино, Болоња, Фиренца, Анкона, Неапол, Палермо биле организирани масовни собранија на кои присуствувале илјадници работници. Оствaрувајќи го во блиското минато своето полно национално ослободување и обединување, италијанскиот народ живеел под впечаток на преживеаното и се однесувал со симпатии спрема национално-ослободителната борба на своите балкански соседи. Масовниот

карактер на движењето во поткрепа на поробените Јужни Словени, меѓутоа, се должел и на други, поспецијални причини. Во италијанското национално-ослободително движење, како што е познато погоре, во друштвата на Гарибалди, учествувал голем број Јужни Словени, во тој број и Македонци. Тоа содејствувало за воспоставување непосредни врски меѓу национално-ослободителните движења на балканските народи и италијанското национално-ослободително движење. Тие врски се зачувале и по настаните на Балканот од 1876 година кога Гарибалди упатил прогласи кон Јужните Словени да ја продолжат борбата против своите поробители.[7]

Италијанските владејачки кругови, во текот на заострувањето на Источната криза во 1877 година, отворено почнале Руско-турската војна, му посветувале многу поголемо внимание на развојот на настаните во западниот дел од Балканскиот Полуостров отколку во источниот. Тоа било и разбирливо, ако се земе предвид нејзината непосредна заинтересираност за територијалните предели на источното крајбрежје на Јадранот.

На потпишувањето на Санстефанскиот мировен договор на 3.III 1878 година, со кој завршила Руско-турската војна и била создадена велика Бугарија, Италија неблагонаклонето се отсрануа. Во периодот меѓу склучувањето на примирјето и потпишувањето на договорот, владата на Италија не поднесе пред Русија никакви приговори, претензии или барања. Но, потоа, италијанската политика почнала видно да се насочува, во поткрепа на англиските ставови кон Санстефанскиот мировен договор.[8]

И на Берлинскиот конгрес (13.VI - 13.VII 1878), на кој беа разгледувани решенијата од Сан Стефано и врз кои биле извршени радикални промени, Италија не покажала некоја забележителна активност во врска со прашањата што се третирале на него. Нејзини

те претставници земале учество во дискусиите по одредени прашања.

Некоја поголема заинтересираност Италија не покажувала ниту во врска со настаните поврзани со Кресненско-разлошкото востание од 1878/79 година иако италијанските дипломатски претставници во своите извештаи кон нив продавувале значително внимание. Меѓутоа, од друга страна внимателно била следена активноста на австроунгарската пропаганда на теренот на Македонија, бидејќи се страдувало од можноста за една евентуелна окупација на Македонија од страна на Австро-Унгарија, со што би се пресекле сите евентуелни планови на Италија на Балканот.

Главната карактеристика на италијанската политика спрема Македонија во периодот по Берлинскиот конгрес особено во 80-тите и 90-тите години на XIX век, се состојувале во разгледување на разни проекти за изградба на железнички линии на територијата на Отоманската империја аналогно и во Македонија од гледна точка на италијанските интереси. Во краен резултат од тие амбициозни проекти сосема малку се остварило.

Италијанската политика на умереност и незаинтересираност дошла до израз и во моментот на обединувањето на Бугарското кнежевство со Источна Румелија во 1885 година и со сите реперкусии што произлегоа од тоа врз македонското прашање. Желбите на Италија се движеа во правец на тоа да не дојде до различни компликации кои би му штетеле на европскиот мир.

Воопшто речено, италијанската владина политика спрема Македонија во периодот од 1870 до 1903 година се карактеризира со тоа што Италија во овој период немала изградено свои политички ставови посебно во однос на Македонија и македонското прашање поради низа околности во прво време заради зафатеноста со решавањето на внатрешните проблеми, на новата обединета држава, а потоа

и покрај сашата неактивност на италијанската надворешна политика во поодделните фази на актуелноста на Источното прашање кога се решавал проблемот за опстанокот на Отоманската империја.

Тенденциите на италијанската надворешна политика, проследувани во почетниот период на обединувањето на Италија во една единствена држава, продолжиле и понатаму до 1903 година до Илинденското востание, но секако со извесни промени кои се согледуваат во повеќе правци. Ова особено се забележува непосредно во годините пред Илинденското востание во почетокот на XX век.

Промените во италијанската надворешна политика се евидентни на два плана: во контактите на Италија со големите европски сили во однос на македонското прашање и нејзиниот став спрема македонското ослободително движење.

Горенаведеното можеме да го потврдиме со следното: кон крајот на XIX и во почетокот на XX век Италија веќе имала многу поголеми амбиции во својата надворешна политика. Нејзината политика била ориентирана кон навлегување на нови подрачја, т.е. кон политичко-економска експанзија. Главните зони каде што засилено го проширувала своето влијание се најпрво во Африка, Блискиот Исток и на Балканот. Стремејќи се подеднакво да парира на австро-унгарското проширување на Балканот, Италија се повеќе се стремела да обезбеди свое место и свое влијание на Балканскиот Полуостров. Покрај Истра и Далмација, нејзините цели за експанзија беа насочени кон обезбедување на позиции во Албанија, Црна Гора и Македонија.

Интересот на Италија кон Македонија, како централно подрачје во рамките на Отоманската империја, бил значително голем. Отпрвин најповеќе се стремеле да се обезбедат економски, а потоа политички позиции. Значителна улога во тоа имале италијанските конзуларни претставници во Македонија, кои се стремеле да го обезбе

јот италијанското влијание. Тие од своја страна, со значителен интерес го следеа македонското националноослободително движење и во него со подробности ја напестуваа својата влада.

Италија настојувале во решавањето на македонското прашање да се третира како трета заинтересирана сила покрај Русија и Австро-Унгарија. Сето ова Италија го правела, и од позиција на своите интереси, бидејќи настојувале во Македонија, која се граничела со Албанија во која исто така покажувала голем интерес, да се воведе мир.

Македонското прашање, покрај значителниот интерес што го предизвикувало кај италијанските официјални политички кругови, било разгледувано исто така и на страниците на италијанскиот печат. Ова посебно се однесува за почетокот на XX век.[10]

Разгледувајќи ја тешката положба на христијанското население во Македонија поради угнетувањето од страна на Отоманската империја, италијанскиот печат решително се изјаснувал по пол ва на обесправеното население во Македонија. Речиси сите негови органи ја осудувале потоготешката реакционарност спрема турското беспрекорно во европските владенија на султанот.

Настаните на Балканскиот Полуостров, особено во Македонија, освен што предизвикале внимание во печатот и политичките кругови набргу го привлекоа вниманието и на италијанскиот парламент. Тоа дошло до израз во врска со акциите што требаше да ги преземе италијанската влада по повод трагичните настани во Солун (Станува збор за Солунските атентати во 1903 година - б.м.). По овој повод и се појавиле разногласија меѓу владата, која се залагала за поумерена политика која ќе придонесе за зачувување на статус-кво, и оние кругови кои се залагале за поенергична акција против Отоманската империја и кои отворено го изјавувале исто-

рис-

кото право на Италија пред Јадранското Море, кое требаше да постане "папинско езеро".[11]

Ова е и другите потенцувања на Италија укажуваа дека тие во почетокот на XX век покажуваа се поголем интерес кон меѓународните аспекти на македонското прашање, кое тие бараа да следи акциите на големите сили во врска со влошената ситуација во Македонија. Конкретно, стоеше збор за акциите на Русија и Австро-Унгарија, т.е. за изработените од нив проект реформи во администрацијата на трите македонски вилајети и предлозите од нивните влади на Високата Порта, а од Италија, како друга сила, без потпрепени и не кријат придобиени од турската влада.[12]

Италијанските дипломатски претставници во Македонија а и во соседните земји се покажувале скептични во резултатите од примената на овие реформи. Како потврда на ова тие истакнуваа

подетоци дека полномбите во Македонија воопшто не биле подобрени.

Италијанските влади настојувале преку преговори со Австро-Унгарија и Русија, повеќепати да се вклучи во разрешувањето на македонското прашање, кое меѓутоа најавените соработници од Тројниот сојуз Австро-Унгарија енергично го одбивале. Бележите настојувања на Италија овозможуваат да се извлече заклучок дека во 1902 и 1903 година Италија му посветувала многу големо внимание на македонското прашање, иако тоа го окупирало вниманието скоро на сите европски сили, освојувајќи на него од свој аспект.

Во овој период и италијанските публицисти во своите дела му посветуваат прилично внимание на македонското прашање од аспект на италијанските интереси. Така, Вико Мантегаца во своето дело (Македонија (мај - јуни 1903)", кое го напишал откако ја посетувал Македонија и земјите кои беа најзаинтересирани за македонското прашање, му посветил на ова прашање кое така прилично вни-

нашиве.[13] Тоа е едно од малубројните дела каде целосно се обрабо-
ва за италијанската политика спрема Македонија. Студијата е напи-
шана непосредно пред избувнувањето на Илинденското востание во
1903 година. Авторот на оваа монографија го проследува македон-
ското прашање од Берлинскиот конгрес во 1878 година, па непосред-
но се до Илинденското востание во 1903 година.

Во XI глава на оваа монографија "Италија и Источното
прашање" Вико Мантегаца посебно се осврнува на тоа дека целото
политичко и конзуларно претставување на Италија на Истокот, осо-
бено во Македонија, било секогаш зголемено, и тоа најповеќе во
последните години на XIX и почетокот на XX век до избувнувањето
на Илинденското востание во 1903 година. На крајот Мантегаца
заклучува дека Италија во почетокот на XX век се наоѓала на вна-
трешно-политички и надворешно-политички план во иста ситуација
како во времето на Берлинскиот конгрес од 1878 година, без да
може активно да учествува во решавањето на Источното прашање. Во
оваа смисла, Вико Мантегаца ја критикувал неактивната балканска
политика на италијанските влади и по 1903 година, кога објавил
многу расправи по ова прашање, за што ќе стане збор во нашите
натамошни излагања.

Вико Мантегаца сметал дека македонското прашање за
Италија имало исто така голема важност и тоа за нејзините полити-
чки интереси на Јадранот и на Балканскиот Полуостров и за трго-
вските интереси кои постојано се развивале и за кои се сметало де-
ка во идните уште повеќе ќе растат. Во исто време била критикува-
на владата, бидејќи го губела времето испраќајќи многу бескорисни
циркулари и се барало тоа да се земе сериозно, како што правеле
другите земји кои гледаа да ги придобијат овие пазари.

Освен на дипломатскиот аспект, Италија ми обрнувала

внимание и на другите компоненти на македонското прашање. Карактеристичен е најавниот став според македонското националноослободително движење во годините непосредно пред избувнувањето на Илинденското востание во 1903 година.

Италијанските дипломатски претставници во Македонија и во соседните балкански земји ку обрнувале посебно внимание на настаните поврзани со македонското националноослободително движење во периодот во годините пред избувнувањето на Илинденското востание.[14] Доста внимание ку се посветувало и на ефектите со американската мисионерка Мис Стон. Италијанските власти често пати интервенирале, со посредство на својот дипломатски агент во Софија, кој бугарските власти со цел овие да се ангажира во смирувањето на ситуацијата во Македонија. Набрзо, од повеќето извори што ги прибирале италијанските власти во овие години може да се забележи дека тие во овој момент (1902 г.) сеуште не го забележувале постоењето на внатрешните македонски револуционерни организација. Дури по 1903 година во извештаите на италијанските дипломатски претставници се среќаваме со повеќе материјали во кои се дава нивните оценки за револуционерните организација во Македонија, што дошло како логична последица на нивното сознание дека борбите во Македонија против турските власти се водело од страна на една силна внатрешна организација односно ВМОРО. И италијанскиот печат пишувал за дејствувањето на револуционерните организација, се пишува за нејзината структура, организационата поставеност и др.[15]

Голем одјек во извештаите на италијанските дипломатски претставници во Македонија, од соседните балкански држави, од Цариград, а и престолнините на големите европски сили, имале настаните поврзани со солунските атентати. Овие атентати непрај

во остварувањето големи европски цели, предизвикало сериозно внимание и кај италијанските влади и тоа главно од две причини. Прво, од најголемите глобални источни политички кризи се залагале за одржување на статус-квото на Балканот во дадениот момент а второ, поради заштитата на најголемите поданици што ги имала во значителен број во Солун. И во тие смисла се толкувало испраќањето на италијанските воени бродови во Солун. Од друга страна италијанскиот амбасадор во Цариград, постојано интервенирал кај Високата Порта со цел да се преземат мерки за заштита на италијанските поданици.

Италијанскиот генерален конзул во Солун Де Ревел дал сосема трезвено мислење во врска со појавата на сопунските атентати. "Тие атентати се резултат од несериозното примењување на реформите и постојувањето на турските власти револуционерното движење, кое произлегло од несносната положба на поробеното македонско население, да го задушат со ригорозни мерки." Во продолжение италијанскиот конзул вели: "Комитетите, четите, револуционерните организации се отровни плодови на еден зрелен организам и ако нема се лекува организмот, плодовите се разиспуштаат."[16]

Во деновите пред кабулувањето на Илинденското востание, италијанските конзули известуваат за пресметувањето на востаничките чети како последица од засилувањето на турскиот терор, постојаното втемелување на бедата, заострувањето на стопанскиот живот и слабеењето на трговијата.

Во напевтите на италијанските дипломатски претставници се регистрираат извесни подетоци кои се однесуваат на нивните оцени за дејноста на раководителите на Внатрешната револуционерна организација, а кои тоа подетоци се необични и во литературата за времето што го разгледуваме.

Вицеконзулот на италијанските револуционери Џузепе Го-

рибалди и Џузепе Мацини се одразиле и врз раководните активности на Внатрешната револуционерна организација, а особено на Гоце Делчев. Џузепе Гарибалди (1807-1882) и Џузепе Мацини (1805-1842) беа крупни фигури во италијанското националноослободително движење. И обајцата на Гоцето му служеле како револуционерни идоли. Тој се учел врз нивното дело и нивното учење и ја изградувал својата револуционерна филозофија, тактика и стратегија.

За активноста на Гоце Делчев пишувале и италијанските публицисти од првите децении на XX век, кои се занимавале со балканското прашање во првите години на Првата светска империјалистичка војна. Така, Алцео Перничи кога пишувал за македонското прашање зборувал за создавањето на Внатрешната револуционерна организација во Македонија и [39]улогата на Гоце Делчев што ја имал во неа како раководител и стратег.[17)]

Италијанските дипломатски претставници и италијанскиот печат го регистрирале убиството на водачот и стратегот на македонското националноослободително движење Гоце Делчев. Италијанските весници "Авенти", "Ил Џорнале д Италиа", "Корјере дела Сера" подробно ја опишувале вести за убиството на Гоце Делчев.[18)]

Покрај заинтересираноста на италијанските владејачки кругови за настаните кои се одвивале во Македонија непосредно пред Илинденското востание во 1903 година, голем одглас тие нашле и сред широката италијанска јавност, особено кај најзаинтересираните прогресивни кругови. За разлика од последните известувања за крвавите судири во поробената Македонија предизвикувале од страна на управувачките кругови совет за благоразумност. Така, министерскиот орган "Трибуна", според пишувањето на весникот "Реформа" од 15.V 1903 година истакнувал дека: "Запазувањето на статус-квото на Балканскиот Полуостров било неопходно за европскиот мир; македонското движење за-

плашувало де го нарушi. Заради тоа европската дипломатија, и покрај енергичното дејствување на Високата Порте да воведе реформи, треба да ја повика софиската влада кон лојалност, а пак Македонците - кон благоразумност. Нека послушните и веруваат на Европа, која искрено сека и е загрижена да ги примени реформите", и да не прибегнуваат кон енергичка борба со бомби. Но, при тоа, владиниот орган "Трибуне", признавал дека трагедијата што се одигрувала на Балканскиот Полуостров била плод на колебањето и егоизмот на европските држави, загрижени не толку да му ладат на македонското прашање природно и логично решение, туку да остават пукнати не, низ кое би можеле да се протуркаат своето сопствено влијание".

Паралелно со тоа, во Италија се повеќе се раширувало движењето во полза на угнетените народи во Отоманската империја - движење, кое било диктирано од хуманоста и сознавањето на општочовечката солидарност. Постепено се организирале комитети "Per Armenia e Macedonia" ("За Ерменија и Македонија") кои се стремеле - преку митинзи и агитација во печатот - да го натераат италијанскиот парламент и владата да дејствуваат за поенергични постапки од страна на Европа во полза на христијанското население во Отоманската империја.

Во Милано[19] се одржал митинг, на кој зборувале познати италијански општествени активисти, без разлика на политичкото убедување, почнувајќи од духовенството, во лицето на дон-Вергези и завршувајќи со социјалистите. Сите говорници еднодушно протестирале против неактивноста на европската дипломатија, која гледала рамнодушно на убивањето на Македонците и Ерменците.

Комитетот "Per Armenia e Macedonia" ја проширил своја активност низ цела Италија. Под негово соседство, или самостојно, вакви комитети беа формирани ширум цела Италија, и тоа во

Рим, Палермо, Неапол, Фиренца, Торино и во други градови. Наседе комитетите организираа митинзи и собранија. На таков начин италијанското општество се одзвало доста енергично во поспешната положба во која се наоѓале угнетените народи на Балканот.

Во Рим, во текот на месец мај, биле организирани два митинга. Првиот митинг се одржал на 7 мај во театерот "Адриано". На него присуствувале видни личности на италијанскиот политички и културен живот, како и гости од странство. Меѓу нив се наоѓал и Анатол Франс. Претседател на митингот бил познатиот професор Серџи.

Со своите говори тие обрнале внимание на ерменскиот револуционер Меликов, кој рекол дека Македонците и Ерменците ги свртиле своите погледи кон Италија барајќи милосрдност од земјата на човечноста и слободата. Потоа зборувал социјалистот Касала, кој рекол дека против турските зверства треба да се организира пролетеријатот во Македонија и Ерменија. Значајниот говор одржал Анатол Франс, кој се задржал на положбата на поробените народи во Отоманската империја и се залагал да се исполнатат решенијата на Берлинскиот договор, нагласувајќи ја улогата на силните и на јавното мислење во надејствувањето на нивното спроведување во дело. По овие говори проф. Серџи предложил резолуција, која била едногласно прифатена. Во неа се барало од европските дипломатија да стават крај на несносните прилики во Отоманската империја.[20]

Вториот митинг бил одржан на 24 мај, пак во театерот "Адриано". Повторно претседавал проф. Серџи, на митингот беа присутни околу 4.000 луѓе, а на работната маса на претседателството беа забележани Анатол Франс, Лорис Меликов (ерменски бегалец), проф. Де Губернатис, претседникот Дел Бланцо. И на овој митинг се инсистирало, како од говорниците така и во донесената резолуција, на потребата од исполнување на решенијата на Берлинскиот договор

и тоа во оние кризните што генерираа рат и мир во Македонија. По митингот Анатол Франс, меѓу другото, рекол: "Сето напрегањето на оној член што осигурува мир во Европа и Македонија, може да ја ослободи Европа од непрестајното неспокојство што и го причинуваа оние што веќе подолго време се вика Источно прашање."[21]

Покрај комитетот "Pro Armenia e Macedonia" во Италија бил формиран и друг комитет во врска со ситуацијата на Балканот, кој имал за цел да се продолжи легалните агитација започнати од порано, за да се поттикне владата енергично да интервенира во корист на народите во регионите на Балканскиот Полуостров кои биле под власта на Отоманската империја.

Во еден извештај на италијанското министерство за внатрешни работи од Рим на 13 мај 1903 година, испратен до италијанскиот министер за надворешни работи се вели дека тој комитет бил основан во Милано и го носел името "Pro Balcani" (За Балканот). Претседател на овој комитет бил Ернесто Теодоро Комите, а покрај него во овој комитет влегувале и други претставници на различни политички партии.[22]

Големата активност на овие комитети, организирани во Италија, уште повеќе се засилила во времето на Илинденското востание од 1903 година и непосредно по неговото задушување кога преку агитациите дејствувале за го популаризираат македонското дело и преку помошни акции да соберат што повеќе пари во корист на востаниците во Македонија за време на Илинденското востание. Но за ова подолу ќе стане збор во посебните написи.

2. Економски односи

Во овој дел накратко би се осврнале на тоа како се одвивале трговските односи меѓу Македонија и Италија до 1903 година и кои биле придонесите што ја овозможиле тие трговски врски

Македонија неофејќи се на крстопатот на различните трговски патишта е исто така поврзаноста на Солунското пристаниште со линии на разни бродарски компании придонесувало за зголемено интересирање за пласирање на разни стоки од италијанските држави во Македонија.

Од друга страна Македонија, располагајќи со плодни земји особено во своите средни и јужни делови, а и благопријатна клима влијаеше од Средоземноморието, била во можност да одгледува низа земјоделски култури за извоз.

Македонија располагала и со разни рудни богатства кои предизвикувале интерес кај италијанските трговци за увоз во Италија. Сепак треба да се нагласи ниското ниво на нивната експлоатација.

Во XVIII век и во првата половина и средината на XIX век во Македонија се манифестираат нови општествено-политички и културни процеси, кои беа условени од економскиот развиток и проширувањето на европскиот капитал. Тоа придонесе за зголемен развиток на македонското стопанство, на трговијата и на сообраќајот.

Во едни такви услови се одвиваше и трговската размена на италијанските држави и Македонија. Главните извозни артикли во периодот до 1870 година, се разбира во одредени мерки и подоцна, од Македонија за Италија беа: памукот, свилените кожурци, свилата, житото, волната, тутунот и др. а од Италија беа внесувани: тефт, свила, огледала, стаклерија, инкрустирано оружје, хартија, кафе и други мануфактурни стоки. Воопшто може да се каже дека во периодот до 1870 година, иако не постоела единствена-обединета италијанска држава, сепак постоеле расширени трговски врски меѓу Италија и Македонија во рамките на трговијата меѓу Италија и Отоманската империја.

Расширените трговски врски меѓу Македонија и Италија од периодот пред 1870 година продолжиле и по овој период. Обединувањето на Италија позитивно се одразило на развитокот на трговските врски на Италија со Отоманската империја односно Македонија. Единствениот пазар на Италија чувствувал се поголеми потреби од суровини за развитокот на својата индустрија а во исто време и за извоз на одделни индустриски производи во Отоманската империја.

Развитокот на турско односно македонско-италијанските економски односи во периодот од обединувањето на Италија, на почетокот, бил определуван освен од другите фактори исто така и од карактерот на трговската политика на Италија спрема Отоманската империја, бидејќи Македонија која била под нејзина власт била принудена да биде под влијание на таквата политика.

Развитокот на трговските врски помеѓу Македонија и Италија, по Обединувањето на последните до Младотурското востание во 1903 година, зависел од низа суштествени услови, кои било стратиго поврзани со овие врски. Развитокот на трговските врски врз сè зависел од општите услови на трговските врски помеѓу Италија и Отоманската империја, кои влијаеле позитивно врз македонско-италијанските трговски односи.

По ослободувањето и обединувањето, Италија сè повеќе се стремела на овој дел од Балканот да ги засили своите позиции и интереси и да ја зголеми трговската размена. Во низа македонски центри почнале да се отвораат италијански конзулати и вице конзулати. Италијанските дипломати во Македонија одиграле голема улога во правилното ориентирање на италијанските потфати во Македонија. Во ова време се зголемува увозот и извозот со Италија. Италија во почнала да внесува потпливно индустриска стока, а да извезува про-

изводи на индустриските култури. Започнувал периодот на италијанската индустриска експанзија во Отоманската империја.

Историјата на италијанската индустриска експанзија во Отоманската империја, под чија власт се наоѓала и Македонија, во крајот на XIX и почетокот на XX век, била историја на нејзини успеси и доста порази. Овие последните биле предизвикани од жестоката конкуренција на порано утврдените на овој терен посилни империјалистички држави, а освен ова најглавното, слабоста и оскудноста на италијанската експанзија, најголемата неорганизираност во Италија. Сепак тие биле земји, во кои потребите за извоз на капиталот уште не биле доразвиени, а самиот извоз во значителна мерка бил форсиран од владата.

Италијанските влади полагале на тоа, потполниот дел од експортот да се упатува во земјите на Источното средоземно море. Тие потикнувале како иницијатор за отворање, од страна на италијанските пародродски компании, комуникациони линии во тој регион и ги суплирале нивните патувања на тие линии. По препорака на владата и со нејзина финансиска помош во различните пунктови на Отоманската империја биле создадени италијански трговски агенции. По внимението на италијанските експортери и без владините "инвестиција" се обрнувало кон земјите расположени во непосредно соседство со Италија, по зборовите на францускиот публицист Р. Пинон.[23] Покрај територијалната блискост италијанските купувачи и стопанственици во Отоманската империја ги привлекувале безземитите полуколонијалните земји, сврзани со режимот на капитулации и со што тие немале можност да ја заштитат својата тогаш појавена индустрија од увозот на странските стоки.

Развитокот на стопанството во Италија и во Отоманската империја во текот на последните децении на XIX и почетокот

на XX век давал реални можности да се развијат помеѓу нив расширени земни трговски врски. Овие трговски врски во својата суштина зависеле од ред елементи кои го условиле нивниот пошироки развиток. Во прв ред тука спаѓала трговската политика, оној регулатор на надворешната трговија на секоја земја, на нејзините врски со останатите држави. Бидејќи Македонија се наоѓала во составот на Отоманската империја таа се вклопувала и била зависна од општата политика на империјата. На тој начин Македонија влегувала во трговско политичките односи на Отоманската империја со Италија.

Склучените трговски договори во овој период (1861-1903 г.) меѓу Италија и Отоманската империја претставувале суштествен дел во трговската политика на овие две земји. Тие од друга страна претставувале многу значаен фактор за подобро постевување на трговските врски помеѓу Италија и Отоманската империја како во периодот 1870 до 1903 година така и потоа.

Значајна улога во проширувањето на трговските врски меѓу Италија и Отоманската империја односно Македонија играле трговските комори кои се основни регулатори на трговската дејност и начинот на водењето на трговската размена.

Сите погореспоменати фактори содејствувале и биле главни движечки услови, преку кои се одвивала целокупната италијанско-турска трговска размена.[24)]

Италија во Отоманската империја извезувала најразновидни стоки - во основа преработки на лесната и прехранбената индустрија. Во Отоманската империја се увезувале италијански конверви, кибрити, хартија, долна облека, волнени и свилени ткаенини. Главна стовка на италијанскиот експорт во Отоманската империја, сепак, непрекинато останувале памучните ткаенини и преѓите. Ова се објаснувало со тоа што протекционистичките тарифи, дејствувајќи

во Италија од 1867 године, биле многу поволни за италијанската памучна индустрија.[25]

Како резултат на сето во италијанската текстилна индустрија настанува експлозивен "бум" и текстилните фабрики биле градени по индустриската во почетокот на XX век, во бројност која свесно ги надминувале потребите на внатрешниот пазар. Ете тука наишле, тие биле принудени да бараат пазари во продажба.[26]

Интересно е да се спомене мислењето на К.Е.Кирова во врска со квалитетот на италијанските текстилни стоки кое вели: "Кај Италијанците сличен традиција и навика (како кај Англичаните -забелешка наша); и тие ги "биеле рекордите" со наши работи. Тие спиите, навезувачи од нив во Отоманската империја, или биле специјално наработувани за Исток од многу мали видови, или просто одговарал интересот на текстилната индустрија. Нашата мала цена него тоа во сообразност со локалните услови биле "сосема непогрешливо".[27]

Ете се односи до италијанскиот извоз во Македонија Италија, исто и во целата Отоманска империја, туку всушност имаат вело индустриска стока и тоа различни производи на текстилната индустрија, потоа разни прехранбени артикли, хемиски, фармацевтски и металургиски производи, хартија, стакло, порцелан и градежни материјали.

И покрај големата разновидност на производите кои учествувало во италијанскиот извоз во Македонија, Италија сепак заостанувало зад останатите земји како напр. Австро-Унгарија, Германија, Франција и Белгија.

Структурата на производите кои учествувало во италијанскиот извоз од Македонија во најголем дел ја сочинувале индустриските култури и тоа особено тутунот, памукот, потоа волната.

Кобутов, артикл кој бил во центарот на внимание на италијанските увозници биле кожурците од сливовите буби. Имајќи го во предвид развитокот на италијанската индустрија за свила и сетите италијански фабрики во различни места го помогнале увозот на кожурците на сливовите буби од Македонија. Увоз на италијанскиот извоз од Македонија освен и различните видови на коли, потоа житните култури и некои други производи.

Може да се констатира дека италијанскиот извоз од Македонија извесен значајно стоење во експортот на разните производи од Македонија во поодделните години со различен интензитет, во зависност од многу фактори кои ја одредувале местото на македонско-турското трговско размена во Македонија.

Како што е веќе погоре наведено најголеми услови за развојот на италијанската текстилна индустрија придонесоа, покрај другите околности, значително да се зголеми италијанско-турската трговска размена. Така според податоците на Пипфидини, француски експорт во Отоманската империја пораснал од 1900 до 1905 година за 3,2%, англискиот за 13,7%, германскиот за 70% а италијанскиот за 80,6%. Турскиот експорт во Италија пораснал во тие години за 69,9%, во Германија за 37,6%, во Австро-Унгарија за 18,7%, во Русија за 10%, во Англија за 3,8%, а во Франција се намалил за 1,5%.[28]

Според некои учесници во Италија се должи во многу од големиот напредок во текстилните и во бојадисувањето на италијанските трговци-производители до морето, односно близината на Италија до Отоманската империја, што ја намалувало цената на превозот на стоките кон.[29]

Свој удел во развитокот на трговското размена меѓу Македонија и Италија во овој период имала и пловидбата на италија

најголеми бродови во Солунското пристаниште која се одликува преку "Италијанското друштво за општо поморство (Florio - Rubattino)" кое ја одржувало двонеделната линија помеѓу разните пристаништа на Италија, Пиреј, Солун, Цариград, Одеса и обратно. Во поморскиот сообраќај меѓу Италија и Македонија учествувало и француските компанија [illegible] и некои други европски компании.

Сепак и покрај гореспоменатиот пораст на италијанско-турската трговска размена, кој бил предизвикан од извесниот економски подем кој настанал во Италија во почетокот на XX век, во понатамошните години тој ќе дојде до извесна стагнација. За тоа постоеле и определени причини. Завршувањето на индустриската револуција и целосното оформување на развиениот капиталистички економски систем во Италија се совпаднало со преминот на крајот на векот, - како и во целиот светски капиталистички систем, во империјалистичкиот фазе на развитокот. Италијанскиот капитализам според фигуративното изразување на видниот дејец на меѓународното социјалистичко и специјално движење Ан Антонио, личел: "на [illegible], кој понекогаш ја губел од вредност и развојот, се претворил во изненадувачки бесилен стерон".[30] Одвај успевајќи да се оформи, тој ги добил сите оние карактеристични црти, карактеристики кои ја претставувале суштината на империјалистичкиот како монополистички, паразитски и капиталистички вид експлоатација. Меѓутоа, во економските односи доведени до сè во предвечерието ќе стане збор.

Г Л А В А II

ЕКОНОМСКИТЕ ОДНОСИ НА МАКЕДОНИЈА СО ИТАЛИЈА ВО ПЕРИОДОТ 1903-1914 ГОДИНА

1. Осврт на извештаите за трговските односи на Македонија со Италија во периодот од 1903 до 1914 година

Расширените трговски врски меѓу Македонија и Италија од претходниот период (1870-1903 г.) продолжиле, иако со намален интензитет, и во овој период. Причините за стагнацијата во трговските размени меѓу Македонија и Италија се истакнати погоре.

Во врска со трговските односи на Македонија со Италија во периодот 1903-1914 години располагаме со сосема мал број на извештаи од изворен карактер.

Од италијанско потекло можат да се користат следните извештаи:

1. Извештајот на италијанскиот конзул во Битола Г. де Визарт од 1906 година објавен во Билтенот на италијанското министерство за надворешни работи. Во извештајот покрај другото се презентирани податоци, иако во скромни рамки, за надворешно-трговските размени на Битолскиот вилает со разни држави меѓу кои и Италија во текот на 1902 и 1903 година.

2. Податоци за трговијата на Италија со Македонија во последните години од турското владеење најдеме во извештајот на италијанскиот инспектор за емиграција Луиџи Вилари под наслов " L'economia balcanica e le guerre", објавен во Билтенот на италијанското министерство за надворешни работи за 1914 година. Овој извештај е преведен од потписникот на овие редови и е објавен во списанието Историја бр. 1-2 за 1982 година. Во извештајот гледиш от акцент му е даден на одразот на балканските војни врз стопанството на балканските земји вклучена и Македонија.

Податоци за трговската размена на Македонија со Италија, т.е. на деловите на Македонија кои беа под власта на Србија ослободени по војните од 1912 и 1913 година, наоѓаме во извештаите на италијанските конзули од Скопје и Битола, објавени во Билтенот на италијанското министерство за надворешни работи за 1914 година. Во нив детално се изнесени податоци за вносот на Италија на територијата на конзуларните подрачја на италијанските конзулати во Скопје и Битола. Во понатамошниот обем е претставен извозот на Италија од овие подрачја на Македонија.

За производството на кожурците од свилените буби и нивниот извоз во Италија, се зборува во извештајот на италијанскиот генерален конзулат од Солун под наслов "Одгледувањето на свилени буби во Македонија", објавен во Билтенот на италијанското министерство за надворешни работи-трговски дел, за 1914 година. Тука посебно е нагласена заинтересираноста на Италија, како значаен увозник на овие суровини, да се зголеми нејзиното производство.

Покрај ова се користени и некои други податоци, повремено објавувани во Билтенот на италијанското министерство за надворешни работи - трговски дел, кои се однесуваат на трговската размена на Отоманската империја, односно Македонија, со Италија.

Освен посочениот изворен материјал при разработката на поглавјето за македонско-италијанските трговски односи се користени и со литература за односното прашање.

Во студијата на Данчо Зографски "Развитокот на капиталистичките елементи во Македонија за време на турското владеење" објавена за печат во 1967 година а преиздадена со дополнувања и во 1980 година, значително место покрај другото, му е посветено на развитокот на трговските размени кеѓу Македонија и одделните земји каде што наоѓаме податоци и за трговската размена на Италија

ја со Македонија до крајот на турското ропство.

Одредени податоци за турско-италијанските трговски односи најдеме и во студијата на К.Е.Кирова, За италијанската експанзија во Источното Средоземноморје (во поч. на XX в.), објавена во Москва во 1973 год. Тоа се воглавно податоци од општ карактер.

Од горенаведеното што се однесува на користениот материјал за изработката на поглавјето за македонско-италијанските економски односи во периодот од 1903 до 1914 година можеме да кажеме дека не располагаме со доволно материјал за целиот овој период кој ќе ни овозможи што попрецизно да ја изнесеме материјата. Но, понатамошните истражувања можеби ќе ни овозможат да го комплетираме гореспоменатиот материјал за македонско-италијанските економски односи во наведениов период.

2. Трговската политика на Италија спрема Отоманската империја со посебен осврт на Македонија

Во претходното излагање ги изложивме изворите и литературата кои се однесуваат на македонско-италијанските економски односи во периодот од 1903-1914 година. Но, пред да се премине на тие односи во споменатиот период мора да се направи осврт на тоа какво беше општото во даденото време трговската политика на Италија спрема Отоманската империја, со оглед на тоа што Македонија која беше под нејзина власт мораше да биде вклучена од таквата политика.

Како што и погоре е изнесено, развитокот на трговските врски помеѓу Македонија и Италија од 1903 година па се до почетокот на Првата светска империјалистичка војна во 1914 година зависел од низа суштествени услови, кои биле стриктно поврзани со овие врски. Развитокот на трговските врски пред се зависел од општите услови на трговските врски помеѓу Италија и Отоманската

Во турската трговија господареле англиските, француските, австриските, германските трговски фирми. Тие ги поплавувале турските магазини и продавници со стоки, кои беа фалсификувани во најцинични вид. Така еден современик пишувал (8 март 1914 г.): "Турскиот пазар е затрупан... со целосен фалсификат. Слатки, конфитури, вино, вештачки ликери од познати марки. Купене од страна на еден од офицерите турска бакарна кафена подлончиче се покажало после шестиот дожд било од лимарија."[32]

Италијанските експортери, јакнувајќи се во Отоманската империја, како што тоа тие сакале да го потврдуваат како последни, брзо се учеле од своите конкуренти. Францускиот конзул на островот Родос, веќе во 1901 год. се жалел во својот извештај за тоа, дека италијанските фабрики "ги имитирале француските фабрички

империја, кои воспоредно влијаеле врз македонско-италијанските трговски врски.

Во почетокот на XX век италијанската трговска експанзија во Отоманската империја, имајќи го за база бурниот раст во 1898-1907 година на италијанската индустрија (во северните реони на земјата) била во одредена пораст. Ограниченоста на внатрешниот пазар му пречела на тој раст, што и довело, како што истакнал француското публицистот Р.Пинон, кон "големо движење на италијанскиот експорт": од 1898 до 1913 година тој пораснал од 1203 илн. до 2631 илн. лири, т.е. повеќе од два пати.[31)]

Италијанските експортери поради погоре споменатите причини својот поглед го свртиле кон Отоманската империја. Тоа спрзане со режимот на капитулации немале можност да ја заштити својата тогаш појавена индустрија од увозот на странските стоки. Дури и зголемените царински такси не можеле да го попречат големиот напливи на европските стоки.

марки" и благодарејќи му на тоа ѓи надминале Французите во продажбата на кожарски стоки. Францускиот конзул во Дамаск во тој ист период пишувал, дека Италија "правела најголеми усилби", за да ги имитира француските изработки од свила.[33)]

Голем придонес за италијанскиот експорт давал и брзиот развој на италијанската текстилна индустрија. Тоа особено дошло до израз во памучната индустрија. Оваа индустрија била заштитена од странските производи од ваков вид со царински такси речиси 40% од нивната вредност а истовремено увозот на репроматеријали за памучната индустрија бил наполно ослободен од царина.

Како резултат на ова во италијанската текстилна индустрија изникнал своевиден "Бум", и текстилните фабрики се граделе на полуостровот во почетокот на XX век во таков број кој свесно ги надминувал потребите на внатрешниот пазар. Одвај појавени, тие биле принудени да бараат пазари за продажба.[34)] Растот на италијанската памучна индустрија во основа траел се до периодот до 1908 година т.е. до почетокот на стопанската криза во Италија.

Извозот на памучните ткаенини и предива од Италија непрестано растел. Во 1903 година тие беа експортирани од земјата во вредност од 90,7 млн. лири, а веќе во 1913 г. - 256,4 млн. лири. Отоманската империја го заземала по вносот на италијанските памучни ткаенини второто место (по Аргентина). Во 1897 година Италијанците експортирале во Империјата, ако се земе според изразената тежина, неколку илјади метрички центи на памучни преработки. Историјата на подоцнешниот раст на тој увоз (до 149 илј. метрички центи во 1913 г.) - тоа е историјата на налетот на младиот и енергичен италијански капитализам на позициите на неговите позрели и издржливи конкуренти, во прв ред Англичаните.[35)] Овие последните експортирале на турските пазари големи количества на платна и дру

ги памучни ткаенини кои заедно со памучното предиво, је сочинувале околу 60% од опитата сума на влезот на тие преработки во Отоманската империја во 1905 година. Меѓутоа, италијанските експортери со форсирање на продажбата на кредит, со поевтини цени и понуда на повеќе барани ткаенини успешно ги парирале на англиските конкуренти.

Од друга страна Отоманската империја била сиромашна земја. Не трајќи за квалитет на стоките, нејзиното полуедно население барало во прв ред евтини стоки. Токму заради тоа, како што пишувал руските генерален конзул во Солун, "речиси исклучителен пазар тука необјат стоките од најнизок вид, отпадоци на европските фабрики, донесени овде заради нивната ниска цена." Англискиот генерален конзул во Цариград имал исто такво мислење. "Овдешниот пазар е беден. Народот сака да купува што е можно поевтино. Бескорисно е да се влагуваат напори да им се продадат скапи работи и да се зборува, дека тие ќе служат подолготрајно. Тие немаат пари, за да платат поскапо, и тие не бараат, работите да им служат трајно", инсистирал тој кај англиските фабриканти. Се претпоставало дека последните немале приговори против предложените методи на работа од страна на генералниот конзул. Но англиските фабриканти најповеќе им пречеле вековните традиции на производство на квалитетни ткаенини да се научат да работат така лошо (а значи, и да ги продаваат така евтино), како што тоа се барало во даденот случај.[36]

Како што во погорното излагање е споменато, кај Италијанците слични традиции немале и резултатите од нивното прилагодување на месните услови се покажале наскоро. Веќе во 1905 година Италија ѝ надминала по експортот на памучните ткаенини и предиво во Отоманската империја Австро-Унгарија, Франција, Германија, Русија и се нашла на второто место по Англија. "Обрнува на себе вни

мание, - пишувал - рускиот генерален конзул во Цариград Панафи9 дин,-растот на трговскиот промет на Италија, зазема]ќи сега прво место по <u>зголемувањето</u> (подвлечено[ТК - КТК.) на експортот, импортот и опшата размена на стоки со Турција". И навистина, уште неоѓа]ќи се на четвртото, а во понекои години и на петтото место по апсолутниот обем на експортот во Отоманската империја, Италија многу ги надминувале своите конкуренти по темпото на неговиот пораст.

Успесите на Италија биле необични, и современиците се обидувале да ги откријат причините за тоа. Погореспоменатата К.Е. Кирова, ги наведува сознанијата на руските конзули од разните градови на Отоманската империја, во кои покрај укажувањата на ниската квалитет на тканините се наоѓаат податоци и за низа технички-економски околности, кои помагаа за крајните ниски цени на италијанските стоки, а што значи, и за успехот на италијанскиот експорт во Отоманската империја: близината на мк италијанските градови - производители кон морето, близината на Италија кон Отоманската империја, што ја намалувало вредноста на превозот на стоките, итн. Сепак, интересно е, што веќе порано споменатиот Панафидин на прво место ги истакнал причините на социјалниот поредок, а имено "евтината работна рака во местото на производството и неограничената со закон експлоатација на детскиот труд" во Италија. Со самото тоа е откриена определената точност на претходните заклучоци, бидеј]ќи италијанските стопанственици навистина се труделе да го "компензираат" отсуството на широкиот и постојан внатрешен пазар на жестоко експлоатација на работниците. Во текстилните фабрички каде во основа работеле жени и девојчиња, платите беа најниски.

Потполно сила на италијанскиот притисок на пазарот на Отоманската империја се појавила со почетокот на стопанската

криза во 1907-1908 година. Италијанската памучна индустрија, пре-
куморско развивање во годините на "бумот" особено остро ги почувству-
вала ударите на кризата. Во складиштата се создавале загрозувачки
резерви на готово производство, и фабрикантите, за да ги избегнат
банкротствата, започнаа брзо да ги извезуваат надвор од земјата,
продавајќи ги по цени пониски од своето чинење. Тоа довело до
буren пораст на извозот на италијанските памучни ткаенини и пре-
дизе во Отоманската империја и ја поставило последната на прво
место во редот на потрошувачите на посочените стоки. Од 339 илј.
метрички центи на сите стоки, експортирани надвор од границите
на Италија во 1910 год. во Отоманската империја отпаѓало 100 илј.
а во Аргентина - само 81 илј. метрички центи.

Под ударите на италијанскиот демпинг англиското гос-
подство на текстилниот пазар на Отоманската империја почнало да
го губи теренот. Англиските претставници во Империјата изјавувале
дека Италија туке стекнувала "нејсериозна" соперничка во нивните
земји во трговијата со текстилните производи. Бик Од ова очигледно
било дека Англија се среќавала со всевозможни тешкотии во
одржувањето на своето преимство и дури дека Италијанците "го до-
биваат натпреварот".[37] Италијанците своите успеси ги постигнувале
благодарејќи на присуството на своите трговски претставници на
теренот кои ги земаа предвид барањата на месното население и не-
кои други активности.

Италијанско-турската војна 1911-1912 година стекнала
на крајот крај на успешните продажби на италијанските памучни тка-
нини во Отоманската империја. Во сената Италија војната ги довела
до банкротство многу текстилни фабриканти и кои грчевити обиди на
останатите "да се одржат на површината" со помошта на опортунистич-
ката согласност за скратување на обемот на производството. Тоа

создавало сред фабрикантите на текстил пацифистички настројувања. Печатот и политичките дејци морале да ги потсетуваат сопствениците на фабриките за производство на памучни ткаенини "дека економислено да го очекуваат завршувањето на војната, која му пречела на експортот."[38] Англиските конзули во Отоманската империја повеќепати во своите извештаи забележуваат дека, предизвикувајќи крај на извозот на италијанските стоки во Отоманската империја, војната ако таа продолжи, може да биде многу полезна за продажбата на англискиот текстил.

Кога војната се завршила, се покажало, дека конкурентите на Италија го искористувале нејзиното времено "отсуство" за да ја зголемат продажбата на своите ткаенини во Отоманската империја; во меѓувреме додека трае војната на турскиот пазар се појавиле новата соперничка на Италија - Шпанија. Последната ја конкурирала Италија, со такво оружје со какво таа порано си го пробивала патот во Империјата а имено ниските цени на производите. Во меѓувреме работната рака во Италија постепено исчезнувала како последица од масовните истапувања на италијанскиот пролетеријат. Сепак по завршувањето на Италијанско-турската војна, трговското настапување на Италија во Отоманската империја се возобновило. Истовремено се засилила и италијанската банкарска активност на теренот на Империјата.

Изложениот осврт на стопанските прилики на Италија и Отоманската империја во текот на првата деценија и почетокот на втората на XX век, сведочи дека постоеле поволни услови да се развијат помеѓу нив разширени економски трговски врски. Овие трговски врски во својата суштина зависеле од ред елементи што ги условиле нивниот поразвиток. Во прв ред тука спаѓала трговската политика, оној регулатор на надворешната трговија на секоја земја

на нејзините врски со останатите држави. Бидејќи Македонија се на
обата во составот на Отоманската империја, таа се вклопувала и
била зависна од општата политика на Империјата. На тој начин
Македонија влегувала во трговско-политичките односи на Отоманска-
та империја со Италија.

Со цел да ги зачува и да ги утврди своите привилегии
во Отоманската империја и пред се својата доминантна положба во
турското стопанство Италија, како и другите капиталистички држави
закључувала со неа поволни трговски договори. Преку закучените
трговски договори, Италија успевала да извлече од Високата Порта,
поволни концесии за слободна трговија и пловидба. Со овие догово-
ри и се признавало правото слободно да внесува и изнесува стока
од Отоманската империја.

Прв таков договор меѓу Италија и Отоманската импери-
ја бил склучен на 10 јуни 1861 година во Цариград.[39] Закључениот
договор имал важност 28 години од денот на размената на ратификa-
ционите. Без предвидени и модификации што во тек на време би се по-
јавиле, по тие да се извршат во рок од 14 и на 21 година.

По истекот на 21 година од закучувањето на трговски-
от договор, во 1883 година однесо се разгледувале прашањата што
беа поврзани со договорите. Во наведената година Отоманската импе-
рија настојувала за ревизија на сите договори. Се инсистирало на
диференцијалните тарифе во зависност од стоката, како и зголему-
вање на внесните царини од 8% на една граница од 3-20%.[40]

Во 1890 година кога истекуваа 28 годишниот трговски
договор меѓу Отоманската империја и Италија и останатите земји
турската влада настојувала кај големите сили за обновување на
трговските договори. За тој цел кај турското министерство за над-
ворешни работи во Цариград било откриено специјално трговско одд

ленше, кое имало за задача да ги изучува прашањата што се односуваат до трговските договори и за состојбата на турските прашања по однос на странските.[41]

Турската влада постојано инсистирала за зголемување на царинските такси на странските стоки кои беа внесувани на територијата на Отоманската империја. Владите на шесте големи сили т.е. Германија, Австро-Унгарија, Франција, Велика Британија, Италија и Русија, прифаќајќи го некаженото барање на отоманската влада, царинските такси зголемени при влегувањето на отоманската територија, утврдени едноообразно на 8% од вредноста[42] да се покачат на 11% а од друга страна желбата да се осигураат соодветни извори за финансиските потреби на трите македонски вилаети, и предложиле на Високата Порта свои услови кои би ги усвоиле, со цел да добие согласност за зголемување на царинските тарифи. По прифаќањето на овие услови на 25 април 1907 година бил потпишан протокол помеѓу Италија, Германија, Австро-Унгарија, Франција, Велика Британија, Русија и Отоманската империја за зголемување на царинските тарифи. Во него меѓу другото стои:

"1. Сите внесени стоки, по сувоземен или воден пат, во Отоманската империја и кои сега се подложени на такса од 8% од вредноста ќе плаќаат, почнувајќи од стапувањето во сила на сегашниот договор и во тек на период од 7 години, такса од 11% од вредноста.

2. Законите за рудниците, законите за анализата на царинарниците исто така и правилниците за спроведување на петролејот и за подобрување на царинските служби се применети на интересите што постојат и на оние нови интереси кои ќе се создаваат во идните, согласно на изменетите текстови на таквите закони и правилници кои ќе бидат официјално соопштени на амбасадорите о

страна на отоманската влада и кои се приложени во сегашниот договор.

3. Отоманската влада ќе ефектуира суми од 100,000 турски лири за изградба и за подобрување на просториите на царинарниците.

4. Правата за утовар и растовар во пристаништата според новите тарифи соопштени на амбасадорите од страна на отоманската влада и приложени во сегашниот договор.

5. Владите кои пристапија на овие такси на нивните производи, го подредиле одржувањето на зголемените царински тарифи за гореспоменатиот период со стриктното и потполно извршување од страна на отоманската императорска влада на преземените обврски и задржувајќи си го правото во спротивен случај одново да го разгледаат прашањето за царинските тарифи.[43])

Според договорот приходите од зголемените царински такси ќе бидат исклучиво посветени на финансиските потреби на трите македонски вилаети. За овие обврски на отоманската влада посебно ќе стане збор во политичкиот дел од темата која се обработува.

Со 13 член од Протоколот за зголемувањето на царинските такси Високата Порта се обврзувала да ја обезбеди согласноста од другите земји, во врска со спроведувањето на правата кои произлегувале од потпишаниот договор. 14 член налагал договорот да стапи во сила два месеци по неговото потпишување, но со резерва дека зголемените стапки од 3% ќе можеле да се применуваат дури откако парламентите на соодветните земји ќе ја дадат својата согласност за зголемените царински тарифи.[44])

Во врска со заклучениот протокол за зголемување на царинските такси од 8% на 11% од вредноста на внесените стоки,

италијанскиот отправник на работите во Цариград Сфорца, со цирку лер од 4 мај 1907 године упатен на крајските конзулати во Отомански те империја, бара поопширно да се известат за постигнатата ефикасност и за најзначајните последици италијанските трговци, информа ција кои за горенаведеното и крајските агенции од нив зависат.[45]

Подоцна во 1911 године италијанските власти започнале со примената на диференцијалните и општите царини на стоките од отомански потекло. Со декретот донесен на 27 ноември 1911 год ина се предвидувало стоките од Отоманската империја (европскиот и азиатскиот дел) да бидат подложени на царински такси посебно означ ени за секоја стока. Со чл. 1 од гореспоменатиот декрет покрај спо менатото е истакнато дека другите стоки кои произлегуваат од ото манско потекло ќе бидат подложени на таксите утврдени од општата тарифа. Споменатите уредби се применувале исто така на стоките о отоманско потекло кои, веќе се наоѓале во царинските складишта или во фрајни складиштата, но од денот на стапувањето на новиот декрет во рок од 15 дена тие не плаќале царина. Стоките од други те земји за да не подлегнат под клаузулите предвидени за отоман- ските стоки, морале да имаат потврда за нивно потекло.[46] Декре тот стапувал во сила по ратификувањето од страна на парламентот.[47]

Меѓутоа, Италијанско-турската војна од 1911-1912 г одине придонела царинските материјали меѓу двете земји да се регули рае на поинаков начин. Така за внесот на италијански стоки во Ото манската империја се плаќале царини од 100% од вредноста, врз ос ва на султанското иредо од 12 октомври 1912 година. За увозот на турските стоки во Италија царината била установена од италијански те генерални тарифи, исклучок направен за стоките наброени во кр алскиот декрет од 26 ноември 1911 година на кои е поставена посеб на царина, обележана во истиот декрет.[48]

Погореспоменатите трговски договори и декрети имале су-
штествен дел во трговската политика на Отоманската империја и Ита
лија. Тие од друга страна претставувале многу значаен фактор за по
добро постојување на основите на трговските врски помеѓу Италија
и Отоманската империја во периодот кој се разгледува во нашата ра-

Значајна улога во проширувањето на трговските врски меѓу
Италија и Отоманската империја односно Македонија играле трговски
те комори кои се основни регулатори на трговската дејност. Преку
нив се регулирале сите основни прашања кои беа поврзани со заштита
та на обострените интереси во трговијата. Преку активноста на
трговските комори можело да се следи проширувањето на италијанско
-турските трговски врски. Во зависност од дејноста што ја проју
вало, различен бил и нивниот однос по прашањето за развитокот на
италијанско-отоманските трговски врски. Но, сепак дека нивната
дејност претставувала позитивен чекор за понатамошно напредување во меѓусебните италијанско-отомански трговски врски.

За развитокот на трговските врски меѓу Италија и Отоман-
ската империја односно Македонија, големо влијание играло и начи-
нот на водењето на трговските размени.

Во трговските размени меѓу Италија и Отоманската импери-
ја односно Македонија, особена улога имале турските увозно-извозни фирми, комисиони и шпедиции. Цената како размена, всушност, се
вишела од вклучените трговски договори. Лиферувањето на стоката,
како и плаќањето, исто така се вршело според вклучените договори
Покрај домашните фирми, особено во Цариград, Солун и Смирна имало
и странски кои се повеќе имале монополски позиции во трговијата,
како увозно, така извозно. Вообичаено, трговските односи се одвивале
преку нив или преку домашните фирми. Поголеми увозно-извозни фир
ми во Солун биле: Бракета Алатини, Молињо. Сапорта и други. Ве-

кои покрупни трговски фирми биле раководени и од Македонци.[49]

Обично, врските на овие фирми со странските се усогла сувале преку комисионери. Нивните односи биле регулирани со посто јниот трговски закон. Во него нивните права и задолжувања подроб- но се изложени. Стоката од странство се порачувала од комисионери те и при пристигнување се распределувала на месните фирми или се испраќала за внатрешноста. Иста улога имале и комисионерите со су рови стоки што ги прибирале од внатрешноста и ги испраќале преку пристаништата за определената земја. Нивната улога била особено значајна во трговијата на Отоманската империја, особено во надво- решната трговија. Тие работеле за изнаоѓање на пазари, за покупна продажба и друго. Целиот успех на зделките зависел од комисионери те. Имало комисионери од разни народности. Така, попознати комиси онери во Солун биле: Д.Д.Амбонети, Е. Бајона, Д.Ферандез и Сциаки Модиани и Ко. и други.Меѓу бројните комисионери имало и 24 Маке- донци, кои имале широки врски со внатрешноста. Дејноста на овие комисионери била особено раширена. Во Македонија тие имале филија ли во Битола, Скопје, Прилеп, Штип, Велес и др. За своите услуги тие добивале провизија од купувачот и од продавачот.[50]

Различни мерки се предвидувале и за транспортот. Обич но транспортирањето се вршело преку шпедициите и шпедитерските фи рми. Овие шпедиции развиле особена дејност во транспортирањето на стоката. Транспортирањето по море се вршело од страна на поморски те линии. Овдека се предвидувале и мерки околу пакувањето, кое за висело од тежината и размерот на товарот. Исто така се инсистира- ло на правилното пакување, заради тоа што утоварот и истоварот на стоката се изведувал со човечка рака.

На овој начин се изведувала и италијанската трговска размена со Отоманската империја.

Меѓутоа, со избувнувањето на Балканските војни, ситуацијата коренито се изменува. Македонија разделена во три дела, влегува во составот на Бугарија, Грција и Србија. Организацијата на трговската размена на овие делови на Македонија со Италија, влегува во рамките на трговските односи на соодветните земји со Италија. Но, за начинот на водењето на оваа размена засега не располагаме со податоци. Соодветните дополнителни истражувања ќе ни овозможат да се расветли и прашањето за режимот на трговските односи на Македонија и Италија до 1914 година.

Италија како и во претходниот период најповеќе во Отоманската империја извезувала преработки на лесната и прехранбената индустрија. Во Отоманската империја се внесувале италијански конзерви, хартија, долна облека, волнени и свилени ткаенини. Главна ставка на италијанскиот експорт во Отоманската империја, сепак, непроменето останувале памучните ткаенини и предивото. Причините за ова погоре се објаснети.

Во рамките на вакви трговски врски меѓу Отоманската империја и Италија се одвивале и размената меѓу Македонија и Италија со понекогаш осцилации.

Во ова наше излагање не сме во можност да дадеме детални податоци за сите години за трговската размена меѓу Македонија и Италија. Ова поради тоа што и покрај упорните истражувања не успеавме да дојдеме до неопходните податоци кои ќе ни овозможеа да дадеме целосен преглед на трговската размена меѓу двете земји. Меѓутоа, и со податоците што ќе се презентираат веруваме дека ќе се добие одреден преглед за трговската размена меѓу Италија и Македонија.

Расположивите податоци ни овозможуваат да се проследи движењето на трговската размена меѓу Македонија и Италија во пери

одот од 1903-1914 година т.е. од Илинденското востание па се до почетокот на Првата светска империјалистичка војна. За подобро согледување на наведениот материјал податоците ќе се презентираат преку две целини и тоа: а) Трговските размени на Македонија со Италија во периодот од 1903 до 1912 година и б) Трговските размени на Македонија со Италија во периодот од 1912 до 1914 година. Меѓутоа, како што погоре е истакнато непостоењето на соодветни податоци не ни овозможува посебно да го прикажеме развитокот на трговските размени меѓу Италија и Македонија.

3. Трговските размени на Македонија со Италија во периодот од 1903-1914 година

а) Трговските размени на Македонија со Италија во периодот од 1903 до 1912 година

Предусловите кои постоеле во развитокот на трговските размени меѓу Италија и Отоманската империја овозможиле и трговските размени меѓу Македонија и Италија да се развиваа во еден определен обем. Меѓутоа, треба да се истакне дека покрај трговските односи меѓу Италија и Отоманската империја врз меѓусебните македонско-италијанските трговски размени големо влијание одиграле и други фактори, меѓу кои секако и било и значењето на Солун односно неговиот постојан раст во вторите половини на XIX век и почетокот на XX век па се до Балканските војни. Ова пред се, ако се има предвид фактот дека најголемиот дел на размените на Македонија со другите земји е во нашиот случај со Италија се вршеле токму преку Солун. Неговиот стопански подем во овој град датира уште од неговото поврзување со хинтерлендот.

Трговскиот подем на Солун започнал повремето да се истакнуваа во 60-тите години од XIX век. За овој развиток влијаеле три фактори - 1. Отворањето на Суецкиот канал со кое светското

значење на Солун пораснало. 2. Поврзување со железнички линии на поважните центри во внатрешноста на Македонија. 3. Се одбележиле тенденциите за децентрализација на надворешната трговија на Отоманската империја во која изразите улоге имал и Солун. Покрај Цариград, Солун бил главен центер за цела Европска Турција. Тој опфаќал со хинтерландот една површина од 85,750 км.^{2}.[52)]

Од хинтерландот биле внесувани во Солун земјоделски производи, и производи од индустриските култури, кои во поголем дел служеле за извоз. Скоро сета трговија на хинтерландот се одвивала преку Солун. Кога ќе се земале предвид сите овие околности со право Дори на едно место неведнаш дека "Солун е важно трговско место на Македонците..."[53)]

Мал дел од трговската размена меѓу Македонија и Ита

лија се вршела и преку пристаништето во Кавала е и преку некои други помали пристаништа.

Покрај поморскиот сообраќај исто така и железницата одиграе важна улоге во проширувањето на трговските размени на Македонија со странство, придонесувајќи за економското издигање или опаѓање на одделни македонски градови и подрачја, како и за неголемувањето и забрзувањето на прометот воопшто. Сè поголемата партиципација на новоизградените железници во промотот и јакнењето на врските со земјите од Централна Европа, од друга страна, имаше за последица опаѓање на поморскиот сообраќај на Македонија. Со по стојаното зголемување на прометот, со развитокот на трговијата и растењето на потрошувачката и стимулативното дејствување на земјоделското производство и со нивелирањето на цените, сообраќајот придонесувале за слевање на недоволно поврзаните реони на Македонија во една стопанска целина, т.е. за постепено образување на внатрешен пазар со капиталистички примеси и белези.

Потребите на бројното нараснато градско население како резултат на урбанизацијата директно влијаеле врз зголемувањето на увозот во Македонија на готови производи и полуфабрикати од странство. Кон крајот на XIX и почетокот на XX век на Англија ѝ припаѓаше првото место во увозот на стоки во Македонија, додека второто место повремено го делеа Франција и Австро-Унгарија, а по нив следеа Италија, Холандија, Белгија, Русија, САД и други земји. Покрај земјотрешната и надворешната трговија, исто така беше многу важна и обемна транзитната трговија што се водеше преку Македонија и особено преку Солун помеѓу земјите на Европа, Мала Азија, Левантот и Северна Африка. Македонскиот извоз се состоеше претежно од тутун, сурови и полупреработени кожи, разни други земјоделско-сточарски производи и руди. Увозот најмногу се состоеше од мануфактурна и колонијална стока, од хемикалии, метални производи, земјоделски справи и машини и сл. Зголемувањето на увозот на земјоделски алати и разни машини и оруџија за работа, особено во почетокот на XX век, позитивно се одрази и придонесе за поинтензивно обработување на земјата и за подобро снабдување на занаетчиско-мануфактурните работилници и индустриски претпријатија и со тоа донекаде за развивање на производните сили воопшто.

Надворешната трговија на Македонија во втората половина на XIX век и сè до Балканските војни ја карактеризираше сè поголемата диспропорција меѓу увозот и извозот, т.е.зголемувањето на пасивата во надворешнотрговскиот биланс. Извозот на памук и други индустриски култури од Македонија опаѓаше поради конкуренцијата на такпите производи на други земји. Долготрајното опстојување на застарените продукциони односи во селското стопанство на Македонија и конкуренцијата што европската индустрија им ја правеше на производите на занаетчиите, мануфактурите и малубројните и слабо развие-

ните индустриски претпријатија во земјата, како и недостигот на заштитни мерки и позитивна економска политика од страна на турските управувачки кругови, онеможкуваа реализација и рентабилен пласман во странство на производите на македонското производство.

Поради тоа што надворешните трговија воглавно се наоѓа во рацете на странски фирми или на имотните бурџоазија во Македонија, левовскиот дел од добивките им припаѓаше нив, додека, наспроти тоа, само малубројни припадници на македонската бурџоазија стекнуваа богатства и го зголемуваа својот капитал со учество во надворешните трговија. Зголемувањето на трговијата и увозот предизвика пропаѓање на многу занаетчиски и мануфактурни работилници и со волнењето на селото во стоково-парични односи придонесуваше за натамошно распојување и пауперизација на селаните и другите слоеви производители. А, од друга страна, со инвестирањето на дел од добивките во новоосновените индустриски и трговски претпријатија се продлабочуваше спонтаниот поделба на трудот. Ширењето на прометот влијаеше врз разбивањето на старите и раѓањето на нови форми и односи во стопанскиот живот на Македонија во текот на зајакнувањето на капиталистички елементи и елементи.

Паралелно со зголемувањето на трговскиот размена и развитокот на стоково-парични односи доаѓа до модернизација на кредитниот систем во Македонија кое се огледа во отворањето на повеќе банки и нивни филијали. Интересите на странскиот капитал кои ги создадоа овие банкарски институции ја условуваа нивните ориентација за кредитирање во прв ред на крупните трговија и на индустријата. Увозот на странскиот капитал во Македонија беше закономерна последица на империјалистичките политики и тенденции на европските држави за максимално користење на суровинските извори, евтината работна сила и поволните можности на покрените на

Отоманската империја.

Во едни вакви услови во кои се наоѓала Македонија во рамките на Отоманската империја, таа се вклучувала во трговската размена со Италија.

Обемот на надворешната трговија на Македонија со Италија во периодот од 1903 година до крајот на отоманското владеење со Македонија постојано осцилирале. Улогата на Солун во надворешната трговија на Македонија со Италија растеше се повеќе и повеќе доколку Солун подобро се поврзуваше со италијанските пристаништа. Сите делови на Македонија се снабдуваа со италијанска стока главно преку Солун. Што се однесува по местото на Италија во надворешната трговија на Македонија, може да се каже дека тоа зависеше од конкурентската способност на италијанската индустрија и од потребите што таа ги чувствувала од суровини какви што можеа да се изнесуваат од Македонија.

Италијанската индустрија, која иако не располагала со значајни извори на енергија и рудни суровини, подтигнала од крајот на ~~XIX~~ век до крајот на првата деценија на XX век завиден степен на развој, кој во статистиката за 1911 година е искажан со 250.000 претпријатија и 2,3 милиони вработени работници. Со тоа се создадени погодни услови за зголемување на извозната трговија и вклучување на италијанското стопанство во рамноправното такмичење со развиените европски земји. Зголемувањето на извозот за двапати, од три на шест милијарди лири (1900-1912) придонело и за зголемувањето на италијанската трговска морнарица за пет пати. Адекватни движења се забележени и во банкерството и во другите области на стопанскиот живот, со посебно влијание и на општествено-политичкиот живот.[55]

Со цел да ја развие трговијата со Македонија во Солун

бил отворен италијански трговски музеј во кој биле наложени примероци од италијанските индустриски производи.

Со намера да ја засили својата трговска експанзија италијанскиот капитал создавал свои упоришта во балканските земји. Во најголем обем италијанските усилби биле насочени кон Црна Гора и Албанија. Како во првата така и во втората земја близината на морските пристаништа била многу привлечна, бидејќи тоа веќе според природата на работите ја поефтинувало стоката која се довезувала посебно на албанските пазари, бидејќи конкурентската австриска трговија имала значителни поголеми трошоци заради превезување на стоката по заобиколен пат.

Имајќи ги предвид вакватите околности италијанските извозници набрзо истапиле со своите далековидни проекти за поврзување на Валона и Битола, или пак Драч и Битола со железничка пруга, со што патот за Македонија и понатаму за Цариград би бил силно скратен и упростен. Ценетата на овој проект одела во пресметка на 50-60 милиони лири, кои италијанската држава во дадениот момент не можела да ги издвои, а покрај тоа и согласноста за изградба на овие пруги која требала да се обезбеди од Отоманската империја и од Австро-Унгарија имала слаби изгледи.[56] Иначе за проблемот на изградбата на железничките патишта ќе стане збор во нашето подоцнежно излагање.

Италијанскиот печат критички ги прател разните акции на своите сонародници во Албанија, особено укажувајќи на недоволната претприемчивост и ризик. Една италијанска финансиска група организирала производство на маслиново масло во Валона, но без значајни вложувања во техничка опрема, се истакнува заклучок дека таквите акции потекнувале повеќе од политичките отколку од стопанските потреби на Италија.[57]

Но врхов начин е може да се рече и уште поревервирано се однесувале италијанските трговци кон Македонија. Недостигот на податоци за сите години не ним дава возможност поребедно да се прикаже италијанската надворешна трговија со Македонија.

Италијанскиот конзул во Битола Г. де Визерт во еден свој преглед за состојбите во Битолскиот вилает во текот на 1903 година, меѓу другото пишува дека петте години Италија внесле во Битолскиот вилает стоки во вредност од 97,177 франкови а во 1902 година 178,500 фр. Во однос на другите држави износот е многу мал ако се има предвид дека другите големи сили како напр. Австро-Унгарија внесле стоки за 1,438,300 фр., Велика Британија 686,900 фр., Германија 440,685 фр. итн.[58]

Како што може да се види од погоренаведеното Италија место како и другите држави, имала помал внос во изминатата година во споредба на онаа претходната и таквото опаѓање посебно е условено од политичките услови во вилаетот (набуѕнувањето на Илинденското востание).

Вкупниот извоз и увоз на вилаетот беше следниот:

Во 1902	извоз	2,488,500 фр.	внос	6,132,000 фр.
" 1903	"	2,556,750 "	"	6,554,000 "[59]

Со цел да се подобрат трговските операции од италијанска страна италијанскиот конзул Г. де Визерт им ги препорачувал на своите сонародници следните совети и предлози:

"1. Италијанските трговци, пред да стапат во контакт со трговците од овој пазар, ќе треба претходно да соберат информации од овдешниот кралски конзулат за моралноста и довербата од кои овие последните се достојни за почит. Меѓутоа, слични информации бизнат присобирани речиси секогаш по испраќањето на стоката, кога има задоцнување во плаќањето.

2. За италијанската трговија за сите производи ќе биде потребно назначување на сериозен и способен претставник на свој пазар, искусен на обичаите и познавач на разните јазици во земјата. Австриската трговија, која изобилна на прв план, веќе има најде во овде претставник кој исто така е чувар на примероци на производи за потрошувачка од оваа монархија.

3. Се препорачува најголема грижа за квалитетот и солидноста на амбалажата, уште повеќе дека царините се наоѓа во Солун каде стоката ќе треба да биде подложена на преглед, пред да биде испратена на ова определите.

4. Стоката се испраќа франко на свој трошок се до Солун

5. Политичките превирти придонесуваат трговците пореди страв од атентати на железниците и пореди спични причини радо да не купуваат на лето. Испраќањето на стоките така се прави на зима и кон есен посебно кога веќе ние започнато студот, примирно обнадувајќи го политичкото спокојство во вилаетот.

6. На крајот ќе биде потребно испраќање на трговски патници снабдени со разновидни примероци; можам да заклучам дека две години нецаат дојдено од кралетството.[60]

И покрај вакыте напетости на италијанскиот конзул положбата многу не се променила. Наспроти ова за севкупните надворешне трговија на Македонија во почетокот на XX век претставува значен белег постојаното зголемување на увозот на потрошни добра, хемикалии, машински инсталации, елати итн. Како особено важно појава од значење за тогашниот општествено-економски живот во Македонија мора да се има во предвид и брзиот раст на градското население, кој предизвика зголемена побарувачка на разни артикли и заострување на конкурентските борби во областа на производството и пласманот. Придонесувајќи на стрелци во македонските градови, во прв ред на разни

дуге не мешают жонглировать двумя предметами за
шиеся на воле и сбегающие по автоматической
со на высоте 10-го этажа. Но обычно «Орбита»
ьство-участников зрелища. Большой цирк
ьшого города. Здесь на манеже, в окружении
ьшой интерес. Здесь выступают не только
ьшие дрессировщики, но и молодые артисты,
ьшое место занимают номера, в которых
ьшой цирк. Здесь выступают и артисты
ьшой цирк. Здесь выступают и артисты
ьшой цирк. Здесь выступают и артисты

представлены "интенсификация", "прогноз", "комплексная подготовка", "специальные" и "работники" имеют высшее образование по специальности "инженер-технолог". Из них 57,7% имеют стаж работы свыше 10 лет, 17,4% - от 5 до 10 лет, 13,5% - от 3 до 5 лет, 11,4% - до 3 лет.

Из числа руководителей и специалистов, имеющих высшее образование, 69,2% имеют специальность по профилю работы, 30,8% - по другим специальностям.

Из числа руководителей и специалистов, имеющих среднее специальное образование, 75,0% имеют специальность по профилю работы, 25,0% - по другим специальностям.

Из числа руководителей и специалистов, имеющих среднее специальное образование, 57,1% имеют стаж работы свыше 10 лет, 14,3% - от 5 до 10 лет, 14,3% - от 3 до 5 лет, 14,3% - до 3 лет.

Из числа руководителей и специалистов, имеющих среднее специальное образование, 100% имеют специальность по профилю работы

ток годишно. Биле предвидени редовни линија Солун-Генова, потоа попатни Малта-Катанија-Месина-Неапол. Меѓутоа, анексијата на Босна и Херцеговина вмијавела италијанскиот капитал да се повлече, со што и целото прашање било одложено.[62]

По воспоставувањето на младотурскиот режим (1908 г.) и како последица од реакцијата на отоманските управувачи против окупацијата на Босна и Херцеговина од страна на Австро-Унгарија се спроведување бојкот на трговијата со Австро-Унгарија, кој имал реперкусии врз надворешно-трговските врски и ориентација на Македонија. Солун како главно упориште на младотурците станал наедно и средиште на движењето за бојкотирање на австро-унгарските производи и воопшто на австро-унгарскиот внос. Надворешната трговија на Македонија за време на младотурскиот период имала чувствителни промени и пасивен биланс како последица од брзото и масовно ѓе преплавување на македонскиот пазар со странски стоки.

Меѓутоа, и покрај вакаите околности тешкотиите околу превозот на стоките го отежнувале побрзиот и поефикасниот продор на италијанската трговија на балканските пазаришта во внатрешноста меѓу кои биле и оние во Македонија. Финансиската група околу миланската "Banca Commerciale" била заинтересирана и за поврзување на пругата Бар-Подгорица со српската железничка мрежа. Меѓутоа и овој потфат ја надминувал финансиската моќ на италијанските трговци, а ризикот во поглед на успехот бил преголем. Иако ставовите на многу заинтересирани земји околу проектот на транебалканската железница биле поделени, Италијанците од политички причини секако биле заинтересирани. Но, за ова подоцна ќе стане збор.

Завршувањето на Парискиот мир на Србија со Австро Унгарија не довело до ослабнување на српско-италијанските трговски врски и, по обновувањето на дозволата за увоз на добиток од Србија, пак транспортите со добиток пристигнувале во Венеција,

Анконе, Бари, Бриндизи, Месина, Катанија, Палермо, Неапол, Чивитавекија и Генова.

Што се однесува спрто за италијанската трговска полити ка на Балканот може многу повеќе да се дознае претежно ги економ ските збивнувања во самиот Солун, кој бил и порано и во поново време главна извозна точка на југоисток на Европа. Во првата деце нија на XX век Италија стигнува на трето место како увозник во Со лун, благодарејќи на поместувањата кои биле направени неколку го дини порано на штета на Австро-Унгарија, особено во поглед на те кстилните стоки, металните изработки, моторите и машините, на му зичките инструменти, стаклеријата, оризот, маслото, петролејот, кафето, брашното и другите прехранбени и колонијални производи, чиј извоз бил многу значаен за Италија на листата на извозот. Во 1910 година во Солунското пристаниште влиле 103 бродови со 132,663 т. носивост, а нарадните години и повеќе. Преку Солун во периодот 1906-1910, во времето на српско-австриската царинска во на, сепак бил зголемен извозот на добиток, а продолжен бил извозот на оние суровини кои и порано биле извезувани од хинтерлан дот, какви што биле кожурците од свилените буби, пепук, руди, во лна, кожи и спрење.[63]

Вкупната вредност на стоките што ја внесла Италија преку Солунското пристаниште изнесувала 14,559,000 фр. Поголема вредност имал само внесот на Англија 16,326,000 фр., на Австрија 14,849,000 фр. плус оној на Унгарија 9,012,000 фр. а германскиот внос изнесувал 14,504,000 фр.[64]

Треба да се истакне дека во текот на економските кри зи и за време на бојкотот на австрискиот увоз настанаа долунма пр ориентација во надворешната трговија на Македонија, која се огле дала пред се во јачењето на трговските врски на Македонија со Ср

је и со некои западноевропски земји.

Во ова време настани посебно варирање и дури поскапување на цените на одделни извозни артикли, кое што заедно со пасивниот надворешнотрговски биланс ги погодуваше економските интереси на мнозинството од населението од Македонија. Пасивата во надворешната трговија на Македонија не можеше битно да го измени и намали покачувањето на извозот на земјоделските и сточарските производи во првите години на младотурскиот режим со оглед на тоа што тие производи беа откупувани по доста ниски цени.

Што се однесува до трговијата и извозот на еден од најважните извозни артикли тутунот тие беа концентрирани во рацете на крупните трговско-индустриска и банкарска куќа на браќата Алатини, водни членови на италијанската колонија во Солун, на Царигрдската отоманска банка и на Унгарската трговска фирма на Херцог и компанија.[65]

Значајна била улогата на Солун и во трговијата на Италија со Србија, бидејќи, како што е истакнато и погоре во годините пред Балканските војни се интензивирал српскиот извоз на жива стока преку овој град за Италија.[66]

Исто така треба да се каже дека Италија конкурирала општо во Отоманската империја и тоа во нејзиниот европски дел па дури тековните чиј извоз во некои години достигнувал до 40,000 квинтали.[67]

Потребно е да се спомене дека благодарејќи на брзиот развој на италијанската волнена индустрија се зголемил и извозот на производи од волна во Европска Турција. Заради ова Италија го зголемила својот увоз на волна од Турција.[68]

Во текот на 1909 година од Европска Турција биле внесени во Италија 13,599 квинтали на разни видови сирења.[69]

За позициите што ги имала италијанската трговија во овој дел на Отоманската империја несомнена улога одиграл и факто дека италијанските стопански кругови имале во италијанската Колонија во Солун добри застапници, чија активност била забележана не само на стопанско туку и на просветно-културно поле. Дејноста на италијанскиот трговски музеј зачела кон сите земји на жинтерлеанот - Македонија, Бугарија, Албанија, Европска Турција. Во постапка било и основањето италијанска банка во Солун, со филијали во Белград, Софија и Цариград, која би перирала на иницијативите на италијанските индустријалци и би го потпомагала со заеми развојот на домашното стопанство. Италијанците имале во план и создавање на билатерални здруженија, кои би ги дополнувале сите овие акции, било да станувало збор за српско-италијанската, турско-италијанската и др.[70]

Италијанскиот кралски инспектор за емиграција Луиџи Вилари пишувал во еден свој извештај упатен до министерството за надворешни работи дека: "Солун беше центер за снабдување не само на Македонија, но и на две третини на Европска Турција, вклучувајќи добар дел на Албанија, на Стара Србија и исто така на Тракија со нејзините околини, чие простирање изнесувало 130,000 км^2 и вкупно три или четири милиони население."[71]

Според споменатиот Вилари увозот во Солун во 1910 година изнесувал 116,131,525 фр. а во 1911. 116,567,625; бројките на увозот на Италија во овие години изнесувале 8,960,000 фр. и 4,480,000 (намалувањето во 1911 во однос на 1910 во голем дел произлегува како резултат од италијанско-турската војна.).

Извозот во 1910 година изнесувал 34,052,550 франка а 1911. 35,717,025 фр. Учеството на Англија и на Австро-Унгарија во оваа трговија било по зголемување, иако во помала мерка отколку

во претходните години, како последица од немирите во Македонија а потоа и од либиската војна. Во 1912 година, иако Вилари не наведува податоци, трговијата уште повеќе се намалила поради познатите политички настани, освен тоа и поради повеќегодишни лоши реколти.

Во 1911 година влезените бродови во пристаништето беа 694 со 934,373 тони, а во 1912 година 524 со 764,947 тони.[72]

Престојувајќи во Солун Луиџи Вилари забележува дека трговијата во овој град била изведувана врз суштествено модерна база, и трговскиот стележ бил интелигентен, културен и знаел доста добро да ги води своите работи. Многу трговци често се упатувале, за нивните покупки, во земјите на нивното производство и биле наполно во тек со трговските услови во странство, за цените и за нивните колебања. Според него артиклите кои се испраќале од Солун за конзумирање во внатрешноста требале да бидат пред сè евтини, и сè разбира, упадливи и убави.

Покрај ова треба да се спомене дека непосреден интерлеад на Солун сочинувал и Битолскиот вилает, во кој размената со Италија била доста мала, а биле внесувани воглавно изработки од железо. Италијанската колонија во Скопје, која ја сочинувале повеќе од 20 италијански граѓани, под заштита на италијанскиот конзул во Скопје, во мнозинство беа претставници на банки, ориенталното железничко друштво, монополот на тутунот, трговци и помошници. Но, балканските војни не ги заобиколиле ниту нивните работи, во кои поединци претрпеа сериозна штета.[73]

Како заклучок за македонско-италијанските трговски врски до крајот на турското владеење во Македонија може да се каже дека тие се одвивале во еден обем кој зависел од заинтересираноста на двете страни. Македонија располагала со суровинска база

а Италија со свои индустриски производи. Најголем обем на разме-
ната се одвивал преку Солунското пристаниште, а во самиот Солун
имало и силна италијанска колонија која придонесувала уделот на
Италија во трговскиот промет да се искачи до третото место. Пре-
ку Солунското пристаниште одела и транзитната трговија на Србија
со Италија во која најголемо бил застапен извозот на добитон. Ме
ѓутоа, Балканските војни 1912-1913 години го нарушија позитивни-
от тренд во италијанско-македонските трговски врски но и воспос
довеле до влошување на положбата на македонското стопанство.

3. Трговското разиене на Македонија со Италија во периодот од 1912 до 1914 година

Балканските војни, кои имале тешки последици и врз
политичката положба на македонскиот народ со спроведувањето на
стремичниот режим на притисок со цел во негова потполна денаци-
онализација и асимилација од страна на балканските буржоски
управувачи, катастрофално се одразиле и врз македонското стопан-
ство. Катастрофалните последици за Македонија од Балканските вој
ни се гледаат во полното разорување на дотогаш интегралното маке
донско стопанство, а особено на занаетчиството, трговијата и зем
чарството. Со вештачките четворни граници, и посебно со отсечува
ењето на Вардарска и Пиринска Македонија од Солун, ги ориентирале
македонските стоки во други правци, доведувајќи ги во подредена,
периферна улога и во зависност од новата матична трговија на Срб
ја, Бугарија и Грција. Со запаѓањето на македонските градови, на
занаетчиите и трговците, пропаднале и македонските сточари. Вешт
чките граници на територијата на Македонија меѓу Србија и Грција
и Бугарија и Грција го прекинале движењето на македонските стад
во топлите котлини на егејскиот брег, а оттука и бројот на стока
та рапидно опаднал. Со сето, егзистенцијата на голем број македон

сни сточарски фамилии биле загрозени. Долготрајните војни и пусто
шењето го уништиле и македонското ловерство и ги прекратиле дохо
дите на илјадници македонски фамилии. Пропаѓањето на родиџе сто
пански грижи во Македонија довело до забрзано, екутно осиромашу
вање на широките народни маси од градот и селото.

Но, и покрај вакиите околности, пресеѓе кои постое
ле во економските односи између Италија и балканските земји влија
ело да се формира едно одредено мислење и во стопанските кругови
во Италија како и во стопанските кругови во поединиите балкански
земји, кои оцепувајќи го изминатиот период истовремено ја проект
рале соработката во идниот. Непосредно по завршувањето на
Балканските војни, кога изгледало дека ќе настапи крај на широ
ок развиток, се засилени врските и на италијанските стопански кр
гови, но и овие од другата страна на Јадранот, и усмерени кон по
големи потфати. Од италијанска страна во Балканот се пружале
крупни изгледи за пласирање на италијански индустриски производи,
како и за набавка на суровини за потребите на италијанската инду
стрија. Исто така финансиерите од Италија ги процењувале можност
те за инвестирање на капитал за развивање на некои претпријатија
во балканските земји и начинот на внесување современо опре
мување. Формирано е и мислење во стопанските кругови кое било бли
ско и на политичарите, дека италијанската политика мора да води
сметка за близокиот и огромниот резерват на природни богатства и
можности за експанзија, како што тоа се покажало во овие земји. Гла
вните правци на италијанската стопанска политика не биле усмерени
во овој правец, но сугестиите однапред на тоа да се изврши корекција
и тие, секако, и овому да се усмерат, па и по цена на некои жртви.[25]

Тенденцијата за експанзија пред сè од влијанието на
Австро-Унгарија, кое така јасно го покажале Србија во борбата и

нови партнери во стопанските па и општо во политиките, а покрај нее и Црна Гора, па во извесна мерка и другите држави на Југоисточна Европа, влијаеле иницијативите кои доаѓале од некоја друга страна редо да се прифаќаат. Тоа било клима во која редо биле прифаќани понудите на италијанскиот капитал и италијанските трговци, иако и под услови кои во тој момент не би биле најповолни. Потпирањето на стопанските сили на некоја друга земја било денеска на дневен, а во тоа евентуално би можело да се најде објаснувањето што Србија и Црна Гора и Албанија, кои најпрвите биле загрозени од австроунгарските стопанска експанзија, брзо и лесно остварувале стопански договори со италијанските партнери. Во тој момент и не било најважно тоа што фактичките финансиски сили на овој партнер не биле во склад со плановите и амбициите, чија реализација несомнено би водела кон стопанското зависнување на балканските земји, кои најпрвите експанзија од Австро-Унгарија и Турција, а со тоа и јакнење на националното стопанство и независноста на секоја од овие земји посебно. Во тоа, изгледа и, треба да се бара одговор на прашањето - од какво значење биле стопанските врски со Италија за балканските земји, со оглед на релативно малите сили на капиталот и постигнатите резултати.

Но, со последиците кои произлегоа по завршувањето на балканските војни, како што веќе погоре, се влошија положбата на најпознатите македонски трговски центри. Така, трговскиот интерес на Солунското пристаниште за врска на турското господство ја опфаќаше сета Македонија и дел од Албанија, освен тоа, за трговијата, дел од Србија, и во помала мерка на Бугарија и на Романија. Но, како последица од погореспоменатите настани, овој интерес значително бил намален; во Кавала[76] на пример одлагањето на југоисток од Битола на линијата Солун-Битола и во Гу-

Голо жетва така се она прикажува. Оваа појава бараше многу
сто на стотина или пристигнуваше он Сонуи и ни беше да имаше пи
шината. Струка перина паскупава така он 11% он времето
патерот, кафето и колите суротат, пасимиот задник, шиото
тот, картофата за пиперт и на другите не исполнуваат мало
рати от стаката држава како петролеј, етиоколо, солта, кибр
стојаната било напомен голем дел на стопите монополи
територијата по порешот. Виолени ентет и тука по одделе
Валканите водни го имале пронето прометот и на
(77)
те на појдинот Сотуски имот речи незнаење.
те. Сите ошо опопести го пиеле уживот пронет со територија
ков от 11%, со полуот на опис со поскто от грите пристани
тело од Сонуи, за кои веќе било имало отношата ретова та
ова места се земале оптерет таков за утов на сите стоки по по
цирофирит. Други тапи имале натрдето и бутарстата пиа. На
лета на 60 км. от Сонуи на пиницата во Скопје. Србија напатие

ја оштетиле локалните трговци и воопшто многу ги зголемиле живо-
тните трошоци. Но најзначајниот факт за економската ситуација на
Битола по војната бил тој што не било повеќе можно за локалните
трговци да се снабдуваат во Солун, како што тоа го правеле дото-
гаш, се додека во спомнатото пристаниште не се воспоставело сло-
бодна зона, и затоа морале директно да се обраќаат во земјите на
производството. Кабутсо, во последниот момент италијанските експор-
тери не сакале да стапуваат во директни односи со Битола поради
страв од конкуренција на италијанските куќи од Солун, бидејќи стеку-
вале збор за пазар од прв ред, додека пак сој правот, според оце
ните на веќе спомнатиот Луиџи Вилари, сепак бил од второстепена
важност. Но, последниот заклучил дека: "во идните повеќе нема да
постои тешка пречка за нашите (италијанските) директни односи со

Битола, и дури ќе било доста корисно веќе отсега да се воспоставаат тие врз солидни основи."[78)]

Со Балканските војни, Скопскиот вилает потпаднал под српска окупација и неговите услови малку се разликувале од оние во Битола. Политичките безредија, албанското востание во 1911 година, Италијанско-турската војна, потоа Првата балканска и меѓусојузничката војна, придонесоа за намалување на трговијата во регионот и во прво време на српската окупација било дозволено импортирање само на прехранбени артикли. Новите такси природно биле исти како во Битола. Прометот бил позначаен отколку во Битола, пресметнувајќи го увозот во 1912 година на 31,390,000 фр., а извозот на 18,500,000 фр.

Како за Битола, така и за Скопје променетата политичка ситуација го ослободила пазарот од зависноста на Солун, и локалните трговци кои дотогаш не биле навикнати да контактираат со странство, според оценките на Луиџи Вилари, тоа ќе морале тогаш да го направат, нешто кое ќе им одговарало на италијанските експортери, како и на оние од Битола, да иницираат самите тие директни врски со Скопје, испраќајќи во него свои претставници. Според информациите што ги присобирале италијанските заинтересирани деловни кругови се очекувало голем развој на градот Скопје, кој поради својата положба претставувал значаен трговски центар.[79)] Но, набрзо дошло до нова војна, т.е. Првата светска империјалистичка војна која ги оневозможи очекувањата на италијанските стопански кругови.

Интересно е да се спомене дека кога се однесува за италијанскиот интерес за развојот на трговските врски со Македонија во овој период, кога последната била расцепкана на три дела, тој се изразувал во вниманието кон развојот на свиларството. Инаку треба да се каже дека тој интерес на италијанските трговци по-

те производителн на свилене буби.

Семето за кожурци од свилени буби од италијанско поте-
кло пиротем не можело да влезе во Македонија во позначителен обе
Една италијанска фирма имала правено разни обиди, успевајќи да
покаже на испитувањата задоволителен резултат како во однос на квали-
тетот, исто така и во количеството на добиениот производ. Но, тој
фирма имала најдено две пречки: прво, локалните распределувачи
и самите селани одбегнувачи, кои повеќето ги сакале познатите и
традиционалните видови; втората цената која требала да се плаќа
то ест од околу 2,25 до 2,50 франкови за унца, донесена во Солун.
Како причини за ова било и тоа што на територијата на Македонија
кои биле окупирани од Србија и во самата Србија постоела тенде-
нција за распределување на еден единствен квалитет на семе, земе
тено од Влашето.[81]

Во извештајот на потореспоменатиот билтен се нагласува

тельный век.

Сборы нефтяных отечественных месторождений до середины XIX века

Первые сведения о нефтяных месторождениях на территории России относятся к XVII веку. Так, в 1648 году в Астрахани побывал голландский посол Кунраад Бреннер, который в своих записках сообщал, что в Баку «имеется большое количество нефти, которую используют для освещения и смазывания колес». Позднее, в 1723 году, Петр I, находясь в Баку, также отмечал наличие нефти в районе Апшеронского полуострова. Однако в то время нефть добывалась в очень небольших количествах и использовалась в основном в качестве лекарственного средства. Добыча нефти производилась кустарным способом, при помощи ведер, которые опускались в колодцы, вырытые вручную. Глубина таких колодцев достигала 20 м. Нефть поднималась на поверхность земли с помощью ворота. Добыча нефти в 1863 году составила 242 тыс. пудов (3 970 тонн).

Сборы нефти в России в 1913 году

Сбор нефти в России в 1913 году составил 561 млн. пудов (9 200 тыс. тонн). Из этого количества 83% (466 млн. пудов) было добыто в Баку, 10% (56 млн. пудов) на Грозном, 3% (17 млн. пудов) в Майкопском районе, 2% (11 млн. пудов) в Эмбенском районе и 2% (11 млн. пудов) в Ферганской области. Остальная часть нефти добывалась в Туркестанском крае, Сахалинской области, Закавказье и Европейской России.

дека се до крајот на турското владеење во Македонија одгледувањето на пчелите било во силен пораст. Меѓутоа, по две години од војните и немирјата сето она што се однесувало на земјоделството било во криза, посебно производството. Но, регионот, идеално предопределен за поголемо производство, одат кон намалување на овој свој производ, поради емиграцијата и поради недостатот на средства.

Во развојот на земјоделството придонесувале и банките од Солун кои давале одредувања при склучувањето на производството, разни субвенции итн. Но, како што се забележува и од историјските заинтересирани кругови, со новите грчко-српско- бугарски граници, кои ги пресечувале, ги изолирале повеќу или тешките центри за производство, со различните системи на такси и давачки и кај конкурите, и услугите од банките биле речиси пиковани. Сепак те определите за конкурите биле дезориентирани и се очекувало от како која цената се концентрирале по Солун поради подбор и поради продажба, ќе завршеле со одливање директно кон потрошувачките центри, на посебен начин кон Италија и на второ место кон Европ со што овој фрекцуентен пазар се нагледал на подобри печалби. Меѓутоа, последиците од војните ќе отворале своето бидејќи трговската важност на Солун како во другите домени така и за производот на конкурци од српски буби, биле прекумерно намалени.[82]

Покрај споменатите се среќавале и други тешкотии, и посебно бидејќи одгледувачите во Македонија, незнаејќи да се пласираат наспроти конкуренцијата на доста значајните купувачи, без неопходно импресионирани од нивниот систем. Во секој случај, ова прашање било крајно интересантно за Италија, со оглед на тоа што тоа биле, главен потрошувач, дури речиси тотален за конкурите од српски буби од Србија и Македонија. Зарем тоа во извештајот на Бирото на министерството за надворешни работи се оценувало дека ќе

требало да се најде начин да се основа една италијанска установа за лицитација, евентуално некој монопол или барем да се настојува италијанските капитали да сочинуваат дел на друштвото кое ќе ја прифати големата работа. Така ќе стапела во директен контакт индустријата на свилено предиво со големото производство на една суровина толку високо ценета во Италија.[83)]

И покрај споменатото значење на производството на свилените буби со некои поконкретни податоци не се располага со оглед на тоа дека информациите околу извозот и обработката на кожурците од свилени буби во регионот, кој го опфаќал подрачјето на италијанскиот генерален конзулат во Солун, биле присобрани кај локалните трговци и кај поморските компании. Заради тоа овие податоци биле приближни со оглед на тоа што немало ниту една статистика од локалната трговска комора ниту од солунската царинарница.

Во деловите на Македонија окупирани од Грција производството на кожурци од свилени буби било проценето во 1914 година на околу 430,000 кгр. Сите кожурци од свилените буби биле обработени во месноста, и оттаму биле извезени во странство во 1914 година околу 240,000 кгр., од кои еден дел со потекло од деловите на Македонија окупирани од Србија (Гевгелија, Скопје и др.). Од објавите за извоз на италијанските друштва за поморска пловидба произлегувало дека извозот за Италија, во текот на 1914 годинa, изнесувал 222,900 кгр.[84)]

Интересно е да се истакне дека кај италијанските стопански кругови значително внимание предизвикувало и производството на грозје и вино во делот на Македонија што бил окупиран од Србија, но дали имало некои трговски трансакции со Италија немаме податоци.[85)]

Интересни податоци за предусловите за развојот на ита

лијанско-македонските трговски врски по Балканските војни наоѓа-ме во два извештаи на италијанските конзули од Скопје и Битола објавени во погореспоменатиот Билтен на министерството за надворешни работи. Во извештајот од Битола се наоѓаат подетални податоци за структурата на италијанските производи кои биле внесувани на територијата на конзуларното подрачје на италијанскиот конзулат во Битола.

Италијанскиот конзул во Скопје пишува дека во новоосвоените територии, т.е. делот од Македонија што го окупирала Србија, растела потребата од шапки од секаков вид, со оглед на тоа што населението го заменувало фесот со европски капи.

Со оглед на изнесеното тој сметал дека ќе било многу корисно големите италијански извозници да испратат трговски патници кои ќе можат да воспостават директни врски, правејќи одлични сделки, посебно со блискоста на летното сезона (1913 г.), која ќе предизвикала големо побарувачка на сламени шапки. За ова зборувал и италијанскиот конзул во Битола кој меѓу другото велел дека шансата за зголемување на италијанскиот извоз се гледала во извозот на филцани шапки кои биле се попотребни со напуштањето на носењето на фесот. Значителен дел од нив доѓеле од француските и австриските фабрики, меѓутоа, имало можности и за италијанските фирми.[86]

Постоела можност за извоз од Италија на територите кои го опфаќале конзуларното подрачје на италијанскиот конзулат во Битола и на суровo памучно предиво кое можело да стане уште позначајно со оглед на наложените високи царински такси на увозната трикотажа, кои ќе имале за последица создавање на локална индустрија за производство на груба сурова тканина за употреба од страна на сиромашните слоеви на населението.

За моделите, бојата и видот на тканините од памук и од волна, требало да се следат вкусовите на населението, нужно променети поради емигрирањето на турските фамилии, довербата на српските и со надмоќноста на христијанскиот елемент.

Што се однесувало на производите кои повеќе ја интересирале Италија, требало да се смета со значителна намалување на прометот со скапите тканини, кои потекнувале во голем дел од италијанските фабрики, а причината за ова биле високите царински такси и емигрирањето на турските жени, кои беа големи купувачи. Сва истото требало да се каже и за трговијата со оружје и со муниција, како последица од забраната за носење на оружје.[87]

Во продолжение даваме детален преглед за можностите на одделни италијански производи да се плесираат на споменатиот пазар во текот на 1913 година.

Маслиново масло. Битолскиот пазар порано се снабдувал од регионите на Елбасан и на Тирана, но после војните морал да се снабдува од странство, така што маслото од италијанско потекло ќе можело да конкурира на овој пазар.

Кафе. Извозниците од Генова би можеле полесно да конкурираат, бидејќи надоместувале конкуренцијата од Солун каде се до 1912 год. тоа се внесувало директно од местото на производство.

Хемиски и фармацевтски производи. Преку Солун се внесувале извесни количества на овие производи од Италија.

Сапуни. Во годините пред Балканските војни од Солун на битолскиот пазар пристигнувале обични сапуни од италијанските фабрики но парфимирани, така што по промената на политичките состојби тие ќе биле подложени на такса од 40 лири на квинтал како убави сапуни, додека на англиските сапуни се плаќало само 18 лири затоа, италијанскиот конзул во Битола барал да им се советува

на италијанските производители на обични сепуни, заради воведување на овој пазар, да се воздржат од пребивање.

Индиго. Од Италија било внесено индиго за 1450 лири во сандаци од 50 до 100 кгр. од квалитет Мадрас и Бенгал.

Врзки од конец. Иако овој артикал бил произведуван исто така во Србија, италијанскиот производ, бил повеќе побарувам поради квалитетот, ја победил конкуренцијата иако бил подложен на високи царински такси.

Памучни конци WATER, боја слично индиго. Неуспех обид за конкуренција на италијанските фирми на англиските производи немал успех поради тоа што италијанскиот конец понекогаш лесно ја губел бојата.

Бојадисани памучни конци JEWING. Внос во голем дел од Италија во вредност од 12,000 лири од бр. 6 и 8. Воведувањето на овие конци, кои служеле за превезување на чорапи, се очекувало да стане големо со оглед на високите такси на чорапите од странско производство.

Памучни ткаенини. Трговијата на овој артикал во помал степен го има почувствувано влијанието на царинските такси. Меѓутоа, италијанскиот внос за разлика од другите земји чувствително бил намален.

Печатени памучни ткаенини. Извесни количини биле од италијанско потекло.

Фланел. Италијанските квалитети биле барани од трговците поради пристојноста на цената и поради разнообразноста на марките. Иако италијанското платно од истата ширина (70 см.), чинело само 0,38 до 0,40 лири метрото за разлика од германското (кое било поубаво) и чинело 0,68 лири метрото, последното заради подобриот квалитет имало поголем успех на пазарот.

Зефир. Внос од Солун за 9,000 лири од различно потекло, пред се италијанско.

Едноебојно платно за постави. Со различен квалитет и боја, со и без опрема, внесено од Солун за 14,500 лири од англиско, италијанско и германско потекло.

Печатени памучни материјали. Многу биле барани и биле внесувани од Солун за 24,000 лири, речиси исклучително од италијанско производство.

Вратоврски. Како последица на поднесливите царини, им се советувало на италијанските експортери на овој артикал да се заинтересираат за битолскиот пазар.

Штавени кожи за чизми. Им се советувало на италијанските трговци да се заинтересираат за овој пазар; би можеле да најдат добра работа.

Обувки. Италијанското производство би можело да има успех бидејќи за лесните видови, значителна полза претставувале зголемените поборувачки и и плаќањето на царинската такса според тежината: 350 лири за квинтал.

Артикли за чевли, синџири, копчиња, кордели и др. Внос од Германија за 2,600 лири, од Австрија за 2,000 лири, од Солун за 4500 лири. Вносот од Солун речиси целиот бил од италијанско потекло.

Со оглед на тоа што од Италија се внесувале овие артикли во подобри услови, се сметало дека пазарот во Битола можел да биде целиот конкуриран од италијанските производители, кога ќе се стапеле во директна врска со пазарот.

Хартија од слама. Италијанските трговци со хартија од слама имале можност да учествуваат на споменатиот пазар.

Платнени постави за обувки. Вносот бил исклучителен

од Италија за 8,700 лири. Англиските фабриканти имале берано начин да ги имитираат италијанските производи но не успеале да ги конкурираат во цените.

Потковици, резиња (за врати), егиња и брави, ножеви, виљушки и др. Италијанскиот конзул оценувал дека Италија би можела лесно да најде начин за распродавање на своите производи договорајќи се директно со битолскиот пазар.

Железни кревети. Новите царински такси одредени според тежината им давале можност на италијанските фабрики да достабуваат полесни кревети од обоена ламарина.

Ориз. Околностите дозволувале да се продава ориз од повисок квалитет кој италијанските експортери можеле да го достават.

Брашно. Трговијата со италијанско брашно која во претходниот период била значителна доживеала намалување, а причината

била наложената такса од 6,50 лири за квинтал. Но, во текот на три месеци, од април до јуни 1913 г., кога споменатата такса била запрена, вносот се зголемил на 3,000 квинтали за 69,000 лири. Се оценувало дека било веројатно пореди побарувачката за војската, зголемувајќи се цената на брашното од локалното производство, одвај доволно за нормалните потреби на населението, односно ќе било неопходно да се прибегнело на италијанското брашно, дури плаќајќи ја гореспоменатата такса.

Вкупниот збир на италијанскиот внос изнесувал 117,150 франци. Меѓутоа, ако се имало предвид дека вносот на сите земји изнесувал 2,900,350 фр. споменатата сума и не била голема. Инаку на прво место била Грција (пристаништето на Солун) со 1,008,750 фр., потоа Англија со 666,500 фр., Германија 470,000 фр., Австро-Унгарија 394,500 фр., Белгија 125,600 фр. и др.[38]

Како заклучок може да се каже дека трговската размена

на Македонија со Италија во периодот од 1912-1914 година била обусловена од развојот на политичките настани на овој дел на Балканот. Поделбата на Македонија го онеможувала подинамичниот тек на меѓусебните трговски размени. Немањето на подетални не ни овозможува подетално да се претстават меѓусебните трговски операции. Во секој случај италијанските трговски кругови биле заинтересирани за производството на кожурците од свилени буби во Македонија кои биле потребни за нивните индустрија за свила. Италијанските експортери биле заинтересирани за извоз во Македонија и разни стоки за широка потрошувачка.

Г Л А В А III

ДИПЛОМАТСКИТЕ ОДНОСИ НА ИТАЛИЈА И ОТОМАНСКАТА ИМПЕРИЈА СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА МАКЕДОНИЈА (1903-1912 ГОДИНА)

1. Италија од 1903 до 1912 год. и нејзините надворешно политички

а) Општествено-економскиот развиток на Италија во периодот 1903-1912 г.

Обединувањето на Италија во 60-70-тите години на XIX век дало одреден поттик на развитокот на капитализмот во индустријата и земјоделството. Во последната третина на XIX и особено во почетокот на XX век во Италија се создаде современата фабрично-заводска индустрија и бил направен револуционерниот чекор на патот на претворање на земјата од заостанатата аграрна во аграрно-индустриска. Од 1900-1911 година бројот на индустриските претпријатија се зголемил од 117 илјади на 243,987, а бројот на работниците соодветно - од 1,227,000 до 2,300,000.[89] Со брзи чекори се развивале металуршката индустрија, за што придонесувале во не мал степен воените поръчки, изградбата на железниците и растот на бродоградбата. Значителни успеси постигнале изградбата на автомобили која свеќела сериозни повици на светскиот пазар, машиноградбата. Видна улога во економиката на земјата започнале да игра и хемиската индустрија. Порасnале важноста на тешката индустрија во економиката на земјата. Во 1911 година во неа беа ангажирани 35% од целиот фабрично-заводски пролетаријат.[90]

Сред гранките на лесната индустрија со брзи чекори се развивале текстилната индустрија - памучната (за причините на брзиот развиток види погоре б.м.), свилерската и др. Според пописот од 1911 година во неа биле ангажирани скоро 1/5 од сите работници ангажирани во индустријата и во транспортот.

Пораснала енергетската и техничката опременост на италијанските претпријатија. Брзо растела внатрешната и надворешната трговија на земјата, се подобриле средствата за сообраќај. За 50 години - од 1860 до 1910 г. - носивоста на трговскиот флот на Италија пораснала од 10 илјади до 600 илјади тони, должината на железничките пруги - од 1180 до 17000 км. Во 1911 година во индустријата и во транспортот биле ангажирани 32,1% од активното население на земјата (во 1894-28%). Ако во последната третина на XIX век основните маси на работниците биле ангажирани во ситните претпријатија од полузанаетчиски вид на домашно производство, тогаш во 1909 година 926,094 луѓе (приближно 2/5 од општиот број) работеле во претпријатија со број на работници повеќе од 100. Според податоците на официјалната статистика, во Италија во 1909 година имало 2888 претпријатија, кои имале од 101 до 500 работници, и 378 претпријатија со број на работници повеќе од 500.[91]

Паралелно со вакавиот развиток, почнувајќи од крајот на XIX век во Италија со брзи чекори одел процесот на концентрација на производството и капиталите. Тој остро се засилил по економската криза од 1907-1908 година.[92]

Особено забележителна била концентрацијата на производството во машиноградбата, текстилната, металуршката и ред други гранки на индустријата а исто така и во рударството. Така, во 1911 година во машиноградбата постоеле 52 акционерски друштва со капитал од 191966 илјади лири. Од нив најјаките биле друштвата Ансалдо, Бреда, "Офичине ди Савиљано" и др. Во металуршката индустрија дејствувале 31 акционерско друштво со вкупен капитал од 229,587,000 лири. Нивните добивки, според непотполни податоци, изнесувале во 1911 година 13,413,942 лири. Во текот на концентрацијата на производството во 1911 година во металуршката индустри

ја се појавил конзерциумот "Илва", кој ја еконцентрирал во своите раце контролата над целото производство на сурово железо и 58% од националното производство на челик. Големо влијание во металургиската и машиноградбените гранки добиле фирмите Терни, Орландо, Одеро.[93] Во електроиндустријата командните позиции ги зеле монополите "Едисон" и "Ла Чентрале"; хемиската индустрија ја контролирале трустовите Монтекатини и Пирели. Три финансиски групи ја остварувале контролата над индустријата за шекер. Во автомобилската индустрија во 1911 година водечката улога започнале да ја играат четирите фирми - "Фиат", "Итала", "Спа", "Лянчиа". Истовремено со процесот на концентрацијата на производството одел процесот на концентрација на капиталите и собирање на банкарскиот капитал. Неколку најголеми банки на земјата - "Банко комерчиале италиано", "Кредито италиано", "Сочиета банкариа италиана" и др. ја контролирале преку акционерските друштва економиката на земјата.

Но, "италијанскиот империјализам како нов економски поредок многу брзо ја покажал својата слабост и ограниченост. Старата, заостанета, полуфеудална структура не била од него ни разурната, ни обновена."[94] Монополистичката буржоазија на Италија го сочувала како неприкосновен сојузот со крупните поседници - латифундисти, создаден уште во периодот на Преродбата, натоварувајќи ја целата негова тежина врз грбот на работните маси и создаде неразрешливи тешкотии на патот на капиталистичкиот развиток за италијанската економија.

Карактеристична црта на италијанскиот империјализам била испреплетувањето на финансискиот капитал со крупнопоседничкото земјопоседување при зачувување на многу силни феудални остатоци во економиката и политичкиот живот на земјата.

Во гледајќи на бројните чекори на развитокот на индуст

ријата во првата деценија на XX век, селското стопанство со преовладувачките во него полуфеудални методи на експлоатација како и порано зазело водечки позиции во економиката на земјата. Во 1911 година во селското стопанство било ангажирано 54,3% од населението на земјата наспроти 31,2% ангажирани во индустријата и во транспортот.[95] Во почетокот на XX в. селското стопанство преживувало тешка криза. Безземјавското сиромаштво и широко распространетиот систем на наполица и дервењето на земјата под аренда го кочеле развитокот на селскостопанската техника. Јужните делови на земјата, биле зависните, скромните селскостопански реони, каде без контрола господареле крупните поседници - латифундисти и католичкото свештенство. Овие реони, фактички беа претворени од италијанската буржоазија во "внатрешна колонија". Нивото на животот на селанските маси во овие реони бил еден од најниските во Европа.

Присуството во земјата на широка резервна армија на трудот во лицето на селаните без земја и жестоката експлоатација на работниците ги принудувале трудбениците на градовите и селата да емигрираат во барањето средство за живеење. Само во периодот 1906-1910 година преку граници заминале 3,256,000 луѓе.[96] Основното масо на емигрантите се упатувало во Северна и Јужна Америка, особено во САД, Аргентина и Бразил. Емиграцијата и наносувала сериозна штета на производните сили на земјата. отстранувајќи го од националното производство, по правило, најработоспособниот дел од населението на Италија.

Реакционерната политика на владеачката класа, која се стремела да обезбеди високи приходи не толку по пат на развиток на производните сили на земјата, колку со методи на директно огребување на работниците, селаните, занаетчиите, а со самото тоа уште повеќе ја отежнувал економскиот прогрес. Сиромаштвото на населението

го стеснувало внатрешниот пазар на земјата а ова ја лишувало индустријата од постојана база внатре во земјата. Како последица од ова во Италија дошло до крајно остри форми помеѓу побарувачката и понудата. Економските кризи од надпланското производство следеле една по друга. Светската криза 1900-1901 год. се распространила со голема сила врз Италија, кризата 1907-1908 год. се одолговлечила во ред гранки на индустријата на неколку години, а во 1911 година економските тешкотии се почувствувале со нова сила.

Италија, престигнувајќи ги такаречените стари капиталистички земји по темпото на индустрискиот развиток, се уште силно заостанувала по апсолутните показатели на индустриското и селскостопанското производство од развиените земји на Европа и Америка. Уделот на Италија во светската економика бил крајно незначителен. Во 1906-1910 година таа го заземала 12-тото место по добивање на железна руда, 18-тото по добивање на јаглен, 11-тото по производство на сурово железо, 9-тото по производството на шекер и преработка на памук, 19-то место - по родот на пченица од еден декар.[97]) Италијанскиот империјализам им отстапувал на овие земји и во финансиски однос. Имајќи слаба економска база, италијанскиот империјализам во борбата за светски пазари постојано наидувал на конкуренција и на спротивставување на посилните империјалистички соперници - англиските, американските, француските, германските.

Карактеристичните црти на италијанскиот империјализам - сојузот на крупните финансиски магнати со поседниците - латифундисти, зачувувањето на феудалните остатоци во економиката и во политичкото устројство на земјата, многу израженото сиромаштво на работните маси и, како последица од ова, катастрофалните ограниченост на внатрешниот пазар, невидените размери на емиграцијата и заостанатоста на индустрискиот развиток на земјата од нивото на

дежбе на лимони, овошје, вино, маслиново масло и други селско-стопански производи; офицерската каста, која сметала да стекнува слава и чинови во колонијалните експедиции; слугите на католичката црква, кои мечтеле за препородување на поранешната политичка моќ на Ватикан; претставниците на конзервативните политички партии и групировки, надевајќи се да ја ослабнат остриите на аграрното прашање по пат на масовно преселување во колониите на селените беземјаши, итн...[98]

б) Односите на Италија и големите сили во врска со Источното прашање

Како логични последици од таквата општествено-економска и политичка ситуација во Италија во првите децении од XX век се надоврзуваа и надворешните политики на земјата. Прераснувањето на капитализмот во неговата монополистичка фаза, разгореното соперништво на големите држави, кои се стремеле за конечна поделба и

високоразвиените држави - се соединувале со особената агресивност и алчност на владеачките кругови.

Колонијалните придобивки требале, според мислењето на господаречката класа на Италија, не само да го решат болниот проблем на пазарите за продажбата на индустриската и селскостопанската продукција, но и да го зацврстат меѓународниот престиж на Италија среде тн. големи држави, да ја стабилизираат економската и политичката положба во земјата, да ја ослабнат остриите на класната борба на работните маси, труејќи ги нив со отровот на шовинизмот и национализмот.

Најактивни привржаници на колонијалната политика биле: значителниот дел на индустриската буржоазија, финансистите, трговците, заинтересирани за извоз на капиталот и особено стоки; крупните земјопоседници, кои се стремеле да обезбедат пазари за про-

повторно делба на светот, остро засилување на класните противречности во одделните земји и уште невидено усилување на борбата меѓу трудот и капиталот - такви биле меѓународните клими, во кои што во Италија созревале економските и политичките процеси, се јавува неопходност од остра пресвртница во општествениот живот.

Во почетокот на XX век надворешно-политичкиот курс на владата т.е. на кабинетот на Зенардели бил нејасен и колеблив. Со доаѓањето на свој кабинет на власт, Италија лавирајќи меѓу Тројниот сојуз (во редиците на кој тешко било да се надминат нејасните противречности со Австро-Унгарија) и другите големи држави, се' поревнително почнала да се зближува со последните. Во јуни 1902 година согласувајќи се да го возобнови договорот за Тројниот сојуз, Италија истовремено склучила согласност со Франција (која ступила во сила до 1 ноември истата таа година), која формално не противречила на Тројниот сојуз, сепак фактички се сведувало на неизвршување на обврски на Италија по однос кон нејзините сојузници. (Според условите на таа согласност, Италија се обврзала да се придржува кон "строга неутралност во случај ако Франција се наложело на напад или ако таа како последица на отворено предизвикување се покаже принудена да објави војна.")[99] Исто така не случајно, што првата посета, која, согласно на традицијата, новиот крал ја извршил на странските држави, го донела во Петроград, бидејќи Италијанското кралство се стремело да воспостави што е можно пријателски односи со Русија. Во исто време од страна на Италија, а исто така и Англија била изразена готовност за зближување на односите меѓу двете земји, што, во поединости било посведочено за време на посетата на Рим од страна на Едвард VII напролетта 1903 година. На тој план италијанските владејачки кругови се надевале успешно се на се да ги реализираат плановите

за експанзија, спрамо со Балканскиот Полуостров, каде како главен објект на нивните стремежи се јавувала Албанија.

Напролетта 1903 година не само во владејачките сфери, но и во блискиот кон нив политички кругови се засилила недовербата кон австриската соју̀зничка, во која не без основа го гледале главниот противник на проникнувањето на Италија на Балканот. Во парламентот и во полуофицијалниот печат се изразувало безпокојство и разидразнување по повод нестапувачката надворешна политика на Австро-Унгарија и решително се поставило прашањето за компензација која би следувала да ја добие Италија во случај на раширување на австриските владенија. При тоа токму толку решително и без заобиколување станувало збор за италијанските претензии на Јадранското крајбрежје. Во времето на посетата на Рим од страна на Кајзерот Вилхелм II во мај 1903 године Виктор Емануел III подвлекол, дека "Италија не можела да позволи на некоја друга држава, а посебно не на Австро-Унгарија да се утврди во Албанија. Нејзиното истоварување во Валона, одделена само со тесен морски појас од италијанското крајбрежје, би означувало крај на италијанската диnастија."[100])

Покрај односите на Италија со Австро-Унгарија, дипломатските компликации се наврзале и на другиот надворешно-политички дел. Важен елемент на италијанската надворешна политика бил, како што погоре е забележано, зближувањето со царска Русија, што го обусловувало пред сè италијанско-австриските противречности. Во изјавите на италијанските официјални личности непроменливо се потврдувало желбата да се зацврстат односите со Русија, што, впрочем, среќавало благопријатен одзив во Петроград. (Во едни вакви услови тешко било да се претполага на ослабнување на италијанско-австриските противречности и на зацврстување на Тројниот со-

ја, а со тоа повеќе на растењето на неговата популарност во земјата. Повеќе од тоа: сретнувајќи де скрнена, де јавна поддршка на дворот и владејачките кругови, оживеало антиавстриското иредентистичко движење, кое, иако и се опирало нек патриотските традиции од времето на Преродбата, сепак донолку подлабоку, дотолку отворено примало националистички карактер, одразувајќи ја идеологијата на империјалистичката буржоазија која се зародувала. Во крајот на мај 1903 година бранот на антиавстриски демонстрации се пренел по цела Италија.).[101]

По повод најавената посета на рускиот цар Никола II на Италија, во земјата избувнале масовни протести против неговата антинародна политика. Италијанските власти биле вознемирени. Тие ги удвоиле усилбите за обезбедување на "општествениот поредок" и потврдувале, дека "на царот ќе му биде укажан најдобар прием." Тие настојчиво се стремеле да се оствари веќената посета на царот, уште повеќе што во врска со заострената на Балканот македонско прашање Италија, тежнеејќи кон "улогата на трета, најповеќе заинтересирана држава... во отворено соперништво со својата соју-зничка" Австро-Унгарија, имала потреба од подобрување на односите со Русија. Меѓутоа, имено во тој период заострувањето на империјалистичките противречности на Балканот и на Далечниот Исток го обусловувало руско-австриското зближување, благонаклонето поддржувано од Германија, за што недвосмислено сведочеле средбата на австрискиот и рускиот император во 1903 година во Мирштег. Неслучајно за откажувањето на Никола II од патувањето во Италија, поточно, за одлагањето на ова патување, било објавено веднаш по завршувањето на Мирштегскиот состанок, што, природно, не можело да не им је посведочи на современиците, а исто така и на подоцнежните истражувачи, мислата за непосредната врска меѓу

овие настани.[103]

Во дипломатските извештаи и во голем дел од весниците на двете земји во својство на решавачки мотив за одлагањето се наведувала непријателската агитација на италијанските социјалисти.

Одлагањето на посетата на царот и нанесло на владата на Занардели тежок удар. Телку очигледниот надворешно-политички неуспех послужил како повод за жестоки напади против кабинетот и самиот премиер. Од разни страни, но претежно од десно, владата ја обвинувале за непростувачка слабост, "моќна погибелна во внатрешната политика и која го подрива престижот на Италија во светот." Во оваа ситуација се пошироко во политичките кругови се распространувало мислењето, дека единствено Џолити бил способен да го обнови поредокот, да и обезбеди на земјата царска власт, внатрешна спокојност и уважување од Европа. Откажувајќи се од поранешното, остро непријателско или претпазливо односување кон Џолити, кон ова мислење се приклонувале во овој момент и дел од конзервативните кругови. Неизбежната во такви услови разврска била забрзана со тешката болест на премиер-министерот. На 21 октомври 1903 год. Занардели дал оставка. Него заменил Џовани Џолити.[104]

Во новосоставеното кабинет од страна на Џолити на чело на министерството за надворешни работи бил поставен Томазо Титони, дотогашен префект на Неапол. Заради болест Џолити на 4 март 1905 година го напуштил премиерското место. За кратко време него го заменил Алесандро Фортис, додека Титони и понатаму останал во новиот кабинет до крајот на годината, кога го наследил маркизот ди Сан Џулиано (прв пат). Но и ова ново министерство паднало веќе на 8 февруари 1906, поради што новата влада ја составил баронот Сидниј Сонино (прв пат), но веќе на 22 мај бил принуден да отстапи. Потоа Џолити на 27 мај истата година по втор пат составил вла-

Ја и тогаш останал со Титони како министер за надворешни работи на власт до 2 декември 1909 година.[105]

Како што е и погоре истакнато мерките на Италија на надворешно-политички план во однос на Балканскиот Полуостров наоѓале на спротивставување кај останатите големи сили а особено кај нејзината сојузничка Австро-Унгарија. Сепак повиците кон активна колонијална политика која била нарекувана "политика на енергија и освојување" се содржеле во многу говори и статии на националистите. Тие повици се наоѓале веќе во нивниот прв печатен орган " Il Regno " ("Кралство"), почнувајќи да излегува во Фиренца во 1903 година. Особено интересна била публикувањата во весникот статијата на Е. Корадини "Записка за експанзионизмот".[106] Авторот изјавувал дека, италијанската индустрија и трговија уште биле недостаточно развиени, за да бидат економски заинтересирани за колонијалните експанзија.

Разбирајќи се тоа, дека Италија економски слаба и заостанета, го побудувало Корадини да бара вооружено зафаќање на колонии. "Почитувајќи ја состојбата на италијанската индустрија, - пишува тој, следува да се признае, дека најдобра природна форма на експанзија за Италија се јавува во сегашното време територијалната експанзија по пат на освојување. Тоа значи, дека територијалната експанзија требала да претходи на индустриската и трговската а не обратно", со други зборови, освојувањето на колонии требало да создаде благопријатни услови и претпоставки за нејзината економска експлоатација.[107]

Во услови кога Италија во водењето на својата надворешна политика наоѓа на спротивставување кај некои од големите европски сили започнало нејзиното приближување кон Франција. Тоа добив-

ло нови побуди, кога најнапред кралот Виктор Емануел во придружба на министерот Принети, го посетил Париз во октомври 1903, нешто кое француските печат го објаснувало како етапа на патот на Италија, да го напушти Тројниот сојуз. Во април наредната 1904 година, претседателот на француската република, Лубе, ја возвратил посетата.

Од друга страна и кај најзините сојузници од Тројниот Сојуз, несигурноста во Италија постанела веќе толкава, што германскиот претставник во Рим грофот Монте, на својата влада дури и советувал (во мај 1906), како немало смисла да го обновува со Италија сојузот, туку само со Австро-Унгарија. Меѓутоа, новиот австро-унгарски министер за надворешни работи, баронот Ерентал (од 24 окт. 1906), поинаку мислел, и заговарал на Италија да не ѝ се откажува сојузништвото.[108)]

Најпосле и во Италија се повеќе преовладувала во јавното мислење желбата, да се раскинуваат врските со централните сили и да се направи сојуз со Франција и Англија. Таа струја особено зајакнала, откога се приближиле тие две западни сили, а напуштањето на колонијалните планови во Африка на Црвеното Море (во Етиопија), вродило со тежнение за проширување на "другиот брег" на Јадранот, во прв ред во Албанија, што - се разбира - можело да се постигне единствено против волјата на Австро-Унгарија. Договорот во Мирцштег помеѓу Австро-Унгарија и Русија (1 окт. 1903) за територијалното статус-кво на Балканскиот Полуостров и за заедничка постапка во сите прашања што се однесуваат на Отоманската империја, предизвикувал во Италија „страв, дека Австро-Унгарија и Русија можеби сепак тајно се договориле за делба на Отоманското наследство на штета на Италија. Во стварност пак денес точно се знае, дека Русија го барала тој договор само затоа, за време на јапонската војна да има сигурен грб. Но како и во Германија и во

Австро-Унгарија, така и главните италијански државници сепак увидувале, покрај сите свои француско-англиски наклонности, дека засега е корисно и добро, Италија понатаму да остане во Тројниот сојуз.

Вакви̇те тенденции на Италија се огледаат и во врска со конфликтот околу Мароко, кој потекнува од посетата на германскиот император Вилхелм II на местото Тангер во Мароко 1905 година. Во сериозната ситуација која произлегла од овој настан Италијанците парадирале со својата лојалност кон Тројниот сојуз.[109] Судирот околу Мароко завршил во 1906 година со конференцијата во Алгесирас со која странските сили му ја признаа независноста, но неговите финансии, особено царините се ставени под меѓународна контрола. Тоа беше тн. прва мароканска криза, а втората беше во 1911 година. Мароканските кризи го дале првиот сигнал за настаните кои ќе настапат и ја навестиле Првата светска војна.

Во едно вакво расположение дошло време, да се обнови Тројниот сојуз.[110] Уште пред тоа се договориле министерот Титони и грофот Голуховски на личните состаноци во Штарска Опатија (во април 1904) и во Венеција (29 април 1905), Австро-Унгарија ништо нема да презема на Балканскиот Полуостров (се мисли на Отоманската империја), без претходен договор со Италија. Единствено во случај, ако сепак заради слом на Отоманската империја морало да дојде до промени, тогаш Македонија и Албанија ќе постанеле независни држави; само во Босна и Херцеговина и во Новопазарскиот санџак си ја зачувувала слободата на акција за себе Австро-Унгарија.[111] Во април 1906 година, австро-унгарскиот пратеник во Рим, грофот Луцов, јавувал, дека се слушало, како францускиот пратеник Барер живо работел на тоа, Италија да го откаже своето учество во Тројниот сојуз. Дури се појавувале и гласови, дека Италија при обновата на договорот пак категорички ќе барала, да се вметне клаузула

дека Тројниот сојуз ни во кој случај не бил вперен против Англија. Најпосле нагласата воопшто не се обистинила; на 8 јули 1907 година, Тројниот сојуз автоматски бил продолжен на понатамошни шест години до 8 јули 1914 година.[112]

Паралелно со преговорите за обновување на Тројниот сојуз италијанската влада се ангажирала и во остварувањето на своите територијални претензии во Африка. На 7 јули 1906 година италијанската влада потпишала договор со Англија и Франција за разделување на сфери на влијание во Етиопија. Според тн. Етиопски пакт на Италија и се признавале особени права на северните и југоисточните области на Етиопија, кои допирале на Италијанска Сомалија и Еритреја. Како резултат на сите напрегања на Италија и непрекинатите воени операции кои траеле повеќе од 30 години и огромните трошоци, во 1911 година Италија располагала во Африка само со две колонии - Еритреја и Сомалија со површина од 188,500 км.^{2} и со население од 850 илј. луѓе.[113]

Еритреја и Сомалија во мала мерка им ги обезбедувале потребите на италијанските монополи за пазари за продажба и извори на суровини односно од друга страна може да се каже дека учеството на африканските колонии во надворешната трговија на Италија било нивтожно.[114]

Надворешно-политичкиот курс на Едолгото министерство" на Џолити се засновал врз основа на зачувување на Тројниот сојуз со едновремено подобрување на односите со Англија, Франција и Русија. Лавирењето на Италија помеѓу двата блока со решавачка мерка се определувало со зголемените агресивни претензии на италијанскиот империјализам во подрачјето на Средоземното море. Како главен објект на италијанската експанзија и порано останувал африканскиот континент, посебно североисточна Африка. Италијанските

колонијалните власти на Еритреја и Бенадир не прекратувале да ги прошируваат колонијалните поседи на Италија за сметка на Етиопија, провоцирајќи бесконечни погранични инциденти. На 5 април 1908 година од Бенадир и новите освоени територии биле создадени нови колонија, која го добила името Италијанска Сомалија.[115] Како што се развивале и зајакнувале италијанските банки и индустријата во првата деценија на XX в. се засилил експортот на италијанските индустриски стоки и капитали на Балканот, во Отоманската империја - нејзиниот европски дел и нејзините северноафрикански власти - Триполитанија и Киренајка, заземајќи важно место во колонијалните планови на италијанската влада и експанзионистичките кругови на Италија. Особено се засилила надворешно-политичката активност на римскиот кабинет во 1908 година, во врска со изострувањето на Источното прашање и започнатата во есента на 1908 година босанска криза, во чиј тек се појавиле остри разногласија помеѓу Италија и Австро-Унгарија. Користејќи се со кризата на Отоманската империја, италијанската влада, прибегнувајќи кон воено поморска демонстрација, добила во Цариград редица привилегии, кои ја олеснувале економската експанзија во Триполитанија и Киренајка, а делумно и во Мала Азија. Италијанските банки со помош на владата ја интензивирале својата дејност во Црна Гора и Албанија.[116]

Италијанската влада, сметајќи на поддршка на царска Русија во спротивставувањето на експанзијата на Австро-Унгарија на Балканот, појавила голема заинтересираност за зближување со Русија. По долготрајни преговори помеѓу Рим и Петроград, не гледајќи на протестите на социјалистите, на крајот, била извршена, посетата на Никола II на Италија. На 24 октомври 1909 година во Ракониџи како резултат на преговорите помеѓу министрите за надворешни работи Титони и Изволски биле склучени империјалистички спогодба на ца-
ри-

ниот и италијанската монархија за соработка на Балканот и во Средоземноморскиот басен. Двете страни зеле врз себе обврската да го поддржуваат статус-кво на Балканот и да не склучуваат во идните со трети држави нови договори за Балканот "без учество на другата" (точка, управена со оштрината против Австро-Унгарија).

Италија и Русија постигнале исто така спогодби за взаемна поддршка во врска со прашањата за повторно разгледување на режимот на мореузите во интерес на Русија и претензиите на Италија врз Триполитанија и Киренаика.[117]

Во секој случај горенаведената констатација може да се потврди од изјавувањата на италијанскиот министер за надворешни работи Титони, на седницата на народното собрание од 4 декември 1908 година. "... Се восхитуваме, се восхитуваме без претпазливи премолчувања и без вешти заобиколувања - извикуваше од катедрата на Универзитетот во Рим почитуваниот Луцати - од овој пример речиси единствен во историјата, од една војска која ја става своја-

та сила во заштита на целокупноста и на спасоносноста на јавните слободи". Од сева војска излегуваа преторијански на султанот; сега излегуваат одмаздувачи на Устапот. Министрите за надворешни работи на речиси сите сили на Европа не се покажуваа повеќе резервирани и од парламентите, речиси се натпреваруваа за да ги аплаудираат симпатиите на новиот режим, се брзаа да уплатат на адреса на младотурците најшироки пофалби зарадн "извршеното на светот восхитувачки пример за една длабока револуција извршена одлично и мирно", покажувајќи "колку била пречистувачка енергијата на слободата", и да му се вети "на новиот режим кој се инаугурирал ... повеќу толкуте надежи целата нивна поддршка."[157]

Меѓутоа, во времето на почетните чекори за консолидирање на новата власт во Отоманската империја, на 5 октомври 1908 година Австро-Унгарија најавила за анексијата на Босна и Херцеговина. Анексијата била извршена во тајната спогодба упатена од страна на Русија до Австро-Унгарија, во која поради повторното потврдување на верноста кон статус-квото на Истокот се предвидувала ваква можност. Како концесија за согласноста на Русија се предвидувала за неа компензација која би се состоела од отворање на мореузите во Дарданелите за нејзините воени бродови.[158]

Речиси истовремено Бугарија по договор со Австро-Унгарија се прогласила себеси за независно кралство, раскинувајќи ги последните формални врски со Отоманската империја. Тоа било сериозен удар по Младотурската револуција. Загубата на Босна и Херцеговина довела до пребрзо на авторитетот на партијата "Обединение и напредок" среќ несигурноста на Европска Турција. Станувало јасно, дека Младотурците биле неспособни да ја сопрат загубата од империјалистичките држави. Истовремено босанската криза им дала на различните национални партии во Отоманската империја возмо-

можност да го продемонстрираат својот однос кон младотурскиот комитет "Обединение и напредок! Таа се јавила како важна етапа во односот на револуционерното движење во Македонија.

Според зборовите на италијанскиот публицист Јован Амадори Вирџил, италијанската влада, за разлика од општествените и политичките кругови, посебно не изразувала некоја поголема заинтересираност, во врска со воспоставувањето на парламентарното устројство во Отоманската империја. Ако и постоела заинтересираност, таа се однесувала само поради непосредната корист, која можела да ја даде Младотурската револуција во моментот на статус-квото на Истокот. Поради напрегнатата меѓународна ситуација, воведувањето на парламентарното устројство во Отоманската империја, било благонаклонето прифатено, како одличен мотив, за привремено отстранување на несогласувањата кои постоеле помеѓу големите сили во даденот момент. Споменатиот Амадори Вирџил, сметал дека, европските сили воопшто го прифаќаат новиот поредок во Отоманската империја, не заради тоа што биле заинтересирани за создавање на стабилна држава, туку заради тоа што тој бил моментална формула за излез од деликатната и тешка меѓународна положба на Истокот, определена од меѓусебните соперништва кои се развивале во 1908 година. Во оваа смисла отоманскиот конституционализам успевал да функционира подобро во сферата на статус-квото отколку Мирцштегската програма. Во прилог на оваа констатација одел фактот дека, Мирцштегската програма била видоизменувана поради разните влијанија што се вршеле врз неа, а уште повеќе со тоа што балканското железничко прашање сеуште не било разрешено и не можело да се вклучи во работата на реформите под закрила на концертот на силите, и затоа останувала отворена вратата за меѓународни монополистички соперништва и на осамени иницијативи.[159]

Италијанската надворешна политика се задржувала, како што вели погореспоменатиот италијански публицист, само на моментал-ните придобивки што ги носела Младотурската револуција за одржува-ње на статус-квото на Истокот, а не и на ризикот кој се појавувал со воведувањето на отоманскиот конституционализам. Тој сметал де-ка конституционализмот во Отоманската империја не бил претставен во форма каква што постоела во земјите на Западна Европа бидејќи не произлегувал од некоја подлабока организираност, туку бил сре-ќен и случаен исход на локален бунт против Султанот. "Отоманската империја, како секоја источна држава била составена од народи со една пониска социјалност (подвлекол Амадори-Вирџил, б.м,) од онаа на европските народи, која немала во себе идеја за држава, дисци-плина во администрацијата, морален респект кон власта; власта ко-мандувала онолку колку била во можност; не постоело какво и да е заедничко мислење кое ќе ја придружи работата на државните власти; во Империјата народите биле потчинети од еден царски род кој по потекло бил турски, и моќта на царскиот род била сосредоточена во рацете на Султанот. Калифатот не давал чувствителен придонес на политичко-воената моќ на Султанот: впрочем и никогаш го немал даде-но. Заради сите наброени причини уставната револуција во Империја-та конечно не се доформила и не го постигнала очекуваниот успех."[160] Според Амадори-Вирџил, потфатот на младотурците бил бунт изведен од страна на малкумина офицери кои се поставуваат меѓу Султанот и неговата политичка и воена администрација која ја претставувала целата држава. Тие малкумина офицери го изолираат Султанот, и во правниматa на јавната власт тие завладуваат со неговите права, и потоа тие се разбира ќи споделуваат со нововостановеното уставно устројство. Младотурското движење, прифаќајќи во својата програма идеи пропагирани од албанските националистички кругови, потоа пан-

турските, реакционерските, антиевропските кругови, кои застапуваа од страна на калкулирани причини, не успеаја да создадат органска про-тивтежа на младотурците и на унионистите. Тоа беа само несуредни конгломерати од идеи, непрактични, нереалистички кои можеа да настанат само во Османот.

После сето изнесено се предупредува, со оглед на тоа што беше уставното лишување, италијанските политички, дека тоа не ќе може да го обезбеди целото статус-кво на Истокот. Затоа повеќе пати се имаше прилика јасно нагласувањето на новите задачи, создавајќи голема неизвесност од напуштањето онаа на внатрешен план, кои би оделе во итото во услогот во односите меѓу политичките и религиозните групи. Штетата би се почувствувала и на меѓународен план, бидејќи би се нарушиле рамнотежата меѓу големите сили, која досега ја имаше сочувано Отоманското империја, од пријателите на тие исти големи сили. Исто така големите европски сили, отоманската конституционализам, ги востановуваа како едно ново поле за влијание кадри утврдувања на своето економско политичко влијание во статус-кво на Истокот, и надвор од него.[161]

Меѓутоа, италијанскиот министер за надворешни работи Титтони, откри обновите на Анкара-Внатре, го имаше само статус-кво, и покрај сите контроверзии кои можеа настани во Отоманската империја би носеле со себе, и внимателно ги интересираше за вклучување во европските сили во стабилизирање империјалистички позиции во неа. Контроверзите кои се појавија, со немирите во Албанија во Босна и Херцеговина од страна на Австро-Унгарија, сојузот не ја пробудуваа прекумерните во политиките на Италија, со кои отоманскиот конституционализам претставуваа потврдување на статус-кво. Затоа нејзината политика на "благонаклоното внимание" беше и биде целта (подвлекол А.Р., б.и.) нејзина политика, и во неа исто

тус-кото, во кое Австро-Унгарија и Бугарија земаат засилена по-
литичка, која ја обезбедува сигурноста на Србија и на Грција и фу-
нкцијата на Бугарија во врска со италијанскиот интерес.[163]

Немирите во Босна и Херцеговина, извршени во де-
кември тој момент од развојот на младотурската револуција, се зака-
нувале сериозно да го нарушат европскиот мир.[164]

Покрај споменатите околности, положбата на официја
лна Италија беше неповолна и тешка. Во раскинување на врските со
Германија и Австро-Унгарија во тие дни што не сакале ни да слу-
шнат сепак приближувајќи ги овие околности, кои што пројдоа со
и ги дадоа на Италија, особено во економски поглед. Бојгтов, колку
што не можело да се предвиди овие настани. Кризата на Италија
ја нарушил економијата како уште со тој во берлинскиот договор.[165]

Јавното мислење во Италија длабоко се возбуди од
настаните во Босна и Херцеговина, видејќи една непромислена наје-

жет оттенить драматическое напряжение на авансцене (63). Но
мотив ее неправильных отношений со своим отцом не должен
мешать ее нормальному развитию как женщины и будущей ма-
тери ребенка. Драматическое напряжение должно быть ослаб-
лено в дальнейшем развитии действия. Это может быть до-
стигнуто, например, введением другого мужского персонажа,
который будет играть роль, противоположную роли Освальда.
Такой персонаж должен быть сильным, здоровым, полным
энергии и жизнерадостности. Он должен быть в состоянии
дать Регине то, что Освальд дать ей не может. Он должен
быть в состоянии дать ей ощущение безопасности, которое
она ищет в своем отце, и, что еще важнее, он должен быть
способен дать ей любовь, которой она никогда не знала.
Такой персонаж должен быть способен вызвать в Регине
ответную любовь, которая будет сильнее, чем ее привязан-
ность к Освальду. Такой персонаж должен быть способен
вызвать в Регине ответную любовь, которая будет сильнее,
чем ее привязанность к Освальду. Такой персонаж должен
быть способен вызвать в Регине ответную любовь, которая
будет сильнее, чем ее привязанность к Освальду. Такой
персонаж должен быть способен вызвать в Регине ответную
любовь, которая будет сильнее, чем ее привязанность к
Освальду. Такой персонаж должен быть способен вызвать в
Регине ответную любовь, которая будет сильнее, чем ее
привязанность к Освальду. Такой персонаж должен быть
способен вызвать в Регине ответную любовь, которая будет
сильнее, чем ее привязанность к Освальду. Такой персонаж
должен быть способен вызвать в Регине ответную любовь,
которая будет сильнее, чем ее привязанность к Освальду

ве на министерот за надворешни работи, Титони, предизвикале надежи за компензации (се мислело на Трентo). Меѓутоа, дополнително се дознало дека, компензациите се состоеле само во откажувањето на Австро-Унгарија да држи гарнизон во Нови Пазар и да ги надгледува водите околу крајбрежјето на Црна Гора. Во парламентот се развила многу жестока дебата во врска со ова прашање. Одбраната на застапниците, на гледиштето на Титони, Фузинато, Бачели и други беше надвладеана од критиките на Барцилај, Сонино, Бисолати, Фортис. Последниот констатираше дека: "Верноста на Тројниот сојуз станува секој ден потешка" и заклучува: "Или ќе престане ова многу абнормална состојба поради која Италија треба да се плаши од војна со една сојузничка сила (се мисли на Австро-Унгарија, б.м) ... Или не може да престане и тогаш јасно од ново да ја земеме нашата слобода на акција."[166])

Бившиот шеф на владата Фортис, на седницата на Народното собрание, жестоко ја нападнал Австро-Унгарија во присуство на самиот пратеник. Тој покрај горенаведеното го изјавил и следново: "Една единствена сила со која Италија може да дојде во судир тоа е, на жалост, нашиот сојузник. Владата мора да бара од народот нови жртви да ги прилагоди нашите воени сили на потребите на сегашната положба. Босна е материјална добивка, а Италија од кризата излегува со празни раце."[167]) На Фортис Џолити му честитал за овој говор откако го видел расположението на собранието. На министерот за надворешни работи Титони, не му било лесни, и тој во начело ја одобрил анексијата. "Јас знаев дека ќе дојде, рекол тој, но дека Еренталвака брзо тоа ќе го направи, било изненадување. Договорот за Тројниот сојуз предвидувал надополнување за Италија во случај на промена на статус-квото во Албенија и во Македонија; своеволното напуштање ма Санџак било од голема важност, бидејќи го отстран

ва секое стравување од на предување на Австро-Унгарија кон Солун. Конференцијата за ратификација на промените во Берлинскиот договор е потребна, но не може да се добие со злоупотреба од страна на Австрија."[168]

Поради сето ова јавното мислење во Италија, барало сменување на Титони и територијална компензација во Трентино. Но наскоро во Рим се дознало, дека, Русија, по јапонската војна и револуцијата од 1905-1907 година, нити можела нити сакала да се впушти во војна со Германија и Австро-Унгарија, а тоа не го сакале нити владите нити јавното мислење во Англија и Франција. Така најпосле италијанскиот парламент го прифатил во декември 1908 година со 297 гласови против 140 прогласувањето на анексијата на Босна и Херцеговина на знаење.[169]

Во врска со прашањето за меѓународната конференција по анексијата на Босна и Херцеговина Италија го поддржувала мислењето на земјите од Антантата, не сакајќи да го допушти засилувањето на Австро-Унгарија.

Во меѓувреме се појаснило, дека Брентал, во врска со прашањето за анексијата на Босна и Херцеговина, го кажал не само рускиот министер за надворешни работи Изволски, Титони исто така станал жртва на недобросовесноста на австрискиот министер. Известувајќи го Титони за анексијата на двете турски провинции, Брентал се повикал на преговорите кои тој неодамна пред тоа ги водел со Титони во Салцбург. Во својот одговор Титони остро и решително го отфрлил тврдењето на Брентал, бидејќи во Салцбург тој му дал на австрискиот министер согласност од страна на Италија за анексијата. "При нашите преговори во Салцбург, напишал Титони, вие мене ми рековте, дека од ваша гледна точка проблемот на Босна и Херцеговина треба да биде разрешен меѓу Австро-Унгарија и Турција, не осе-

јќи меѓународен карактер. Но вие не ми соопштивте мене за вашата намера да извршите анексија. Јас не ја сметав нез ниту веројатна, ниту блиска и заради тоа не се изјасних за таа работа."[170]

Инцидентот со анексијата на Босна и Херцеговина многу ја загрижил Италија, бидејќи покажал, дека Австро-Унгарија сепак знаела еден ден без учество на Италија да се договори со Русија во прашањето за делба на отоманските балкански земји, ако дојде до слом на отоманското царство. Затоа сега Титони се обидувал да ги доведе во тоа важно прашање до договор претензиите на Италија, Русија и Австро-Унгарија. Така се случило, истовремено тајно да преговара и со Австро-Унгарија и со Русија, што конечно довело до два потполно противречни договори.[171]

На 5 јуни 1909 година, австро-унгарскиот пратеник во Рим, грофот Лудов со шифрирана депеша од Рим му јавил на баронот Ерентал, дека Титони за кратко време ќе му достави предлог, Австро Унгарија и Италија во балканските прашања повеќе да не склучуваат со Русија никакви сепаратни договори без претходно меѓународно информирање. Целта на тој предлог била, да зајакне взаемната доверба на двете сојузнички сили. И навистина, на 23 јуни започнал војводата Авариа (италијанскиот пратеник б.м.) во Виена разговори со баронот Ерентал. Барал во името на својот министер Титони, Австро-Унгарија да и го признае на Италија правото на територијална компензација, ако околностите би ја навеле на тоа, да ја прошири - вон границите на Босна и Херцеговина - својата територија во Новопазарскиот санџак или некаде во друго место во Отоманската империја, кое Ерентал веднаш лесно го прифатил. Но другата желба на Италија, во договорот изрично да се спомени и Русија, Ерентал ја променил така, да Италија и Австро-Унгарија "требало претходно меѓусебно да се известат за евентуалниот предлог на некоја трета сила,

кој би одел за територијални промени на Балканскиот Полуостров и на отоманските брегови и острови на Јадранското и Егејското море.[172] Кај оваа промена Рентал ја имал пред очите не толку Русија, колку некој евентуален таен договор на Италија со Франција и Англија. За сето тоа Рентал тогаш веднаш го известил и кабинетот во Берлин.[173]

Во врска со дипломатскиот пораз кој што го доживеала Русија во босанската криза, руската дипломатија не задоцнила да земе свој реванш. На 25 октомври 1909 година во Ракомиџи (пиемонтски дворец-јужно од Торино) дошетувале рускиот цар Николај II, министерот за надворешни работи Изволски, а во придружба на италијанскиот крал Виторио Емануле беа претседателот на владата Џолити, министерот Титони и началникот (Џиудице) на градот Рим Натан. На вториот ден, 24 октомври, се состанале со Изволски двата италијански министри и по подолга конференција Титони и Изволски изменале ноти со еден ист текст. Основите на постигнатата спогодба биле скицирани уште во Дезио.[174] Русија и Италија се договориле заеднички да се спротивстават на австриската експанзија на Балканот. На дипломатски јазик тоа било изразено на следниот начин:

"1. Русија и Италија се должни во прв ред да се стремат да се сочува статус-кво на Балканскиот Полуостров.

2. При сите случајности, кои можат да се појават на Балканот, тие треба да се придржуваат на применувањето на националниот принцип, содејствувајќи на развитокот на балканските држави со цел за отстранување на секое странско превладување.

3. двете страни се обврзуваат заеднички да се спротивстават на сите спротивни стремежи.

4. ако Италија и Русија сакаат да склучуваат со обзир на европскиот Исток, освен веќе постоечките, и нови договори со некоја трета сила, може секоја од двете сили тоа да го прави само

со истовремено учествување на другата сила.

5. Италија и Русија ќе земат пријателски став во оние прашања: Италија во прашањето на руските интереси околу мореузите (Босфор и Дарданелите) Русија пак во прашањето на италијанските интереси во Триполитанија и Киренајка. Изменете на овие нови морала да остане тајна и може да се довери на трета сила само со обострана претходна договор.[175]

Новиот австро-унгарски-италијанскиа тајен договор потсетувал пред се, дека Новопазарскиот Санџак требало да се смета, како и секоја друга турска територија, составен дел на отоманското царство, и затоа "ако би се покажало, дека статус-кво на Балканот е неодржливо и дека настаните ја принудуваат Австро-Унгарија да преземе било кои привремено било кои трајна окупација на Новопазарскиот санџак, тогаш тоа може да се случи само по претходен договор со Италија, и тоа врз основа на (територијални компензации)! Понатаму се вели: "Двата кабинети се обврзуваат, дека единот нема нити со кое било трета сила да склучува било каков договор за балканските прашања без рамноправно учество на другиот (кабинет); исто така двата кабинети се обврзуваат, дека единот на другиот ќе му го соопшти секој предлог, направен на единот или другиот кабинет од страна на некоја трета сила, а кој би бил впрегнат против принципот на непомнување и би одел кон (територијалне) промене на статус-кво на Балканскиот Полуостров, односно на турските брегови и острови на Јадранското и Егејското море."[176]

Имајќи го во предвид претходно потенкнатото, може да се каже дека, состановот во Ракониџи вродил со еден тивок договор помеѓу Антантата и Италија во прашањето за идните на европска Турција; или со други зборови: во Ракониџи е посеано оно семе, кое по кратко време вродило со Триполитенската војна на Италија и Бал-

Каневиот собој, тоа главно осветничко дело и успех на отоманот Мавролени (порадн анексијата на Босна и Херцеговина). Во суштина договорот во Рекашиџи бил симптом на почетокот на опаѓање на Италија од Тројниот сојуз.

Од изложеното може да се заклучи дека, анексијата на Босна и Херцеговина била спгнал за Италија, во следните години ќе ги засили своите империјалистички потфати во однос на Отоманската империја. Тоа е периодот кога настапува тотална криза во економскиот и општествено-политичкиот систем на Отоманската империја. Прибегајќи се за посредувањето како средство за решавање на сложениот сплет од национални, политички и економско-социјални спротивности, младотурците само ги продлабочиле постојните конфликти во Македонија. Своето господство тие биле принудени да го одржуваат

скоро исклучиле се воруткени средства. Отоманската власт не можеше да се држи и во Албанија, иако Портата непрестајно испраќала војски за задушување на албанското востание. Во октомври 1911 година Империјата влегла во војна со Италија.

г. Италијанско-турската војна 1911-1912 година

Сите дипломатски контакти на Италија со владите на останатите големи сили придонесоа сè повеќе да зајакнуваат експанзионистичките стремежи на италијанската буржоазија. Изразувач на овие стремежи на италијанските империјалистички кругови кон Отоманското царство беше и воопшто створената "Националистичката асоцијација", која организационо се оформила во 1910 година на конгресот во Фиренца. Во своје задачи таа ја сметала да се "консолидираат силите на земјата и да се доведе нејзината воена подготовка во согласност со вооружувањето на другите држави, поттикнувајќи ја активноста на државата и на сите колективни и индивидуални сили за освојување на нови колонии."177) На конгресот биле формулирани програ

мета на територијални освојувања на Италија. Националистите најави ле, дека "голема Италија" требала да господари на Средоземното, Јадранското, Тиренското море, во Северна Африка и Мала Азија. Култот на војната, проповедање на насилие, длабок презир кон народните маси и воздигање на силната личност, омраза кон социјализмот - такви биле најкарактеристичните црти на националистичкото движење од моментот на неговото оформување. Весникот на националистите "Идеа националe", помаган од индустриските магнати, почнал од март 1911 година широка кампања за остварување на колонијална агресија во Северна Африка. Тој многу го фалел благопријатното поднебје на Триполитанија и Киренајка и нивните природни ресурси, му ветувал на народот на Италије избавување од бедата и давање на парче земја на селаните како резултат од лесната "воена прошетка" во Северна Африка. "Идеа Националe" повикувале да не се одолговлекува анексијата,

за да не бн некоја друга држава и ѓи грабне на Италија "законските наследници" од остарата Римска империја. Зборовите и статиите на националистите биле исполнети со громогласни повици кон војна, која требала да го закрепне, според нивните уверувања "националниот дух на земјата, да се обезбеди нејзиното "иутење", "големина", "слава". Националистите одржале конференции во Рим, Милано, Генова, Фиренца, Болоња, на кои Е.Коралини, Федерцони и другн дејци на "Националистичката асоцијација" се бореле за колонијална агресија.[178]

На чело на владата во Италија од март 1911 година се наоѓал истакнатиот политички деец Јовани Џолити. Неговата влада сметала со помош на победоносна колонијална војна да ѓи зацврсти своите политички позиции во земјата, склучувајќи врз основа на компромисот и агресијата компромис со конзервативните групи во парламентот; да го одвлечи вниманието на трудбениците од секојдневните внатрешни проблеми; да ја олесни емиграцијата и, вотувајќи им ѓи

на сепаратното од Југот на земјата "прекуморските земји" да ја олесни остварувањето на конфликтот со јужните реони. Нејпосле, Џолити, како и другите политички дејци, се плашел да ја испушти возможноста да се зголеми со "последното парченце од северноафриканската територија", сметајќи го освојувањето на Триполитанија и Киренаика како "историска неопходност" за Италија.[179]

Паралелно со широко спроведуваната милитаристичка кампања по самото земја владејачките кругови на Италија спроведувале активна дипломатска подготовка. Усилбите на италијанската дипломатија биле управени кон тоа, прво, искористувајќи ги остриите противречности меѓу двата империјалистички блокови, да ја обезбеди благонаклонетата неутралност на европските држави во случај на војна со Отоманската империја и да го привлече светското јавно мислење во корист на Италија.

Како резултат на сложената дипломатска игра, користејќи го класичниот принцип на дипломатијата на империјалистичките држави "do, ut des", Италија веќе во 1909 година ја обезбедила согласноста на главните европски држави за анексија на Триполитанија и Киренаика.

Развитокот на меѓународните настани во Средоземноморскиот басен по босанската криза од 1908 година го присилило политичкото раководство на Италија да побрза со реализацијата на своите планови во Северна Африка. Повлекувањето на ова статус-кво на Средоземното Море, за кое што се борела во цело време Италија, склучувајќи ги во првата деценија на XX век двостраните договори со Франција, Англија, Шпанија, Австро-Унгарија, Русија, се рушело пред очите. Апокседата на Австро-Унгарија на Босна и Херцеговина, остварена и покрај претходните договори со Италија без давање на територијални компензации на последните, го засилила продирањето

на Балканот на австро-унгарското, а зад него и германското влијание. На тоа му помагало наближувањето кон крајот изградбата на Багдадската железница.

Вооружувањето на Австро-Унгарија со оружје на границите на Новопазарскиот Санџак, засилувањето на најавените интриги во Србија, Црна Гора и Албанија на штета на италијанските позиции на Балканот и на Јадранот ѝ присилувало владејачките кругови на Италија - и не без основа - да се плашат, дека Австро-Унгарија ќе преземе активни дејствија на Балканот порано, отколку што Италија ќе ги окупира Триполитанија и Киренаика. И тогаш, наместо да добие во својство на компензација територијални зголемувања на Балканскиот Полуостров, италијанската влада морала да се задоволи само со северноафриканските владенија. Со оглед на тоа што предвидувале компликации на Балканот италијанската дипломатија брзала да заврши со триполитанското прашање.

Втората мароканска криза, која што избувнала во пролетта 1911 година заоструваајќи го соперништвото на Франција и Германија во Северна Африка во непосредна близина на Триполитанија и Киренаика, го прикова за себе напрегнатото внимание на италијанските политички и деловни кругови. Тука постоеле и опасности, дека Франција, освојувајќи го Мароко, можела да го изгуби интересот за реализација на тој дел од француско-италијанските договори 1900-1902 години кој што се однесувал на Триполитанија и Киренаика, и опасност од засилување на позициите на Франција во Северна Африка и во западното Средоземноморје, и стремежот да се искористи благопријатниот момент, кога сите големи држави зафатиле во марокањските работи и биле особено заинтересирани за благонаклонетиот однос на Италија. Министерот за надворешни работи Сан Џулијано истакнувал летото 1911 година, дека "во сегашната меѓународна си-

тунија не би се сретнале сериозни политички пречки за окупација на Триполи", така што "Франција во согласност со договорот не може да се противи на ова; Англија, Австрија и Германија ќе го видат тековниот чекор со незадоволство, но ќе имаат возможност да му попречат на него, особено ако тој брзо завршм."[180] Италијанскиот полуслужбен печат во разгорот на Втората мароканска криза остро ја засилил агитацијата за безодложна анексија на Триполитанија и Киренајка.[181]

Римскиот небинет во периодот на Втората мароканска криза развил активна дипломатска соработка со европските престолнини. На својата "латинска сестра" - Франција - италијанската влада преку Барер, францускиот претставник во Рим, и Титони, италијанскиот претставник во Париз, недвосмислено и непосредно за неопходноста да се исполни договорот од 1902 година, повикувајќи се на благонаклоно

нетото по однос на Франција дожде кс Италија по прашањето за Мароко. Во непретпазливите форме биле извршени сондажи во Лондон, кеде италијанските влади, повикувајќи се на пречките, кои што биле предизвикани од страна на туркските власти на економската активност на Италија во Триполи, барала посредништво на британскиот кабинет. Италијанските власти исто така ги известиле своите сојузнички - Германија и Австро-Унгарија - за подготувањата од нејзина страна воена експедиција. Во разговорите со германскиот претставник во Рим Сан Џулиано му укажувал на непосредната врска помеѓу мароканското и триполитанското прашање и на решеноста на Италија да ги подобри своите позиции на Средоземното Море.[182] Аналогни изјави биле направени и во Виена.

Италијанските владејачки кругови недвосмислено дале да се разбере, дека Триполитанија и Киренајка се дадуваат како тешко, кој сојузниците требале да ја платат за учеството на Италија

ја во Тројниот сојуз и за нејзино откажување од зближувањето со Англија и Франција. На 25 септември 1911 година италијанскиот пратеник во Берлин го известил државниот секретар за надворешни работи Кидерлен за готовноста на Италија да пристапи кон тајни преговори за предвремено обновување во 1912 година на Тројниот сојуз. Еден ден пред објавувањето на војна на Отоманската империја Сан Џулиано уште еднаш му соопштил на германскиот пратеник во Рим Јагов за намерата на Италија да дејствува во Триполитанија, ветувајќи му дека по решението на триполитанското прашање Италија ќе ги прекратела своите кокетирања со "галската соседка" - Франција.[183]

Италијанскиот пратеник во Петроград Мелегари исто така доверливо соопштил за намерата на својата влада по однос на прашањето на турските поседи во Северна Африка и изјавил, дека "Италија била готови за секакви случајности", особено, допуштајќи ја, возможноста од спротивставување од страна на Портата. И понатаму Мелегари соопштил, дека "Франција и Англија, а исто и Германија со Австро-Унгарија не само што биле известени за намерите на Италија, но и не приговараат против нив."[184]

Овие факти сведочат за полната неточност на верзијата, изнесена по почетокот на ита италијанско-турската војна од страна на владите на европските држави, за ненадејноста на војната, за невозможноста во врска со ова да се преземат мерки за нејзино спречување.[185] Европските кабинети, поврзани со Италија со тајни договори, без оглед на својата информираност за воените планови на Италија во Северна Африка, не преземале никакви мерки, за да би го попречиле нивното остварување.

Повеќе од тоа, европските држави и особено сојузничката на Италија - Германија - во пролетта на 1911 година се погрижиле да ги успокојат турските владеачки кругови, демантирајќи го

присуството на воинствени планови кај римскиот кабинет. Обезбедувајќи се со поддршката на европските држави, италијанската влада почнала да ја реализира воената подготовка за триполитанската експедиција.

На 27 септември 1911 година италијанската влада и поставила на Портата ултиматум, најавувајќи за својата намера да ги окупира Триполитанија и Киренајка со цел "да ги поведе овие области и да ги изведе нив од "состојбата на безредие и закон прогресот"~~xxИхнедруваукихвљањеотоманскихтурскатавлада~~ пуштеност". Не обрнувајќи се на готовноста на турската влада да се реши конфликтот по мирољубив пат, римскиот кабинет на 29 септември и објавил на Отоманската империја војна, која влегла во историјата под името Либиска, или Триполитанска. Италијанските експедициони сили кои се истовариле во Либија не успеале да постигнат некои поголеми воени успеси.[186] Обидите на италијанската влада да ја прошири сферата на воените дејствија на Јадранот и Источното Средоземноморје ги комплицирале нејзините односи со владеачките кругови на европските држави, кои инсистирале на локализација на воените дејствија од страв пред возможноста од засилување на национално-ослободителното движење на балканските народи.

Обидите на турската влада да пронајде застапник кај европските држави не продрле со успех. Владата на Франција ја потврдила својата верност на договорот од 1902 година, иако со извесни колебања, англиската влада се поклонала благонаклонето за Италија во врска со започнатата војна. Тоа го правела со стремеж да ја оттргне Италија од Тројниот сојуз или во крајна мерка да се неутрализира таа. Како што предупредувал англискиот пратеник во Рим Род, позицијата на државите по однос на италијанските планови за окупација на Триполи "ќе ја определи и идната ориентација на италијанската политика."[187]

Како и Франција, Англија изјавила за својата неутралност во војната. Во унисон со политиката на англиската и француската влади дејствувала и руската влада. Бидејќи не била непосредно заинтересирана за северноафриканските поседи на Отоманската империја, царската дипломатија се стремела да ги зацврсти пријателските односи со Италија и да добие во нея сојузничка за спротивставување на агресивните претензии на Австро-Унгарија и зацврстување на позициите на царизмот на Балканскиот Полуостров. Слично на Англија и Франција, владејачките кругови на Русија побрзале да земат по објавувањето на војната позиција на невмешување.

Позицијата на неутралност, земена од страна на државите на Антантата во италијанско-турската војна, била несомнен успех на италијанската дипломатија.

Иако изгледало чудно, неспоредливо најголема грижа на италијанските владејачки кругови им причинувале позицијата на нејзините сојузници Германија и Австро-Унгарија, нешто кое што им дало повод на политичките противници на Тројниот сојуз во Италија да ја докажуваат безкористноста на учеството во него и да се бори за зближување со Антантата.[188] По долготрајни внатрешно политички борби на мислење за тоа на која страна да се застане во војната, на Империјата или Италија, Германија исто така изјавила за својата неутралност во војната и ја зела врз себе заштитата на турските поданици во Италија и италијанските поданици во Отоманската империја. На таков начин позицијата на Германија ни во текот на подготовката, ниту по објавувањето на војната не се разликувала во суштина од позицијата на државите на Антантата, кои ја покровителствувале Италија. Во Австро-Унгарија се водени уште посестри политички борби во врска со прашањето за односот кон војната, со оглед на тоа што помеѓу неа и Италија постоеле сериозни противречности,

правејќи ги сосема крепки нивните сојузнички односи. Австроунгарските владејачки кругови гледале во активизацијата на надворешната политика на Италија опасност за јадранските планови на Хабзбурговците. Тие се плашеле исто така, дека војната можела да ја вовлече Австро-Унгарија во конфликт со Отоманската империја и да ги ослаби нејзините позиции на Балканот. Меѓутоа, во Австро-Унгарија надвладеало мислењето за тоа, дека италијанско-турската војна, одвлекувајќи ги сите сили и внимањето на Италија во борбата за Северна Африка, ќе ја ослабне активноста на Италија на Балканот, е ова било - корисно за Хабзбурговците. И покрај овие околности кога сепак војната била објавена, виенскиот кабинет побрзал да изјави за својата неутралност, истакнувајќи ја при ова својата решеност да го обезбеди зачувувањето на целоста на Европска Турција.

На таков начин, и земјите на Антантата и партнерите на Италија во Тројниот сојуз, секој по силата на своите политички при чини, следејќи по некогаш диаметрално спротивни цели, изјавиле фо рмално за својата неутралност во италијанско-турската војна и со ова создале исклучително благопријатна ситуација за остварување о страна на Италија на нејзините освојувачки претензии во Триполитанија и Киренајка. Отоманската империја, невгледајќи на пријателските уверувања на сите држави, се нашла во состојба на политичка изолација.

Согласноста за агресија на Италија била дадена од сите европски држави, не гледајќи на противоречностите кои нив ги раздвојувале, со еден задолжителен услов: да се локализира војната, да се сочува статус-квото на Балканот и да не се поттикнува прашањето за идината на Отоманската империја. Овие услови во прво време не само што одговарале на замислите на италијанската влада, туку се надевале да се ограничи на локални воени операции во Триполитени-

ја и Киренајка. Таа сметала, дека агресијата во Африка немала да повлече зад себе пошироки воени операции, разбирајќи, дека нивното распространување во Мала Азија и на Балканот би довело до сериозни усложнување. Италијанската влада ги известила државите, дека таа го разгледувала триполиското прашање како средоземноморско, "наполно одделено од Источното прашање", и немала намера да го поттикнува последното.[189] Во циркуларните телеграми, упатени од италијанската влада до своите претставници при владите на балканските држави, се истакнувал стремежот како и порано да се поддржува статус-квото на Балканот и се содржел позивот да не се заострува-ат односите со Цариград.[190]

Долготрајната војна, создала сериозни воени тешкотии за Италија, ги променила кон полошо нејзините меѓународни позиции. Воените дејствија во Африка во октомври 1911 г. - март 1912 г. биле придружени со напрегнати дипломатски борби, заострувајќи ги империјалистичките противречности меѓу Италија и европските држави. Иако Италија им ветила на европските држави дека ќе ги локализира воените операции само во Северна Африка, меѓутоа, што туку била објавена војната, италијанските владејачки кругови побрзале да го искористат конфликтот за зацврстување на своите позиции како на Јадранското Море, така и на западното крајбрежје на Балканскиот Полуостров. Италијанската влада испратила свои поморски ескадри во Јадранското море, кои уништиле повеќе турски пловни објекти. Воено-поморските операции се поделе во непосредна близина на балканското крајбрежје, а во два случаи - на 2 и 5 октомври - било бомбардирано пристаништето Превеза и малото место Џованни ди Медуа (Албанија). Акциите на италијанските бродови на Јадранот имале за последица порост на антитурските настроенија во Бугарија и во другите балкански држави. Плашејќи се од усложнување на

Балканот, отоманските власти веднаш спровеле мобилизација во Одринскиот воен округ и започнале да собираат војска кон границите на Бугарија.

Овие настани предизвикале најголема тревога во дипломатските кругови на европските држави, кои се стремеле да се избегне преселувањето на воените акции на балканскиот дел на Отоманската империја. Во оваа предничеле Австро-Унгарија, која се плашела за своите освојувачки планови на Балканот. Тие во пресрет со оваа барала интервенција и од страна на Германија. Како одговор на обединувањето од страна на најавените сојузници, италијанските власти побарале да најават, дека тие "продолжуваат да го сметаат зачувувањето на статус-квото како основа на својата политика на Балканот и затоа никакви промени, освен помалите, во Европска Турција немаат намера да преземат."[191]

Позицијата на Австро-Унгарија предизвикала сериозно с спокојство и разочарување кај италијанските владејачки кругови. Италијанскиот министер за надворешни работи Сан Џулиано се обратил во Берлин, со молба да повлијае врз австрискиот кабинет, забележувајќи, дека сегашот тон на Виена, по повод акциите на Италија на Јадранот, бил штетен за Тројниот сојуз и дејствувал скробрупчиво врз Отоманската империја. Истовремено италијанската влада ја молела сојузничката да содејствува за побрзо склучување на мир со Отоманската империја, изразувајќи согласност за сочувување на помалиот влеот на султанот над Триполитанија и Киренаика и исплата на парична компензација на Отоманската империја за откажувањето од своите права на оваа област. Од своја страна турските владејачки кругови во првите недели на војната продолжувале готовност да ја признаат италијанската окупација на Триполитанија и Киренаика, но да се зачува суверенитетот на султанот врз оваа област.[192]

И соју̀зничките на Италија од Тројниот сојуз и земјите на Антантата се ангажирале да работат на склучување мир меѓу Италија и Отоманската империја, секако секоја со свои одредени завршни цели. Меѓутоа, со текот на војната Италија сè повеќе се разочарувала од држењето на европските држави а од друга страна исчезнувале перспективите за брза и решителна победа, што довело до тоа италијанските владејачки кругови кон крајот на октомври - почетокот на ноември 1911 година по долги колебања и барања решение, да извршат притисок врз Цариград и на европските кабинети, да донесат декрет за анексија на Триполитанија и Киренајка и да распространат гласови за својата готовност да ги прошират воените акции во Дарданелите. На 5 ноември 1911 година (според новиот стил) бил објавен кралски декрет, според кој се проглασувал "полн и целосен суверенитет на Италијанското кралетво" над Триполитанија и Киренајка. Во официјалната изјава во врска со објавениот декрет Сан Џулиано ја изразил готовноста да го согласи со Отоманската империја "начинот на регулирање на неизбежните последици" од декретот. Земајќи ја предвид особената заинтересираност на сите европски држави за балканското прашање, Сан Џулиано истакнувал, дека склучувањето на мир со Отоманската империја врз основа на признавање на анексијата на Триполитанија и Киренајка ќе и позволи на Италија поретко да интервенира во заштита на територијалното статус-кво на Балканот.[193])

Односот на големите сили кон декретот се покажал како мошне воздржан. Навистина, ниту една од нив отворено не ги осудила акциите на италијанската влада, а протестот на Отоманската империја останал без одговор. Истовремено со донесувањето на декретот за анексијата италијанската команда започнала подготовка за остварување на воени операции во источното Средоземноморје. На 9

ноември 1911 година на заседанието на италијанскиот кабинет на ми
нистрите било признато за неопходно да се пренесат воените акции
во Азиска Турција и да се прибегне кон блокада на турското крај-
брежје. Како последица на овие започнати подготовките на флотата з
блокада на Дарданелите. Како одговор на класините за подготвувани
те операции во Дарданелите и Егејското море, турската влада почна
ла да презема мерки за обезбедување на нивната сигурност. Во ноем
ври 1911 година тие најавиле, дека во случај на италијански напад
ќе ги затворат мореузите за трговското бродарство. На островите на
архипелагот во Егејското море итно биле пребрегани засилувања.[194])

Во политичките и дипломатските кругови на Италија се
ширеле критички гласови на адреса на европските кабинети поради
пасивното држење во оваа фаза на италијанско-турската војна. Перспе
ктивата на удар по мореузите тогаш длабоко ги допирала основните
интереси на империјалистичките држави на Балканот и на Блискиот
Исток и ги усилиле страстите до таков степен, што од благонаклоно-
ста кон Италија во почетокот на војната неутралитет на европ-
ските кабинети во суштина на работите ништо не останало. Од зем-
јите на Антантата, најотворено истапила против плановите на Итали
ја за навлегување во мореузите Русија. Од друга страна, планирана
та Дарданелска операција предизвикала остра дипломатска борба вна
тре во Тројниот сојуз, засилувајќи ги противречностите меѓу Ита-
лија и Австро-Унгарија.

Виенскиот кабинет зазел крајно непомирливи пози
ции по однос на Дарданелската операција, плашејќи се од зацврсту
вање на италијанското влијание на Балканскиот Полуостров и новиот
подем на национално-ослободителното движење во овој реон. Во Вие-
не со незадоволство набљудувале на активизацијата на дејствијата
на Италија во Албанија и Македонија, кои можеле, според признание

то на бившиот италијански воен агент во Отоманската империја полк
никот Маро, "триполитанското прашање да го претворат во балканс-
ко".[195] Виенскиот кабинет изрази решителен протест против прене-
сувањето на воените акции на Егејското море и морињата.[196]

Покрај своите империјалистички интереси, ниту една од европските држави не ги поддржувале плановите на Италија да ги пр
несе воените операции во Егејското море, а две од нив - Австро-
Унгарија и Русија (секоја по свои мотиви) - настапиле против Дарда-
нелската операција. Во вакви услови италијанската влада поб-
рзала да се откаже од своите планови за пренесување во дадениот
момент на воените операции во Егејското море и морињата.

Кон крајот на 1911 година и почетокот на 1912. Русија започнала во извесен степен понекогашето да се одмерува кон Итали-
ја, бидејќи се во функција на руско-австроунгарските односи. Рус-
ја сметала дека, завршувањето на италијанско-турската војна, би
требало да ја намали опасноста од несакани здобивки на Балка-
ните. Царската влада се плашела, дека Бугарија и Србија, користејќи
ги се со тешкотиите на Отоманската империја, ќе реализираат ја "Со-
новолно истапување" против Турција, нешто кое ќе довеле до напаѓу-
вање на Австро-Унгарија и набрзинување на европска војна порано,
одошто Русија ќе биде подготвена за неа. Во меѓувреме Русија през
имала разни дипломатски чекори со цел да ја запрчува на италијанско-
турската војна. Меѓутоа, тие не довеле до прекратување на војната.[197]

Од изложеното може да се заклучи дека резултатите од
првата етапа на војната за Италија биле мошне неуспокојувачки.
Триполитанската војна барала огромни материјални и човечки резер-
ви, тоа ги ослабила вооружените сили на Италија во Европа и ја
истоштила буџетот на земјата. Позицијата на европските држави,
кои инвестирале на локализација на војната, ги срушила плановите

за Дарданелската операција а од друга страна и овозможиле на Отоманската империја да ја одолговлекува војната, за да извлече од Италија поповолни услови за мир. Во текот на оваа етапа од војната Италија и покрај нејзината припадност на Тројниот сојуз и при тесните односи со земјите на Антантата, повеќе пати во периодот септември 1911 - март 1912 година се наоѓала во положба на дипломатска изолација. Исто така во овој период дошло до усложнување на борбата меѓу империјалистичките држави за зацврстување на нивните позиции а истовремено нарастува национално-ослободителното движење на балканските народи кое во пролетта на 1912 година му придавало особено значење на итното завршување на италијанско-турската војна за владеачките кругови не само на војувачките држави, но и на цела Европа.

Поради сите овие околности, стремејќи се да ја заврши сакано стоечката војна, италијанската влада во пролетта 1912 година изработила план за воени дејствија, кои би требале да ја принудат Отоманската империја да оди на склучување на мир. Одново на дневниот ред застанало прашањето за Дарданелската операција како магично средство, кое ќе биде способно да ја присили Империјата да капитулира. Извршената соодлука од страна на италијанската влада, за тоа каков ќе биде односот на големите сили кон евентуалните операции во Дарданелите се покажала негативна. Лондонскиот и парискиот кабинет се спротивставувале на било каков обид да се промени настанатата положба во корист на моќните и решителни истапиле против повторно планираниот од страна на Италија напад. За разлика од сојузничките кабинети владеачките кругови на Русија категорички истапувале против притисокот врз Италија. На таков начин, среде државите на Антантата не постоела поранешната еднодушност по прашањето за Дарданелската операција, нешто кое и го олеснува-

ло на Италија нејзиното остварување.[198]

Известувањето за подготовките за Дарданелската операција предизвикало остри расправии во политичките кругови на сојузничките на Италија од Тројниот сојуз. Виенскиот кабинет како и порано крајно непријателски се однесувал кон италијанските воени планови, гледајќи во нив закана на своите позиции на Балканот и на Блискиот Исток. Разногласијата помеѓу Виена и Рим ја поставиле во моќне деликатна положба германската дипломатија. Во Берлин се појасно сознавало, дека Тројниот сојуз преживувал длабока криза и дека прашањето за тоа, ќе остането ли Италија верна на сојузничките обврски, или спротивставувањето од страна на Австро-Унгарија и Германија на нејзините претензии ќе ја фрли нея во прегратките на Антантата, имено се решавало во овој момент. Реконодејќи се од задачата за зацврстување на Тројниот сојуз, германската влада се обидела да изврши притисок врз виенскиот кабинет. Овој под притисок на Берлин бил принуден да даде принципиелна согласност за распространување на воените дејствија на Егејското море со услов, тие да не доведат до расчленување на Отоманската империја и да нем претставуваат опасност за сопствата Австро-Унгарија.

Имајќи ја согласноста на големите сили, бил изработен планот за поморска демонстрација во Дарданелите а почетокот на операциите во Егејското море бил определен на денот на отворањето на турскиот парламент на 18 април 1912 година, за да, според зборовите на Сан Џулиано, се продемонстрираат "страшните поморски сили на Италија".[199]

Во воен поглед не биле постигнати очекуваните резултати а Империјата како противмерка го затворила мореузот за трговските бродови. Како резултат на оваа мерка на турската влада Италија решила без одлагање да изврши окупација на Додеканеските ос-

трови. Имено овие острови се разгледувале како дополнителен адут во идните мировни преговори со Отоманската империја. На крајот, италијанските владеачки кругови немале ништо против да се зацврстат во Источното Средоземноморје и да ги натераат европските држави да сметаат со моќта на Италија.

Веднаш штом под притисок на државите биле отворени мореузите и поминала најострата фаза на дипломатската борба, предизвикана од Дарданелската операција, италијанската команда дала наредба за почеток на борбените дејствија во Егејското море кои започнале на 4 мај. Меѓутоа, во изјавата до големите држави, италијанската влада се оградила со тоа што окупацијата на Додеканеските острови ќе имала привремен карактер. Разгледувајќи ја окупацијата на островите како привремена воена мерка, европските држави ја сметале како помало зло во однос на опасноста од пренесување на воените дејствија во Албанија, Македонија, Дарданелите или Мала Азија. Меѓутоа, кога се поставило прашањето за анексија на овие острови од страна на Италија, остро реагирале австро-унгарската и англиската влада, сметајќи го ова како опасен удар на статус-квото на Отоманската империја.[200)]

И покрај тоа што некои кругови во турското општество биле за продолжување на италијанско-турската војна до победоносен крај, сепак под влијанието на Дарданелската операција и окупацијата на егејските острови турските владеачки кругови започнале засилено да бараат прифатлива база за преговори за двете страни.

Италијанската влада исто така се приклонувала кон мирно регулирање на конфликтот, сметајќи, дека по склучувањето на договорот најзе ќе и биде полесно да го скрши спротивставувањето на арапските племиња во Северна Африка.

Италијанската влада сакала да си ги одврзи своите ра

ще во Африка, за да може да се спротивставува на Балканот на експанзијата на Австро-Унгарија и да го обезбеди за себе преовладувачкото влијание во Албанија.

Сериозни пресврти се забележувале и во ње позициите на европските држави. Окупацијата на островите во Егејското море од страна на Италија, растечката моќ на нејзината флота и зацврстувањето на позициите во централното и источното Средоземноморје ја нарушувале лабилната рамнотежа на силите во овој реон во корист на Тројниот сојуз, нешто кое ги принудувало англиските и француските политички кругови да се плашат за своите комуникации и воени бази. Што се однесува до Русија, таа имала нешто поблагонаклонета позиција по однос кон Италија во споредба со Англија и Франција. Позицијата на Германија на втората етапа на војната се променила во благопријатна смисла за Италија. Приближувањето на рокот за обновување на Тројниот договор (крајот на 1912 г.), зацврстувањето на Италија во Егејското море ја обусловиле особената љубезност на берлинскиот кабинет по однос на својата сојузничка и го принудиле него во извесна мерка да го измени својот протурски курс. Само Австро-Унгарија била, како и порано, непријателски настроена спрема експанзионистичките дејствија на својата сојузничка.[201)]

На таков начин, по силата на различни причини мнозинството на европските држави, како и самите војувачки страни, се покажале заинтересирани за побрзо завршување на италијанско-турската војна. Основно прашање, околу кое се водела дипломатската борба на европските држави и кое ги определило дејствијата на Италија на заклучителната етапа, станало прашањето за условите за мировниот договор. Од неговото решавање во многу зависеле и последиците од војната за двата непријателски империјалистички табора.

Со цел да заврши италијанско-турската војна, големите држави продолжувале да преземаат извесни посреднички акции меѓу за војуваните страни. Меѓутоа, тие не довеле до некој резултат. Сепак во текот на посредничките дејствија на европските држави се појавила готовност на двете војувачки страни да одат на отстапки по редица прашања. Промената на меѓународната ситуација и засилувањето на политичките, економските и воените тешкотии како во Отоманската империја, така и во Италија создале благопријатна ситуација за двострани мировни преговори меѓу нив. Римскиот кабинет бил на мислење дека директните турско-италијански преговори, требало да се ограничат само на спорното прашање меѓу Италија и Отоманската империја, конференција или пак вмешување на државите во друга форма би можеле, да го повлечат зад себе возбудувањето и на други прашања, кои што ќе загрозат статус-квото на Истокот. Слично мислење споделувале и во Цариград.

Во јуни 1912 година во Цариград се вршат сондажи за започнување на преговори за мир. Како резултат на нив, во почетокот на јули Сан Џулиано им предложил на турските владеачки кругови да се водат преговори меѓу Италија и Отоманската империја, не прибегнувајќи кон посредници. Предлогот на Сан Џулиано во Цариград бил примен благонаклоно. Била постигната договореност за продолжување на размената на мислења, но овој пат во неутрална земја - Швајцарија.[202]

На 12 јули во Лозана се одржала првата седница на делегациите на Италија и Отоманската империја. Во текот на преговорите италијанската страна наполно и безусловно инсистирала на одрекнување на Отоманската империја од нејзините северноафрикански поседи. Таа ги користела при ова внатрешните тешкотии на Отоманската империја - сериозното незадоволство во армијата од поли-

тиките на младотурците, почетокот на востанието во Албанија - и сметале да се користи со ниѕ, за да и наметне на Отоманската империја грабителски мир. Воените и политичките дејци на Италија, започнале да се приклонуваат кон мислата за спроведување на нова операција во Дарданелскиот мореуз, за да се принуди Империјата да отстапи.

Такво решение било донесено и воените операции на италијанската ҳѣнкин флота во реонот на мореузите, започнале во ноќта ѕабу 18 и 19 јули. Тие предизвикале силно возбудување во европските престолнини, кѣде што се плашеле, дека тие ќе доведат до ново прекратување на трговското мореплување и заострување на положбата на Балканот. Како резултат од овие воени операции, дошло до пораст на антитурските настроенија на Балканот. Имајќи го предвид ова големите држави побрзале да им дадат на балканските држави совети за умереност. Дарданелската операција ѓи отежнала, а потоа и ѓи прекинала мировните преговори во Швајцарија.

Меѓутоа, Дарданелската операција не постигнала некои позначителни практични резултати. Од друга страна италијанската дипломатија се плашела дека во случај на затворање на мореузите пре Италија ќе паднат нови укори на европските држави. Поради овие околности италијанската влада одново се заинтересирала за обновување на мировните преговори. Поради редица причини и турската влада била заинтересирана за повторно обновување на преговорите прекинати со дејствијата на италијанската флота.[203)]

Во летото на 1912 година Отоманската империја преживувала остра економска и политичка криза. Нејзината неспособност да ги зачува своите североафрикански поседи, загубата на егејските острови и опасноста од италијанскиот напад на малоазиското крајбрежје на Империјата уште повеќе го поткопале авторитетот на младотурскиот режим. Во парламентот и во владата против политика-

та на комитетот "Обединение и напредок" активно истапила опозицијата. Исто така младотурската влада го загубила своето влијание врз армијата, со чија помош бил остварен преврат од 1908 година. Како резултат од сериозните внатрешни тешкотии дошло до паѓање на владата на Саид-паша, која била заменета од новоформираната влада на Гази Мухтар-паша. Оваа влада уште постворено отколку нејзините претходнички, се оддалечи од тие прогресивни идеи, кои биле прокласени во 1908 година во текот на Младотурската револуција.[204]

Соочена со се поострите проблеми, кои стоеле пред новиот кабинет,[205] владата на Гази Мухтар од своја страна презела мерки за повторно обновување на мировните преговори. Во август двете војувачки страни решиле да ги обноват преговорите во Швајцарија. На 13 август одново започнале преговорите. Тие се воделе во Лозана. Италијанската страна, сеќи и во пресрет на Отоманската империја, ветила да ги запре воените дејствија за десет дена, огра дувајќи се, дека, ако во овој рок не биде потпишан мировниот договор, таа повторно нив ќе ги обнови. Меѓутоа, и до истекот на рокот на примирјето Италија ги продолжувала воените операции во некои делови од Империјата.

Изработката на проектот на мировниот договор се одолговлечила до средината на октомври 1912 година. Преговорите се спроведувале со многу остра дипломатска борба по најспорните прашања. Италијанската влада, со цел да ја принуди спротивната страна да ги прифати нејзините услови за мир, повторно се обидела да прибегне кон помошта на европските држави. Така во една пригода Сан Јулиано изјавил, дека "пријателските совети на една или неколку држави на Портата" би можеле да придонесат за "безодложно завршување на преговорите". Италијанската дипломатија се обидувала да кокетира со балканските држави - Бугарија и Србија, изразувајќи

надеж, дека тие ќе се вклучат во борбата со Отоманската империја. Но во Софија и Белград, паметејќи ги повеќекратните обрнувања на Италија со повик да се придржуваат на спокојството на Балканот, се однесле доволно воздржано кон овие неопределени изјави, очекувајќи поконкретни предлози.[206]

И покрај разните мерки што ги преземала Италија за завршување на мировните преговори, решавачка улога во нивното завршување одиграле настаните на Балканот. Спроведената мобилизација на војските на балканските земји и на Империјата, како прелудиум на Првата балканска војна ја заострила до најголема степен ситуацијата. На ова се надоврзало и делумно објавената мобилизација од страна на Русија и Австро-Унгарија. На 8 октомври и објавила војна на Отоманската империја Црна Гора, а на 11 октомври - Србија. Балканските држави и поднесле ултиматум на Портата, барајќи таа да им даде автономија на Стара Србија, Македонија и другите провинции. Од ден на ден можела да избувне војна на сите балкански држави против Отоманската империја.

Турската влада, најдувајќи се пред опасноста од војна со балканските држави, се согласила на преговорите во Лозана да ги прифати италијанските барања при задолжителен услов исплата од страна на Италија на Портата од 60 млн. до 100 млн. фр. Откажувањето од понатамошното спротивставување на Империјата на Италија е протолкувано со надежта безодложно да се добијат неопходните средства за водење на војната во прво време со балканските држави. Истовремено и италијанската влада сакала да има слободни раце пред заострувањето на ситуацијата на Балканот.

Паралелно со ова, другите големи европски држави истапувале против претензиите на италијанскиот империјализам на Балканот. Од друга страна, италијанската влада, не гледајќи на не-

јзините надворешни лојални изјави, зазела крајно непријателска по-
зиција по однос на балканските земји, кои сметале на помош од Ита-
лија во својата борба со Отоманската империја. Дури, кратко време
пред потпишувањето на мировниот договор меѓу војувачките страни
Сан Џулиано изјавувал дека Италија нема да ја поддржи војната
на Балканот и ако не се земе во внимание Триполитанија, Отоман-
ската империја немала, поискрен пријател, отколку тој.[207] Кара-
ктеристично е, што военоморските сили на Италија во Егејското
море не му попречувале на префрлувањето на турските транспорти с
војски во европскиот дел на Отоманската империја.

Стремејќи се да ја забрза согласноста на Империјата за
потпишување на мир според италијанските услови, Италија вршела
притисок како на Портата така и на големите држави. Италијанската
влада ѓи уверувала европските кабинети со тоа, дека ако мирот не
биде потпишан, тогаш Италија ќе и укажела помош на балканските
држави против Отоманската империја. По вакviте закануvања, повико
на италијанската влада бил слушнат. Заинтересирани за побрзо прек
ратување на војната, за да располагаат со слобода на дејствување
на Балканот, европските држави, отфрлувајќи ги своите повикувања
на неутралност, преземале настојчиви чекори како во Цариград, так
и во Рим во корист на безодложно склучување на мировниот договор.
Посебно активни во овој правец биле земјите на Антантата.

Балканските настани и енергичното вмешување на државит
ја забрзале конечната изработка на условите за договорот. Било ре
шено, дека Отоманската империја ќе ја прогласела автономијата на
Триполитанија и Киренајка. За султанот се сочувувале функциите на
религиозен водач. Италија дала согласност на тоа, во мировниот до
говор да не фигурира споменувањето на нејзина анексија на Триполи
танија и Киренајка. Италијанската влада во последниот момент се
оби-

дела да се откаже од ветувањето да и ја исплати на Отоманската империја паричната компензација. Меѓутоа, турската страна дала до знаење, дека без парично надоместување за откажувањето од Триполитанија и Киренајка Портата нема да го потпише договорот. Во врска со ова прашање бил постигнат договор, паричната компензација да се исплатува секоја година во одредена сума (не помала од 2 млн. италијански лири) на сметка на делот на Отоманскиот долг.[208]

Укажувајќи и дипломатска поддршка на Италија во прашањето за признавањето на анексијата на Триполитанија и Киренајка, европските држави решително истапиле против другите нејзини територијални претензии и пред се - врз Додеканеските острови.

Прашањето за идните на овие острови било едно од каменот на сопнувањето во италијанско-турските мировни преговори. Отпрвен Италијанците изјавувале дека окупацијата на островите носела привремен карактер, меѓутоа, подоцна тие изјавувале за намерата постојано низ да ги задржат. Претензиите на Италија на островите сретнале решителен отпор како кај Портата, така и кај европските држави. Отпорот најголем бил од страна на Англија и Франција, додека Австро-Унгарија и Германија одбегнале да вршат притисок врз Италија.

Во меѓувреме продолжувале мировните преговори, но Отоманската империја пак одолговлекувала со нив. Исчекувајќи се во своите надежи за поддршка од страна на европските држави, истовремено наоѓајќи се пред наличието на Првата балканска војна и растечката внатрешна криза турската влада била принудена да отстапи.

На 15 октомври 1912 година во Лозана по долготрајно дипломатско трговање бил потпишан прелиминарен договор помеѓу Италија и Отоманската империја, чии услови двете страни се обврзале да ги чуваат во тајност до официјалното склучување на мирот.[209]

Веднаш штом бил објавен вторият султанов ферман, истиот ден, на 18 октомври, во Лозане бил потпишан мировниот договор помеѓу Италија и Отоманската империја. Но претходните најави одредбите на мировниот договор можат накратко да се резимираат: престанување на непријателствата, повлекување на воените сили и неТурските цивилни функционери од Либија, продолжување на постоечките односи помеѓу двете држави од пред војната, повторно примање во служба на италијанските поданици вработени во турската администрација и отпуштени во текот на војната, обврска за склучување со Отоманската империја трговски договор врз база на европското право и не на режимот на капитулации во Отоманската империја, обврска на Италија да ги укине сопствените поштенски служби во Империјата ако другите држави ѓи укинат нивните, на крајот одредби кои се однесуваат на отоманскиот јавен долг.[210] Впрочем италијанската влада се согласувала да ѝ исплати парична компензација на Отоманската империја за откажувањето од Триполитанија и Киренајка во форма на секогодишно уплаќање во касата на Отоманскиот јавен долг сума, еднаква на просечните размери на тој дел од долгот, кој паѓал на провинциите, но не помалку од 2 илјади италијански лири.[211]

Посебно треба да се спомене чл. 2 од Договорот во кој Италија вотувала напуштање на оние турски острови, кои таа ѓи имала окупирано во периодот на непријателството (Додеканеските острови), меѓутоа, подредено на повлекувањето од Либија на воените сили и не цивилните функционери, услов, кој меѓутоа, потоа непостасувал.

Големите сили веднаш ја признале новата состојба на работите која исто така вклучувала престанување на капитулациите во Триполитанија и Киренајка. Договорот од Лозана не беше ослободен од критики[212] пред сѐ поради признавањето, дека Италија пристанала на еден лошо дефиниран религиозен суверенитет на султанот, било по

во вид на Калиф или само на духовен водач на верниците на исламот.

Со потпишувањето на мировниот договор и признавањето од страна на европските држави и Отоманската империја на италијанското господство во Триполитанија и Киренајка бил завршен воениот конфликт од 1911-1912 година, предизвикан од италијанските владеачки кругови.

Италијанско-турската војна на меѓународен план оставила сериозни последици во рамнотежата на силите. Всушност либискиот потфат се наречува прелудиум на балканските војни и на Првата светска империјалистичка војна. Во ноември 1912 година доаѓа до обновување на Сојузот између Италија, Германија и Австро-Унгарија. Тогаш изгледало дека некоја нова сила влегла во Тројниот сојуз, меѓутоа, значењето на овој Сојуз веќе нестанувало, бидејќи Италија зела многу обврски кон силите на Тројниот договор. Иако била склучена некоја поморска конвенција за Средоземното море во 1913 година, Италија со војната за Триполитанија ја изгубила довербата на Германија и Австро-Унгарија, а неа ја заменила Отоманската империја.[214)]

Италијанско-турската војна, која од италијанска страна иако била водена со недоволна енергичност, сепак ја имало покажано воената немоќ на Отоманската империја и како логична последица од тоа пробудила нови освојувачки апетити. Оваа војна го забрзала настапувањето на уште една, одамна созреана криза. Таа ги побудила балканските држави да се договорат меѓу себе за сојуз против Отоманската империја и да започнат против неа војна. Истовремено на Грција не и била драга италијанската окупација на егејските острови кон кои не ги криела иредентистичките аспирации и заради тоа го барала барем големиот остров Крит и некој друг округ на копно каде грчкиот иредентизам најповеќе ги изразувал своите агресивни стремежи. Настанатата положба на Балканот, како последица од војната секако настојувала да ја искористи и Италија за што нешто е и погоре зборувано а посеопфатно ќе зборуваме во продолжението на нашето излагање.

Г Л А В А IV

ДИПЛОМАТСКИТЕ ОДНОСИ НА ИТАЛИЈА И БАЛКАНСКИТЕ ЗЕМЈИ ВО ВРСКА СО ИСТОЧНОТО ПРАШАЊЕ ВО ПЕРИОДОТ ОД 1912-1914 ГОДИНА

1. Италија и Првата балканска војна

Економските богатства како и стратегиските вредности на Тракија, Албанија и Македонија биле основните мотиви на агресивната политика на владеачките врвови на Србија, Бугарија, Грција и Црна Гора спрема Отоманската империја. Секоја од нив се борела за хегемонија на Балканот и за обезбедување на својата економска и политичка доминација во споменатите области и посебно во Македонија, која го зафаќа централниот и економски најважниот дел на Балканот и низ која минуваат важни комуникации. Остварувањето на експанзионистичките цели на балканските држави, можело да стане само по пат на војна со која отоманските господари би биле изгонети од Балканот. На директното сојузување помеѓу српските, бугарските, грчките и црногорските владеачки кругови за војна против Отоманската империја му претходела мошне долготрајна и заплеткана дипломатска игра и борба,[215]

Директното зближување и конкретно сојузување меѓу Србија, Бугарија, Грција и Црна Гора го предизвикале, во прв ред, настаните и промените во Отоманската империја што уследиле како резултат на Младотурската револуција од летото 1908 година, и настојувањето на Младотурците да го зацврстат уставниот режим и да ја добијат за него полната поткрепа од македонското револуционерно движење кое се борело за добивање автономија на Македонија во демократизирана Отоманска империја. Балканските држави увидувале дека демократизирањето на Отоманската империја би довело до нејзината стабилизација и до задржување на статус-кво-то на Балканот, кое овс

јност веќе не им конвенирало. Тие знаеле дека последното за тоа време, било основна политика и на големите европски држави.

По создавањето на четворниот балкански сојуз против Отоманската империја започнале активните воени подготовки за водење на војната. Како реакција на ова, во која доминантно место зазел стравот од еднострано решавање на прашањето за турското наследство на Балканот од страна на балканските сојузници и пред се фактот на својата неподготвеност за неизбежна пресметка, големите сили иако со дивергентни интереси по прашањето за поделбата на турските територии, во времето на создавањето на Балканскиот сојуз, и пред почетокот на Првата балканска војна, се најдоа на една позиција. Тие сите безрезервно се залагаа за status-quo на Балканот и во Отоманската империја. Нивната "пацифистичка" политика била всушност со цел да се добие во време, и секој да искористи што се може повеќе за себеси. Тие биле дијаметрално спротивни на нивната општа тогашна политика за менување на односите и позициите на секоја посебно во општата воена криза од 1911 и 1912 година, кога се чинело дека светската војна била неизбежна. Во натпреварот за повторна поделба на светот, големите сили биле многу заинтересирани за своите позиции на Балканот, кој за нив претставувал богато суровинско и превосходно воено-политичко и стратегиско поле. Затоа тие по секоја цена сакале да го одржат status-quo-то на Балканот и во Македонија, да го спречат "малото" пред "големото" пресметување што тие меѓу себе го готвеле.[216]

Увидувајќи ја неизбежноста на војната меѓу балканските сојузници и Отоманската империја, Големите сили се обидувале со предупредување, пури и заплашување со економски санкции, да ја спречат војната. Тие ги уверувале балканските сојузници дека ќе преземат енергични мерки да ја принудат Отоманската империја и на во

воведување реформи во нејзините христијански области на Балканот. Балканските сојузници во полниот тек на своите воинствени акции против Отоманската империја, не се обзирале на веќите пацифистички предлози на европските сили.[217]

Заострувањето на ситуацијата довело сојузниците да ѝ предадат на Портата еден формален ултиматум за реформи во Македонија, под услови неприфатливи за Отоманската империја, на 18 септември 1912 година. Со тоа владетелите на Србија, Бугарија и Грција и објавија војна на Отоманската империја.

Брзите успеси на балканските сојузници против Османската империја, покрај Австро-Унгарија, ги натерале и другите држави да "посредничат" во измрсената ситуација на Балканот. Италија која ги лечела последиците од својата војна со Империјата, биле против радикалните промени на Балканот. Иако за ставот на Италија кон балканските земји во периодот пред почнувањето на Првата балканска војна, во извесна мерка е зборувано во претходното поглавје во рамките на италијанско-турската војна. Во секој случај италијанската влада заземала иако не јасно, крајно остра позиција по однос на претензиите на балканските сојузници спрема турското наследство на Балканот. Италија уште пред да почне војната те била против промената на status-quo-то. Така во едно депеша упатена од страна на министерот за надворешни работи маркизот Сан Џулиано до претставништата на Италија во Софија, Белград, Букурешт, Цетиње и Атина меѓу другото се велело следново: "Политичката база останува секогаш зачувување на status-quo -то на Балканскиот Полуостров и консолидација на Турската империја во Европа. Од ова произлегува, дека ние не само што не сакаме охрабрување на Балканот на некое движење упатено против Турција, но ние сме цврсто решени да ги засилиме напорите за да го отстраниме тоа, особено ако

во овој момент, се случат слични настани. Ако такви надежи или спротивни илузии се појавени или постои можност да се појават, тие треба веднаш да бидат разбеани.[219]

Австро-Унгарија вознемирена од излегувањето на Србија на Јадранското море, концентрирала војска на српската граница. Русија стравувала од бугарското напредување кон Цариград и барала од истата да се сопре напредувањето. Плашејќи се од интервенција на Австро-Унгарија, таа ѝ советувала на Србија да отстапи од претензиите во Албанија. Франција, чувствувајќи се подготвена за војна, ја советувала Србија да не се повлекува од Албанија. Англија останала привидно резервирана спрема сите овие настани[220]

Против српските претензии Австро-Унгарија истапувала заедно со Италија. Стремејќи се кон господство на Јадранот, Австро-Унгарија и Италија си го оспорувале едната на другата преовладувачкото влијание во Албанија.[221]

Во едни вакви околности во средината на декември 1912 година во британската престолнина започнале со работа истовремено две меѓународни конференции. На едната се сретнале еден до друг претставниците на војувачките страни - Отоманската империја и државите на балканскиот блок. На другата заседавале претставниците на шесте големи европски држави. Претседател на оваа конференција бил англискиот министер за надворешни работи Греј, а делегати - пратениците на големите сили во Лондон.[222]

Најважно прашање кое се разгледувало на заседанијата на пратениците, било она за судбината на Албанија. Принципот за албанската автономија бил прифатен од страна на големите сили уште пред конференцијата,[222] но тие си го задржале правото на конференцијата да го продискутираат уредувањето и границите што се однесува на српскиот излез на Јадранот се покажувале разлики.[224]

Италија и Германија ја прифаќаа австриската теза. Германија ја прифаќала споменатата теза поради обврската што ја имала како сојузничка и поради размислувањата дека интересите на Австро-Унгарија на Балканот и на Јадранот беа интереси на германизмот и, од тоа следело, исто така, делумно свои. Италија ја прифаќала австриската теза бидејќи сметала дека излегувањето на Србија на Јадранското море било "неспоиво со италијанските интереси" и "со принципот на автономија и на интегритет на Албанија",[225] која била обврзана, со посебниот договор со Австро-Унгарија, за должноста да ја поддржува во случај на некоја територијална промена на Балканот.

Било како и да било факт е дека Италија не гледаше со добро око на српските претензии за излез на Јадранот. Така на 30 октомври (12 ноември) вршителот на должноста на италијанското претништво во Белград, по налог на својата влада, му изјавил на Пашиќ, дека Италија секогаш била благонаклонета кон Србија и кон балканските држави, но дека <u>нејзините интереси тешко можеле да се согласуваат</u> со српскиот стремеж за излез на Јадранското море и дека, по принцип, тие интереси ја диктирале <u>целостноста на Албанија</u> и на нејзиниот народ. По сите останати прашања Италија сакала да ја поткрепи Србија.[226]

Но како на австро-унгарскиот така и на италијански от претставник Пашиќ им изјавил, дека Србија по никој начин не можела да се откаже од <u>слободен излез на споменатото море, и тоа преку српска територија</u>.[227]

Во текот на мировната конференција во Лондон, Отоманската империја, во своите настојувања да се сочува макар нешто од своите балкански позиции, дала предлог на Македонија да ѝ се даде автономија под нејзин суверенитет, како и за Албанија.[228] По овој предлог за Македонија не се донело никакво решение,[229] а што се

односува пак на Албанија, веќе на првото заседание на пратениците на 27 декември, во угода на Австро-Унгарија и Италија била донесена одлука да се создаде автономна Албанија под врховна власт на султанот и под контрола на шесте големи држави.[230] Со оваа одлука Албанија требала да ѝ ѓо прегради на Србија излезот на мор[е].

Во целиот тек на работата на амбасадорската конференција може да се забележи дека улогата на делегатите на Италија заедно со оние на Австро-Унгарија и Германија,[231] воглавно речено, се сведувала на спречување на излезот на Србија на Јадранското море. Водечка улога во овие настојувања и успеси имал австро-унгарскиот амбасадор гроФот Менсдорф. Во атмосфера на исклучивост на мислењата на амбасадорите на големите сили, кои не допуштале во нивната работа да учествуваат делегатите од конференцијата за мирот т.е. делегатите на балканските држави и на Отоманската империја, се одвивала амбасадорската конференција сè до 27 мај 1913 година.[232] На овој ден од делегатите на завојуваните балкански сојузници и Отоманската империја бил потпишан мировниот договор и Првата балканска војна била завршена.

Најрелевантен од сите проблеми кои се разгледувале на амбасадорската конференција, како што е погоре кажано, бил проблемот околу создавањето и признавањето на новата албанска држава Оттука произлегувал и проблемот на спречувањето на излезот на Србија на Јадранското море, а како последица на тоа и барањето на Србија, за загубеното во Албанија, да добие територијални компензации во Македонија со цел да добие излез на море кон Солун. Меѓутоа, познато е дека овие барања на Србија, сретнале жесток отпор кај бугарската страна. Овој српско-бугарски судир во Македонија станал стожер на сите расправии и спогодувања околу бројни региони и пунктови во Македонија, кои на крајот довеле до меѓусебната-

меѓусојузничката, Втората балканска војна во летото на 1913 година, со што и Балканскиот сојуз бил дефинитивно разбиен.[233)]

Уште во почетокот на амбасадорската конференција во Лондон дошла до израз политиката на притисок и заплашување на австро-германскиот блок. Базирано на познатиот предлог за автономија на Албанија на грофот Берхтолд австро-унгарскиот, германскиот и италијанскиот делегат на амбасадорската конференција успеале да го форсираат предлогот за создавање на независна албанска држава под заштита на големите сили. Франција,Англија и Русија го прифатиле овој предлог, иако имале и свои формули за решавање на балканските проблеми па и на албанскиот.[234)]

Одлуката за создавање на независна албанска држава, била вистинска победа на австро-унгарската, германската и италијанската дипломатија, кои преку неа успеале да ги зацврстат уште повеќе своите позиции на Балканот, а и да создадат директна пречка за излез на Србија на Јадранското море, а со тоа и да ја ориентираат во правецот на длабочината на Вардарската долина што во крајна линија значело и заострување на односите со Бугарија.

Со создавањето на новата европска држава Албанија требала да се реши прашањето на нејзините граници кон Црна Гора, Србија и Грција. Меѓутоа, тоа било многу сериозно прашање бидејќи тука се судирале црногорските, српските и грчките интереси со албанските, односно со интересите на Австро-Унгарија и Италија, кои сложно истапувале во прашањето на нова Албанија кај Лондонската конференција. Австро-Унгарија и Италија сакале Албанија да биде што поголема, додека Црна Горам Србија и Грција настојувале, што повеќе да ја стеснат во смисла на средновековните граници на старите српски и епирски династии.[235)] Инаку соработката на Италија со Австро-Унгарија, во однос на отстранувањето на Србија од Алба-

нија, одела овој пат дури така далеку, што, по еден повод, Титони, тогашен италијански претставник во Париз, на 20 ноември 1912 година му одговорил во името на италијанската влада на претседателот на француската влада, Поенкаре, на неговото прашање за држењето на Италија во евентуалниот воен судир помеѓу Русија и Австро-Унгарија заради Србија и Албанија, вака: "Италија во случај на австро-руски судир, и покрај договорот склучен во дворецот Раконици (1909), а во смисла на договорот на Виконти Веносте (и пробот Голуховски), активно ќе застане на страната на Австро-Унгарија. А што се однесува до Германија, и во тој случај Италија, и покрај договорот од 1902, ќе ја поткрепи Германија, бидејќи договорот на Висконти Веносте е постар и уште секој за Италија обврзувачки".[236]

Создадената ситуација со Првата балканска војна Италија настојувала да ја искористи во свој полза и во друг правец. Така според Лозанскиот мировен договор од 18 октомври 1912 година со кој завршила италијанско-турската војна, Италија ветила да ѝ го врати на Отоманската империја окупираниот од неа Додеканез. Но сега тоа веќе не можело да исполнувало на својата обврска и во никој случај не намерувала да ги предаде островите нити на Турците, нити на Грците.[237]

Лондонската мировна конференција ни од далеку не ги решила горливите проблеми на Балканот, и уште повеќе ја заплеткала положбата во Македонија. По долги натегања, и обговарање на воените дејствија во пролетта 1913 година меѓу Бугарија (помогната од Србија) и Отоманската империја, мирот со Империјата, по нејзиниот дефинитивен пораз, бил потпишан дури на 30 мај 1913 година. Но, поради крајно затегнатите односи меѓу српско-грчките трупи од една страна, и бугарските од друга, околу прераспределбата на Македонија, новата војна во неа била само прашање на денот.

2. Италија и Втората балканска војна

Во екот на многу затегнати односи меѓу довчерашните сојузници[238] а по категоричното одбивање на Бугарија на своите сојузници да им даде нови територии во Македонија, на 1 јуни 1913 година Србија и Грција склучиле таен договор за заедничка воена акција против Бугарија. Користејќи го антагонизмот меѓу балканските сојузници, и Романија побарала од Бугарија да ја добие Јужна Добруџа, па се приклучила кон српско-грчкиот сојуз.[239]

Во едни вакви околности, не можејќи на мирен начин да се погодат, не отстапувајќи од стекнатите позиции, довчерашните балкански сојузници се подготвувале за војна. По наговор од Австро-Унгарија а и сметајќи на нејзина помош Бугарија и заповедала на својата војска на 29 јуни 1913 година да ги нападне своите сојузници. Така започнала втората-меѓусојузничката војна, која исцело се водела на територијата на Македонија и за нејзината прераспределба.

Италија како и останатите големи сили внимателно ги следи настаните кои доведоа до влошување на меѓусебните односи на довчерашните балкански сојузници, по завршувањето на Првата балканска војна, поради извршувањето на повторна територијална распределба на Македонија. Што се однесува до конкретните ангажирања на Италија на страната на закараните сојузници може да се суди по извештаите на пратениците на балканските држави во Рим а и од други извори.

Вондредна активност во бранењето на српските ставови во врска со погореспоменатото прашање развивало српското пратеништво во Рим. Така во својот извештај од Рим од 17 мај 1913 година, српскиот отправник на работите Михаиловиќ го известува Министерството за надворешни работи на Краљството Србија-Белград, дека: "во вчерашната "Tribuna" излегла една статија: "La pace è fatta, ma..."

("мирот е создаден, но...") со потпис Растиќац (адвокат Јокић) во која покрај останатото се зборува за нашиот спор со Бугарија. Растиќац отворено застанал на страната на Бугарите, служејќи се притоа со неточни аргументи и советувајќи ѝ на Србија да го почитува договорот. Како Трибуна е полуофицијален орган и како статиите во неа можат да се сметаат како инспирирани од официјалните кругови, отидов денес кај министерот Сан Џулиано да му изјавам жалење што полуофицијалниот орган допуштил една статија во која пристрасно се зборува за спорот на Србите и Бугарите, а во корист само на овие последните. Сега во времето кога се мисли на поблиски и п цврсти трговски и индустриски врски помеѓу Србија и Италија, ваквото држење на полуофицијалниот печат може само да нанесе штета. Ние, Србите, очекуваме од Италија со своето објективно држење да помогне овој спор да се реши по мирен пат и затоа нас не изненади ла статијата на Растиќац која ги охрабрува Бугарите на непопустливост а не ги убедува Србите во попустливост бидејќи тие не можат поинаку да го разберат ваквото држење отколку како пристрасно. Во Србија оваа статија неспорно ќе биде примена со негодување."[240])

Иако од страна на италијанскиот министер е нагласувано дека оваа статија била само мислење на споменатиот автор а не на италијанската влада факт е дека римските официјални кругови ми *слеле дека Србија би требала да биде попопустлива*, а Сан Џулиано сметал дека Србија се изложува на голема опасност, ако нејзиниот спор со Бугарија би морал да се решава со оружје. Покрај тоа српскиот отправник на работите имал впечаток дека Италија сакала да ја придобие Бугарија исто како и Романија. Нејзината албанска политика ги оддалечувала сè повеќе од неа Србија, Грција и Црна Гора, и Италија заради тоа барала надополнување во пријателството со Романија и Бугарија. Според тоа, Србија во спорот со Бугарија можел

да очекува дока Италија ќе биле побргу на страната на Бугарија.[241]

Италија се ангажирала и во односите на другите завојувани балкански земји. Така во врска со појавениот судир меѓу Бугарија и Романија во 1913 година, а причините за кој се наоѓала во територијалните барања на последната во Добруџа, големите сили меѓу кои била и Италија презеле чекори во Софија и Букурешт за посредување. По извесно колебање, двете држави го прифатија предлогот. Решението на спорните прашања му било наложено на Конференцијата на претениците на шесте сили во Петроград. Под председателство на рускиот министер за надворешни работи С.Д.Сазонов и при учество на претениците на останатите пет големи сили: Германија, Австро-Унгарија, Англија, Италија (Керлоти) и Франција измеѓу останатото беше решено градот Силистре да се отстапи на Романија. Исто така било донесено решение во врска со автономијата на влашките училишта и цркви кои останувале во јужните бугарски територии. Договорот бил потпишан во Петроград на 26 април (9 мај) 1913 година.[242]

Истовремено со водењето на операциите во Втората балканска војна, Италија ја покажувала својата активност и на Конференцијата на амбасадорите во Лондон. Конференцијата после месеци на бескорисни дебати предизвикани од спротивностите помеѓу Силите на Антантата, Франција во прв ред, кои го бранеле едновременото разгледување на прашањето на албанските граници со оглед за островите на грчкиот архипелаг, и Италија, поддржувана од нејзините сојузници, која сво едновремено разгледување го отфрлање заради разделување на судбината на Додеканеските острови, од неа окупирани, од оние на другите острови, и ставиле крај на своите работи. На крајот на Конференцијата Корча и Аргирокастро ѝ беа доделени на Албанија, чија јужна граница се установувало дека требало да оди, на југ од овие два града, од Преспанското езеро до врвот Стилос на

Крфскиот канал на една линија, која требала да се одбележи на само то место од една Меѓународна комисија (11 август), и го одложила за попогодно време решението на прашањето на Егејските острови.[243]

Во започнатата меѓусојузничка војна во која од една страна беа српските и грчките војски а од другата бугарските, се замешале и ја искористиле и Романија и Отоманската империја кои ја нападнале Бугарија. Исправена пред четири непријатели бугарската војска доживеала тежок пораз и била принудена да побара итно примирје.

Петте победнички држави во Меѓусојузничката војна: Србија, Грција, Црна Гора, Романија и Отоманската империја прифаќајќи го предлогот на бугарската влада за примирје, во името на "воспоставување праведна рамнотежа на Балканот", одлучиле на Бугарија да ѝ диктираат победнички мир.[244] На седниците на делегациите на победничките држави и Бугарија, што се одржале во почетокот на август 1913 година во Букурешт биле претресени новонастанатите услови на Балканот и посебно положбата на победена Бугарија, и од овие позиции се воделе мировните преговори. Најголемиот дел од освоените територии во текот на Првата балканска војна на Бугарија ѝ биле одземени.

Во време на преговорите во Букурешт најостра борба се разгорела меѓу Бугарија и Грција за пристаништето Кавала. Русија и Австро-Унгарија, кои поскоро привлекувајќи ја Бугарија на своја страна, ѓи поддржувале бугарските претензии на ова пристаниште. Романија била неспоредливо повоздржана, отколку нејзината сојузничка; со покровителството на Бугарија таа се плашела конечно да не ја оттурне Романија. Од прашањето за Кавала германската дипломатија направила средство за привлекување на своја страна на Грција. Франција исто така ја поддржувала Грција, не сакајќи да ѝ даде

таа да избега во германскиот лагер и земајќи го во предвид нејзиното стратегиско значење на Средоземното море во својство на противтежа на Италија. Италијанската дипломатија, ја поддржувала Бугарија. Работата завршила со победа на Грција, на чија страна застанала и Велика Британија.[245]

Поддршката на Италија на бугарските погледи произлегувала како логична последица од тоа дека италијанската влада се плашеше од зголемувањето на Грција која добивајќи поморска база наспроти Крф, која би можела во случај на војна да ја користува против Италија.[246]

Карактеристично е да се истакне и тоа дека меѓу политичките кругови во Рим се сметало дека сите прашања поврзани со Меѓусојузничката војна би требало да ги решаваат самите актери и да не се дозволи да се оди на конференција (фако во Лондон) каде сигурно би се замешале големите сили. Покрај ова, српскиот отправник на работите во Рим Михајловиќ, ги пренесува и мислењата на тамошните владини кругови дека и покрај поранешната агресивност и Австро-Унгарија не била заинтересирана за понатамошно заострување на ситуацијата создадена по војната. Во Рим се покажувале исто така заинтересирани за односите меѓу Србија и Грција кои ќе произлезат од резултатите од завршената војна.[247]

Букурешкиот мировен договор ги утврдил граничните линии меѓу Србија, Бугарија и Грција, кои фактички значеле и државни гранични линии кои Македонија ја поделиле на три дела. Со оваа поделба всушност биле санкционирани завојувачките воени акции на Бугарија, Србија и Грција во однос на Македонија. Меѓутоа, и покрај тоа тие сметале дека се воспоставува божемна рамнотежа меѓу балканските држави, со резултатите од војната е продлабочен јазот меѓу себе кој ги заострил меѓубалканските спротивностите, кои само по две години

ќе ги доведе до нова војна во Македонија и пак за нејзината прераспределба. Со резултатите од Букурешкиот мировен договор се разбира не била задоволна Бугарија а исто така ни Австро-Унгарија, бидејќи по него Србија уште повеќе се раширила и ојакнала. Ова уште повеќе ги зближило Австро-Унгарија и Бугарија и тие во блиска иднина веќе почнале да ја приготвуваат својата реваншистичка акција против Србија, која наскоро ќе доведе и до Првата светска војна.

Во врска со резултатите од Букурешкиот мировен договор италијанскиот премиер Џолити изјавил дека Австро-Унгарија макар и да била широко задоволена со своите претензии, одново ја покажала желбата да ја нападне Србија. Таа австриска желба, пак според Џолити, не се должела на разгромот на Бугарија во текот на Втората балканска војна, како што мнозина сметаа, а на фактот, дека зајакнувањето на Србија и отстапувањето на Солун на Грција, нови и поголеми прегради се испречија по патот на австриските амбиции и претензии по однос на Блискиот Исток.[248]

Изјавувајќи, дека со настанатите промени се нарушувала рамнотежата на Балканот - Австро-Унгарија ја запознала Германија и Италија за намерата да дејствува против Србија. Давајќи и значење на таа акција како одбрамбена австро-унгарската монархија се надевала да може да го приложи во случајот casus foederis. Меѓутоа, италијанската влада, недвосмислено ја отфрлила таа теза на грофот Берхтолд. Таа побрзала да изјави во Виена и Берлин, дека ако Австро-Унгарија ја нападне Србија, тоа ќе требало да остане на нејзина сметка, бидејќи договорениот casus foederis не би можел да се приложи во случајот.[249]

Тоа одречно и формално становиште на Италија имало свој ефект, Австро-Унгарија, која во случајот сакала да ги вовлечи во една војна, сметана од неа за погодна, и Италија и Германија,

морала да отстапи. Се сметало дека врз вакквото италијанско становиште имало и одредено руско влијание.[250]

Со цел да се спречи негативниот развој на ситуацијата на Балканот некои од големите сили започнале да заговараат ревизија на Букурешкиот мировен договор. Најповеќе во тој правец инсистирал виенскиот кабинет кој се надевал дека со ревизија на споменатиот мировен договор на сметка на Србија, пак ќе ја издигнел Бугарија. Но плановите не се остварила. Ниту Германија ниту Италија не сакале ништо ни да слушнат за ревизија на Букурешкиот договор, а уште помалку Русија, Франција и Велика Британија. Со тоа австро-унгарскиот министер за надворешни работи грофот Берхтолд доживеал потполн дипломатски и морален пораз, а со него и политиката и престижот на Австро-Унгарија воопшто. Тој пораз бил уште потежок, што грофот Берхтолд мислел да ја нападне Србија, и со таа цел се запрашал во Берлин и во Рим, дали двата сојузници се расположени, во тој случај да ја помогнат Австро-Унгарија, се разбира во оваа војна, што австро-унгарскиот напад би ја предизвикал. Но и Берлин и Рим категорички ги одбиле Берхтолдовите планови.[251]

Прашањето за ревизија на Букурешкиот мировен договор и понатаму било во жижата на интересирањето кај италијанските политички кругови. Но тоа стално било на различен начин интерпретирано. Така, во еден разговор на италијанскиот претставник во Софија Куки Босо со српскиот претставник во истиот град Ненадиќ, водена на 16. I 1914 година, на последниот му било речено дека во Италија: "наоѓаат, како од Бугарија неправедно многу е одземено во Букурешт, и како треба да се најде начин во интерес на балканскиот мир, Бугарија, која сеуште е опасна по своите соседи, на некаков начин да се задоволи, ако баш не би било можно да се изврши и сама ревизија на Букурешкиот мир.[252]

Меѓутоа, подоцна во текот на еден разговор на српски от отправник на работите во Рим Михајловиќ со министерот за надво решни работи Сан Џулиано, последниот изјавил, по повод гласовите дека англиската влада, по предлог на Австро-Унгарија ќе барала до говорот во Лондон да се доведе во склад со Берлинскиот договор, дека италијанската влада немала да пристане на никаква ревизија на Букурешкиот мировен договор. Во извештајот на споменатиот срп-ски пратеник во Рим од 21. V 1914 година исто така се зборува, де ка во врска со еден напис на еден австриски весник за Ловќен се појавил одговор во поголемите италијански весници во кои, покрај останатото, отворено се изјавувало дека Италија во ниеден случај немала да пристане на никаква промена на онаа состојба на Балкан-скиот полуостров која била утврдена со Лондонскиот и Букурешкиот договор. Вакво то држење на италијанскиот печат, според мислењето на Михајловиќ, ќе било одлично примено во српските кругови. Со оглед на тоа што на австро-унгарската намера за ревизија на Буку-решкиот мировен договор отворено ѝ се спротивставувала и Русија и Франција, таа немала никакви изгледи за успех.[253)]

Кога сме кај прашањето за борбата за зачувување одно сно анулирање на Букурешкиот мировен договор, интересни се мисле-њата на италијанските публицисти за оценката на споменатиот дого-вор. Така познатиот италијански публицист Анџело Перниче во врска со ова прашање вели: "Ако решенијата на конференцијата во Лондон беа во хармонија со принципот на националноста и во контраст со степенот на социјалниот развиток на народот повикан да формира сл бодна држава, оние на конференцијата во Букурешт беа во контраст со принципот на националност и во склад со политичките барања на балканските држави. Поради оваа антитеза, работата на амбасадорит во Лондон може да се оцени како пососдветна на барањата на правда

та, бидејќи нема сомнение дека меѓународното право и политичкиот поредок на современа Европа се засноваат секогаш повеќе на принципот на националноста - и затоа е подолготрајна од онаа на балканските делегати."[254]

Карактеристично е мислењето на Сципионе Џема во врска со оценката на Букурешкиот мировен договор од 1913 година. Меѓу другото тој вели: "... Ако сега се оценат заедно двата мира од Лондон и од Букурешт, првиот многу маневриран од големите европски сили, другиот исклучително балканска работа, можеме да истакнеме дека принципот на националноста имал направено некаков напредок на Полуостровот, природно, на штета на Турција чиешто ново ослабување било корисно за Русија но, точно заради тоа, ја нељутува Австро-Унгарија и исто така Германија заплеткана во својот "Дрангнах Остен".[255]

Покрај прашањето за ревизија на Букурешкиот мировен договор за Италија многу актуелно било и албанското прашање. Во врска со прашањето за одредувањето на границите на новата албанска држава, Русија и Франција ги поддржуваат Србија и Грција, додека пак Германија, Австро-Унгарија и Италија - Албанија. Велика Британија ја променила својата позиција во однос на онаа што ја имала претходната година. Таа сега застанала на страната на Германија, Австро-Унгарија и Италија.[256]

Воглавно во овие рамки се движеше ангажираноста на Италија во односите со балканските земји, во времето кога стануваат многу крупни настани на Балканот, кои за конечна последица имаа создавање на сосема поинаква ситуација на Полуостровот, истерување на Отоманската империја и заграбување на Македонија од страна на соседните балкански монархии.

3. Италија и балканските земји во навечерието на Првата светска империјалистичка војна

Во годините непосредно пред почнувањето на Првата светска империјалистичка војна, Италија уште повеќе почнува да ја потенцира својата балканска политика. Зајакнувајќи како резултат на Либиската војна монополистичката буржоазија, охрабрена од колонијалниот успех, со нова сила се устремила кон освојување на нови пазари за пласирање на своите производи и сфери на влијание, изложувајќи ја земјата на реална опасност од воени авантури. Во овој период на Балканските војни и по нивното завршување се до Првата светска војна финансиските кругови на Италија, пред се оние од Италијанската трговска банка и Римската банка, со поддршка на владата активно се вклучиле во борбата за сфери на влијание на Балканот и особено во Албанија, а исто така во Мала Азија. Користејќи ги економските тешкотии на балканските земји, засилени со воените дејствија од 1912-1913 година, италијанските банки учествувале во ривалската борба на финансиските групи на европските земји за концесии за изградба на железнички патишта во Србија, Црна Гора и Албанија, за економска контрола над нив по пат на давање на заеми, создавање на банки итн.

Обновувајќи го Тројниот сојуз пред да истече рокот во 1912 година, дејствувајќи во унисон со виенскиот кабинет, италијанската влада го поддржала создавањето на Албанската држава, со тоа, сепак, за да ја претвори неа во австро-италијански кондоминиум. Владините и финансиските кругови на Италија, се подготвувале максимално да го зацврстат влијанието во Јужна Албанија, искористувајќи ја меѓусебната борба на албанските племиња. Римскиот кабинет стапил во остер конфликт по прашањето за албанските граници со Белград, Цетиње, Атина и оние што стоеја зад нив - Франција, Русија

е делумно Германија. Како резултат на острото соперништво помеѓу Италија и нејзината сојузничка Австро-Унгарија за превладување во Албанија од крајот на 1913 година започнале да се заоструваат австро-италијанските односи, засилувајќи ја општата напрегнатост на меѓународната положба како на Балканот, така и воопшто во Европа.

Италијанската влада го саботирала исполнувањето на одредбите на Лозанскиот договор за враќање на Отоманската империја на окупираните острови на Егејското море од страна на Италија во 1912 година. Италијанскиот капитал интензивно продирал во економиката на Родос и другите острови; италијанските воени власти правеле сè, за да ја задушат борбата на месните жители за независност, вметнувајќи го италијанскиот јазик, културата, политичките организации. Користејќи ги тешкотиите на поразената од блокот на балканските земји Отоманска империја, италијанската влада добила од турската влада концесии за изградба на железнички патишта во округот Адалија, создавајќи таму италијанска сфера на влијание.[257]

Преокупирачка за Италија во овој период била и австриската политика во однос кон населението од словенско потекло кое ја населувало Австро-Унгарската империја. Во овој период во Австро-Унгарската империја се појавува тн. "тријалистичка" тенденција поддржувана посебно од престолонаследникот Франц Фердинанд, според кого, заради спротивставување на растечкото српско влијание за привлекување на Словените од Империјата, ќе биле договорени нови реформи кои, во согласност со двете од раководните групи од германскиот и унгарскиот говор, ќе се инсистирало Империјата да премине кон еден "тријализам", т.е., обидувајќи врз три големи нац опални групи, германската, унгарската и словенската. На таков начин се надевале дека ќе биде надоместено српско-црногорското привлекување на Словените од Австро-Унгарија со привлекување на овие

на Србите и Црногорците кон Австро-Унгарија. Ова претставувало за Италија уште една поголема тешкотија за навлегување на Балканот, кој така ќе паднел целосно под австро-унгарска хегемонија.[258] Весникот на италијанската десница во Трст "Ил Пиколо", против таквата опасност, излезот го гледал, во една спогодба помеѓу германските и италијанските национални групи против Словените во Австро Унгарија. Веќе од време претежната форма на национална борба од онаа страна на Изонцо, манипулирана од групите на политичко-економската десница, не била усмерена толку против Австро-Унгарија колку против Словените. Но, според зборовите на М. Пакор, едно застапување како ова, со тенденција за спасување на Империјата соединувајќи ги во неа италијанската етничка група со германската и со унгарската на штета на словенските националности, очевидно претставуваше целосно откажување од идеалите на Преродбата.[259]

Паралелно со овие настани, не престанала и заинтересираноста на италијанските политички кругови за прашањето за изградба на железници на Балканот. Континуитетот на плановите за изградба нај железници бил прекинат со сериозната ситуација која произлегувала од Младотурската револуција, од анексијата на Босна и Херцеговина и најпосле од Балканските војни.

Споменатата заинтересираност се огледа во следниот факт. Кога на 17 декември 1912 година Лондонската конференција на министрите, "компензирајќи ја" Србија за откажувањето од Драч, решила да ѝ се даде нејзе трговски излез на Јадранското море, тоа нашло на одобрување од страна на Италија, затоа што тоа практично стануало збор за изградба на железнички пат, кој, поминувајќи по територијата на Србија, Македонија и Албанија и пресекувајќи го Балканскиот Полуостров од северо-исток на југо-запад би излегол на морето во неутрализирано албанско пристаниште. Вакниот пат би ово-

зможил, Србија полесно да ги извезува своите стоки кон морето. За да го гради и експлоатира тој пат требало меѓународен синдикат под заштита на меѓународните сили.

Фактички овој нов проект претставувал малку видоизменување на проектот на Дунавско-Јадранскиот железнички пат. Европски от печат не задоцнил тоа да го направи, а миланскиот "Коријере дела Сера", дури најавил, дека мислата за изградбата на Дунавско-Јадранскиот железнички пат ја решението на австро-српскиот спор и припаднината на Италија.[260]

Прекројувањето на картата на Балканскиот Полуостров, кое настапило како последица од Балканските војни, создавало благопријатна почва за различен вид на железнички потфати и комбинации. Но членовите на "Дунавско-Јадранскиот Синдикат" (во понатамошниот текст "Д.Ј.Синдикат"), кој бил создаден уште во 1908 година ги интересирал не само Дунавско-Јадранскиот железнички пат. Во летото на 1913 година, неговите руски, француски и италијански групи (на чело на италијанската група на синдикатот стоела тогаш раководената од Волпи "Сочиета комерчиале д'Ориенте) го обновиле стариот синдикат, а исто така донеле претходно решение за создавање на меѓународно Друштво на балканските железнички патишта за изградба и експлоатација на ред други железнички патишта на Балканот. Исто така бил создаден "Иницијативен конзорциум" (од претставниците на тие исти групи) за преговори со другите организации во врска со тие прашања. За Италија бил огромен успех создавањето на друштвото и конзорциумот. Таа сега добивала возможност да учествува - макар не во главна улога во железничките потфати, за чие самостојно остварување кај нея никогаш не би имало средства, ниту пак влијание.[261]

Меѓутоа, веќе во првата работа, со која сериозно се за-

фатил конзорциумот, Италија се нашла отфрлена од сметките. Станувало збор за "источните железнички патишта", поточно, за четири од нив: Митровица-Солун, Скопје-Зибевче, Скопје-Врање и Солун-Битола. Тие патишта врвеле по територии, кои по Балканските војни ѝ припаднале на Србија, и, со исклучок на патот Солун-Битола, му припаѓале на Друштвото на источните железнички патишта.[262]

Акциите на друштвото до 1913 година се наоѓале во рацете на австро-унгарските, германските и швајцарските банки. Но во месец март истата таа година Австријанците ги откупиле од Германците и Швајцарците и веќе во својство на "законски сопственици" на тие патишта побарале од Српската влада да им ги врати. Таа откажала да ги врати патиштата, изјавувајќи, дека во краен случај е согласна да ги откупи од друштвото. Австро-унгарската влада инсистирала да се вратат, но по интервенција на француската дипломатија судирот е стивнат. Французите ја истакнале идејата за "интернационализација" на спорните железнички патишта, т.е. предавање на управата над нив во рацете на две меѓународни друштва за експлоатација. Најголем дел од капиталот на експлоатационите друштва требало да ѝ припадне на Франција, но одреден дел да имаат и Русија и Италија. Да ја претставуваат својата земја во управата, на друштвата требале руската, француската и италијанската група на "Д.Ј.Синдикатот".[263]

Меѓутоа, во натамошниот тек на работата кога требало да дојде до изработка на конкретните услови на интернационализацијата, Французите ја истиснале Италија од неа. Италијанските дипломатски претставници интервенирале во Париз и Петроград, барајќи макар и со минимален дел да бидат застапени во управата на споменатите друштва. Не добивајќи ништо со молбите, Италијанците ја промениле тактиката и прибегнале кон својата обична закана. Тие

во февруари 1914 година ги подниле во Париз своите барања во мошнастојчива форма. Нивниот ополномоштеник Волпи "дури се закануал, дека во случај на отказ Италија ќе дејствувала заедно со Германија и ќе ги убедила Србите да инсистираат на откуп."[264]

Кога и тука не успеале италијанските дипломати ја соредоточиле својата дејност во Белград. Српскиот генералштаб и значителен дел на српското општествено мислење го претпочитале откупот повеќе отколку интернационализацијата, и за италијанските интриги се создавала во Белград благопријатна ситуација. Во дипломатските кругови Италија била обвинувана за тоа дека била против интернационализацијата, но уште повеќе на неа ѝ пречеле освојувачките планови на Австро-Унгарија. Италија, во секој случај, сестрано се трудела да ѝ укаже на Србија секаква помош во откупот на источните железнички патишта, само да ја попречи интернационализацијата. Како потврда на ова ни служи извештајот на српскиот пратеник во Рим Михајловиќ од 2 април 1914 година, во кој се вели дека во врска со разговорот за прашањето на источните железници, министерот за надворешни работи му рекол дека италијанската влада во свој интерес веројатно би можела да ја потпомогне Србија дипломатски во прашањето на откупот. Но како не би сакал Италија да биде сама во таа работа и да се изложи на неуспех тој се обрнал на својот амбасадор во Петроград да се информира каково држење би завзела руската влада во тој случај. Понатамошното држење на италијанската влада ќе зависело многу од одговорот на руската влада.[265]

Горенаведеното се потврдува и во извештајот на истиот Михајловиќ од 5 април 1914 година упатен до министерството за надворешни работи на Краљството Србија во Белград. Михајловиќ информира за разговорот што го водел во врска со ова прашање со италијанскиот министер Сан-Џулиано. Тој меѓу другото вели: "Познато е

дека италијанската влада многу се интересирале за српското железничко прашање и дека бара начини на нашите железници да си обезбеди за себе положба која би била рамна на другите заинтересирани сили. Тоа е причината што Италија не е задоволна ни со австриските барања ни со Витализовиот предлог за интернационализирање на источните железници. Заради тоа Италија отворено е за предлогот на српската влада, т.е. откупот на експлоатацијата на ориенталното друштво. Министерот Сан-Џулиано му зборувал во таа смисла."[266] Сан-Џулиано, исто така, му рекол на српскиот пратеник дека негова прва импресија била дека тие ќе можат Србија по дипломатски пат да ја поддржат по прашањето за откупот на железниците.

Сличен одговор во врска со ова прашање добил Михајловиќ и во разговорите што ги водел на 7 април 1914 година со началникот на Консулта (министерството за надворешни работи) де Мартино. До Мартино му рекол на Михајловиќ дека италијанската влада стои секогаш на тоа гледиште дека Србија треба да го откупи правото за експлоатација од Ориенталното друштво, и дека такво решение би му одговарало на интересите на Италија. Од понатамошниот тек на разговорите, на Михајловиќ му се чинело дека италијанската влада навистина сака Србија да го откупи правото за експлоатација и дека се обидува по разни засебни патишта да извлече било каква корист и да си обезбеди себеси извесни права во идината. Тој сметал дека преку руската влада можело да се дејствува Италија да се ангажира на опозиција на преговорите кои тогаш се воделе во корист на српските барања.[267]

Од друга страна српскиот пратеник во Париз Весниќ во својот извештај од 28 мај 1914 година информирал до својата влада дека во врска со плановите за изградба на Јадранската железница не би требало да се пренебрегнуваат покрај другите и легитимните

интереси на Италија.[268])

Сите тие месеци, додека италијанските дипломати најнапред се обидувале да постигнат заедничко учество со Франција и Русија во управата на моточните патишта, а потоа, недобивајќи го бе раното, интригирале против нивната интернационализација, проектот на Дунавско-Јадранскиот железнички пат најмалку одново бил ставен на заден план. Неговата реализација ја спречувале и меѓусебните раздори во Албанија и, конечно, многуте спорни прашања, уште не разрешени од учесниците во синдикатот. Меѓутоа, економската депресија, од која во тоа време била зафатена Италија, ги побудувала италијанските трговци и капиталисти особено упорно да се стремат да проникнат на пазарите по внатрешните реони на Балканскиот Полуостров. Тие го гледале трпението, к прогетта 1914 годин во корист на побрзата изградба на Дунавско-Јадранскиот железнички пат се појавиле федерациите на индустријалците и трговците од Венеција, Анкона, Бари, Милано. Без тој пат, се зборувало во милинските резолуција, не можат да бидат остварени "справедливите стремежи на италијанските индустријалци и трговци, кои го гледаат во балканските земји својот природен пазар за продажба." "Изградбата на тој пат ја бараат и политичките интереси на Италија... Нашето влијание и нашиот престиж на Балканот многу ќе добие од раширувањето на нашата трговска активност," ја коментирал резолуцијата в. "Ил Корриере д'Италиа".[269])

Сан Џулиано им одговорил на милинчите веќе на следниот ден, и самата брзина на неговата реакција сведочела, како што забележувале весниците, за вниманието, што и го доделувала италијанската влада на Дунавско-Јадранскиот пат. "Италијанската кралска влада активно се занимава сега со правењето со побрзо осуштествување на решенијата на Лондонската конференција" (за давање

на Србија на трговски излез на морето), пишувал министерот.[270]

Во почетокот на јуни 1914 година (т.е. веќе после тоа, кога кабинетот на Џолити дал оставка) Титони, јавувајќи се кај Изволски (тие двајцата тогаш биле амбасадори во Париз), изјавил, дека тој ја гледал во Дунавско-Јадранскиот железнички пат посакуваната "допирна точка" на руските и италијанските интереси, и прашал, не можат ли Италија и Русија одново да го поднесат прашањето за тој пат.[271]

По долготрајни преговори концесија за изградбе на железничкиот пат добила француско-српската банка, во која покрај руските влогоа и италијански претставници. Оваа реализација на концесијата, се покажала како резултат на општо дело на руската, француската и италијанската група на синдикатот. Во јули 1914 година од бројната дипломатска и канцелариска преписка посветена на Дунавско-Јадранскиот железнички пат веќе почнале да се оцртуваат првите контури на идната организација на работите. Редица, прашања, во прв ред распределувањето на деловите во "Д.Ј.Синдикатот" кој подлежел на реорганизација, уште останувале нерасчистени, но преговорите меѓу националните групи продолжувале. Но веќе било јасно, дека во согласност со решението на Лондонската конференција на амбасадорите патот ќе го изградувал и експлоатирал нов, реорганизиран и проширен меѓународен синдикат. Турција кон тој потфат веќе немала односи. Албанија, по чија територија требало да поминува значителен дел на турскиот одрезок на Дунавско-Јадранскиот железнички пат, постанала независна, останатите земји влегле во составот на Србија. Во Синдикатот освен руската, француската и италијанската група сега требало да влезат и германската, австро-унгарската, српската и албанската. Да го градат и експлоатираат патот требало на неговиот српски дел освен Русите, Французите и

Италијанците, Србите и Романците, на албанскиот-Русите, Французите, Италијанците, Австријанците, Германците, а зко тие тоа го посакале, исто и Албанците. Како што се гледа, Италијанците, фигурирале заедно со Русите и Французите и во Србија и во Албанија.[272]

А во пролетта 1914 година кога концесијата за железничката линија Бар-Скадар била, издадена од црногорската влада на име на конзорциумот, во чиј состав влегувале финансиери од Русија, Франција и Италија, деловните контакти на Италија со земјите на Антантата уште повеќе се прошириле.

Црногорскиот дел на Дунавско-Јадранскиот железнички пат не бил изграден, исто така како што не бил пробиен и трансбалканскиот Дунавско-Јадрански железнички пат. На тоа му попречила Првата светска војна, исто така како што ги попречила таа реализациите на ред други планови за соработка на Италија со Русија, Франција, Англија не само на Балканскиот Полуостров, но и во Мала Азија и во Цариград.

И сите тие планови, проекти не поминале без последици. Бавно, тешко, со неуспеси и надвладување на сите нови противречности, создадената деловна соработка на Италија со земјите на Антантата не можела да не покаже влијание на политиката на Италија (и назистина, во помал, степен на политиката на Антантата). Во 1908 година учеството на италијанските финансиери заедно со руските и француските во создавањето на "Д.Ј.Синдикатот" го подготвило теренот за руско-италијанското согласување во Рекониџи. Во 1915 година деловната соработка меѓу Франција, Русија, Англија и Италија ја одиграла својата возможно не така веќе незначителна, улога за стапувањето на Италија во војната на страната на Антантата.[273]

Меѓутоа, сите овие договарања, преговарања во врска со прашањето за изградбата на железничките линии на Балканот, ќи

испреварила меѓународната ситуација. На 28 јуни 1914 година во Сараево, младиот српски патриот Гаврило Принцип извршил атентат на австро-унгарскиот престолонаследник Франц Фердинанд. По неговото убиство и даденият ултиматум од страна на Австро-Унгарија на Србија, Италија завзела во настанатата ситуација многу двосмислена позиција. Не давајќи им на сојузниците да разберат, дека во случај на вооружен судир таа нема да ги поддржи нивните агресивни стремежи, италијанската влада помислувала на компензации, кои Италија би можела да ги добие во замена за задушувањето од Австро-унгарската монархија на независноста на српската држава. Овој пат италијанската дипломатија не посакала да истапи во својство на посредник меѓу Австријците и Србите, како што се случувало порано, таквата политика создавала во владејачките кругови во Виена и Берлин илузија, дека Италија во случај на војна ќе стапела заедно со нив.[274] Но противоречностите на Италија со Австро-Унгарија на Јадранот, со Австро-Унгарија и Германија на Балканот, во Мала Азија, во целото Источно Средоземноморје го правеле настапот на Италија на страната на централните држави невозможен. Веќе самиот ултиматум, поставен од Австро-Унгарија на Србија, се закануваше да ја наруши - во корист на Австро-Унгарија и на штета на Италија - таа лабава рамнотежа на силите на Балканот, која италијанските дипломати сесрдно ја чувале.*275/

Според договорот за Тројниот сојуз, и во неговото последно продолжување, се содржел во чл. VII став, дека Австро-Унгарија морала на Италија (и обратно) отворено да ѝ ги стави до знаење сите свои цели и основи, што ги има за било какви територијални промени на Балканскиот Полуостров општо, а во случај на било трајно било дури само привремена окупација на било кој дел од оваа територија од страна на Австро-Унгарија (односно Италија)

- напр. во Србија или Албанија - Италија имала (односно Австро-Унгарија) право на територијална компензација. Уште повеќе, во смисла на чл. III на тој ист договор, Италија била обврзана, со својата војска и морнарица да стапи на страната на Австро-Унгарија или Германија само единствено во случај, ако тие бидат нападнати од други сили (се мисли од Русија и Франција), а не ако тие, Австро-Унгарија и Германија, би предизвикале, то ест би започнале војна. Заради чл. VII Австро-Унгарија и Италија имале големи тешкотии и непријатности уште за време на анексионата криза (1908-1909) и за време на Триполитанската војна (1911-1912). Затоа гробот Берхтолд подготвувајќи го познатиот препад против Србија во јули 1914 година, решил, за своите планови да не ја извести Италија сè до последниот час, значи онака, како тоа го правела Италија уочи Триполитанската војна, со една разлика што Триполитанија не се наоѓала на Балканскиот Полуостров. Плашејќи се како од приговор на италијанската влада поради австро-унгарските закани против Србија, но и од тоа Италија да не ги извести Србија и Антантата за плановите за напад на Србија, австро-унгарската и германската влада, на 5 јули (1914) постигнале договор, дека воопшто римската влада немале ништу да ја прашаат за мислење, ништу унапред ќе ја известат за оние чекори, што се спремаат, туку дека ќе ја постават пред таква ситуација, со која повеќе ништо не може да се промени.[276]

И навистина, таквиот став на Виена кон Рим наоѓа најдобра своја потврда во тогашните австро-италијански затегнати односи заради албанското прашање. Во времето пред самиот сараевски атентат австро-италијанските противречности како во врска со Албанија така и воопшто веќе толку се заострile, што во Италија се слушнале и сериозни гласови за раскинување со Тројниот сојуз.

Во врска со затегнатата ситуација по сараевскиот атентат Италија преземала чекори и на воен и на дипломатски план. Ме ѓутоа, на воен план, според мислењето на италијанскиот генералштаб, е кажано ме можело ни да се помисли за било какво позначајно учество во војната "барем уште половина година денови", заради истоштеноста и дезорганизираноста на војската и морнарицата, заради долготрајната и напорна Триполитенска војна. На дипломатски план им е укажано и на Германија и на Австро-Унгарија на тоа, дека во случај на понатамошни компликации Италија немала да остане со Австро-Унгарија.[277] Дури по еден повод на 20 јули 1914 година маркизот ди Сан Џулиано изјавил дека италијанските интереси барале Србија да не биде прежвезена, ниту Австро-Унгарија зголемена и дека Италија не можела да поткрепува политика спротивна на своите интереси.[278]

Ваквото држење на Италија во настанатата криза може да се потврди и од содржината на извештајот на српскиот пратеник во Цариград Ѓорѓевиќ од 27. VII 1914 година упатен до Министерството за надворешни работи на Кралството Србија. Амбасадорот на Италија во Цариград маркизот Героли, во врска со прашањето дали војната меѓу Австро-Унгарија и Србија ќе предизвика општа војна, му рекол на српскиот пратеник во најстрога доверба дека: "Било и како работите да се развиваат Италија нема да учествува поинаку освен по дипломатски пат. Нашиот сојуз со Австро-Унгарија е дефанзивен. Ако Австро-Унгарија ја нападне Србија и со тоа предизвика војна со Русија, Италија нема да учествува во таа војна, па дури и Германија и Франција да влезат во акција. Исто така не верувам дека и Англија ќе учествува. Впрочем, и покрај сè што вие за тоа мислите, јас сум уверен, дека Русија и овој пат ќе ја напушти Србија, дека ќе ја остави самата да се пресмета со Австро-Унгарија.

Русија ќе ѝ укаже на Србија секако секоја дипломатска помош, но да војува за неа не сакала. [279]

Но треба да се истакне фактот дека и покрај сите италијански изјави во врска со австро-унгарското однесување кон Србија, суштината на италијанската надворешна политика се состоела во тоа, во случај на територијални придобивки на Австро-Унгарија нејзе да ѝ се обезбеди соодветна компензација. Така и самиот Сан Јулиано сметал дека Австро-Унгарија одела на територијални придобивки во Србија, и затоа требала Австро-Унгарија да се подготви, што побргу да го задоволи барањето на Италија за територијална компензација, бидејќи ако Италија, остане ли без компензации, ќе биде приморана, на "Австрија да ѝ го попречи патот". [280]

И покрај фактот што Италија не била обврзана да учествува во престоечката војна, по состанокот на Сан Јулиано со претседателот на владата Саландра било заклучено Италија да ги преземе сите потребни дипломатски и воени мерки, со цел нејзините интереси од идните настани во никој случај да не претрпат некоја штета. На ваквото однесување на Италија секако влијаело и јавното мислење во Италија, кое во секое време, а во дадените околности повеќе од било кога, било против солидарноста со Австро-Унгарија во една војна, директно вперена против италијанските интереси. Да се помогне на Австро-Унгарија да ја претегли Србија, а со тоа тоа и германството да стекнат дефинитивна хегемонија на Балкански от Полуостров, а како последица на тоа Италија да ја изгуби секоја можност за експанзија, и трговска и воена, на Јадранот - тоа и можело ниту еден Италијанец да го посака. Исто така не смее да не се смета и со традиционалното, кое што постоело уште од времето на Ризорџименто непријателство на широките слоеви на италијанското население кон Австро-Унгарија и со желбата на италијанскиот

пролетаријат за мир, која вистински била искажана на масовните антивоени митинзи, организирани од Италијанската социјалистичка партија во последните денови на јули 1914 година.[281]

Во такви услови утрото на 31 јули во Рим се собрал советот на министрите, кој го разгледувал прашањето за војна или неутралност. По извештајот на министерот за надворешни работи Сан Џулиано, во кој биле споменати редица погоре укажани моменти, постанало јасно, дека Италија не ќе може во дадената ситуација да стапи во војна на страната на своите сојузници. По долги разговори дури на 2 август било донесено конечно решение за неутралноста.[282]

Со почнувањето на Првата светска империјалистичка војна, насташи нова фаза во политичките борби за стапување на страната на еден од војувачките блокови, кое ќе има неодложни реперкусии врз италијанската политика на Балканот, но тоа веќе излегува надвор од доменот на нашето разгледување.

На крајот можеме да резимираме во однос на досега реченото, дека односите на Италија со балканските земји во периодот 1912-1914 година се доста интензивни. Во времето на балканските војни, иако Италија сеуште била оптоварена со последиците од Триполитанската војна, таа доста е заинтересирана за развојот на настаните поврзани со распределбата на турското наследство на Балканот. Голем интерес покажувала и кон изградбата на железничките патишта на Балканот. Во ова време се заоструваат нејзините односи со сојузничката Австро-Унгарија во врска со агресивните истапувања на последната против Србија по сараевскиот атентат. А кога веќе избувнала Првата светска империјалистичка војна, поради редица причини Италија ја прогласила својата неутралност во однос на завојуваните страни.

Г Л А В А V

РАЗВИВАЊЕ ИНТЕРЕСОТ НА ИТАЛИЈА КОН МАКЕДОНИЈА

1. Различни аспекти од интересот на Италије кон Македониј

Во рамките на својата балканска политика спрема Отоманска та империја во сите фази почнувајќи од Илинденското востание во 1903 година, па преку Младотурската револуција во 1908 година заклучно со балканските војни Италија покажувала зголемено интереси рање кон Македонија, во некои периоди во поголема мера а во некои во помала сообразно на нејзината политика спрема Империјата. Заинтересираноста на Италија за Македонија продолжила и во време на балканските војни, кога будно ги следела воените операции кои се одвивале на нејзината територија прво против Отоманската империја од страна на балканските сојузници а потоа и во текот на меѓусојузничката војна. Македонија била во фокусот на италијанската заинтересираност и во врска со плановите за изградба на железнички патиштата кои би врвеле на нејзината територија.

Најголема заинтересираност на Италија за Македонија е забележана во времето на Илинденското востание и по неговото задушување. Внимателно се следат настаните во Македонија во врска со востаничките акции, репресиите на турските власти. Најголем израз на заинтересираност претставуваат промакедонските акции на напредните италијански општествени кругови со цел да се предизвика интервенција на големите сили во Македонија за прекин на турските злосторства и давање помош на жртвите од турскиот терор. Посебна заинтересираност на италијанската политика кон Македонија забележуваме во врска со спроведувањето на Мирцштегската реформна програма за Македонија, кога Италија непосредно е ангажирана во нејзиното спроведување со останатите заинтересирани големи сили.

Засилената активност на пропагандите на соседните балкански држави во Македонија предизвикувала значителен интерес кај италијанските дипломатски претставници во соодветните балкански држави. Но сепак ние не бевме во можност во поголем обем да го регистрираме ставот на италијанската влада во врска со активноста на пропагандите на соседните на Македонија балкански држави

Доста голема заинтересираност на италијанската дипломатија е забележана во врска со настаните поврзани со избувнувањето на Младотурската револуција во 1908 година. Главните настани поврзани со неа се одвиваат на територијата на Македонија, па сосема е разбирлива заинтересираноста како на италијанските дипломатски претставници во Битола, Солун и Скопје така и на познатите италијански публицисти. Последните во своите дела ја опишуваат ситуацијата во Македонија од Илинденското востание до Младотурската револуција, но истакнуваат дека и покрај големите промени во Отоманската империја со воспоставувањето на уставен режим, таа не донесла некоја поголема корист за подобрување на состојбата на македонското население.[283)]

Што се однесува до последната фаза на нашиот разгледуван период т.е. ставот на италијанската политика кон Македонија 1912-1914 година, може да се констатира одредена заинтересираност за Македонија, иако за овој бурен период од македонската историја немаме архивски материјали за италијанскиот став кон Македонија, освен некои објавени материјали од друг домен. Сепак од постоечката литература и други материјали се забележува дека Италија со внимание го следи развојот на настаните во Македонија по нејзиното распарчување од страна на балканските монархии. Италијанските публицисти Македонија ја гледале и како една од клучните алки во реализацијата на плановите за изградба на железнички патишта на

Балканот. Оваа заинтересираност тие ја потенцираше со значењето на железниците за индустриската експанзија и развитокот на трговијата на Балканот. Не треба да се губи од предвид фактот дека и во извештаите на италијанските дипломатски претставници и во публицистиката се потенцираат значителните природни ресурси со кои располагала Македонија, од кои еден дел се извезувал и во Италија а и можноста да се внесат индустриски производи од италијанско потекло. Меѓутоа, поделбата на Македонија ја спречила перспективата за поголема трговска размена меѓу двете земји.

Големиот интерес на Италија за Македонија бил предодреден и поради близината на Албанија, која иако во овој период е проглосена за самостојна држава, се води голема борба за влијание меѓу Австро-Унгарија и Италија. Меѓутоа, интересот на Италија за Македонија продолжува и по почнувањето на Првата светска империјалистичка војна, посебно по нејзиното стапување во војната во 1915 година, кога нејзините трупи биле стационирани во Македонија Во најголем степен тој интерес е потенциран по завршувањето на војната кога македонското прашање се разгледувало во рамките на мировните договори со кои се уредува повоена Европа.

Од кореноведеното во врска со интересирањето на официјалните кругови на Италија, а и на другите општествени средини, за положбата во Македонија можеме да констатираме дека тој интерес варирал во сооднос со самиот италијански став кон решавањето на Источното прашање во чии рамки се наоѓало и македонското прашање како негов нераздален дел. Ова интересирање најголемо било во времето на Илинденското востание и по неговото завршување, кога будно се следат востаничките акции и крвавите репресалии на турските власти, кои следеле по неговото задушување. Овој интерес се изразува кај прогресивните италијански општествени кругови со сос
дава-

ње на разни комитети и одржување на собранија со кои се барало подобрување на положбата на македонскиот народ а и на другите народи кои се наоѓале под власта на Отоманската империја. Во поголем степен овој интерес е изразуван и во годините по завршувањето на Првата светска империјалистичка војна итн.

2. Дејноста на конзулатите на Италија во Македонија и осврт врз нивните извештаи

За да може непосредно да се запознае положбата во одредена земја, а и да се обезбеди заштита на своите поданици ако ги има секоја држава отвори свои дипломатски претставништва на различни нивоа. Така направила Италија на територијата на Отоманската империја, односно нас во овој случај не интересира Македонија. За отворањето на овие конзулати се зборува во претходните поглавја на нашиот труд. Овие конзулати продолжувале да дејствуваат и по поделбата на Македонија во текот на Балканските војни но сега во сосема изменети услови. Италијанските конзулати во Битола и Скопје со своите конзуларни подрачја дејствувале на територијата ослободена од Србија а Солунскиот конзулат на територијата ослободена од Грција.

Покрај податоците кои ќи добиваме преку извештаите на италијанските конзулати во Битола, Солун, Скопје податоци ние користиме исто така и од дипломатските претставништва на Италија во Отоманската империја - Цариград; во Србија - Белград; Грција - Атина; Бугарија - Софија, Пловдив и др.; Црна Гора - Цетиње; Романија - Букурешт; потоа од амбасадите на Италија кај големите сили во Париз, Лондон, Петроград, Виена и Берлин.

Дејноста на италијанските конзули, како и на конзулите на останатите држави, се сведувала: на административни работи - заштита на интересите на своите поданици, испраќање на извештаи до своите претпоставени т.е. или на својот амбасадор во Цариград

или директно до министерот односно министерството за надворешни работи. Конзулите покрај податоците што ги добивале од официјалните власти за одредени настани, тие стапувале во контакт со одделни претставници од македонското револуционерно движење од кои биле информирани за акциите било на турската армија било на востаничките чети. Конзулите со многу поголема сигурност се потпирале на информациите добивани од претставниците на револуционерната организација. Заради тоа конзулите настојувале да бидат во постојан контакт со претставниците на револуционерните организација. Покрај тоа конзулите добивале налози од своите претпоставени да извршат истражување по одделни проблеми од состојбите на теренот или пак сами размену вале информации со своите колеги во врска со одредени проблеми.

Имајќи не располагање со извештаи на италијанските дипломатски претставници за целокупниот период што нас не интересира а и со тие што располагаме се микрофилмувани што значи дека сепак е извршен извесен подбор на тие извештаи ние не можеме да имаме целосна слика за нив. Извештаите се групирани, временски врзани за одделни настани а исто така и тематски врзани за одредени теми. Во продолжение накратко ќе се осврнеме на содржината на извештаите на италијанските дипломатски претставници.

Во почетокот треба да се истакне дека покрај извештаите кои опфаќаат содржини од политички карактер, има одреден број кои се занимаваат и со економска проблематика. Особено внимание во нив му се посветувало на проблемот на одгледувањето на свилените те буби, тутунот, памукот, за што погоре се осврнавме во делот за економските односи на Македонија со Италија ко овде го истакнуваме големото значење кое придавале на меѓусебните борби што ги воделе трговските претставници на одделни држави за приматот во уво-

зот на тие значајни артикли.

Што се однесува до политичките извештаи во најголем број тие се застапени во врска со избувнувањето на Илинденското востание во Македонија и реформната акција спроведувана по Мирцштегскиот договор.

Извештаите поврзани со избувнувањето на Илинденското востание во најголем број се испраќани од Битола, со оглед на тоа што тука бил центарот на целото револуционерно раздвижување. Во овие извештаи детално се опишува ситуацијата во Битола и околината а и целиот Битолски вилает во деновите кога започнале востаничките акции во Крушево и другите места. Доста големо внимание во извештаите му е посветено и на убиството на рускиот конзул Ростковски. Исто така детално се опишуваат востаничките акции во Битолскиот вилает. Паралелно со регистрирањето на борбите помеѓу востаниците и турските трупи во извештаите на италијанскиот конзул од Битола се срекаваат податоци за штетите што ги направиле трупите и башибозукот врз селските населби. Истовремено, тој, внимателно ги следи акциите на конзулите на Русија и Австро-Унгарија во врска со ситуацијата во Вилаетот. Во помал обем среќаваме податоци за востаничкото движење во извештаите на италијанските конзули од Солун и Скопје.

Покрај од извештаите на италијанските конзули во Македонија, податоци за ситуацијата поврзана со Илинденското востание наоѓаме и во извештаите на италијанскиот дипломатски агент во Софија. Во овие извештаи се зборува за активноста на претставниците на ВМРО во Софија т.е. нејзиното задгранично претставништво, во однос на избувнатото Востание, потоа мерките што ги преземала бугарската влада во новонастанатата ситуација во Македонија и како последица од ова, заострување на турско-бугарските односи. Доста

внимание во овие извештаи му е посветено и на махинациите на австро-унгарската пропаганда во Софија во врска со настаните во Македонија е и воспитото на бугарско-австриските односи во светлината на бугарската политика спрема Македонија и општо спрема Отоманската империја.

Во мал број располагаме и со извештаи на италијанските дипломатски агенти во Белград и Цетиње кои ни зборуваат за одгласот на Илинденското востание во овие престолнини. Посебно во извештајот од Белград се потенцира активноста на српската пропаганда во Македонија. Италијанскиот амбасадор во Цариград во своите извештаи го процесуира реагирањето на Високата Порта по избувнувањето на Илинденското востание и мерките што ги преземала таа за неговото задушување.

Меѓутоа, најголемо внимание во извештаите на италијанските конзули во Македонија е и на другите дипломатски претставници надвор од Македонија му е посветено на спроведувањето на мерките предвидени со Мирцштегскиот договор. Ова уште повеќе е потенцирано со фактот дека Италија била директно заинтересирана по прашањето за реорганизацијата на жандармеријата во Македонија, добивајќи го секторот на Битола како свој зона за реорганизација. Детално се осветлени во извештаите на италијанските претставници при големите сили, дипломатските борби водени за добивање на сектори во кои одредени земји ќе ја извршуваат реорганизацијата на жандармеријата. Во оваа смисла интересни се извештаите во кои се опишуваат преговорите за добивање на сектор за реорганизација на жандармеријата од страна на Италија во Битола е кој бил оспоруван од Австро-Унгарија. Во голем број на извештаи се зборува за личноста на генералот Де Чордис, кој по долготрајни преговори меѓу заинтересираните страни бил именуван за командант на жандармеријата

во Македонија. Во контекстот на ова треба да се споменат и извештаите на Комисијата на воените пратеници на големите сили, кои постојано одржувале состаноци во Цариград за начинот на одвивањето на реорганизацијата на жандармеријата во Македонија.

Доста обемни материјали во врска со ова прашање а и ставот на Италија кон настаните во Македонија по Илинденското востание наоѓаме во различните дипломатски документи издавани од страна на италијанската влада како напр.: Documenti diplomatici, Presentati al Parlamento italiano dal ministro degli Affari esteri (Di San Giuliano), Macedonia. Roma, ₤906, Legisl. XXII, Sess. 1904-906.

Иначу во прилично број од споменатите извештаи, македонското и албанското прашање заедно се третираат со посебен акцент фрлен на последното бидејќи се знае дека Италија имала посебен интерес спрема Албанија со оглед на нејзината близина до италијанскиот брег и постојано водената борба меѓу Италија и Австро-Унгарија за стекнување на посилни позиции во Албанија која го правела Тројниот сојуз, во кој се наоѓале покрај овие две земји и Германија, нестабилен.[284] Во италијанските дипломатски извештаи имајќи го предвид горе реченото доста се срекава материјал за австро-унгарската политика спрема одредени аспекти на македонското прашање. К. Кирова во својата погореспомената студија "Италианская экспансия в Восточном Средиземноморье (В начале XX в.)" вели дека Италија немала специјални интереси за Македонија, но бидејќи таа се граничела со Албанија, и тоа било достаточно, италијанските дипломати со напрегнато внимание да го следат односувањето во Македонија на другите држави.[285]

Во центарот на вниманието на италијанските дипломатски претставници биле и односите на балканските држави во врска

со македонското прашање. Тука детално се опишуваат бугарско-српските-грчките судири во поглед на идните на Македонија. Паралелно со ова во извештаите наоѓаме податоци и за односите на Италијасо соодветните балкански влади низ кои може да се уочат намерите на Италија во врска со нејзиниот став кон македонското прашање

Активносте на пропагандите на соседните балкански држави во Македонија наоѓале соодветно внимание во извештаите на дипломатските претставници на Италија како на оние акредитирани во сите балкански земји, така и на оние во поедините европски престолнини како напр. Петроград, Виена а исто така и во Цариград Поентата во сите тие извештаи и е ставена на црковната и просветната пропаганда, но исто така и на вооружената пропаганда. Доминантно место му е дадено на извештаите од софиските дипломатски агенти на Италија што е и разбирливо бидејќи бугарската пропаганда отпила најдалеку во својата активност во Македонија.

Имајќи можност преку разговорите со различни бугарски одговорни функционери да дознаваат разни поединости во врска со одредени прашања, дипломатските агенти на Италија ни ја откриваат позадината на таквата дејност на бугарските владејачки кругови која имала за цел зацврстување на своите позиции во Македонија

Во помал обем, за периодот кој го разгледуваме, располагаме со извештаи за активностите на српската, грчката и романската пропаганда на територијата на Македонија.

Исто во помал број, интересни се извештаите на дипломатските претставници на Италија во Букурешт кои посебно се осврнуваат на романската пропаганда во Македонија, какви биле нејзините цели и фактот дека таа најповеќе била сконцентрирана околу Битола и нејзините околни места. Посебно внимание на активноста на романската пропаганда и обрнувал и италијанскиот конзулат во Битола.

Се на се иако овие извештаи ги има во приличен број, тие нам ни даваат повеќе фактографски материјал отколку суштински погледи за ставовите на Италија спрема горенаведените странски пропаганди.

Големо внимание во своите извештаи италијанските дипломатски претставници во Македонија е и воопшто во Отоманската империја ѝ посветуваат на Младотурската револуција. Извештаите обилуваат со податоци за настаните кои претходеа на избувнувањето на Револуцијата. Во нив се наоѓаат вредни податоци за ширењето на револуционерното движење во војската која дотогаш била столб на режимот. Италијанските ~~дипломатски кругови~~ претставници добиваат податоци за текот на Револуцијата и преку контактите кои ги имале со младотурските привржаници во војската. Детално е даден опис на одгласот на прогласувањето на уставниот режим било кај христијанското население било кај муслиманското. Покрај податоци за самата Револуција, во голем број од извештаите, наоѓаме материјали во кои се зборува за непријателскиот став на соседните балкански држави спрема уставните промени во Отоманската империја. Таквото нивно однесување било логично со оглед на тоа дека тие ја губеле можноста за активно вмешување за остварување на своите освојувачки претензии во Македонија а и во другите делови на Империјата. Во извештаите му е посветено место и на одразот на Младотурската револуција врз работата на европските реформатори во Македонија. Исто така детално се анализирани надворешните и внатрешните околности кои го поттикнувале но и назадувале одот на зацврстувањето на уставниот режим.

Дипломатските претставници на Италија ги оценуваат во своите извештаи настаните поврзани со Младотурската револуција и од аспект на интересите на Италија, то ест на нејзината балканска политика.

Детално е анализирана активноста и структурната организираност на младотурскиот комитет "Обединение и напредок". Исто така италијанските дипломатски претставници со големо внимание го следат одот на настаните, кои го прикажуваат слабеењето на власта на младотурската партија. Важно место му е посветено и на контрареволуционерниот заговор на султанската реакција во Цариград. Потенцирана е активноста на прогресивните политички сили во Отоманската империја, кои се концентрираа во Македонија и презедоа вооружен поход против контрареволуционерниот преврат во Цариград. Забележана е поддршката која им ја дале на прогресивните турски сили македонските револуционери Јане Сандански, Христо Чернопеев и Тодор Паница, кои со своите привржаници учествувале во походот на Цариград и придонесоа за скршување на реакцијата.[286)]

Доста простор во извештаите се дава и на заострувањето на ситуацијата во Отоманската империја, која довела до слабеење на младотурскиот режим и на крајот до неговиот пад.

Од гореискажаното што се однесува до извештаите на италијанските конзули во Македонија и на извештаите на италијанските дипломатски претставници во останатите држави може да се каже дека тие даваат вредни податоци за положбата во Македонија во одредени периоди на времето што е разгледувано во нашата работа како напр. Илинденското востание, Мирцштегските реформи, Младотурската револуција. Меѓутоа, во нив во помал обем се среќаваат податоци за официјалните ставови на Италија кон поодделните прашања што се третираат во нашата работа. Во неможноста да се користиме со извештаите за подоцнешните периоди, т.е. по распадот на Отоманската империја во времето на Балканските војни до Првата светска војна, принудени сме да се користиме со објавени извештаи од друго потекло.[287)] Сепак, расположивата литература по одделните пра-

шања ни овозможува да се пополни празнината која се појавува со недостигот на дипломатските извештаи.

Меѓутоа и покрај сето горенаведено што го споменавме, со понатамошното проучување на овие а и на другите нам засега недостапни извештаи, кои се наоѓаат во архивите на Италија и во други места ќе се овозможи повеќе да се осветли политиката на Италија спрема Македонија во периодот кој ние го третираме.

Г Л А В А VI

ИТАЛИЈАНСКАТА ПОЛИТИКА КОН МАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОДОТ ОД 1903 ДО 1914 ГОДИНА

I. ИТАЛИЈАНСКАТА ПОЛИТИКА КОН МАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОДОТ ОД 1903 ДО 1908 ГОДИНА (ОД ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ ДО МЛАДОТУРСКАТА РЕВОЛУЦИЈА)

1. СТАВОТ НА ИТАЛИЈА СПРЕМА ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ

а. Официјална Италија и Илинденското востание

Македонското национелноослободително и револуционерно движење во почетокот на XX век достигнало врвна точка во својот развиток. Повеќегодишната активност на Внатрешната организација за зацврстување на организационите редови и за револуционизирање на македонските поробени маси дала плод. Несекаде во Македонија била разгрената револуционерната дејност. Револуционерната организација проникнала во целокупниот живот на македонскиот народ. Настојувањето подобро да се изгради Организацијата, да се воспитаат најдобрите членови за смело и самопрегорно жртвување во револуцијата претставува една посебна карактеристика на движењето.

Остварувањето на македонската револуција се замислувало низ ред етапни револуционерни акции, а како нивна врвна кулминација требало да дојде вооруженото општонародно востание. Тоа и останало на 2 август 1903 година на Историскиот Илинден кога македонскиот народ се кренал на оружје и пред целиот свет го огласил праведното барање за своето национално и политичко ослободување кое се базирало на неговите легитимни историски суверени права за слободно постоење и независност.

Ненадејното и масовно дигање на народот и широкиот територијален опфат на востаничките дејствија во југозападна Македо

нија без доживеани со ефектот на шокантен удар, како од страна на султанско-беговската власт, така и од потенцијалните балкански претенденти за анексии и делби на Македонија, па и од дипломатските застапници на европските империјалистички сили. Некои од последниве, живеејќи во сопствените илузии до спроти денот на востанието за божемното потиснување на револуционерното движење, неодна били принудени да ја соопштат вистинската состојба на работите.

Италијанскиот конзул во Битола Г. де Визарт, по подигнувањето на Востанието будно го следи влошувањето на ситуацијата во градот и неговата околина. Така, во својот извештај од Битола од 4 август 1903 година упатен до министерот за надворешни работи на Италија, тој вели дека политичката ситуација се влошувала, телеграфските врски помеѓу градот и сите кази биле прекинати од страна на востаниците. Востаниците, исто така, го прекинале железничкиот промет со Ќкши-Су, убивајќи ги и ранувајќи ги војниците чувари на линијата. Истовремено продолжувало иселувањето на населението од Битола и од селата, со што се наголемувале востаничките чети, кај кои растела бестрашноста. Македонските комитети кои дотогаш имале едно повеќе пасивно држење сè повеќе се собирале стремејќи сè да преземат офанзива.[288]

Вестите за заземањето на Крушево од страна на востаниците, а и другите нивни акции во разни места предизвикале, според зборовите на италијанскиот конзул, доста силна паника во Битола. Улиците биле полни со војска, бидејќи постоел страв од репресалии на турските фанатизирани маси. Македонските комитети се надевале дека заостручувањето на ситуацијата ќе предизвикало интервенција на европските сили во македонските работи. Несигурната ситуација предизвикале испразнување на складиштата со жито и огревен материјал.[289]

Италијанскиот конзул, исто така, многу внимателно ја следел активноста на рускиот конзул во Битола Ростковски. Во таа смисла тој го регистрирал патувањето на рускиот конзул во прилепската каза, огништето на револуционерната активност, во втората половина на месец јули 1903 година. Тој пренесува некои мислења дека Ростковски во селата Старавина и Градешница (Мариово) се сретнал со повеќе членови на револуционерната организација. Истовремено тој ги поттикнувал да покренат едно поопшто општо движење, ветувајќи им дека ќе го прекрати ведната секое движење на турските војски, предизвикувајќи интервенција на Русија. Според мислењето на Г. де Визарт било можно Ростковски да ги имал советувано овие членови на револуционерната организација - со кои од порано бил во врска - да чекаат и да останат спокојни. Меѓутоа, продолжувал тој, привржениците на македонските комитети, на овие средби им дале такво значење, кое уште повеќе ја потенцирале силата на револуционерното движење.[290]

Какви и да биле претпоставките, Турците биле убедени дека рускиот конзул Ростковски се упатил во Мариово (каде не Прилеп) за да ја поттикне револуционерната пропаганда и го поткрепувале таквото тврдење со неговото движење по судирот кај с. Цапари (предмет на еден претходен извештај на Г. де Визарт) кога тој ги повикувал селаните да ги погребаат убиените револуционери, бидејќи тие умреле за слободата.[291]

Меѓутоа, вакватата активност на рускиот конзул била оценета од турските власти како предизвик и тој беше убиен од еден турски жандарм на стража.[292]

Убиството создало нова внатрешна и меѓународна затегнатост. Среде дипломатскиот кор и владетските власти се прошириле вести дека при церемониите на испраќањето на неговите останки од Би-

тола ќе бидат извршени атентати со бомби уште пострашни од оние во Солун. Поради тоа Хилми-паша одржал состанок со конзулите советувајќи се за мерките за безбедност.[293]

Во врска со гореспоменатото интересно е да се спомене дека англискиот конзул во Битола Џемс мак Грегор му соопштува на амбасадорот во Цариград и за гласовите во Битола, по убиството на Ростковски, дека муслимански фанатици подготвуваат сличен атентат и против францускиот и италијанскиот конзул.[294]

Меѓутоа, и покрај се италијанските дипломатски претставници сепак сеуште не ја увидувале суштината на постоењето на македонското револуционерно движење и неговите главни сподвижници т.е. поробените народни маси. Тоа може да се види и од првичното реагирање на италијанскиот амбасадор во Цариград Маласпина во својот извештај од 8 август 1903 година упатен до министерот за надворешни работи. Во него тој сугерира за тоа како да се спречи влошувањето на ситуацијата велејќи меѓу другото: "Е, на крајот, исто така мое мислење, и сподолувано од поголем дел од моите колеги, дека ако се сака да се постигне во пократко време да се врати спокојството во Македонија, ќе треба силите да направат сериозни и енергични притисоци врз бугарската влада за да попречи да се формираат и да се снабдуваат во Кнежевството четите кои се префрлуваат без престан на отоманската територија,"[295]

Во истиот извештај маркизот Маласпина зборува "за жестокостите" извршени од четите, за жените и за децата не само Турци но исто така "Грци" убиени од "Бугарите", за разрушените села, јавувајќи известувања пристигнати од Високата Порта. Меѓутоа, критикувајќи го овој документ, познатиот италијански публицист Анџело Р[illegible] ричиоли вели: "Маласпина не зборува за жестокото и брутелното задушување извршено од редовните редифи, од Албанците, од башибозуко[illegible]

Меѓутоа, нам ни зборуваат други очевидци[296] и нам ни зборуваат бедните жители кога, дојдени за да бидат испитани од воените помошници на некои Сили, целото население, жени, деца ги обиколуваат патниците 'викајќи молејќи за милост да ѓи заштитат, да ги одведат не е важно каде, на крајот од светот, за да ги избават од бавното измачување.' "[297]

Демантн на тврдењата на Маласпина наоѓаме и кај еден од најдобрите познавачи на Балканот и посебно на Македонија Вико Мантегаца.[298] Тој меѓу другото пишува: "Малубројните личности, кои ги посетија овие места во навечерието на востанието од 1903, малубројните личности кои можеа малку да навлезат во внатрешноста каде што не постојат повеќе врски, нити патишта, каде за да се оди од еден крај во друг треба да се качува по врвиците како кози, можеле да видат овде овде урнатини и остатоци од цели села разурнати од отоманските солдатески за малку време за да се одмаздат за еден пораз претрпен во судирот со некоја бугарска чета од која биле нападнати."[299]

Во секој случај, ако денес внимателно се проанализира, погореспоменатиот извештај на Маласпина од 8 август 1903 година, изработен - како самиот тој наведува - врз основа на разговорот со своите дипломатски колеги, како и врз основа на информациите што ги имал добиено од највисоките претставници на турските власти, може да се заклучи дека италијанскиот амбасадор, токму поради изворите од каде што ги добивал информациите[300] не можел да си создаде вистинска слика за настаните и за нивната суштина, што во Македонија се одиграле во текот на Илинденското востание во 1903 година. Тој, секако, од своето службено место и функција ѓи следел настаните во Македонија и ја сфаќал сериозноста на ситуацијата. Меѓутоа, тој не сфатил дека "безредијата" во Македонија не

се само безредија или стихиен бунт, туку добро организирано општо народно востание во кое учествувале повеќе десетини илјади вооружени и невооружени Македонци и припадници и на други народности што живееле во Македонија, и дека тој револуционерен напор бил врвен дострел во дотогашната борба на македонскиот народ за ослободување од вековното ропство на Отоманската империја. Исто така италијанскиот амбасадор во Цариград не разбрал дека вооружените чети се воената сила на Внатрешната револуционерна организација и на македонскиот народ, т.е. оние исти чети на Организацијата, што со години пред Илинденското востание, воделе битки ширум Македонија против турските насилници и бесправијата на феудалниот режим, што го угнетувал македонскиот народ. Имајќи го предвид ова сосема е неодрживо неговото гледиште дека за настаните во Македонија во 1903 година била исклучиво виновна Бугарија, заради што се препорачувало големите сили да извршат притисок врз неа да не формира и да не испраќа чети во Македонија.[301] Впрочем прашањата за односот на Бугарија кон Македонија и кон илинденските настани од 1903 година се познати и во историографијата веќе и објективно се осветлени. Се разбира, дека на Отоманската империја и на други надворешни сили им конвенирало да протураат вести дека вооружените чети биле престапници и безредници што убивале невини Турци и Грци и дури жени и деца, што никако не може да ја одразува вистината. Целите на македонските востаници од 1903 година и воопшто, се познати како што е познато и тоа дека тие се бореле против системот на насилието и против неговите претставници во Отоманската држава и за здобивање на национална слобода.

Од споменатиот извештај на Маласпина, можат да се потврдат извесни гледишта што во тоа време биле застапувани и во кои во круговите на европската дипломатија, се верувало. Така, напр.,

се верувало дека ситуацијата во Македонија и во Отоманската империја било резултат исклучиво на антагонизмот помеѓу христијаните и муслиманите и дека коренот на востанието требало да се бара исклучиво во Бугарија. Разбирливо е, дека сето ова било резултат на непознавањето или не несаканото да се запознае вистинската состојба и борбата на македонскиот народ за ослободување од турската власт. И покрај сè, највештејот на Малеспина, сепак ни дава извесни податоци, како на пример, приличен број локалитети каде востаничките дејства дошле до најголем размер, а е поточен, релативно точно, и бројот на вооружените востаници. Од посебно значење што Малеспина ни укажува на моќните ригорозните воени и полициски мерки што турските власти ги презеле за да го задушат востанието, што е пак своевидна потврда за силината, за размерот и за размерот на востаничките дејства во Македонија. На крајот, треба да се каже и тоа, дека стекнува збор за највештеј кој е сочинет од податоци што во даденот момент на амбасадорот му ги дале турските власти, и тоа, такви какви на нив им се чинеле оportуни. Се разбира дека Малеспина никаде не излегол од рамките што би можеле да го загрозат неговиот дипломатски статус што го уживал во одредена средина.[302]

Во врска со новонастанатата ситуација во Македонија по избувнувањето на Востанието, споменатиот Малеспина разговарал со министерот за надворешни работи и Големиот везир. Во текот на разговорите тој стриктно инсистирал кај Големиот везир за потребата од превземање на енергични мерки, со цел да се спречат, од страна на муслиманското население, евентуелни репресалии, кои според него претстевуваат една од главните опасности за положбата во Македонија. Ова се налагало да се преземе што побрзу, за да се попречи Востанието да добие уште поголеми размери. Италијанскиот амбасадор ја искористил оваа прилика исто така да му сигнализира не

Ферид паша за стравот од нови атентати во Солун и за можни репресалии, за кои споменувал италијанскиот конзул во Солун ди Ревел, во извештајот од изминатиот 31 јули, кој го упатил до него и до министерот за надворешни работи.[303]

По добивањето на известувањата од своите дипломати во Цариград, Софија, Битола и др. за избувнувањето на востаничките акции во Македонија, италијанската влада веднаш реагирала известувајќи ги своите амбасадори кај големите сили и агенцијата во Софија за содржината на добиените извештаи. На барањето на турскиот амбасадор во Рим, италијанскиот министер за надворешни работи Морин да интервенира во Софија со цел да престане бугарската влада да испраќа вооружени чети во Македонија, му било одговорено дека: "постојана желба на италијанската влада била да се ангажира во оние, кое може да придонесе за повторното воспоставување на редот и мирот во Македонија и затоа радо му наложил на италијанскиот дипломатски агент во Софија да ги повтори италијанските пријателски препораки и предупредувања."[304]

Италијанскиот амбасадор во Цариград и во својот извештај од 11 август упатен до министерот за надворешни работи, известува за разните судири на отоманските трупи и востаничките чети во Македонија, за продолжување на динамитните атентати, пожари, ненадејни напади против села и атентати на железничките линии.[305]

Покрај во Битолскиот вилает, револуционерното движење се засилувало и во Скопскиот вилает. За сва ни зборува извештајот на италијанскиот конзул од Скопје од 7 август 1903 година упатен до министерот за надворешни работи во кој меѓу другото се зборува дека стотина луѓе кои неодамна беа ослободени од затвор заминале од градот за да се приклучат во востаничките редови. Поголема активност била сигнализирана во Малешевијата.[306]

Меѓутоа, најголем одраз бурните настани во Македонија, наоѓаат во извештаите на софискиот дипломатски агент на Италија Империали. Тој внимателно го регистрира односувањето на бугарската влада која сеуште немала во дадениот момент вистинска претстава за пропорциите на востанието во Македонија и се ограничувала на искажувањето на надежта дека големите сили ќе интервенираат со цел да спречат една многу пожестока репресија, од страна на Империјата.

Во текот на разговорот на бугарскиот претседател на владата Петров со италијанскиот дипломатски агент, на првиот му е укажано ~~Виницки~~ владата да истрае во мирољубивото и коректно држење кое дотогаш било спроведувано во однос на Империјата стремејќи се да се смират духовите, и истовремено вршејќи повеќе од кога и да е било порано ригорозен надзор на границата за да се спречи преминот на чети, оружје и муниција.[307)]

Во својата телеграма бр. 1982 од 8 август 1903 година упатена до министерството за надворешни работи во Рим, Империали ги одбива разните инсинуации дека Бугарија била одговорна за избувнатото востание во Македонија, неѓирајќи дека бугарски офицери и вооружени чети биле префрлувани преку бугарските граници. Од друга страна тој ја обвинува Империјата дека не го исполнила ветувањето да ги подобри условите на населението во Македонија и се обидува сега да ѝ ја припише на бугарската влада одговорноста за влошената ситуација. И по овој повод е потенцирано коректното држење на софискиот кабинет по однос на интервенцијата во Македонија по испратените предупредувања од големите сили.[308)]

Меѓутоа, ваквите констатации Империали набрзо ги промени во извештајот од 12 август 1903 година упатен до министерот за надворешни работи Морин. Тој во него укажува по разговорите шт

ги водел со високите личности на бугарската влада дека по проширувањето на востанието во Битолскиот вилает и во деновите кога се водела борба во близината на Кнежевството, владата се покажувала апсолутно немоќна да истрае во дотогашното свое држење и да им попречи на Бугарите да ги помагаат, со сите средства, нивните браќа, кои се бореле за да го отстранат омразеното ропство на вековниот непријател, и во овие денови, 'околност уште потешка', владата не ќе биде ниту посигурна во тоа дека е слушана од војската."[309]

Во врска со горенаведеното Империали сметал да им забележи на своите соговорчици дека таквата промена на линијата на однесување мудро и разумно одржувана сè досега од Бугарија, непогрешливо ќе довела до војна, изложувајќи го Кнежевството на сериозни опасности, од кои ќе биде невозможно на силите да го обезбедат од евентуалниот воен пораз од Турција.[310]

Во контекстот на вака заострената положба Империали изведува заклучок дека дадената ситуација укажувала на тоа оти била бонкротирана работата на двете сили (т.е. Австро-Унгарија и Русија), кои откако ги имале измислено и конкретизирано фамозните реформи[311] ја имале преземено задачата во прв ред да ја надгледуваат нивното прилагање. Во дадените околности, според неговото мислење, не останувало некое друго практично решение за реформите освен една колективна интервенција, брза, енергична, согласна од сите големи сили, за да се принудела Високата Порта да примени во потодно време, секала или не, не повеќе палијативни, туку ефикасни средства, способни да стават крај без натамошно задоцнување на една состојба на работите, која ако продолжела, ќе завршела порано или подоцна со тоа да го направи невозможно одржувањето на мирот на Балканскиот Полуостров.[312]

Италијанскиот дипломатски агент во Софија, покрај од

бугарската влада за избувнатото востание во Македонија, бил информиран и од делегатите на задграничните претставници на ВМРО во Софија. Така Христо Татарчев, кој според зборовите на Империали, се насловувал себеси како "делегат на Внатрешната организација за странство" дошол на 10 август во италијанската агенција во Софија и му оставил писмо на агентот во кое била формулирана една изјава на ВМРО со цел да биде доставена до големите сили. Империали доставил копија од приложената изјава на својот министер за надворешни работи Мории со забелешка дека тој не сметал за потребно на истата да даде одговор.[313)]

Империали внимателно ги прател чекорите кои ги преземале Австро-Унгарија и Русија во однос на Отоманската империја по убиството на рускиот конзул во Битола Ростковски. Тој сметал дека ниту Русија ниту Австро-Унгарија немале намера поенергично да интервенираат во работите на Империјата, освен преземање на некои мерки со кои би било задоволено јавното мислење во нивните земји а и вршење на притисок врз востаничкото движење со цел да не добие уште поголем замав.[314)]

На навестувањата искажани од бугарскиот претседател на владата Петров дека Бугарија во случај на натамошно влошување на ситуацијата во Македонија би можела да интервенира со оружје, од страна на Империали во тек на еден разговор му било укажано дека тој како претставник на сила, незаинтересиран пријател на Бугарија, но исто така и силен поборник за одржување на мирот на Балканскиот Полуостров и покрај околностите во кои би се нашла Бугарија сметал дека немало основа за вооружено вмешување. Сообразно на категоричните заповеди на неговата влада Империали не можел да се воздржи а да не препорача на бугарската влада да не прифаќа агресивно држење и да презема ризични решенија кои ќе ѓи оттуѓат

од Кнежевството симпатиите и расположението на Европа. И по овој повод и е укажано на бугарската влада дека не ги преземала сите неопходни мерки за надзор на границата со кои би се попречиле преминот на луѓе и дотур на оружје во Македонија.[315]

Земајќи ги предвид сите околности, му пишува Империали на министерот за надворешни работи Морин, не можело да се предвиди што би се случило во поблиска или подалечна иднина. Сето зависело од евентуалното ширење на востанието во Македонија, од методите за задушување применувани од Турците, и на крајот и најважно од сè, од влијанието кое врз крајното решение на принцот Фердинанд можела да го врши перспективата за опасностите од евентуално преземена војна против Империјата во услови на војничка неподготвеност на земјата, ставени во споставување со оние од евентуална внатрешна револуција поради неангажирање во Македонија, или уште полошо, со евентуален атентат против личноста на принцот.[316]

Меѓутоа, за разлика од Империали кој доста ја потенцира улогата на Бугарија во развојот на натамошниот тек на настаните, италијанскиот конзул во Битола пореално ја сфаќа улогата на самиот востанички фактор во вкупната димензија на положбата во Македонија и во целата Империја. Во тоа не мала улога имал и фактот дека тој можел одблизу да го следи текот на борбите меѓу востаниците и турската армија но и жестокостите вршени од страна на последната врз населението.

Имено, на италијанскиот конзул во Битола му биле испраќани податоци од страна на револуционерната организација за насилствата извршени од страна на турската солдатеска во текот на Илинденското востание. Таквите податоци тој ги испраќал до своите претпоставени како доказ за доста сериозната ситуација што владеела во овие краишта. Така во својот извештај од 17 август упатен до

амбасадорот Маласпина во Цариград и министерот за надворешни работи, италијанскиот конзул Г. де Визарт, зборувајќи за политичката ситуација во Битолскиот вилает, им доставува еден циркулар испратен до конзулите на големите сили во Битола од "Врховниот главен штаб на II-та дивизија на Македонско-одринскиот комитет" (Главен штаб на битолскиот округ). Овој штаб се наоѓал на врвот Кобедоносец (изнад Смилево кај Битола). Циркуларот бил со дата од 30 јули (стар стил), 12 август 1903 година.[317]

Треба да се истакне и тоа дека до италијанскиот конзул во Битола бил испратен и еден Ед-мемоар на Главниот штаб на вториот револуционерен округ, датиран од 12 август со кој му се доставуваат нему, а и на останатите конзули на големите сили податоци за нивно запознавање со злосторствата што ги извршиле турските власти. Меѓутоа, во него е истакната и одговорноста на големите сили за сторените насилства од страна на турските власти.[318]

Интересно е да се спомене дека италијанскиот конзул во Битола, исто како и италијанскиот дипломатски агент во Софија, како главен виновник за ужасната политичка ситуација која владеела во овие краишта го сметале австро-рускиот договор од 8 февруари 1903 година т.е. на нивната реформна програма за Македонија.[319]

Извештаите на италијанските дипломатски претставници кои со драматичен тон известувале за ситуацијата во Македонија ја натерале италијанската влада повеќе да се заинтересира за влошената положба. Така в. "Реформи" од Софија од 10 август 1903 година го пренесува пишувањето на "Јапрешајоп" бр. 182 од Рим во кое се вели: "Независно од австро-руската акција, италијанската влада направи одново овие денови дипломатски постапки во Цариград, по однос смирувањето во Македонија. Италијанскиот претставник ѝ предал на Портата нота што е приготвена врз основа на извештаите на италијан-

ските конзули. Во таа нота се укажува дека е невозможно да се сми ри Македонија наполно, додека не му се дадат на населението извес ни реформи ветени од Султанот. Италијанската влада се погрижи да докаже дека со давање автономија на Македонците, Турција нема да загуби ништо. Напротив таа ќе спечали многу ... Притоа минис тер претседателот продолжи дека Портата може, при разрешување пра шањето за автономија на Македонија, да побара од силите здрави гаранции за запазување суверенитетот на Султанот и во тој однос Султанот ќе може да смета на полна поткрепа од страна на Италија".[320]

Италијанската влада покрај на дипломатски план, по заострената ситуација во Македонија одговорила и со воени мерки. Та ка в. "Дом" од Загреб за м. август 1903 година пишува, според изјавите на очевидци, дека: "Кога во Солун дојдовме немаше никого освен турски бродови а веднаш утредента дојдоа два италијански во ени брода, а на петти (август) пак други три, а велат дека ќе до дат уште бродови. Во пристаништето Солун најдовме еден француски изгорен брод кого, некои велат, Турците го запалиле..."[321]

Интересно е да се истакне фактот дека внимателно го сле ди развојот на настаните во Македонија и италијанското воено мини стерство. Така неговиот оддел "Операции-колонијална служба" изработувал посебни про-мемории за македонското и албанското прашање со излагање за воени мерки преземан од различни заинтересирани држави. Така во Промеморијата бр. 8, испратена од Командата на ко рпусот на главниот штаб до министерот за надворешни работи, се з зборува за ситуацијата кај муслиманското и христијанското населе ние во Косово и Македонија и за воените подготовки на Отоманската империја. Исто така се зборува за судирите меѓу турските сили и востаниците; за атентатите кои биле вршени од страна на востаници те врз железниците и телеграфите и тоа дека постојаните грабежи

од страна на турските одреди по селата доведување до зголемување на бројот на востаниците во четите. Исто така се истакнува дека Востанието најсилно се одразило во Битолскиот вилает - дека Крушево било ослободено и дека овде бил Главниот штаб на Востанието.[322]

Доминантно место во оваа Про-меморија зазема и прашањето за убиството на рускиот конзул во Битола Ростковски и последиците кое тоа ќе ги имало врз меѓународните односи. Се оценувало дека тоа не ќе имало посериозни последици врз мирот, бидејќи Русија не била наклонета да интервенира со сила, туку ќе се ограничела на барањето за примерно казнување на обвинетиот војник или на обвинетите, со оштета за вдовицата на умрениот конзул и некоја гаранција од морално значење за во иднина.[323]

Про-меморијата бр. 9 од гореспоменатата италијанска команда го носи датумот 11 септември 1903 година. Зборувајќи за ситуацијата во Македонија, во неа сепак се увидува кога се поставува прашањето за улогата на Внатрешната организација и нејзините водачи во водењето на Востанието, се потенцира улогата на врховистичкиот генерал Ончев, потоа Сарафов, а за вистинските водачи воопшто не станува збор, но не само во овој извештај. Дали поради непознавање на дејците на ВМРО или од други причини, за што нешто погоре е и споменато, е прашање кое во иднина би требало повеќе да се проучи.

Во Про-меморијата посебно се критикува програмата за реформи произлезена од погореспоменатиот австро-руски договор, бидејќи имала суштествени недостатоци во себе, или бидејќи малку била приспособена на амбиентот или на личностите на кои и од кои требаше да се прилагоди и со оглед на тоа не ги задоволила очекувањата.[324]

Интересно е разгледувањето на еден предлог за "Привремена окупација" т.е. вооружена интервенција на Русија, Австро-Ун-

нгарија и Италија со цел за смирување на ситуацијата во балкански
те делови на Отоманската империја. Русија ќе требаше да ги окупи-
ра Дарданелите и блискиот регион, Австро-Унгарија провинциите ре-
сположени помеѓу границата и Солун, а Италија ќе ја окупираше
Албанија.[325]

Во Про-меморијата се разгледуваат и предлозите на
"Востоничкиот комитет" конкретизирани во еден проект со цел за
разрешување на македонското прашање. Текиот проект кој ќе биде
достaвен на Султанот и на сите кабинети на големите европски си-
ли, се состоел од 13 члена. Во него меѓу другото се барало след-
ното:

1. Реорганизирање и групирање на вилаетите во четири провинции и тоа: Албанија, Македонија, Стара Србија, Тракија одни кистрешливо автономни, но кои ќе го признаваат врховниот суверенитет на Султанот.

2. Именување на еден провинциски комесар, по потекло и националност европеец, кој ќе останел на должноста три години, и на кого ќе биде доделено управувањето со провинцијата.

3. Именување на една европска комисија, која помогнета од делегатите на провинциите, ќе се занимава со административно уредување, останувајќи на должност се дотогаш додека таквото ново уредување не биде во состојба да функционира.

4. Формирање во секоја провинција на една меѓународна и домашна жандармерија, за одржување на јавниот ред.

5. Создавање на еден корпус на трупи на доброволци, кој ќе го гарантира интегритетот на провинциите и ќе учествува заедно со жандармеријата во одржувањето на редот.[326]

На крајот во Про-меморијата се набележуваат воените мерки кои ги презеле балканските држави и големите европски с

ли по повод заоструваьето на ситуацијата во Македонија. Што се однесува до Италија и таа требала да преземе такви мерки со оглед на непријателствата искажани од турските власти како напр.: убиството на младиот рибар Луицини извршено од агентите на турската полиција, навредата направена на италијанскиот конзул во Битола со повикот на презривото име "Гаур", удирањето на еден Италијанец вработен кај Поштенската агенција за руската пловидба. Овие инциденти претставувале мотив за владата да бара соодветно задоволување и оштетеж Исто така и се советувало на владата во секој случај да се собере во водите на Сицилија медитеранската ескадра.[327]

На дипломатски план, италијанската влада врши интензивни консултации, со посредство на своите амбасадори кај големите сили, со нивните влади во врска со ситуацијата во Македонија. Преку нив таа го дознава ставот на останатите сили кон Илинденското востание. Паралелно со ова, министерот за надворешни работи Морин, по нивно барање, им ветува на претениците на Русија и Австро-Унгарија во Рим, дека владата ќе се придржува на програмата во врска со смирувањето на востаничкото движење во Македонија и во никој случај нема да им даде подршка ниту на Високата Порта ниту на Бугарија за да се спречи реализирањето на овие мерки. Истовремено, Морин бара од италијанските претеници заедно да истапуваат со своите колеги во Цариград и Софија, за вршење притисок да не се попречува извршувањето на мерките предвидени со програмата на двете најзаинтересирани сили за Балканот и Македонија.[328]

Сообразувајќи се со горенаведеното, италијанскиот амбасадор во Цариград Маласпина, на 26 септември, по претходно направениот демарш до Портата, по повод заострената ситуација во Македонија, од страна на амбасадорите на Австро-Унгарија и на Русија, му изјавил на отоманскиот министер за надворешни работи дека:

"Италија, истрајувајќи во своето држење во однос на австро-руската програма, на која сите сили се имаат присоединето, продолжува да ја дава својата поддршка, и покрај тешкотиите што нејзината реализација сега ѝи среќавала."[329]

Паралелно со ова, тој одново и сериозно го повикува вниманието на министерот за надворешни работи и големиот везир за злосторствата извршени од страна на турските војски во македонските окруѕи. Маласпина на двајцата им укажал дека, според она што бил информиран од кралските конзули, таквите злосторства продолжувале да се извршуваат. Ова се случувало и покрај повторените уверувања дадени од Високата Порта дека строги наредби по тој повод биле издадени на воените власти. Амбасадорот, им обрнал внимание, дека сериозна била одговорноста која притискала врз царската влада, заради настаните кои се случиле а беа нејзина неодложна обврска не само да ги спречи, туку и строго да ги предупредува со секакви делотворни мерки. Во изјавата на италијанскиот амбасадор исто така е истакнато дека длабоката и тешка импресија која злосторствата ја создавале можеле да има за Империјата најсериозни последици кои не можеле да се предвидат и би требало сѐ да се направи тие што побрзу да се прекратат.[330]

И додека се одвивале вакви дипломатски консултации меѓу големите сили, положбата на населението во Македонија продолжувала да се влошува. Од друга страна, и по намалувањето на интензитетот на вооружените судири помеѓу турските трупи и востаниците италијанскиот конзул во Битола со несмален интерес го следи на тамошниот развиток на политичката ситуација во овие краишта. Така во својот извештај од 4 октомври 1903 година, упатен до министерот за надворешни работи на Италија Морин, меѓу другото се вели дека, се вршело непрекинато разместување на трупи кое довѓало по

противречни наредби и противнаредби мотивирани од несигурноста на политичката ситуација.[331] Во истиот извештај конзулот зборувал и за формирање од страна на главниот инспектор Хилми-Паша на една мешовита комисија, составена од членови на месното христијанско и муслиманско население, со цел да помага во примената на реформите и заштитата на локалните интереси, секако само во својство на советници. Меѓутоа, тој истакнува дека на теренот не се верувало во тоа дека таквата комисија ќе можела да ја промени постојната ситуација. Единствената цел на нејзиното формирање била "фрлањето на прашина во очите" и настојувањето да се убеди европското јавно мислење во целисходноста на предложените реформи. Именувањето на христијанските полјаци не довело до некои поконкретни резултати со исклучок во некои села. Полјаците Турци биле подобро вооружени од истите такви со христијанско потекло, освен тоа овие последните немале кај муслиманите било и каков да е авторитет.[332]

Италијанскиот конзул сметал дека австро-рускиот проект за реформи не претставувал ништо друго туку еден моментален лек, кој не можел ништо друго да направи освен само да ја усложни постојната ситуација. Тој не служел на ништо друго освен на зголемувањето на влијанието на Балканскиот Полуостров на двете сили најзаинтересирани да извлечат корист од несреќните политички пресврти. Негово мислење било дека "<u>реформите ќе требало да започнат од центарот а не од периферијата</u>!". "Ако во главните градови на Империјата се досега е зачувано едно релативно спокојство, имав прилика лично да констатирам дека условите во селата се повеќе од мизерни; исто и таму каде што немало крвопролевање, грабежи какви што се случувало во Крушево, Смилево и во околу стотина други села, речиси сите оплакуваат по некој од фамилијата и не се сигурни за својот живот", вели во погореспоменатиот извештај италијанскиот кон-

ул во Битола.[333] Исто така тој ја обвинувал дипломатијата на големите сили дека веќе триесетина години шпекулирала со антагонизмите меѓу Турците и христијаните и меѓу самите овие последни со цел да се одржи латентниот судир помеѓу нив. Истовремено со тоа се` повеќе се зголемувале мотивите за странското вмешување и но контролата од двете големи империи во источните работи.[334]

Г. де Визарт ги побивал официјалните извештаи кои тврделе дека во Битолскиот вилает владеел мир и дека востаниците го предале оружјето.[335] Напротив, тој констатирал дека продолжувало формирањето на нови чети и меѓу другото укажува на формирањето на три нови чети кои од пред извесно време се наоѓале во моровските планини. Постоењето на четите било неоспорен факт и предвидувал дека, можеби само зимата ќе можела да ја прекине нивната активност, која меѓутоа одново ќе се манифестирала наредната пролет, условувајќи други меѓународни политички компликации.[336]

Паралелно со регистрирањето на борбите меѓу востаниците и турските трупи во извештаите на италијанскиот конзул од Битола се среќаваат податоци за штетите што ги направиле трупите и башибозукот врз селските населби. Така во прилогот на извештајот на споменатиот Г. де Визарт од Битола од 15 октомври 1903 година е даден список од 114 целосно или делумно опожарени села во Битолскиот вилает. Не било можно точно да се определи населението на споменатите села, бидејќи статистиките не биле сеопфатни туку се земало просечно на секоја селска куќа по 5 жители. Според вака извршените проценки произлегувало дека околу 50 000 луѓе во целиот Битолски вилает беа останати без покрив. Со оглед на ваквите димензии на разурнувањата одобрената помош од страна на отоманската влада за повторното изградување на живеалиштата, конзулот оценувал дека немале да биде доволни за потребите.[337]

Во потсеќаното известување се регистрирани судирите на востаниците и отоманските трупи во реонот на Горниово на 9 октомври 1903 година, кога и од страна на востаниците и од отоманската војска биле големи загубите и се проценувале на повеќе од стотина загинати на двете страни. Исто така бил регистриран и судирот на планината Пелистер, во кој биле убиени околу 43-49 востаници и шеесетина османски војници.[338]

Со наближувањето на зимата, која била особено сурова во овие краишта, а и другите околности ги натерале востаниците да ја прекинат борбата до наредната пролет. Австријанскиот конзул во Битола Г. де Виларт пишувал дека раководството на македонскиот комитет издало испратено наредба: новопристигнатите во редовите на востаниците да се користат со вооружје одземено од отоманската војска по можност без оружје и/или во најлош случај со пушки од постар модел. Меѓутоа, сите индиции, веќе тој, наведувале на мислење дека комитетите немаат да ја прекратат агитацијата која ќе била одново продолжена со неомален интензитет и продолжил дека, ако средствата кои дотогаш биле употребувани не би биле доволни да го пресечат горниевиот јазол на македонското прашање, тие ќе ѓи употребат бомбите и повторно ќе ги продолжат атентатите.[339]

Интересно е да се истакне дека истовремено со продолжувањето на востаничките акции растело и незадоволството од австро-руската политика спроведувана во Македонија. Незадоволството се изразувало со размислувањата да се напушти православната религија и да се прифати католичката или унијатското вероисповед. "Пр обрнувањата во секој случај посредно ќе му користат на австриското влијание, бидејќи францускиот протекторат врз католичката мисија во Битолскиот вилает е повеќе одошто номинален. Австрискиот конзулат има широки врски кај истата (се мисли на католичката миси-

ја б.и.) која сигурно нема да остави да опадне (австриското влија
ние, б.и.), со оглед на тоа што религијата секогаш била на Исто-
кот едно одлично, можеби најдобро средство за пропаганда", вели
Г. де Визарт.[340])

Со цел да ги оствари своите замисли во овој правец австро-унгарската влада го зголемила персоналот на конзулатот во Битола, испраќајќи еден конзуларен помошник и му ставила на него на располагање големи средства за шпионирање, истовремено засилувајќи го процесот на вовлекување меѓу народните маси.

Италијанскиот конзул истовремено внимателно ги следи акциите на конзулите на Русија и на Австро-Унгарија кои продолжувале да интервенираат кај генералниот инспектор Хилми-паша за при лагањето на реформите.

Според проценките на италијанскиот конзул во Битола, резултатите од реформите биле слаби и реформната програма можела да се оцени како наполно пропаднета. Со прифаќањето на реформите не биле исполнети стремежите на христијаните за постигнување на лична сигурност, пред сè во селата каде што биле поголеми злоупотребите, ниту била добиена една поправедна администрација која ќе обезбеди поголема правда, ниту дали било постигнато нешто повеќе во уредното исплаќање на цивилните и воените функционери и на војниците. Од друга страна, редовните турски трупи, потоа башибозукот се одлале на грабежи, колежи и на секаков друг вид на насилства против христијаните. Големите издатоци направени од отоманската влада не само за одржувањето на многубројните трупи, но исто така и за прилагањето на реформите (т.е. административните реформи, издатоците за европската жандармерија која однесувала толку средстви без да имала некое влијание) ја влошиле економската положба на сите функционери, во застанување било нивното исплаќање за разлики

месеци, нешто кое имало жалосни последици. Иradијата на султанот, комбинирани со желбите на Австро-Унгарија и на Русија, според Г. де Визарт, можеле до бескрајност да се зголемуваат, но тешко дека ќе ставеле крај на вкоренетиот систем. Од друга страна, дошло до чувствително намалување на приходите на Империјата и поради големата економска криза во која западнало христијанското население.[341])

Како резиме на досега кажаното за ставот на официјална Италија кон Илинденското востание може да се каже дека ова беа ја изненадило и вознемирило како и останатите големи империјалистички држави. Италија инсистирала, како и во предилинденскиот период, на зачувување на статус-квото, на мирот и на рамнотежата на Истокот, е била против една нова ситуација која би одела на штета на нејзините интереси. Таа била за една статична политика спрема Отоманската империја, спрема балканските држави и спрема големите сили. Таа посакува да се зачува интегритетот на Отоманската империја, зошто нејзиниот неутрален карактер го сметала како гаранција за развитокот на Истокот на нејзините позитивни социјални интереси, и дека таа била сила која може да го гарантира, подобро од секоја друга, неизменувањето на рамнотежата и на статус-квото помеѓу големите сили на Исток.[342])

Кога се зборува за горенаведеното, не треба да се заборави и фактот дека правилен тон на италијанската политика кон настаните во Македонија и даваат и извештаите на италијанските конзули во Македонија кои будно го следат текот на востаничкото движење, со што и се овозможило на италијанската влада да завземе по соодветни насоки во однос кон Отоманската империја. Извештаите обилуваат со реални факти за главните носители на востаничкото движење иако се забележуваат и извесни отстапувања од нивните принципиелни гледишта кога се работи за активноста на надворешните

фактори кои настојуваат да се вмешаат во македонското национално-ослободително и револуционерно движење. Отстапувањата се состојат во тоа што конзулите во извесна мерка го зголемуваат влијанието на вонмакедонските фактори во револуционерното раздвижување во Македонија.

Вооружените судири помеѓу востаниците, од една страна, и турската војска, од друга страна, траеле околу три месеци. Веќе кон крајот на месец октомври 1903 год., востанието било задушено скоро во сите реони. Високата Порта, преку разни начини на пропаганда настојувала да го намали светот за положбата во Македонија. Но, сепак, борбата на македонскиот народ за национално ослободување за време на Илинденското востание, остави изразит впечаток сре де некои кругови на општественото мислење во неколку земји на Америка и во Европа. Печатот беше главен информатор за настаните во Македонија за време и по востанието. Речиси, сите повлијателни весници имаа свои политички и воени кореспондеѓти, како и специјални известувачи во Македонија. Со не помало внимание во странскиот печат е третирана и положбата во Македонија по Илинденското востание

б. Италијанската прогресивна јавност и Илинденското востани

По избувнувањето на Илинденското востание се засилил интересот на прогресивното италијанско општествено мислење за ситуацијата во Македонија. Тоа интересирање претставува само логично надоврзување на она што се одвивало во Италија и пред востанието. Како што е истакнато во поранешното наше излагање, на вестите за се позаострената и несносна положба во Отоманската Империја, во Италија сè повеќе се раширувало движењето во полза на угнетените народи во Империјата - движење, кое било диктирано од хуманоста и сознавањето на општо човеќката солидарност. Насекаде се организирале комитети "Per l'Armenia e Macedonia" ("За Ерменија и Македони-

ја") што се стремеле - преку митинзи и агитација во печатот - да го натераат италијанскиот парламент и владата да дејствуваат за поенергични постапки од страна на Европа во полза на христијанск то население во Отоманската империја.

За одгласот на Илинденското востание од 1903 година во Италија наоѓаме прилози во италијанскиот печат кој и за предилинденските настани доста опширно пишувал за оваа проблематика. Посе бно се истакнувале со своите дописи италијанските весници "Avanti!";[343] "Il Giornale d'Italia";[344] "Corriere della Sera";[345] и др. Покрај во овие, интересни податоци за организационата структура на Револуционерната организација во Македонија, срекаваме, и во некои списанија, како напр. "L'Illustrazione Italiana", што секако ни покажува со каква заинтересираност се следат настаните во Македонија.

Веднаш по избувнувањето на Илинденското востание на страниците на познатиот дневник "Il Giornale d'Italia" се наоѓаат доста материјали за Востанието и за убиството на рускиот конзул Ростковски. Првата редакциска белешка на римскиот весник се ограничувале да коментира: "Е едно политичко разбојништво, повеќе отколку една револуционерна акција... Во сите случаи е поверојатно дека Македонците ќе ја изгубат исто така оваа ограничена морална поддршка доделена од силите."[346] Меѓуов, ваквата оценка ќе биде променета со текот на настаните: на 26 август дописникот од Солун известувал дека Востанието било подготвувано од долго време и да се совладало "е многу тешка работа, да не се рече невозможна, со оглед на енормната раширеност кое ја има попримено"[347] и најпосле во октомври, една редакциска нота заклучува дека "на ужасната состојба во Македонија имаат придонесено подеднакво Револуционерните бугарски комитети, и, турските трупи."[348]

Од овие гледања на споменатиот весник, а и некои други уште пред избувнувањето на востанието,[349] може да се каже дека тој иако не бил изразувач на интересите на руските владејачки кругови, сепак во извесен степен бил туркофилски настроен, и не изгледал да манифестирал многу доверба, уште повеќе симпатија, за револуционерното движење во Македонија. Но сепак треба да се додаде "Il Giornale d'Italia" ја интерпретирал гледната точка на широк дел од либералната класа.

И другите весници различно го коментираат проблемот за разрешувањето на македонското прашање. Конзервативните официјални органи раководејќи се од свои интереси и од својот посебен однос кон балканската политика, го штитеа интегритетот на Отоманската империја и се залагаа за зачувување на територијалното статус-кво. Либералниот печат кој отпрвен беше за спроведување на поумерени реформи, подоцна бараше поенергична интервенција на силите во работите на Отоманската империја. Социјалистичкиот печат повеќе го нагласуваше ставот, дека единствено решение е во автономијата на Македонија.

Избувнувањето на Илинденското востание во 1903 година имало силен одјек кај италијанското општествено мислење кое ги изразувале своите симпатии спрема македонското ослободително дело и барање енергична интервенција за подобрување на положбата во Македонија. Меѓу првите реагирале Стариите гарибалдинци во Венеција кои како што пишувал весникот "Реформи" од 16 август 1903 година тие денови имале собрание во врска со настаните во Македонија и на него ја прифатиле следнава резолуција: "Восхитени од јунаштвото на македонските браќа, кои силно се борат против тиранијата на една влада која е непријател не справедливоста и цивилизацијата, - стариите венецијански гарибалдинци, од името на сите италијански

гарибалдинци им испраќаат свој братски поздрав на македонските борци изразувајќи желба, цивилизирана Европа да го отфрли егоизмот што ја сразмотки, и да се замени во нерамната јуначка борба и да установи во Македонија влада што ќе даде гаранција за мир, правда и прогрес." Во продолжение се вели дека некои од италијанските гарибалдинци се готвеле да се борат за слободата на Македонија.[350]

Како потврда на оваа активност на Старите гарибалдинци, може да ни послужи и писмото на конзулот на Отоманската империја во Венеција од 20 август 1903 година упатено до префектот на градот. Тој го известува за писмото пристигнато од Ферара, во кое се зборува за активноста искажана во корист на македонската кауза.[351] И во таа смисла тој бараше податоци за лицата настанета во овој град, застапник на интересите на македонските востаници а истовремено да се преземат и неопходните мерки за спречување на регрутирање на доброволци од Италија за учество во востанието во Македонија.

Меѓутоа, префектот известува дека, според собраните информации во Венеција и во Ферара, можело да се констатира дека во оваа провинција немало личности овластени за регрутирање во корист на македонските востаници. Исто така префектот на Ферара известувал дека биле непознати во овој град божемните Илио Пиетро Романиди и Манафери Паоло, автори на писмото упатено до Конзулот на Македонија. Овие информации биле упатени до министерството за надворешни работи на Италија, со цел за известување на отоманската амбасада во Рим.[352]

Било како и да било промакедонската активност во Италија била факт. Преку печатот може да се следи и акцијата на јавноста во Италија во полза на македонската кауза.

По набудувањето на Илинденското востание и непосред-

но по неговото завршување, уште повеќе се засилила активноста на веќе порано споменатите комитети "За Ерменија и Македонија", кои преку агитации дејствувале да го популаризираат македонското дело и преку помошни акции да соберат што повеќе прилози во полза на постраданите во Македонија за време на востанието. Низ цела Италија се проширило промакедонското движење. Комитетите "За Ерменија и Македонија" ја зголемиле својата дејност. Непосредно по востанието овој комитет испратил низ цела Италија проглас во кој се вели:

"Во Македонија се води нечовечна борба. На двете страни убиствата продолжуваат. Турците гмеат со топови, Македонците одговараат со динамит. Долго христијаните во Македонија ќе бидат изложени на огинот и гнеот на Турците, долго ќе ги ужасува оживеаниот турски фанатизам и Ерменците кои имаат иста судбина. Во името на поробеното човештво се формира во Милано прв италијански комитет за Ерменија и Македонија, кој брои 4,000 граѓани од сите политички партии. Комитетот ѓи изразува следниве желби: цивилизирана Европа нека бара турската влада да ѓи почитува човечките закони и меѓународните спогодби; автономната управа нека ѓи смири незадоволните елементи од разните народности и нека се запрат верските и племенските окрвави, политиката на италијанската влада со успех нека се замеша во европскиот концерт."[353]

Во споменатиот манифест се обвинуваат големите европски држави, на кои им припаѓала улогата на арбитер, на кои меѓународните договори им ја даваат заштитата на христијанското население, и кои се обврзале, да бдеат над одржувањето на обврските потврдени со Берлинскиот договор, за неизвршување на својата задача.

На крајот во манифестот се инсистира, без нарушување на општиот ред на Отоманскиот исток, за да не се раздразнува завистта и амбициите на големите сили, на потребата да ѝ се осигураат

на Македонија благодетите на редот и на мирот.[354]

Прогласот направен од страна на Миланскиот комитет бил објавен во сите италијански весници и бил дочекан со симпатии од италијанската јавност. Се изразувало согласноста со поставените барања за решение на кризата во Македонија во сите италијански средини. Покрај тоа, и други организации преземале самостојни акции во полза на македонскиот народ. Тоа биле гарибалдинците, на чело со потомокот на Ѓузепе Гарибалди-Ричоти Гарибалди, кои готвеле одред на доброволци, за да притекнат во помош на македонските востаници.[355]

Инаку интересно е овде да се споменат и погледите на Ричоти Гарибалди за решавање на Источното прашање, а во врска со тоа и македонското прашање. Тие се изнесени на собирот во градот Лељано, организиран од Републиканскиот клуб "Епаминонда Ферари", а по покана на Комитетот од Милано се свикани локалните здруженија за формирање на еден потКомитет. По читањето на уводното излагање пратеникот на округот Керло дел Акве е избран за претседател на собирот. Тој го изнел мислењето на човекот кој уживал голема популарност во Италија било поради самата негова личност, било заради неговото потекло како син на Ѓузепе Гарибалди. Тој добро ги познавал причините за борбите на македонскиот и ерменскиот народ. Што се однесувало до македонското прашање и неговото решавање неговите погледи беа идентични со оние на Прозанс.[356]

Програмата на Ричоти Гарибалди била ваше конципирана: 1. Една замислена и подалечна програма која ќе ги содржи сите барања за составот во националното единство на сојузот на разните балкански народи; 2. Една практична програма во моментот, која ќе го допушти територијалниот интегритет на Отоманската империја, но истовремено [illegible] реформите не ќе [illegible] како

зање, туку за мешање на Австрија и Русија во работите на Империјата. Тој се залагал за реформи поставени врз база на согласност на просветените нации.[357]

Истиот Гарибалди изјавил дека ако италијанската дипломатија продолжела и понатаму пасивно да се однесува кон положбата на угнетените народи во Отоманската империја, тој е решен да оди од град во град, од село во село во Италија, и во случај на потреба да собере двесетина луѓе за да однесат помош на населението во Македонија.[358]

Со името на Ричоти Гарибалди се среќаваме и во почетокот на 1904 година во врска со престојот на Сарафов и Гердиков во Рим. Двајцата воделе разговор со маркизот ди Сан Џулиано, а исто така разговарале и со разни новинари. Но извната главна намера била да разговараат со Ричоти Гарибалди.

Во текот на својот престој тие биле будно следени од италијанските власти. Генералниот директор на јавната сигурност Леонарди сметал, дека целта на доаѓањето на гореспоменатите двајца агитатори во Рим, била подготовка за создавање на еден комитет "Pro-Macedonia", кој пролетта би иницирал по цела Италија регрутирање на млади Италијанци, заради формирање на вооружени чети. Потоа тие би биле префрлени во Македонија со цел таа уште повеќе да се разбунтува и да бидат помогнати востаниците. Кандидата на таквите чети ќе му била понуделаи на Ричоти Гарибалди.

Како потврда на ова служи и испратената доверлива информација од италијанскиот амбасадор во Париз, до Министерството за внатрешни работи на Италија - генералната дирекција за јавна сигурност. Во информацијата се велело следново: "Познатиот македонски агитатор Борис Сарафов свдоими изјавено на револуционерите дека оди во Италија, за да се состане со Ричоти Гарибалди и да

го поттикне да формира еден одред на доброволци кои ќе дојдат напомош на Македонија."[359]

Иначу промакедонските одгласи во Италија продолжиле и понатаму во 1904 и 1905 година. Митинзите и собранијата биле одржувани и во овој период. Така, на 12 јуни 1904 година во Палермо бил одржан митинг за Македонците, на кој присуствувале највидните политичари скоро од цела Сицилија. Говорниците во своите истапи ја истакнувале тешката положба на македонското население. Била донесена резолуција со која се повикувале Силите да ја испочитат својата должност.[360]

Треба да се напомене дека италијански претставници го изнесувале својот став спрема настаните во Македонија и на митинзи организирани и во други земји. Најголем број на делегати од Италија, истапувале на митинзите одржувани во Франција. Зоков, напр. бил меѓународниот македонски митинг одржан на 25 октомври 1903 година во познатиот парички театар "Сара Бернар". На овој митинг присуствувале видни претставници на политичкиот и културниот живот не само од Франција, туку и од Велика Британија, Италија и САД. Италијанските делегати Пиетро Мацини и Бочарди (делегиран од Римскиот комитет) во своите излагања зборувале за активноста на промакедонските комитети во Италија. Потоа во своите говори на митингот, тие ја нагласувале сериозноста на настаните во Македонија, и потребата од поефикасна контрола и поенергични мерки за реформирање на Македонија. За овие реформи тие изнесувале и критички становишта.[361]

По востанието, во Италија започнала да се собира помош во полза на настраданото македонско население од Востанието. Повеќето весници отвориле потписи за помош. Папата одделил од своите средства помош за настраданите. Собраните средства биле

испраќани во Македонија и во Бугарија за помагање на македонските бегелци.[362]

По востанието, во Италија биле објавени повеќе студии и летописи за Македонија. Автори биле италијанските новинари и публицисти, кои, пред, во време и по востанието ја посетиле Македонија. Во овие трудови тие ја опишувале положбата во Македонија и инсистирале за изнаоѓување на поволно решение за македонското прашање. Особено во тоа се истакнал погоре споменатиот Вико Мантегаца со својата погоре спомената студија "Macedonia (марш-април 1903)" изработена во Милано во 1903 година.[363] Тој бил автор и на низа дописи објавени во списанието "L'Illustrazione Italiana" во врска со положбата во Македонија во времето на Илинденското востание и по неговото задушување. Покрај својата дејност, тој дури во печатот бил наречен "Македонец".

Вико Мантегаца посебно се осврнува на положбата во Македонија во својата дописка под наслов "Големото востание во Македонија" објавена во споменатото списание од 6 септември 1903 година. Тој го истакнувал фактот дека борбите на револуционерните чети најповеќе се разгоруваат во Битолскиот вилает со оглед на постоечките најповолни услови. "Христијанското население од овој вилает повеќе отколку на друго место привикнато на борба, поподготвено поради што четите примаат сега продолжителни засилувања од илјадници храбри луѓе кои се решени на се."[364] Како пример за вакви решености на населението се споменуваат околините на Прилеп, Ресен и Охрид.

Вико Мантегаца посебно се осврнува на положбата во Битола по избувнувањето на Илинденското востание. Во врска со ова тој меѓу другото вели: "По објавувањето на востанието точно измин тите денови во Битола, градот е нурнат во ужас. Сите дуќани се затворени, никој повеќе не излегува од дома сам: по секој внатре-

шно ја има забарикадирано вратата и подготвено одбрана. Но приблизно, ситуацијата секогаш е таква. Исто така градот веќе јасно е поделен на разни квартали (градски четврти) населени од различно население, и повеќе пати се случило во бугарската четврт населението да трпи полуопсада и да води вистински битки против Турците. Но кој Источното прашање не е на тапет, кој одовде го знае она што ќе се случи во овие краишта? Еден или два месеци после, ќе се појави во некој весник конфузна вест која потполно не заинтересува никого. И ако, случајно, некој угледен весник го подигне гласот, официјалното деманти на Цариград, на кого никој нема средство да одговори, ќе стави крај на секоја работа. Ако валијата персонално им ја испраќа на министрите или на личностите од антуражот на Султанот, здоговорената сума за неговото наименување, сигурно е дека нема да биде вознемирувана."[365])

Вико Јантеаце во споменатата дописка пишува и за елементите кои придонесувале за засилувањето на фанатизмот кај турските маси. Меѓу елементите кои доведувале до тоа особено во Европска Турција и над се во Битолскиот и Скопскиот вилает, посебно ја истакнувал големата емиграција на муаџирите, т.е. Турците бегалци, на оние кои ја имале оставено Босна и Херцеговина и Бугарија друг елемент кој го зголемувал турското население во оваа зона, беа опишо војниците од Анадолија, кои, по поминувањето на нивните седум години во воена служба не знаејќи што се случувало во меѓувреме во нивната куќа и немајќи пари, повеќе сакале да останат каде се и потоа стекло без слободни. Свој свет и за понатаму продолжувал како и порано да живее врз грбот на христијаните. Свој удел во создавањето на уште пожалосна ситуација во Битолскиот вилает дала и грчката пропаганда која била верен сојузник на отоманските власти во борбата против револуционерното движење.[366])

Интересно е да се спомене дека погореспоменатото списание објавувало интересни фотографии, испраќани од местата на востанието од својот прилежен дописник Д. Попов.

Покрај Вико Мантегаца со своите прилози се истакнал и Л. Вилари. Интересни податоци за ситуацијата во Македонија по Илинденското востание дал и Франческо Гвичардини во своите патописи.[367]

Франческо Гвичардини[368] во почетокот на август 1903 година ја пропатувал Македонија по Вардар се до Солун а најповеќе се задржал во околината на Скопје. Престојувајќи во Македонија во почетната фаза на востанието, тој зборува за избувнувањето на Востанието, нападите на линиите на врските, за воспоставувањето на привремената револуционерна влада во Крушево; убиството на рускиот конзул во Битола Ростковски; повикувањето на отомански трупи од Мала Азија, опсадата на Крушево, колежите во Битолскиот вилает, паѓањето и ограбувањето на Крушево; атентатите врз железничката линија Скопје-Солун.

Во текот на својот пат Гвичардини присобирал информации и коментари од многу широк спектар на соговорници кои се разликувале помеѓу себе, по националност, вероисповест, односот со структурите на отоманската власт, политичко убедување.

Во организирањето на промакедонската активност во Италија учествувале и италијанскиот публицист-социјалист Одино Моргари. Тој беше еден од иницијаторите за собирот pro Macedonia (за Македонија) одржан на 20 септември во Воспитувачкиот кружок Борго Виториа ала Мадона ди Кампања (Торино). Во оваа прилика, кога по повод на апсењето на претседателот на собранието, Барберис, поради тоа што се произнесол против рускиот цар, во врска со неговата намеравана посета на Италија, Моргари истапил со остра критика на

турските злосторства во Македонија. Тој по извршеното свое патување го рекол следново: "Време е да се завршн со овој турски никаквед. Протест треба да замине исто така од италијанскиот народ против муслиманското варварство."[369]

Уште еднаш една година потоа, на 26 јули 1904 година Одино Јоргари беш збор на еден собир за Ерманија и Македонија одржан го салонот на Општото здружение на работниците од Торико, нападлувајќи се против европската дипломатија "измамена поради своите напразни и заемни завнсти од препределиот фатализам на Турчинот и која што дури заборава да бдее над прилагањето на Берлинскиот договор."[370]

На таков начин овие, а и други помалку познати италијански општествени дејци, ја изнесувале вистината за Востанието во Македонија.

Од изнесеното може да се изведе заклучок дека Илинденското востание имало силен одглас кај италијанското општествено мислење кое ги изразуваше своите симпатии спрема македонското ослободително дело и бараше енергична интервенција за подобрување на положбата во Македонија. Свои акции во таа насока преземаа бившите гарибалдинци, потоа и порано формираните комитети "За Ерменија и Македонија". Покрај политичките акции, по востанието, во Италија започнала да се собира помош во полза на настраданото македонско население од Востанието. Драгоцен придонес во запознавањето на италијанската јавност со ситуацијата во Македонија давале и познатите италијански публицисти преку своите репортажи, студии и др. посветени на оваа проблематика.

2. Италија и прашањето на реформите во Македонија

а. Ситуацијата во Македонија по Илинденското востание и акциите на големите сили за воведување на реформи во Македонија

Илинденското востание ги изненади големите империјалистички држави и владеачките кругови на балканските држави. Тие не се надевале на еден таков голем потфат на поробеното македонско население. Востанието го потврди потполниот неуспех на "февруарскиот" реформен програм, а воедно со тоа и одговорноста на "заинтересираните" сили во овој дел на светот. Настаните поврзани со Илинденското востание ја раздвижија европската дипломатија.

Во текот на самото востание, големите сили поднеле неколку демарши до Илдиз Ѓошк, за што побрзо востановување на редот и мирот во земјата. Во таа смисла интервенирала и италијанската влада. Меѓутоа, сите демарши немаа голем ефект кај Портата и не го промениј односот на силите спрема настаните во Македонија. Зафатена со проблемите на Далечниот Исток, Русија била против секое усложнување на положбата и комплицирање на ситуацијата. Австро-Унгарија била против промената на постојната положба и настојувала со различни дипломатски маневри да го сочува својот меѓународен престиж и позициите во овој дел на светот. На нея мирот ѝ бил потребен, во даденот момент, и поради сè поголемите класни и национални противречности и борби внатре во земјата. Велика Британија и Франција, раководејќи се, пред сè, од сопствените интереси, работеле на тоа во Македонија да се воведат што поприкладни реформи. Сите земји во своите акции се раководеле од принципите на "рамнотежата" и зачувувањето на "хармонијата" во европскиот концерт. Велика Британија дејствувала советодавно во овој момент инсистирајќи да се стивне судирот.[379]

Италија инсистирала, како и во периодот пред Илинденското востание, на зачувување на status-quo -то, на мирот и на рамнотежата на Истокот, а била против една нова ситуација која би одела на штета на нејзините интереси. Таа се залагала за една статична политика спрема Отоманската империја, спрема балканските држави и спрема големите сили. Таа посакувала да се зачува интегритетот на Отоманската империја, зашто нејзиниот неутрален карактер го сметала како гаранција за развитокот на Истокот на нејзините позитивни социјални интереси, и дека таа била сила која можела да го гарантира, подобро од секоја друга, неизменувањето на рамнотежата и на status-quo -то помеѓу големите сили на Исток.[372]

Кај некои големи сили созревала мислата од корисноста на нови реформи, притоа не коренити и не такви што би биле во расчекор со нивните интереси. Во почетокот прашањето за нова реформна акција било работа на дипломатските канцеларии. Во текот на востанието се појавила идејата во Петроград и во Париз, што побрзо да се свикаат претставниците на големите сили во Цариград. Меѓутоа, на тој предлог се спротивставиле Велика Британија и Германија. Прашањето за позабрзана реформна акција се сметало за сериозно во Петроград и Виена,[373] затоа од голема важност била и посетата на рускиот цар Никола II на Виена, кон крајот на септември 1903 година. За време на таа посета се воделе важни разговори за "смирувањето" положбата на Балканот. Како резултат од тие разговори било и донесувањето на познатите Мирцштегски реформи.

Во навечерието на донесувањето на Мирцштегските реформи, италијанските дипломати, акредитирани кај големите сили, следејќи ги инструкциите на својата влада, настојувале да го дознаат мислењето на останатите влади за преземените чекори од страна на Русија и Австро-Унгарија, за спроведувањето на реформната акција во Ма-

кедонија. Така, италијанскиот амбасадор во Берлин Матиоли на 17 септември 1903 година разговарал со германскиот секретар за надворешни работи во врска со ситуацијата на Балканот и австро-рускиот меморандум. На италијанскиот амбасадор му било одговорено дека берлинскиот кабинет сметал оти австро-руските чекори преземан во Цариград претставувале "новина" со оглед на тоа што во меморандумот биле ставани заедно Отоманската империја и Бугарија и на кои земјите биле третирани: суверена држава и вазална. Италијанскиот амбасадор сметал дека Германија не сакала да го промени својот благонаклонет однос кон Отоманската империја затоа не брзала со одговор на барањата на Австро-Унгарија и на Русија. Покрај,ова, Матиоли настојувал од германскиот државен секретар за надворешни работи да ја дознае содр,ината на австро-руската промеморија за реформната акција за кое инсистирал италијанскиот министер за надворешни работи.[374]

Средбата помеѓу австриските и руските дипломати до свртела вниманието на светската јавност и на македонските револуционери. Со голем интерес се следеле разговорите и резултатите од нив. Разговорите започнале во Шенбрунскиот дворец во Виена, а продолжиле во малото штаерско место-Мирцштег. На крајот на разговорите била донесена реформна програма за Македонија, на 2 октомври 1903 година. Според местото каде што се донесени, тие реформи се наречени "Мирцштетски реформи" или "Мирцштетски реформен програм".[375]

На трети октомври министрите за надворешни работи на Австро-Унгарија и на Русија, Голуховски и Ламсдорф на своите амбасадори во Цариград им испраќаат телеграми со идентична содржина, во кои им наложувале да ѝ ѓи соопштат на Високата Порта резултатите од разговорите. Но Портата веднаш реагирала на тој демарш настојувајќи да го попречи [illegible] во дело.

Таа издава специјално ираде со кое инсистира да се воведат оние делови на реформите, што беа донесени со иредето од декември 1902 год., и не беа спроведени во дело.[376] Со ваквите постапки намерата на Портата за попречување на реформите за одбегнување на "ефикасната интервенција" била очигледна.

Печатот во Европа различно ги коментирал резултатите од средбата во Мирцштег. "Neue Freie Presse ", пишувал,дека: "На конференцијата во Мирцштег не станувало збор за основна промена на реформната програма за Македонија, изработена оваа пролет од Русија и Австрија и одобрена од сите сили договорнички. Најнапред е постигнат договор за средствата и мерките, потребни за спроведување на програмата. Исто така сигурно е дека, не се имала предвид можноста за вооружено вмешување."[377] "Times" пишувал дека: "Основната причина за нередите во Македонија се наоѓала во непоправливата лоша турска управа и системот на угнетување од страна на Турците. Дотогаш додека тие причини не се премавнат Франц Јосиф и Никола II не можат да се надеваат на големи успеси во големото дело, кое го презеле пред Европа, како што велат, за смирување."[378] А в. "Le Temps" пишувал: "Несомнено никој, а уште помалку императорите, кои се сретнаа во Мирцштег - не искажувал надеж, дека од средбата на двата императори веднаш ќе следи едно благопријатно разрешување на источната криза."[379]

б. Италија и акциите на Русија и Австро-Унгарија за воведување на реформи во Македонија

Уште пред да биде дознаена точната содржина на здоговорената реформна програма на двете најзаинтересирани сили за Македонија, италијанскиот амбасадор во Виена Нигра известува за тоа дека двете влади изразувале настојчивост во спроведувањето на мерките најавени уште во почетокот на годината со реформната програ

ма и покрај спротивставувањето како од страна на револуционерните комитети така и од страна на турските власти. Тие реформите ќе ги остварувеат со засилена контрола и надзор. Исто така се истакнува дека иако на Високата Порта ѝ е дозволено да преземе мерки против нередите предизвикани од револуционерните комитети таа нема право тоа да го спроведува со терор. Беше нагласена потребата од хуманитарна помош на пострадното население. Исто така беше истакната надежта дека напорите на двете влади ќе доведат до спокојство во настрадалните реони и нивните совети ќе бидат послушани од сите оние на кои се упатени во нивен интерес.[380]

Главните точки на новата согласност се однесуваа за изборот на шеф на жандармеријата и странски офицери и изборот на генерален гувернер по потекло Турчин.[381]

Од друге страна, англиската влада ја известува италијанската, со посредство на англискиот амбасадор во Рим дека било целесообразно за подобро упознавање во ситуацијата во Македонија, како корисно дополнување на австро-руските предлози подржани од сите сили, со посредство на испраќање, во овој регион, на соодветни воени претставници чие што присуство веројатно ќе помогнело да се совладаат агресивните акции од едната и од другата страна и, во секој случај, ќе ги ставело силите во состојба да ја запознаат вистинската состојба на работите.

Министерот за надворешни работи Морин ја истакнал подршката од својата влада на таквиот англиски предлог, побудена, обусловено со тоа сите големи сили да се согласат со вакватa англиска интервенција во австро-руската реформна програма.[382]

Британската влада и подоцна на 20 октомври доверливо ја информира италијанската, дека има инсистирано во Виена и во Петроград заради прифаќање на една поширока програма на реформи и

за назначување на европски офицери, шест на секоја сила, триесет и шест вкупно, кај турските трупи што дејствуваат во Македонија. Лордот Ленсдаун верувал дека исто така Италија ќе ги поткрепи овие нејзини постапки.[383]

Запознавајќи ги со предлогот на англиската влада, Морин ги известува италијанските амбасадори во Петроград и Виена, дека желбата на италијанската влада била да се зачува еднодушноста на силите во однос на Високата Порта, со оглед на идеите изнесени од Велика Британија. Тој инсистирал, тие да интервенираат кај соодветните влади, пред да биде известена Високата Порта за содржината на новата реформна акција, а со неа да се запознаат силите потписнички на Берлинскиот договор.[384]

Италијанските дипломатски претставници во Виена и Петроград, внимателно го следат реагирањето, кое го имало предлогот на Велика Британија за упатување на странски офицери во Македонија, кај австро-унгарската и руската влада,[385] а пак италијанските дипломати во Лондон и Париз известуваат за погледите на владите, каде што се акредитирани, во врска со текот на проектот за реформи на Австро-Унгарија и Русија.[386]

Текстот на мирцштегскиот реформен програм и го предале на Високата Порта амбасадорите на Австро-Унгарија и Русија во Цариград, со заедничка нота од 22 октомври 1903 година.[387] Програмот им бил предаден и на другите заинтересирани влади[388] и на јавноста. Иначку, содржината на мирцштегските реформи кои, во основа, биле базирани врз британскиот предлог за реформи од 29 септември 1903 година, се состоела во назначувањето, при главниот инспектор Хилми-паша, за македонските вилаети двајца цивилни агенти на Австро-Унгарија и на Русија. Тие имале за задача да ја надгледуваат работата на турската администрација и спроведувањето на реформите.

Работата на реорганизација на жандармеријата во трите вилаети ќе му биле доверени на еден генерал од странска националност, по служба во царската отоманска влада; нему ќе му се додадат воени службеници на големите сили, кои помеѓу себе ќе ги разделат областите, каде ќе работат како контролори, инспектори и организатори. Тие ќе можеле исто така да ги надгледуваат постапките на војските над населението. Овие офицери ќе можеле да побараат, ако за тоа имало потреба, помош од извесен број странски офицери и подофицери.

Како главен акцент во реформниот програм донесен во Виршитег претставува именувањето на двајца европски соработници на Хилми-паша и странски генерал како началник што ќе се грижи за реорганизација на турската жандармерија. Наглесено е и мешањето на странските претставници и во остварените гранки на турската администрација кое, во извесна смисла, значело повреда на султановиот авторитет и директно мешање во работите на Отоманската империја иако извршната власт била во рацете на главниот инспектор Хилми-паша. Од друга страна, потребно е да се спомене дека во самата суштина програмот беше во некои клаузули нејасен и непрецизен кое Портата многу ќе го користи (особено точка 3, 4, 5 и 7 од реформниот програм).[389]

Веднаш потом биле објавени содржините на реформните програми на австро-унгарската и руската влада, италијанскиот министер за надворешни работи Корин бил замолен, од името на спомнатите влади, преку двата амбасадори во Рим, италијанската влада преку својот амбасадор во Цариград, да ги поткрепи предлозите за реформите кај Високата Порта. Меѓутоа, тој барал да се изврши согледување на мислењата на останатите големи сили, во врска со оваа програма, зашто да може заеднички со усогласени ставови да истапи

пред Високата Порта.[390]

Од друга страна италијанскиот амбасадор во Петроград Палестрина, внимателно да следи реакцијата на Високата Порта на содржината на австро-руските меморандуми. Во врска со оваа прашање тој меѓу другото вели: "Во официјалните отомански сфери меморандумот има предизвикано многу импресија; надвладува замислата дека не ќе може да биде прифатен, бидејќи ги повредува правата на суверенитет на Турција врз еден дел од империјата, и содржи мерки кои практично не можат да бидат применети. Не е можеби исклучено, Турција да се спротставави на австро-руските предлози, но тоа сепак очекува некое сослушување од другите сили потписнички на Берлинскиот договор."[391]

Високата Порта веднаш реагираше во врска со донесувањето на иницијативниот реформен програм и го отфрли како "беспредметен" и "непотребен", со нота од 3 ноември 1903 година. Таа после бино информирана на тоа, дека ги извршила предвидените реформи за Македонија објавени во м. февруари, од страна на Русија и Австро-Унгарија.[392] Ставувајќи на должност, новиот италијански министер за надворешни работи Титони ги оценил, австрро-унгарско-руските предлози за реформна акција, како суштински придонес кон практичното и посигурното развивање на работата на реформите за воспоставување мир во Македонија. И од оваа гледна точка, не можеле да отсуствува италијанската поддршка на нив, бидејќи од друга страна битно било да се избегне што така самата привидност на разногласие помеѓу силите.[393] Имајќи го предвид сѐ, и добиените инструкции, амбасадорот Палестина му изјавил на 7 ноември на отоманскиот министер за надворешни работи и на големиот везир дека италијанската влада и советува на Високата Порта да се согласи со Австро-Унгарија и со Русија, за да се подобри исполнувањето на

надвор од оние веќе од нея прифатени и реализирани.[395]

Одбивањето на Високата Порта да ги прифати реформите беше причина да се примени поефикасен притисок од страна на силите во полза на прифаќањето на реформите. За примање на реформите се придружи и Германија. Со нота од 10 ноември 1903 година претставниците на Австро-Унгарија и Русија повторно и советувале на Портата неодложно да ги прими предложените реформи во целина и без одложување, истакнувајќи дека секое спротивставување е врзано со опасноста за зголемување на движењето во полза на странски генерален гувернер во европски мандат.[396]

Овие демарши на силите ја принудиле Високата Порта на отстапување и со нота од 24 ноември 1903 год., таа ги примила реформите во начело, задржувајќи си го правото да преговара за нивната содржина, да се договара за поединостите околу нивното спроведување во дело и тоа особено се нагласува првата и втората точ-

мерките препоречани од двете сили.[394]

Намерувајќи да добие во време и да ја отстрани примената во дејство на реформниот програм, Портата во други ноти варираше со различни предлози и формулации. Таа посебно инсистираше дека поранешните реформи веќе ирифатени (февруарскиот реформен програм, б.и.) одговараат на сите потреби на македонските области и дека според тоа немало место да се предвидат подоцнешните мерки. Исто така, таа ја потенцираше заштитата на сопствената самостојност. Евидентно било дека, со споменувањето за заштита на сопствената самостојност, Високата Порта имаше за цел да се одбрани од прекумерните вплетканања на силите во внатрешните работи на империјата, и дека, со изјавата во однос на некорисноста од новите мерки за Македонија, таа сакаше да оствари да се разбере дека не била наклонета да дозволи примена на други реформи,

ка за независноста, врховните права, за престижот на царската влада и за [illegible]-то.[397]

Паралелно со споменатата дипломатска активност на Русија и Австро-Унгарија, италијанскиот амбасадор во Лондон Панса разговарал со маркизот лордот Ленсдаун во врска со спроведувањето на австро-унгарско-рускиот меморандум. На тие разговори посебно била нагласена подготовката на согласност околу модалитетите и условите за мисијата на странските офицери кои би биле именувани по шест или седум за секоја голема сила или вкупно околу четириесетина. Нивното присуство на териториите опфатени со востанието ќе претставува, односно, ќе му понуди една морална гаранција на ова население а покрај тоа ќе имало корист во афирмирањето на интересот на сите сили за прилагањето на проектот на реформите кој всушност предвидувал испраќање на вакви офицери, не само заради реорганизирање на жандармеријата, но исто така заради надгледување на однесувањето на трупите спрема населението.[398]

Согласувајќи се со вакviте англиски барања а и бараната поддршка за предлозите од англиската влада, министерот Титони му испратил инструкции на италијанскиот амбасадор во Цариград да се договори со неговите колеги за термините и условите за испраќање во Македонија на странски офицери.[399] Во сообразност со испратените инструкции Маласпина веднаш стапил во врска со амбасадорот на Англија околу прашањето за испраќање во Македонија на странски офицери. Покрај со него Маласпина разговарал и со австро-унгарскиот амбасадор Каличе за ова прашање и на разговорот се споменала идејата да се довери задолжението за реорганизација на жандармеријата во македонските вилаети на генерал и тоа на висок италијански офицер, врз база на уредбите на втората точка на австро-унгарско-руските предлози.[400]

Споменатата идеја за назначување на италијански офицер за реорганизација на жандармеријата, за италијанскиот министер за надворешни работи Титони, означувала гаранција дека ќе пре дизвикала одличен впечаток во Италија. Според неговото мислење, реализацијата на таа идеја, ќе помогнела за смирување во Македонија. И заради ова италијанската влада дала до знаење на останати те сили, дека со задоволство би ја прифатила вакватa покана и како залог за нејзиното успешно реализирање се споменува мисијата на италијанските офицери за организирање на домашната жандармерија на Крит.[401] Секако, позади ова стоеле одредени сметки за проширување на италијанското влијание во овој дел на Балканот.

Првата поддршка на оваа идеја стигнала од британската влада преку изјавата на маркизот Ленсдаун кој го уверил италијанскиот амбасадор во Лондон Пансе дека британската влада: "ќе би де среќна да го види доверувањето на еден италијански офицер организирањето на жандармеријата во Македонија."[402]

Имајќи го предвид гореназначеното, италијанскиот амбасадор во Цариград, Маласпина стапил во контакт со отоманската влада во врска со прашањето за избор на генерал инструктор за реорганизација на жандармеријата во Македонија. Наблегнувајќи на тоа дека Италија била спремна да даде таков човек, со оглед на тоа што тој имала: "еден најодбран одред на жандармерија, чија работа на Крит била целосно пофалена и високо ценета, подеднакво од христијанското и муслиманското население на островот и дека, според тоа царската влада ќе постапува мудро решавајќи, без задоцнување, да ја довери реорганизацијата на жандармеријата во Македонија на еден италијански висок офицер избран од владата на Кралот и од оваа овластен да влезе во служба на Турција". Во текот на разговорите од страна на италијанскиот претставник било додадено дека

ова назначување не ќе можело да поттикне приговори од страна на силите, со оглед на неоспорната вредност на италијанската жандармерија. Од друга страна од гледна точка на генералната политика, ќе погодувало на царската влада да ја довери деликатната должност на еден офицер кој припаѓал на војската на една сила пријателска на Турција и која силно била заинтересирана за одржување на [illegible], и дека, најпосле, таквиот избор ќе вршел позолно влијание врз јавното мислење.[403]

Во меѓувреме по добиената претходна начелна согласност на Портата, Австро-Унгарија и Русија ги назначиле на 8 декември 1903 година своите цивилни агенти кај Хилми-паша и тоа Русија - Деморин, генерален конзул во Бејрут и Австро-Унгарија -фон Шилер, пензиониран генерален конзул во Одесе и висок службеник во царското и кралско министерство за надворешни работи.[404]

Што се однесува до предлогот за назначување на италијански генерал за реорганизација на жандармеријата во Македонија, се констатирала според зборовите на Титони, наклонетоста на кабинетите во Лондон, Берлин, Виена и Петроград, тоа да биде разрешено на позолен начин.[405]

Според мислењето на Каласпини, поставеното генерал би имал за задача заедно со другите странски и отомански офицери да врши проучување, врз база на проектот изработен од австро-унгарскиот воен аташе, за реорганизација на жандармеријата и составување на програма под вид на правилник, за чиешто прилагање ќе требало, дотогаш се договорат заинтересираните страни. Во случај Високата Порта да се согласи со именувањето на италијански офицер, таквиот во италијанската војска би требало да има чин барем полковник. Сепак кога тој ќе стапел на служба во отоманската војска ќе добиел чин генерал. Тој ќе требало да поседува признаена техничка

компетентност, да го познава совршено францускиот јазик, да има такви лични квалитети за да би можел да се издигне во работата над другите странски офицери кои, можеби ќе припадлежеле на командата на главниот штаб. Исто така би требало да одржува со нив добри односи, и да го надвладее сопственото влијание врз решенијата кои ќе биле донесувани од Комисијата на странските офицери. Генералот морал да биде способен и компетентен со цел да ја изврши тешката и деликатна задача, и во кој да ќе случај, за да не може да падне одговорноста врз неговата личност во случај на еден евентуален неуспех. На именувениот генерал, би било корисно, да му се придодаде во својство на аѓутант, еден капетан или еден поручник од војската, а кој би требало да се избере помеѓу оние кои имале служено на Крит. Меѓутоа, ова требало да биде предмет на посебни преговори, бидејќи не било предвидено со австро-унгарско-руските предлози.[406]

Меѓутоа, и покрај тоа што италијанската влада благонаклонето го прифаќала именувањето на италијански генерал за реорганизација на жандармеријата во Македонија, таа не сакала да биде исклучена од евентуелната поделба на зони за спроведување на гореневеденото. Како потврда на тоа ни служи телеграмата од 21 декември 1903 година упатена од министерот за надворешни работи Титони до италијанскиот амбасадор во Цариград во која се вели: "За да се спречат можни двосмислености, сметам за корисно да ви обрнам внимание, во секој случај, дека назначувањето на еден италијански генерал за организација на жандармеријата во Македонија не треба да го исклучи учеството на Италија во евентуанната поделба на зони која ќе се изврши помеѓу различните сили, било заради надгледување на реформите, било заради распределба на италијански офицери за служба за поредокот и за полицијата."[407]

Со цел да не се усложнуваат работите со веквите италијански барања, Маласпина, бил на мислење дека со оглед на актуелната состојба на работите, не било погодно да се поставува, кај Високата Порта и неговите колеги, прашањето кое било спомнато во телеграмата на Титони од 21 декември 1903 година, дотолку повеќе што тоа ќе предизвикало предвремено една дискусија која би можела да го заплетка или да го одложи именувањето на генералот. Нешто кое не ќе го изложело на опасност, според неговото мислење, правото на Италија да бара подеднакво постапување од другите сили, врз база на втората точка на австро-унгарско-руските предлози. Во секој случај, амбасадорот советувал, за да се избегне секое недоразбирање, италијанската влада можела, кога ќе ѝ било упатено официјално барање за именување на еден генерал, да изјави, како согласност, дека таа не сакала, со ова да се откаже од испраќање на офицери и подофицери во подеднаков број како оној на другите сили за реорганизација на жандармеријата во доделените места. Ова се однесувало и за испраќањето на еден висок офицер за да претставува дел од гореспоменатата Комисија за реорганизација на жандармеријата, истакнувајќи го фактот дека италијанскиот генерал ќе учествува во неа во својство на офицер во служба на Отоманската империја.[408]

Во врска со овој проблем италијанскиот амбасадор во Цариград разговарал со австро-унгарскиот амбасадор Каличе, обрнувајќи му внимание дека, покрај италијанскиот генерал, на кого ќе му била доверена реорганизацијата на македонската жандармерија и кој ќе требало да влезе во служба на Отоманската империја, ќе било неопходно едновремено со него, Италија, подеднакво со другите сили, да испратела еден висок офицер да учествува во Комисијата на странските и отоманските офицери, повикани да ги подготват основите на таквата реорганизација. Баронот Каличе одговорил дека

неговата влада немала да создава тешкотија во врска со ова.[409])

По долги инсистирања, Високата Порта се решила на 29 декември да се обрати до италијанската влада за назначување на генерал организатор на чело на македонската жандармерија.[410]) И веќе на 3 јануари 1904 година, турскиот амбасадор во Рим, побарал во името на Високата Порта, италијанската влада да назначи еден генерал за да ја преземе командата на жандармеријата во Македонија. Титони го прифатил направеното барање. Советот на министрите, собирајќи се на 2 јануари вечерта, го назначил генералот Де Џорџис во моментот на изборот, командант на дивизијата во Кальари.[411])

Од вакватa дипломатска активност на Италија, по однос на изборот на италијански генерал за реорганизација на македонската жандармерија, може да се види дека таа била доста заинтересирана за приликите на Балканот, сметајќи ја за своја интересна сфера Албанија, потоа, северниот дел од Западна Македонија и Ново пазарскиот санџак, каде нејзините империјалистички амбиции се судирале со истите такви на австро-унгарскиот империјализам. За назначувањето на италијанскиот генерал Де Џорџис за началник на жандармеријата, еднаш германскиот кајзер изјавил дека овој избор го смета за непромислен, бидејќи на италијанската дипломатија многу ѝ се олеснува "остварувањето на желбата на Италија во Албанија а и на Силите од противничкиот табор на Балканот."[412]) Еве што вели Џовани Амадори Вирцили за односот на Италија кон Мирцштегските реформи: таа преку овие реформи, користејќи ги своите пријателства но, исто така користејќи се со своите сојузи, во определени случаи, успеала ефикасно да придонесе во интернационализирањето на програмата и во примената на реформите. Од друга страна, Русија и Австро-Унгарија имале намера преку реформите да го наметнат своето исклучиво влијание. Исто така, Италија успеала, до една опреде

лена точка, да ѝ се призпее, една особена позиција на Балканот, после онаа на Австро-Унгарија и на Русија. Тоа го потврдува и австро-унгарскиот министер за надворешни работи Голуховски во еден разговор на делегациите на Австро-Унгарија и Италија водени во 1906 година. Евидентно, сето тоа означувало една зајакната рамнотежа во [illegible]-то; нешто кое ја оддалечувало евентуалноста од едно негово нарушување само во случај доколку европскиот концерт на големите сили не се привикнал на замислата за една австро-унгарско-руска исклучителност да ги решава прашањата ad hoc, како што тоа го посакувала виенската дипломатија. Но, Австро-Унгарија задоцнила со своите подготовки за настанот на Истокот.[413)]

И покрај фактот дека основата на меѓународната ситуација на Истокот во овој период е проткаена од австро-унгарска-руската согласност за решавање на македонското прашање, сепак, се забележува повторно приближување на Италија кон Русија, нешто кое било позитивно примено во италијанските политички кругови. Согласноста на погледите пројавена меѓу претставниците на двете земји се огледа во фактот што со именувањето на генералот Де Џорџис за реорганизатор на жандармеријата во Македонија и со доделената надлежност од проектот и од инструкциите за реформите, Италија фактички е вклучена во преговорите на Русија и на Австро-Унгарија за македонското прашање. Со тоа се елиминираат и пречките поставени од Портата за таквата интервенција од страна на Италија со поддршката било од Русија било од Австро-Унгарија. Ова за последица имало и за надминувањето на тешкотиите што ги имала Италија во спроведувањето на својата источна политика.[414)]

Инаку, за привржаноста на Италија кон спроведувањето на реформите во Македонија зборува фактот за прилично рамнодушниот прием кој што Сарафов го има најдено во Италија, нешто што

според мислењето на меродавните италијански кругови требало да ги убеди "македонските водачи" дека нивните методи на борба не ги имале придобиено симпатиите на Италијанците и дека најдобар начин да се поттикне Европа против турските насилија не бил тој да се имитираат соодветни вооружени акции.[415] Според пишувањето на непознатиот автор во "Nuova Rivista", "цела Европа била обврзана да успее обидот за реформи, и дека обидот за едно ново востание кое евентуално би се појавило, ги правело неможни реформите и кое би претставувало како многу негативен амбиент за нивното успешно реализирање".[416] Во продолжение се вели дека италијанскиот став треба добро да се знае, не само во Македонија, но, исто така, и во Софија, каде што Австро-Унгарија имала намера да испрати нов воен аташе баронот Гизл, кој, како поранешен воен аташе во Цариград, веќе бил навлезен во сите завтулиски акции на австро-унгарската надворешна политика на Балканот. Инаку, и Италија како пандан на австро-унгарската акција имала намера да го испрати за нов претставник во Софија поранешниот пратеник во Црна Гора Куки Боасо.[417]

Меѓутоа, иако Отоманската империја ја дала својата начелна согласност за прифаќање на реформите таа лесно не го прими спроведувањето во дело на реформниот програм. Постојано го одложувала тоа прашање, преку многубројните конференции и разговори Високата Порта не била согласна да им даде неограничено право на цивилните агенти. Дури во почетокот на февруари 1904 година било постигнато компромисно решение по кое можеле цивилните агенти, во присуство на турски чиновник да вршат анкети, да добиваат жалби од населението, да инсистираат на стриктно исполнување на реформите, но не поседувале право да издаваат одредби и наредби. Тоа право исклучително го имал Хилми-паша.[418]

Како што изнесовме и погоре и прашањето за реорганиза-

ција на жандармеријата, исто така, било спроведувано со тешкотии. Во ова правење знатно влијаела и политиката на одделните големи сили. Интересен пресврт во оваа смисла направила Австро-Унгарија, меѓу вакнот нејзин чекор се косел со нејзините стратегиски интереси, бидејќи нејзините експираторски намери во однос на Македонија се допирнувале со тие на Италија, и ѝ предложила на Портата за началник на жандармеријата да се назначи италијанскиот генерал - Де Џорџис.[419]

Покрај дипломатските фактори сериозно внимание на проблемот во врска со реорганизацијата на жандармеријата во Македонија му посветувало и италијанското министерство на војната. Така, воениот претставник на Италија во Цариград капетанот Замполи му доставува на италијанскиот министер на одбраната една промеморија, која се однесувала на реорганизацијата на жандармеријата во Македонија. Истата е проследена и до италијанското министерство за надворешни работи. Во нејзиниот почеток се зборува за барањето на амбасадорите на Русија и Австро-Унгарија во Цариград да се спроведе контрола врз примената на реформите од страна на Отоманската империја, со упатување на странски офицери во Македонија и обединување на администрацијата на трите вилаети во Македонија. Англиската влада барала и таа да учествува во акциите на Русија и на Австро-Унгарија и тоа го барале и другите сили со формирањето на една комисија од воени претставници на односните големи сили. Велика Британија го правела тоа со цел да не дојде до политички договор помеѓу Австро-Унгарија и Русија за поделба на Македонија. Велика Британија имала и свои интереси во Македонија и истите, пак, може ло да дојде до поделба на Македонија меѓу Србија, Грција и Бугарија за да ги стимнат експираците, а истовремено и формирање на посебна територијална единица Албанија.[420] Во продолжение италијанскиот

воен пратеник во Цариград Замполи вели дека: "Не знае дали проектираното учество на Англија, за воените пратеници, во реформата за реорганизација на жандармеријата ќе има помалку или повеќе веројатност за успех. Сигурно Германија за своја сметка изјавува дека сака да се воздржи; а, исто така, и Франција. Австрија и Русија не сакаат такво замешување и ќе направат ако е можно да не го допуштат, и можеби како делумно задоволство и сатисфакција на Англија тие ќе пристанат за еден италијански генерал (знаејќи дека Италија е согласна со Англија) за началник на жандармеријата" (подвлеченото е во документот б.м.).[421] На крајот, гореспоменатиот Замполи вели дека: "Останува да се види ако таквиот началник ќе треба да биде побикан да учествува во прелиминарната работа за реорганизација на жандармеријата (нешто што ќе одговара барем на интересот да се знаат навреме австро-руските намери) и ако би требало едноставно и јасно да се ограничи во преземањето на командата на таквата жандармерија веќе оргенизирана, на хартија, според австро-руските идеи. Во таков друг случај, добро е да се напомене дека никој (подвлеченото е во документот б.м.) не верува на практичната ефикасност која може да ја има во Македонија оваа жандармерија на било кој начин да биде организирана и командувана."[422]

в. Именувањето на генералот Де Џорџис и прашањето за реорганизација на жандармеријата во Македонија

Како што е изнесено и во претходното излагање назначувањето на генералот Де Џорџис на чело на реорганизацијата на жандармеријата во Македонија несомнено ја задоволило италијанската влада. Меѓутоа, таа инсистирала е тоа го барал и самиот Де Џорџис во Комисијата на странските офицери, да има исто така еден висок италијански офицер кој ќе ги застапува интересите на Италија а и ќе управува со службата на жандармеријата во зоната која ќе ја до

биела Италија. Генералот Де Џорџис кој бил во отоманска служба не ќе можел меѓу членовите на Комисијата да ги застапува италијанските интереси.[423] Претставниците на Австро-Унгарија и Русија во Цариград не се спротивставувале на овој предлог со оглед на тоа што италијанскиот висок офицер ќе бил испратен под идентични услови на оние за офицерите од другите сили.[424]

Назначувањето на генералот Де Џорџис иако било прифатено од турската страна сепак предизвикувало и понатаму тешкотии. Посебно се истакнувале финансиските тешкотии поврзани со неговото плаќање со оглед на лошата финансиска ситуација на македонските вилаети.[425]

Назначувањето на генералот Де Џорџис, наишло на позитивен одглас кај англиската и француската влади. Маркизот Ленсдаун, државниот секретер за надворешни работи на Велика Британија, го сметал именувањето како важен чекор кон приложувањето на реформите.[426]

Италија била задоволна со држењето на Франција во врска со оваа прашање. Посебно треба да се има предвид дека првобитно Високата Порта се обрнала кон Франција да назначи свој генерал за реорганизација на жандармеријата во Македонија. Меѓутоа, благодарејќи на ангажирањето на францускиот министер за надворешни работи Делкасе, што посебном го потенцира италијанскиот амбасадор во Париз Торниели, понудата на отоманската влади на Франција, успеал тоа да ѝ се поднесе на Италија.[427]

Целосно задоволство поради именувањето на генералот Де Џорџис за командант на жандармеријата во Македонија искажувала и романската влада. Романскиот министер за надворешни работи Братиано во разговор со италијанскиот пратеник во Букурешт Е. ди Беккариа ја искажал желбата и надежта дека романскиот елемент во Ма-

кедонија ќе ја сретне кај него истата благонаклонетост секогаш искажувана од претставниците на Италија во Турција. Според неговото мислење благонаклонетоста ќе можела да се манифестира со општото интересирање за неговата судбина и, меѓу останатите работи, со одбирањето добар број на поединци од страна на Власите за учество во жандармеријата.[428]

Именувањето на генералот Де Џорџис било поволно примено и во Македонија. За поволниот одглас како кај христијанското така и кај муслиманското население во Скопскиот вилает пишува во својот извештај од 22 јануари 1904 година италијанскиот конзул во Скопје Аугусто Страниери а кој бил упатен до министерството за надворешни работи. Со неговото именување се сметало дека Италија како заинтересирана сила би учествувала во контролата на овие области покрај Русија и Австро-Унгарија. И покрај оваа, евидентно било дека кај македонското население, австро-рускиот проект за реформи не ги задоволува неговите национални интереси во поглед на остварувањето на сите негови стремежи.[429]

Но и покрај најдобрата импресија која била предизвикана со именувањето на италијанскиот генерал се поставувало и прашањето, дали ќе му било можно да ги надмине сите тешкотии кои ќе се испречеле на неговата работа; дали тој, и покрај својата најдобра желба и своите најупорни усилби, ќе успеел да ја доведе до крај тешката задача со соработката со малкуминатата европски личности, додека мнозинството на оние, кои ќе требале поефикасно да му помагаат, било составено од турски претставници, кои тврдоглаво се опирале на една навистина модерна организација. Но посматрачите сметале дека генералот Де Џорџис имал тешка задача со оглед на тоа што зависел од односот на Турција. Бугарскиот митрополит Синесие, според искажувањето на Страниери, ја истакнал симпатијата на

неговите истомисленици кон Италија, но неговото именување тешко нешто можело да направи. Турскиот валија очекувал востанички движења и со тоа ја гледал улогата на генералот Де Доркис за воспоставување на мир. Во Скопскиот вилает во споредба со другите вилаети најлоша била координацијата меѓу полицијата и жандармеријата и другите установи и тоа би било една од тешкотиите за Де Доркис.[430]

Со прифаќањето на генералот Де Доркис не завршиле ситте перипетии за Италија за нејзиното вклучување во реорганизацијата на жандармеријата. Високата Порта енергично се спротиставила Италија да има уште еден висок офицер, покрај генералот Де Доркис во Комисијата за реорганизација на жандармеријата. Во една ваква ситуација италијанскиот амбасадор во Цариград веднаш разговарал со своите колеги од Австро-Унгарија и Русија. Меѓутоа, тие сметале дека за ова прашање требала да се постигне посебна согласност помеѓу заинтересираните страни и со оглед на тоа дека Турција прифаќала да плаќа само еден висок офицер Италија би требала да се воздржи од испраќање во Цариград на еден полковник и на еден друг офицер. Но, Маласпина сметал дека воениот аташе капетанот Замполи би требал да биде меѓу членовите на Комисијата и дека Крпеската влада имала право да испрати, било во Цариград, било во Македонија, еден број на офицери еднаков на оној на другите сили.[431] Во врска со разрешувањето на ова прашање италијанската влада се обраќала за помош кај англиската влада.[432]

Италија била заинтересирана во најголем степен ова прашање да биде позитивно разрешено. Ова може да се види во телеграмата испратена од Рим на 13 јануари 1904 година а упатена од министерот Титони до италијанскиот амбасадор во Цариград. Тој пре порачувал најголема внимателност и барал да биде постојано информиран за се, со оглед на тоа што Италија се наоѓала во еден момент

многу важен за нејзината балканска политика, кога се решавало за тоа позитивно да истапи во зацврстувањето на своето влијание во Македонија. Тој барал да се води сметка за уделот што ќе го имала Италија во остварувањето на реформите, но од друга страна требало да се внимава да не биде ослабен или елиминиран концертот на силите, во кој,таа, срекавала најголема гаранција за своите интереси.[433]

По назначувањето на генералот Де Џорџис Високата Порта издала еден меморандум во кој се зборувало за мерките кои ги преземала таа за прилагање на австро-руските предлози. Тој меморандум бил упатен на амбасадорите на Австро-Унгарија и Русија на 10 јануари 1904 година. Овој меморандум содржел одредени резерви околу најважните точки на даденитe предлози. Што се однесува на реорганизацијата на жандармеријата, не се спомнува за мешањето на офицерите на големите сили, во работата на турските власти, и ги определува надлежностите на италијанскиот генерал на следниот начин: "Овој офицер (се мисли на Де Џорџис б.м.) генерал ќе се упати во Македонија со задача да ги извршува, во согласност со локалните власти, мерките кои ќе бидат донесени од Советот на министрите и одобрени со царско ираде, во поглед на реорганизација на жандармеријата во трите провинции. Ќе кореспондира со генералниот инспектор и ќе се користи со помошта од шведските и белгиските офицери, веќе применети на служба, за надгледување и реорганизирање на жандармеријата во различните кази. Освен тоа, ќе треба да му ги соопштува на генералниот инспектор постапките кои тој или офицерите потчинети на него ги имаат констатирано во нивната работа за реорганизација."[434]

Од овие изјавувања на отоманските власти може да се заклучи дека тие настојувале во најголема можна мерка да ја минимизираат улогата на генералот Де Џорџис, во реорганизацијата на жанда

рмеријата, бараќи неговата дејност да се извршува во согласност со локалните турски власти. Исто така премногу ја нагласува улогата на генералниот инспектор во работата поврзана со реорганизацијата на жандармеријата.

И покрај сите усилби што ги вложувала Италија Високата Порта упорно се спротиставувала да прифати еден висок италијански офицер во главниот штаб на македонската жандармерија. Имајќи ја поддршката на англиската влада, Титони инсистирал кај италијанскиот амбасадор во Цариград енергично да ги брани италијанските погледи. Тој сметал дека без дефинитивно решение, во врска со правењето за новиот италијански офицер, ќе надвладеела барем во тој момент, идејата дека офицерите на главниот штаб на македонската жандармерија не ќе требало да влезат во служба на Турција. Ако ова се случело, правото на Италија да биде претставена во споменатиот главен штаб ќе се покажало уште поевидентно, како што самиот амбасадор тоа го истакнувал.[435]

По долготрајни инсистирања италијанската влада ја обезбедила поддршката покрај од Велика Британија исто и од Австро Унгарија за именувањето на полковникот Сиљориле во ~~Комисијата~~ главниот штаб за реорганизација на македонската жандармерија. За ова добил соодветни инструкции австро-унгарскиот амбасадор во Цариград. Ова може да се види и во телеграмата што ја упатил италијанскиот амбасадор во Виена Ферарә до министерот Титони на 16 јануари 1904 година.[436] Ова било потврдено и со фактот што владите на Австро-Унгарија и на Русија не пристанувале офицерите на главниот штаб на македонската жандармерија, да влезат во служба на турската влада, но сметал дека тие требало да имаат положба на агенти на силите кои ги претставуваат. Со ваквото мислење веднаш се согласила и англиската влада. Со ова се сметало од страна на Титони, дека повеќе не можеле да

де спротивстевзувале формалните приговори на Високата Порта на правото на Италија да има свој претставник во главниот штаб покрај генералот де Доркис. Ова јасно му било изјавено на турскиот амбасадор во Рим.[437] За назначувањето на полковникот Сиљорије во погорепоменатиот главен штаб Италија ја имала и поддршката и од Германија.[438] Обезбедувајќи ја соодветната дипломатска

Обезбедувајќи ја соодветната дипломатска поддршка од остварените големи сили италијанската влада преку својот амбасадор во Цариград го образложила своето барање кај турскиот министер за надворешни работи да испрати три свои офицери во Македонија. Во усното соопштение меѓу другото се велело: "Влегата на неговото величество Кралот на Италија го поддржува својот начин на гледање околу тоа офицери овластени да земат учество во реорганизацијата на жандармеријата во Македонија. Испраќањето на полковникот Сиљорије, во својство на помошник на генералот де Доркис, наполно е спроведено од чл. 2 на австро-руските предлози, додека пак помошта од капетанот Кеприни, со оглед на неговата специјална компетентност, се наметнува како една потреба која што произлегува од високата одговорност која е наложена на италијанскиот генерал во исполнувањето на мандатот кој му е доверен. Потоа, испраќањето, на италијански поручник го наоѓа своето оправдување во фактот дека не ќе може да му се оспори на генералот де Доркис да има свој непосредно потчинет, во својство на ађутант, еден италијански офицер со негова целосна доверба."[439] Вакното образложение било дадено со цел легитимно да се признае нивното присуство во внатрешноста на земјата од страна на турските власти.

Меѓутоа, покрај ова, и натаму останувало нерасчистено прашањето дали офицерите кои ќе влегле во главниот штаб на жандармеријата во Македонија ќе биле во отоманска служба или како

агенти на владите кои ги испраќале. Австро-унгарската влада се к
лебала во тоа каков требал да биде статусот на офицерите и под-
офицерите на странските сили, кои ќе биле повикани да учествува
во македонската жандармерија. Дали тие ќе требало да се примат в
отоманска служба или не. Но од австриска страна се сметало дека
дефинитивното решение за примањето на споменатите воени агенти в
македонската жандармерија, за нивниот број, за бројната распреде
ба помеѓу разните заинтересирани сили, за нивните функции и
за сите други модалитети, ќе станело збор само на состаноците ко
што ќе се држеле во Цариград кога тему ќе пристигнел генералот
Де Дорцис и на создадениот негов главен штаб за да се утврдат
правилата за командата на жандармеријата. Меѓутоа, Паласпина сме
тал дека немало одредени нацрти за изработка на овие правила.[440]

Италијанскиот амбасадор во Виена Ферара во извештајо
од 17 јануари 1904 година, упатен до министерот за надворешни ра
боти, истакнал дека, иако прашањето за примање на офицери и под-
офицери во македонската жандармерија ќе било претресувано и реша
вано во Цариград, ќе било корисно,Италија, за да се поштеди од з
доцнувања, веднаш да ги приготвува, дискретно и без подигање на
врева и коментари, неопходните елементи за едно евентуално испра
ќање во Македонија на еден ограничен број на офицери и подофицер
Во истиот извештај Ферара ова го потенцира, со настојувањето на
австро-унгарската влада за што позабрзано организирање на команд
та на жандармеријата во Македонија. Од ова може да се заклучи де
ка Италија настојувала да не биде испреварена во побрзото присти
гање на австро-унгарските офицери во Македонија од италијанските
иако предлогот за именување на генералот Де Дорцис за шеф на р
организацијата на жандармеријата, како што е споменато погоре,
дошло токму од страна на Австро-Унгарија.[441]

. Во една ваква заплеткана политичка ситуација италијанската влада преку своите дипломатски претставници акредитирани кај големите сили го сондирела теренот за да го запознае нивното мислење во врска со прашањето за реорганизација на жандармеријата. Така, италијанскиот амбасадор во Лондон Карињани разговарал со државниот секретар за надворешни работи на Англија маркизот Ленсдаун во врска со започнатата регрутација на офицери за реорганизација на жандармеријата во Македонија, во Австро-Унгарија. За овој разговор ере кто вели Карињани: "Му ја изложив на маркизот Ленсдаун желбата на Вашата Екселенција (со мисли на италијанскиот министер за надворешни работи на кого му е упатен овој извештај, б.м.) дека во случај да се покаже корисно, Кабинетите во Рим и Лондон да се договорат за една заедничка акција во поглед на овие внимателни мерки за да сфатат во Петроград и во Виена дека големите сили ќе треба подеднакво да придонесуваат во испраќањето на офицери за реорганизација на македонската жандармерија."[442]

Во продолжение се вели дека англиски министер за надворешни работи ги споделувал идеите на италијанскиот министер за надворешни работи за тоа дека реформите во Македонија требало да имаат европски карактер и тогаш шесте големи сили би требало да земат активно учество во нивната примена. Ленсдаун ја прифатил идејата на Италија за заеднички акција и истовремено го сметал чекорот преземен од страна на Австро-Унгарија за регрутација на офицери за реорганизација на жандармеријата во Македонија како неприфатлив. Тој бил, исто така, во опозиција со документот од Мирцштег. Заеднички разгледувајќи го текстот на мирцштегскиот реформен прохрам италијанскиот амбасадор сметал дека Ленсдаун правилно ги согледал неговите погледи во врска со односното прашање.[443]

Еве што на крајот за ова вели италијанскиот амбасадо

во Лондон: "После ова ми изгледа корисно да ја запознам Вашата Екселенција на кој начин ќе има место евентуелната акција на двата кабинети (се мисли на Римскиот и Лондонскиот кабинет, б.м). На моето прашање за европскиот карактер на реформите маркизот Лесдаун одговори дека амбасадорите на Италија и на Англија во Петроград и во Виена истовремено можат да направат кај овие две влади доверливи изјави дека можноста да се испрати еден определен број офицери во Македонија им припаѓа на шесте сили, учествувајќи тие подеднакво во примената на реформите, и кои исто така, врз основа на програмата од Мирцштег во која е споменато за офицери и за подофицери, исто така, од друга националност, освен австро-унгарската и руската. Неговата екселенција додаде дека ќе биде благоразумно ако Високата Порта, во случај да се решат овие постапки, не би требела да се надева во можноста од едно разбивање на согласноста на силите."[444])

Инаку, во врска со прашањето за реорганизација на жандармеријата во Македонија, Италија стапила во контакт и со француската влада. Така, италијанскиот амбасадор во Париз Г. Торниели побарал мислење од францускиот министер за надворешни работи Делкасе во врска со барањето добиено од Цариград за упатување странски офицери во Македонија. По разговорот што го воделе Делкасе и Торниели, последниот му телеграфирал на италијанскиот министер за надворешни работи и го запознал дека францускиот министер за надворешни работи мисли дека странските офицери кои го сочинуваат делот на главниот штаб на жандармеријата во Македонија не треба да престанат да принадлежат на армијата на земјата која ги именува и која ги испраќа. Треба да се истакне дека погледите на француски от министер за надворешни работи Делкасе во врска со ова прашање биле слични како и погледите на Русија, факт кој што го потврдува

и самиот Делкасе.[445]

Интензивните дипломатски контакти на италијанската влада со останатите влади на големите сили во врска со погореспоменатите прашања им овозможија на амбасадорите на големите сили во Цариград да се ангажираат во разрешувањето на сите тешкотии кои би можеле да ја спречат акцијата на генералот Де Џорџис во реорганизацијата на жандармеријата.[446]

По долготрајни перипетии во врска со разрешувањето на спорните прашања околу назначувањето на генералот Де Џорџис, тој на 26 јануари 1904 година заедно со полковникот Синьориле и со капеталот Каприли отпатувале преку Бриндизи за Цариград.[447] По неговото пристигање во Цариград, тој бил претставен на турските високи личности и на Султанот а исто така и на дипломатските претставници на големите сили.[448]

Пред да преминеме на опишување на дејноста на генералот Де Џорџис во врска со реорганизацијата на жандармеријата во Македонија, треба да се истакне како било примено воопшто во Италија неговото назначување. Интересна е статијата што по овој повод била објавена во списанието "Nuova Antologia", "Генералот Де Џорџис во Македонија."[449]

Во оваа статија покрај другото се истакнувало дека предноста дадена на Италија со назначувањето на генералот Де Џорџис на должноста шеф за реорганизирање на македонската жандармерија не можела да се негира, но требала да се искористи за воспоставување на италијанското влијание на Истокот, кое чувствително се намалило, и заплашувало наполно да се угасне, како исклучива последица од австро-унгарско-рускиот договор, со кого останатата Европа пасивно се согласила, по разни причини повеќе или помалку привлечливи за сите освен за Италија.

Небутов, се додава дека неправедно би се очекувало да се воспостави италијанското влијание со таквата предност, ако не се успеало Италија директно да се вклучи, во дипломатските групации од кои одиите ќе се заснемува за блиско време со австро-руско-руската договор, а другата ќе се спротистават на него.

За да се постигнале горенаведените цели посочено најефикасно средство било и остануването присуството и акцијата на еден италијански претставник, повикан да го надгледува, да го раководи, да го гарантира привлекувето на реформите на кои, добро или лошо, Италија ја имала дадено својата согласност. И сето ова, со Турција, или против неа, со Австро-Унгарија и Русија, или против нив.[450]

Веднаш штом официјално било потврдено дека должноста ќе за реорганизација на македонските жандармерија и била доделена на на Италија, се појавиле гласови дека ова не било само во корист на италијанската влада, но исто така и назначување на заседа на Италија. Заседата се состоела во тоа што при евентуалното повторно избувнување на востанието, кое се сметало дека ќе било неизбежно, и дека ќе станело во пролетта, командантот на жандармеријата ќе требал тоа да го задуши. А како последица на ова ќе дошло и личната непопуларност која така ќе се здобиела, а која не можела да не се одрази врз националноста, врз државата на која што тој припаѓал. Италија, кон која се обрнувале топлу симпатии на балканските народи, ќе се најдела во редовите на угнетувачите, додека пак Австро-Унгарија и Русија се појавувале во улога на нивен заштитник и покровител. Имајќи го предвид сето ова, на политички и морален план, Италија ќе загубела со, а двете империи ќе стекнале нови предности.

Во контекстот на ова се истакнувало дека македонското

востание било спонтан израз на желбата на целото население. Добар дел од ова население барало да му се обезбедат од страна на турските власти похумани услови за живот. Се сметало дека точно за такво хумано третирање било она за кое генералот Де Дорцис бил повикан да го обезбеди, да им го осигура на низ. Со отстранувањето на првата причина на незадоволството, ќе се отстранела логичната причина за востанието, и ова би можело барем делумно да се спречи.[451]

Карактеристично е искажувањето во споменатата статија која станува збор за ставот на револуционерната организација кон прашањето за реформната акција во Македонија. Тука меѓу другото се велело дека: "... Водачите на востанието немале никаква доверба во реалното прилагање на реформите, зошто, велат, нити Турција навистина ги сакала, нити ги сакале, поради други цели Австрија и Русија. Сега, ако се сака сериозно да се каже силно се сомневаме исто така и ние, поради причини за кои не е потребно да се инсистира; но реформите дамите за себе ја претставувале речиси скоро минималната програма на македонските востаници."[452] Имајќи го предвид текот на настаните, понатаму во статијата се велело дека, водачите на востаниците наместо да ја олеснат задачата за извршување на реформната акција тие уште повеќе ја комплицирале. Покрај тоа се велело дека немало потреба за подозрение кон акцијата на Италија која била најмалку заинтересирана од другите сили да извлечи некоја корист за себе.

Во политичките кругови се сметало дека поддржувањето на акцијата на италијанскиот генерал, била во интерес на водачите на востанието, имајќи ја предвид корисноста од реформите што можеле да ја извлечат нивните сонародници, ако му се овозможело на истиот генерал да ја врши својата функција на најдобар начин.

Во тој случај тој точно ќе можел да расудува за бистинските намери, било на Високата Порта, било на Австро-Унгарија и на Русија. Посебно е истакнуван фактот дека во лицето на Италија, било востаниците, било сите балкански народи, имале, за разлика од другите големи сили, еден сојузник кон кого никој не ќе можел да го стави во сомнение авторитетот, и кој сигурно немал да им биде на нив некорисен, иако останел сам, наспроти на материјалистичката индиферентност на Германија за работите на Истокот, на обврските спрема сојузништвото кои и попречувале на Франција да истапи против Русија, и на преокупациите кои го повлекувале на второ место сето внимание на Велика Британија.

Непознатиот автор во споменатата статија, посебно го потенцира фактот велејќи дека било и какви да биле побудата од која Австро-Унгарија и Русија биле поттикнати да го прифатат изборот на еден италијански генерал како командант на македонската жандармерија, ова прифаќање, и именувањето кое од тоа произлегувало, претставувало факт од кој востаничките водачи однапред треба да бидат задоволни, зошто на ниеден подобар начин не би можел да се испита доказот за искреноста на Високата Порта и на двете империи, следствено на можноста за одржување на турската влада, претходно извршувајќи промена во нејзиното однесување, во овие региони.[453]

Што се однесува на прашањето дали командантот на македонската жандармерија ќе имал средства да успее во својата задача речено е дека буквално тој ги имал нив. Но делумно ќе зависело исто така од неговата способност, а исто така би дошло до израз и неговата остроумност.

Со оглед на тоа дека Австро-Унгарија и Русија барем во даденот момент поради внатрешните и надворешните околности во

кои тие се наоѓале, биле заинтересирани да се смират компликациите на европскиот Исток а и Турција во одредена мерка била присилена да ги прифати предвидените реформи, тогаш смирувањето во Македонија во голем дел ќе зависело од командантот на жандармеријата како во моментот така и во иднина. И овде на свој начин нагласувал неговиот удел во прилагањето на реформите; "и така со оглед на тоа што, командантот е Италијанец, ќе влезе од прозорец она влијание на Италија кое излегло од вратата."[454]

Од сето изнесено во статијата се извлекува заклучок во кој се вели: "Јасно е после ова дека повторното воспоставување на едно такво влијание ќе биде поголемо или помало, суштествено и решително или не, сообразно на тоа дали италијанскиот генерал ќе одговори или не на барањата на својата задача. Сега, сето она што се знае за генералот Де Дорцис согласно с во оценката дека кабинетот, избирајќи го, имал среќна рака. Всушност тој се опишува исто така не само како способен и храбар војник, но и како еден интелигентен, остер, силен човек: следствено да оформи брзо една точна замисла за ситуацијата и што се барало од него да ја разрши, и воедно способен да го почитува словото и духот на својата мисија, на населението, на отоманските власти, и исто така на претставниците на Австро-Унгарија и на Русија. Исто и тие биле повикани да го надгледуваат однесувањето на властите но не биле во надредена положба во однос на неговата служба. Тој од нив во се бил независен, додека тие, меѓутоа, во истата акција на контрола која што на нив им била доделена, логично ќе требале да зависат од акцијата и од критериумот на италијанскиот генерал."[455]

На крајот на овој дел од нашето излагање треба да се напомене и фактот дека со именувањето на генералот Де Дорцис и покрај противењето на Австро-Унгарија, Италија стекнала една по-

себна позиција на Балканот после онаа на Австро-Унгарија и Русија. Виенската влада намеравала да ги ограничи на минимум концесиите кои Италија ги добила во западниот дел на Балканот. Дури во 1906 година Голуховски, присилен од околностите, ја истакнал пофалбата на предлогот за именување на италијански генерал за реорганизација на македонската ~~жжжж

г. Улогатамм на Италија во работата на меѓународната комисија за реорганизација на жандармеријата во Македонија во Цариград

По разрешувањето на прашањето со именувањето на генералот Де Џордис за командант на македонската жандармерија, се појавуваат уште две други прашања за реорганизација на жандармеријата кои наголемо ја интересирале Италија. Додека Австро-Унгарија и Русија настојувале на посебен начин да им се признае од Високата Порта најширокатa функција на цивилните агенти, то ест додека се обидувале да ја развиваат со акцијата на овие нивната програма за доминантно влијание, останатите сили се посветуваат на прашањето за конкретна реорганизација на жандармеријата, уште единствениот дел на програмата од Мирцштег во кој се истакнувало учеството на сите големи сили и нивното еднакво право за спроведување на едно свое локално влијание.

Во таквата реорганизација на жандармеријата прашањата кои ја интересирале Италија биле две: која зона требала да и се додели за надгледување, на нејзините офицери; и какви мерки да се преземат во врска со положбата на албанското население кое живеело во вилаетите опфатени со реформите. Овие биле двата проблеми со кои се опфатени сите локални интереси на Италија. Италија, според зборовите на Амадори Вирдил[457)] не ја заборава својата албанофилска програма и верува дека главната опасност доаѓа од јакнењето на исклучителното влијание на Австро-Унгарија врз албанските области. И заради ова таа се согласува албанските кази на Солунскиот и Битолскиот вилает, означени албански од Австро-Унгарија и од Русија, да бидат исклучени од реформата на жандармеријата. Од друга страна Италија барала, со оглед на познатата сфера на нејзините интереси, да ѝ биде доверена реорганизацијата на жанда-

рмерија во секторот на Битола, зошто тој се наоѓал во западната зона од Балканот, а од друга страна со оглед на тоа што Австро-Унгарија си го резервирала за себе секторот на Скопје а Русија секторот на Воден.[458]

Но до разрешувањето на овие прашања не се дошло лесно Биле водени тешки дипломатски борби меѓу сите заинтересирани страни. Пред Високата порта да го одобри назначувањето на странските офицери, тие се собрале во Цариград во почетокот на февруари 1904 година. Тие започнале да се консултираат околу начинот на реализирање на програмата за реорганизација на жандармеријата. Со консултациите раководел генералот де Џордис и на нив учествувале воените аташеа на силите, акредитирани во Цариград. Инаку кај некои автори тоа консултирање или конференција на странските офицери го носи називот - "специјална мисија" додека, пак, во некои дипломатски извештаи - "меѓународна комисија".[459] Својата работа комисијата ја започнала на 8 февруари 1904 година.[460] На првиот состанок на високите офицери на големите сили за реорганизација на жандармеријата под претседателство на генералот де Џордис биле донесени некои важни одлуки кои го одредувале натамошниот тек на развојот на реформната акција во Македонија.[461] На споменатиот состанок покрај ова еднодушно било решено генералот де Џордис и странските офицери да имаат ефективна команда врз разните единици, колку ова и да не произлегувало изрично од втората точка на австро-руските предлози.[462] Спорно било и прашањето за тоа каква униформа ќе носеле странските офицери. Италија се залагала тие да ја носат униформата на својата војска. Според мислењето на Китони пред да се донесло конечен суд за ова прашање требало да се знае дали функциите на европските офицери ќе имале претежно карактер на организација и на контрола, или пак на дире-

ктна команда. Во првиот случај попогодна би била употребата на европска униформа, но во вториот употребата на турска униформа. За секој случај Титони барал од својот амбасадор во Цариград Маласпина да се чуело мислењето на генералот Де Дорцис и на полковникот Сињориле по ова прашање.[463]

Што се однесува општо до работата на погореспоменатата Комисија треба да се каже дека таа одделно заседавала и не влегувала во директни односи со Високата Порта, туку посредно преку пратениците на силите. Таа работела повеќе од два месеци и се занимавала со разни прашања. Во текот на нејзината работа биле разменети доста ноти и се постигнала согласност дури кон крајот на март 1904 година. Портата се согласила со именувањето на останатите офицери, чиј број не требало да надминува повеќе од 25 луѓе. Странските офицери требало да се ограничат исклучиво на реорганизацијата на жандармеријата, како инспектори и како инструктори.[464]

Меѓутоа, на многубројните состаноци на Комисијата некои од пратениците барале Високата Порта да ја прифати ефективната команда на странските офицери над жандармеријата во Македонија. Но како свое лично мислење Де Дорцис сметал дека Портата тешко можела тоа да го прифати и заради тоа предлагал ефективната команда да ја имаат турските команданти. За постигање на подобри резултати во реформирањето на жандармеријата, Де Дорцис предлагал странските офицери и подофицери, а и турските, кои ќе учествувале во реорганизацијата на жандармеријата, извесно време да поминат во училиште за стекнување на потребните знаења. Исто така, тој се залагал за преземање на организациони мерки кои биле потребни за реорганизација на жандармеријата во Македонија. Потоа, се разгледувале низа технички прашања поврзани со плаќањето, изборот и правата и обврските на странските офицери. Покрај ова би-

ло покренувано и прашањето дали "командантот на жандармеријата во трите вилаети" (генерал де Џорџис) ќе биде навистина командант или едноставно инспектор со оглед на тоа што во службениот дел на весникот "Сервет", во деновите кои претходеле на состанокот на комисијата, било публикувано именувањето на дивизискиот генерал Мустафа паша за командант на жандармеријата на трите вилаети. Австро-Унгарските делегати присутни на седницата на комисијата изјавиле дека големиот везир им ја имал потврдено на нив таа вест, која, впрочем, им била позната на амбасадорите на Австро-Унгарија и на Русија.

Претседателот на комисијата сметал дека ако такво нешто би се случило, целата нивна дотогашна работа би била залудна. Во врска со тоа тој ќе барал објаснување за тоа од амбасадорите на Австро-Унгарија и на Русија. Поинаку речено, претседателот сака да знае дали двете сили реформаторки ќе им ја дадат на одлуките од Мирцштег интерпретацијата дадена од комисијата на првите седници (т.е. дека странските офицери требало да имаат ефективна команда). За ова го известил министерот за надворешни работи Тито ни италијанскиот претставник во комисијата полковникот Синьориле.[465]

На деветтата седница, на комисијата за реорганизација на жандармеријата во Македонија, се појавиле разногласија во врска прашањето за ефективната команда врз жандармеријата. Така, претставниците на Австро-Унгарија, Германија и на Русија барале странските офицери да имаат ефективна команда над жандармеријата, а претставниците на Италија и на Франција биле против тоа. На нив им се придружил и англискиот претставник, кој изјавил дека сметал за подобро да се оди напред во реорганизацијата на жандармеријата без извршување на ефективна команда од страна на генералот и на офицерите.[466] Воениот пратеник на Италија капетанот Замполи, кој

бил присутен на оваа седница вели дека: "Врз основа на изјавата на генерал Де Дордис, на кој според одлуките од Берлинот, му е доделена задачата за реорганизација на жандармеријата, останува според тоа, одредено дека кс се оди напред во таа реорганизација без да се бара, за европските офицери, врвење на ефективна команда."[467])

Инаку, за помошници на генералот Де Дордис биле именувани следните високи офицери: генерал Ф. А. Лостан, командант на главниот штаб на VIII корпус на војската - Одеса (Русија); гроф Салис - Севис, потполковник на главниот штаб (Австро-Унгарија); Веран, потполковник на републиканската гарда (Франција); Ферхалм, полковник на главниот штаб (Велика Британија); фон Алтен, мајор на главниот штаб (Германија) и полковник Сиворите (Италија).[468])

Меѓутоа, треба да се истакне дека во комисијата најдолги спорови се развиле во врска со територијалната распределба на Македонија за реорганизирање на жандармеријата.

д. Дипломатските напрегања на Италија за добивање на своја зона во Македонија за реорганизација на жандармеријата

Споровите во текот на работата на Комисијата за реорганизација на жандармеријата во Македонија во најголем обем се појавувале по прашањето за територијалната распределба на округите за секоја од шесте сили учеснички во реформната акција. Тоа и било разбирливо имајќи секоја од нив свои специфични интереси во зацврстувањето на своето влијание во Македонија. По долготрајните дискусии во Комисијата било решено реформната акција да се спроведува само во етничките граници на Македонија. По прашањето за распределбата на реформираните области по жандармериските сектори особено бил долг спорот на Австро-Унгарија и Италија за првенство

во западните и во централните делови на Македонија. Генералот де Дордис барал мислење од својата влада за да се определи кој сектор ќе го бара за себе во однос на реорганизацијата на жандармеријата, за да може да истапи на седниците на комисијата до конкре тен предлог. Во ова смисла, и италијанскиот амбасадор во Цариград чекал соодветни инструкции од својата влада. Меѓутоа, италијанскиот претставник во комисијата полковникот Сињориле сметал дека од политичка гледна точка било пожелно да се добие секторот Битола-Серфиџе. Италијанскиот амбасадор во Цариград, Маласпина, го поткрепувал мислењето на Сињориле. Во случај на негативен одговор тој инсистирал да се бара секторот Скопје-Призрен. Меѓутоа, на него рефлектирала и Австро-Унгарија. Инаку, овие два сектори Италија ги барала поради своето влијание во Албанија. Но од практична страна се сметало дека секторите Солун и Серес-Драма со пристаништето Кавала овозможувале директна интервенција во случај на потреба во Македонија.[469)]

Италијанскиот амбасадор во Цариград Маласпина сметал дека, во рамките на реформата, требало поенергично да се дејствува за средување на приликите на територите населени со Албанци. Што се однесува до добивањето на секторот Битола-Серфиџе, во рамките на реорганизацијата на жандармеријата, како интересна сфера на Италија тој сметал дека за една ваква солуција ќе биле против Австро-Унгарија и Русија, а и Турција која овој сектор би сакала да го земе Франција. Истовремено, се сметало дека напорите на италијанската амбасада во Цариград, на генералот Де Дорџис и на италијанскиот претставник во комисијата полковникот Сињориле да го добијат секторот Битола-Серфиџе би биле бескорисни ако се немало поддршка од кабинетите во Париз, Лондон а, исто така, и од виенскиот, а за евентуалното добивање на секторот Солун или Серес-Дра

ма било потребно да се обезбеди согласноста на Велика Британија. Меѓутоа, за евентуална поделба на секторите сеуште не мя биле известени генералот Де Дордис и останатите високи офицери.

Во телеграмата на италијанскиот амбасадор во Цариград Маласпина, упатенаѓ до министерството за надворешни работи во Рим на 3 февруари 1904 година, се велело дека високите офицери на Австро-Унгарија и на Русија предлагале реформата на жандармеријата да почне да се применува од секторот Битола поради навестените во станички движења во вилаетот. Во продолжението се истакнува дека во казите населени со албанско население реформата на жандармеријата е исклучена. Исто така, се дискутирало Скопскиот, Битолскиот и Солунскиот вилает да се поделат на пет сектори. Во секој сектор би имало по еден висок офицер од секоја голема сила. Според информациите добиени од италијанскиот претставник во комисијата полковникот Сињориле, на Италија се планирало да ѝ се доделат санџаковите Серес-Драма. Меѓутоа, Де Дордис и Сињориле не се изјасниле во овој поглед очекувајќи инструкции и мислења од нивната влада. Во таа смисла и италијанскиот амбасадор во Цариград Маласпина барал од Сињориле да не се изјаснува додека не се добијат соодветни инструкции од владата.[471)]

Меѓутоа, треба, исто така да се констатира дека италијанскиот конзул во Солун не добивал информации во врска со реформната акција во Македонија за разлика од неговите колеги од другите земји кои биле информирани од нивните влади. Така, во својот извештај од Солун од 9 февруари 1904 година упатен до италијанското министерство за надворешни работи конзулот С. Милацо вели дека: "Исто така, премногу, жалам кога ќе констатирам дека ништо не ми е досега соопштено кога станува збор за реформната акција од Кралската амбасада во Цариград и дури наименувањето на цивилните аге-

нти на Русија и на Австрија и на самиот генерал Де Горџис овој ко
нзулат го има разбрано од весниците (подвлечено во текстот, б.м.)
и од моите колеги странските конзули кои тука имале седиште."[472]
Инаку, италијанскиот конзул во Солун Милацо информациите за работата
на комисијата за реорганизација на жандармеријата во Македонија,
т.е. за нејзината прва седница, ги добил од францускиот и од ан-
глискиот конзул во Солун. Тој сметал дека требало да биде посто-
јано информиран за развитокот на настаните во Македонија, исто
како и неговите колеги, конзулите на другите земји.[473]

Во меѓувреме на состанокот на помошниците и воените
аташеа одржан на 15 февруари 1904 година биле одредени првите пет
окрузи, во секој еден од нив ќе имало по еден батаљон на жандарме
рија, во кои ќе отпочнела реорганизацијата на жандармеријата. Ав-
стро-унгарскиот воен аташе побарал како воен округ кој ќе биде ре
организиран со учество на австро-унгарски офицери да биде оној
кој бил формиран од следните пет кази: Скопје, Качаник, Куманово,
Крива Паланка и Кратово. Истиот додал дека во согласност со амба-
садата на Русија воениот округ кој ќе биде реорганизиран со учес-
тво на руските офицери би требало да биде оној формиран од след-
ните каази: Солун, Ениџе, Кукуш, Дојран, Гевгелија, Воден, Стру-
мица, Кавадарци.[474]

Што се однесува до Италија, во еден разговор што го
водел Маласпина со рускиот амбасадор во Цариград овој од негово
име и името на австро-унгарскиот амбасадор Каличе, ѝ го понудил
на Италија, секторот на Серес за реорганизација на жандармерија-
та, како реон кој бил најповеќе загрозен од востанички движења.
Но, Маласпина иако немал официјални инструкции од својата влада
ја искажал заинтересираноста за битолскиот сектор.[475]

По дознавањето за австро-унгарскиот и рускиот избор

на сектори за реорганизација на жандармеријата, италијанскиот министер за надворешни работи Титони побарал од Маласпина ефикасно да се ангажира за да ѝ биде доделен на Италија секторот Битола, со тоа што обусловувајќи ја поддршката на изборот на Австро-Унгарија и на Русија со добивањето на битолскиот сектор за Италија. Истовремено барал пријателски да се согласи врз таква основа, со амбасадорите на Велика Британија, Германија и Франција, за распределба на преостанатите три сектори (Битола, Кочани и Серес).[476]

Известувајќи ги италијанските амбасадори во Виена, Берлин и Лондон за ваквите италијански погледи за поделбата на сектори за реорганизација на жандармеријата, Титони вели дека: "Ако имаме надвладеано, во распределбата на секторите, критериумот на помал степен на интерес и на евентуално вмијање, ние не ќе имаме тешкотија во прифаќањето на секторот на Серес. Но со оглед на тоа што има надвладеано еден друг критериум, оценуваме дека секторот на Битола е апсолутно оној кој што ќе може да му се погоди и да го задоволи јавното мислење во Италија."[477]

Со цел да добие поддршка за барањето на Италија Титони интервенирал во Виена, Берлин и Лондон. Од Виена му било одговорено дека божем сите детали околу распределбата на секторите биле во надлежност на воените помошници и таму акредитираните амбасадори.[478] Уште повеќе, како што забележал австроунгарскиот министер за надворешни работи Голуховски дека генералот де Џордис кој решил да има седиштето во Битола, ќе можел секогаш да практикува врз овој сектор свое лично надгледување иако не бил одреден батаљон кој што би имал италијански офицери.[479]

Наспроти одговорот од Виена, од Лондон била ветена поддршка на Италија да го добие секторот на Битола за реорганизација на жандармеријата. Во оваа смисла му се доделени инструкции на ан-

глискиот амбасадор во Цариград О'Конор за заедничко решавање на прашањето. Ако се успеело да се добие за Италија секторот на Битола, англиските претставници на владата ќе го побараат заниз секторот на Серес.[480]

Поддршка на италијанските планови за добивање на секторот на Битола била добиена и од Франција. Така, отправникот на работите на Франција во Цариград доверливо го информира Маласпина, вечерта на 15 февруари дека неговата влада имала намера да го одбие, ако ѝ го предложат за реорганизација на жандармеријата, секторот на Битола и бара со поголема желба на сопствените офицери да им се додели секторот на Серес, каде што постојат француски интереси во врска со железниците.[481] Во оваа смисла известувал и италијанскиот амбасадор во Париз Г. Торниели во својот извештај од 4 март 1904 год. упатен до Титони. Во него се вели дека, францускиот министер за надворешни работи Делкасе, му соопштил оти се сакало на Франција да ѝ се додели секторот на Битола; но имал наслутено дека Италија покажувала интерес за оваа зона а не би сакал да предизвика непријатно чувство, тој изразил желба на француските офицери да им се додели секторот на Серес. Ова со оглед на тоа што француски средства се вложени во железницата која што го поминува овој крај и дека жандармеријата евентуално ќе биде повикана да ги заштитува нејзините интереси. Сепак, во врска со ова прашање на Франција не ѝ конвенираше да ја преземе иницијативата во врска со распределбата на секторите. Таа, и покрај сличностите гледиштата што ги имала со италијанските, сепак ги прифаќала сите одлуки што ги донесувале Австро-Унгарија и Русија во врска со начинот на распределбата на секторите за реорганизација на жандармеријата. Таа го одолговлекувала своето конечно изјаснување со низа причини. Италијанскиот амбасадор сметал дека како основна

причина за ваквиот француски став била ситуацијата создадена со војната на Русија на Далечниот Исток, поради што Франција се чувствувала обврзана да се подредува на гледиштата на Русија во однос на прашањата што се однесуваат на Отоманската империја. Фактички нејзината акција била подредена на онаа на сојузничката Русија.[482]

За влијанието кое го имала војната на Далечниот Исток врз однесувањето на Русија на Балканот, станува збор и во извештајот на италијанскиот отправник на работите во Виена Ферара од 16 февруари 1904 година. Во него меѓу другото се вели: "По избувнувањето на руско-јапонската војна, гроfот Голуховски телеграфски примил од гроfот Ламсдорф уверување дека настаните на Далечниот Исток не ја имале во ниеден дел измената согласноста која што постоела помеѓу двете Империи околу балканските прашања, ниту го намалила интересот кој спрема нив го имала руската влада. Таа следствено покажува најголема доверба во продолжувањето на работата на силите, со помош на неа верува дека мирот не ќе биде нарушен на Балканот и ќе се постигне обновување во овој регион на внатрешниот ред и мир. Тешко е да се каже дали таквата доверба била повеќе или помалку оправдана."[483]

Паралелно додека се воделе разговорите за поделба на сектори за реорганизација на жандармеријата, се водела дискусија на седниците на комисијата на кои се расправало за исклучување на чисто албанските кази од реформата на жандармеријата. Но, наспроти на Австро-Унгарија која се залагала за исклучување на албанските кази од реорганизацијата на жандармеријата, италијанскиот делегат Симориле на состанокот на воената комисија за реорганизација на жандармеријата во Македонија, изјавил дека исклучувањето на чисто албанските кази не ќе можело да биде поинаку ос-

вен привремено, бидејќи, со границите дадени во програмата од Мирцштег, кои ги спомнуваат изрично трите вилаети не подлежи на комисијата да донесе решение за дефинитивно исклучување на овие ка-
зи од зоните во кои ќе треба да биде реорганизирана жандармеријат.[484]

Во врска со ова прашање на повеќе седници на комисијата биле изразени различни мислења од страна на германскиот, рускиот, англискиот и италијанскиот делегат. Австроунгарските и рускиите делегати, овластени од нивните амбасадори во Цариград, на X седница на комисијата истапиле со план кои кази ќе бидат исклучени од реорганизацијата на жандармеријата, не негирајќи дека ова не било предвидено со Мирцштегската програма.[485]

Во еден разговор на италијанскиот амбасадор во Цариград со неговиот австроунгарски колега, последниот изјавил дека исклучувањето на албанските кази од реформата на жандармеријата било последица од тогашната ситуација на Албанците во округите на Призрен и Јаковица. Меѓутоа, италијанскиот амбасадор сметал дека благодетите од реформите требало да се прошират и во овие реони. Исто така, според неговото мислење, реформите прилагодени на локалните услови ќе требало да се воведат, не само во албанските округи на вилаетите Косово и Битола но и во вилаетите на Скадар и на Јанина.[486]

Подоцна, австроунгарскиот и рускиот амбасадор се согласиле, како што било изнесено во нивното соопштение упатено до Високата Порта, за одлуките прифатени од генералот де Дордис, во согласност со воената комисија за реорганизација на жандармеријата во трите македонски вилаети, исклучувањето на чисто албанските кази од реформата да биде привремено.[487]

Интересно е да се спомене, кога станувало збор за распределбата на секторите меѓу големите сили за реорганизација на

македонската жандармерија дека, самото навестување оти Австро-Унгарија ќе го бара за себе скопскиот округ предизвикувало отворено незадоволство кај месното население и кај Македонската револуционерна организација. Така, во извештајот на италијанскиот конзул во Скопје Августо Страниери, од 2 март 1904 година, упатен до италијанскиот амбасадор во Цариград Маласпина, се зборува дека веста за австроунгарските намери предизвикала возбудување како кај месното население така и меѓу револуционерните водачи на овдешните локални комитети. Така потврда на ова ги наведува и испитувањата вршени од неговите колеги од Велика Британија и Франција. Надоврзувајќи се на ова тој му обрнува посебно внимание на амбасадорот, дека: "комитаџиите во овој округ припаѓаат на тн. група на автономисти (апсолутна автономија на Македонија) на кои дури и самата далечна најава од една моќна австриска завојна ќе огорчува и ќе биде способна да ги поттикне на најжестоки дејствија и демонстрации."[488] (Подвлеченото во текстот од италијанскиот конзул б.м.).

И во својот извештај од 3 март упатен до министерот за надворешни работи, Августо Страниери известува дека во случај Австро-Унгарија да го добиела скопскиот санџак се очекувало од страна на Македонската револуционерна организација да се направат динамитни атентати. Овие информации биле потврдени и од француски от и англискиот конзул.[489]

Во меѓувреме на седниците на комисијата за реорганизација на жандармеријата во Македонија, Италија настојчиво се спротивставувала на стремежите на Австро-Унгарија да го добие Скопскиот вилает. Меѓутоа, Австро-Унгарија категорички се залагувала и не сакала да го отстапи Скопскиот вилает. Англиските и француските делегати не покажувале некоја поголема активност во оваа фаза на работата на Комисијата. И како што ќе видиме подоцна

заради нивната неактивност во Комисијата, Италија била принудена да отстапи и да се согласи со решението на Комисијата.[490]

Во меѓувреме продолжувале дебатите во Комисијата, во врска со доделувањето на секторите за реорганизација на жандармеријата во Македонија. Така, во една телеграма која што ја упатил италијанскиот министер за надворешни работи Титони до италијанската амбасада во Лондон на 13 март 1904 година, меѓу останатото се вели дека лондонскиот и парискиот кабинет го поткрепувале барањето на Италија за доделување на секторот Битола, а виенскиот и петроградскиот кабинет бараме да и се додели битолскиот сектор на Франција. Италијанската влада била против начинот со кој Австро-Унгарија и Русија решавале за прашањето во врска со доделувањето на секторите, а барала акција на сите заинтересирани сили за решавање на македонското прашање за што постоела целосна согласност меѓу кабинетите во Рим и Лондон. Во продолжение на телеграмата, Титони го изнесува мислењето на неговата влада како би требало да се доделуваат секторите за реформа. Според него ниедна сила која рефлектирала на одреден сектор не би требала да има во него посебно влијание. Во барањето за добивање на битолскиот сектор, Италија ја имала поддршката на Велика Британија. На крајот, Титони го молел италијанскиот амбасадор во Лондон, да го извести какви биле точните намери на лордот Ленсдаун по прашањето, и какви биле инструкциите кои тој намерал да му ги даде на англискиот амбасадор во Виена.[491]

Потврда за вакviот италијански став наоѓаме и во телеграмата на Титони од истиот ден (13 март) упатена на италијанскиот амбасадор во Петроград. Зборувајќи за начинот на распределба на секторите за реорганизација на македонската жандармерија тој меѓу другото вели: "Јас секогаш сметав и сметам дека најдобро ре-

шение ќе биде онаа да се распределат зоните помеѓу силите на начин што на ниедна нема да ѝ биде доверена онаа зона во која што би можело да се претпостави дека таа би извршувала едно влијание од политичка природа. Со оваа на најдобар начин ќе се манифестира фактот дека ниедна држава немала намера да ги претпочита во решавањето на македонското прашање своите посебни интереси. Но, кога Австро-Унгарија и Русија не се присоединија на овој поредок на идеи, италијанската влада оценува дека секторот на Битола бил апсолутно единствениот кој би можел да ја задоволи Италија."[492]

Италијанската влада посебно инсистирала на тоа прашањето за распределба на зоните за реорганизација на жандармеријата да биде во надлежност на европскиот концерт, а не само на Австро-Унгарија и Русија. Таа настојувала, ова да се спроведе на ваков начин и со цел да не се наруши согласноста, која дотогаш постоела меѓу големите сили во однос на спроведувањето на реформите во Отоманската империја.

Настојчивите барања на италијанската влада да го добие битолскиот сектор постојано наидувале на спротивставување од страна на Австро-Унгарија. Причините кои последната ги наведувала како што му било изнесено на францускиот амбасадор во Виена од страна на Голуховски, биле тие, што била лоша моменталната внатрешна ситуација во Албанија. Доделувањето на Италија на битолскиот сектор ќе предизвикало спротивставување на Турција поради недовербата што ја одгледувала кон неа. Од своја страна ниту Австро-Унгарија не сакала да ѝ се додели овој сектор на Италија.[493] Меѓутоа, италијанскиот амбасадор во Цариград, ги побивал ваквите австриски тврдења, со тоа дека немало знаци на подозрение за држењето на Високата Порта кон Италија и кое било инспирирано од најголема доверливост.[494]

Австро-Унгарија и Русија, како што и порано е споменувано и го нудат битолскиот сектор на Франција, со цел Италија да не го добие. Од австро-унгарска страна наводно се нудел секторот на Солун за Италија, и дека таа тоа го прифатила, кое меѓутоа, било демантирано од италијанска страна.[495]

Наоѓајќи се во ваква ситуација, италијанската влада продолжила да бара поддршка за своите гледишта кај англиската и француската влада. Од англиска страна се настојувало, што побргу да се разреши ова прашање, со оглед на тоа што се сметало дека со доаѓањето на пролетта се зголемувала опасноста од нови востанички движења. Со посредство на италијанскиот амбасадор во Лондон, државниот секретар за надворешни работи Ленсдаун, и ги предложил на италијанската влада следниве две алтернативи за разрешување на прашањето за распределба на секторите за реорганизација на македонската жандармерија: 1. Да и се додели Солун на Русија, Битола на Англија, Скопје на Франција и двата источни сектори Серскиот и Драмскиот на Италија и Австро-Унгарија; 2. Ако Австро-Унгарија инсистирала да го добие Скопје, да и се додели Битола на Италија и двата источни сектори на Франција и Англија. Во случај ниту едното ниту другото од овие решенија, да не биде прифатено, лордот Ленсдаун истакнал дека немало да има потешкотии со едно извлекување на ждрепка на сите сектори помеѓу петте сили.[496]

И од страна на Франција било ветено, како што му рекол францускиот министер за надворешни работи делкасе на италијанскиот амбасадор во Париз грофот Торниели, дека таа немала да се противи на доделувањето на битолскиот сектор на Италија.[497]

И по еден подоцнежен разговор (21.III) Делкасе, потврдувајќи и ја поддршката на Италија, му изјавил на Торниели дека останувал решителен во намерата да го одбие за Франција секторот

на Битола и да му даде предимство на оној во Серес.[498]

Италија за остварување на своето барање го сондирала теренот и во Петроград. Руската влада како што било навестувано од нејзина страна, сакала што побрзо да се разреши прашањето за доделување на секторите за реорганизација на жандармеријата бидејќи не можела многу да се преокупира со ова прашање (Руско-јапонската војна била во тек, б.м.).[499] Во руското министерство за надворешни работи му беше изјавено на италијанскиот амбасадор Морра, на најкатегоричен начин, дека руската влада посакувала пред се полна согласност помеѓу силите и се надевала дека тоа може да се изврши во смисла како што била посакувана од италијанската вла да.[500] Како последица од ова, рускиот министер за надворешни работи позитивно му телеграфирал, на 25 март, на својот амбасадор во Цариград, за неговото одобрување за доделување на битолскиот сектор на Италија во распределбата на секторите за реорганизација на жандармеријата.[501] И на разговорот кој што го водел италијанскиот амбасадор во Петроград Морра, со рускиот министер за надворешни работи Ламсдорф на 26 март, од италијанска страна било истакнато дека и интересите на Италија и на Русија биле идентични во врска со споменатото прашање врз база на одржувањето на Status-quo-то. Морра инсистирал на вистинската идентичност на погледите која што постоеше помеѓу Русија и Италија за зачувувањето на Status quo-то. Се сметало од негова страна дека во Русија повеќе требало да има отпор кон доделувањето на скопскиот сектор на Австро-Унгарија отколку кон битолскиот на Италија. И покрај ова, италијанскиот амбасадор сметал, дека Русија благонаклонето се однесувала кон барањето на Италија. И по еден друг повод, тој вели дека Русија го поткрепувала барањето на Италија да ѝ се додели битолскиот сектор.[502]

Амбасадорот Мора надоврзувајќи се на ова прашање ја истакнувал непринципиелната позиција на Турција во врска со доделувањето на битолскиот сектор на Италија, бидејќи играла на две карти, во Рим се изразувала во полза на Италија а во Виена обратно.

За разлика од Русија, Велика Британија била децидна во поддршката на Италија, со оглед на тоа што таа инсистирала и кај руската и кај австроунгарската влада да ги прифатат двете предложени варијанти од страна на Ленсдаун за распределба на секторите во Македонија за реорганизација на жандармеријата со кои се согласувал и италијанскиот министер за надворешни работи Титони.[503]

Согласно со ваквите погледи искажани од Ленсдаун, италијанскиот министер за надворешни работи Титони го овластува италијанскиот амбасадор во Виена да може отворено да му изјави на гроф от Голуховски дека, во случај Австро-Унгарија да се откаже од скопскиот сектор, Италија подеднакво ќе се откаже од битолскиот сектор; но, ако Австро-Унгарија истрае во барањето на скопскиот сектор, Италија од своја страна ќе инсистира на битолскиот. Според тоа Голуховски можел да увиди, дека единствениот можен излез од дадената тешкотија се наоѓал во прифаќањето на една од двете варијанти изнесени од Ленсдаун. Се очекувало вакво-то решение, еднодушно да го поддржат сите сили.[504]

Италијанската влада за да ја разреши настанатата ситуација барала интервенција и во Берлин. На германската влада, со посредство на италијанскиот амбасадор во Берлин, и е укажано за држењето на Австро-Унгарија во однос на Италија т.е. на недостаточност на доверба која била штетна за развојот на блиските односи со Австро-Унгарија кои биле заедничка цел. Исто така е побарано тој да истакне дека, по изјавите на Франција и на Англија за поддршка на оправданите италијански барања, ќе се создадела

таква

ситуација, поради која во едно прашање кое имало поприлично полити чки карактер, Италија ќе најдела поддршка надвор од своите сојузништва против отпорите на сојузничката. Се истакнувала надежта, дека германската влада ќе сакала да учествува во упорното барање за донесување на задоволително решение за ова прашање, кое ќе требало итно да се разреши исто така во интерес на согласноста на силите во остварувањето на реформите во Македонија. Исто така се барало германскиот секретар за надворешни работи Билов да телеграфира во Виена на својот амбасадор да разговара во врска со ова прашање со италијанскиот амбасадор војводата Аварна.[505]

Интересно е да се истакне дека, причините кои што ги истакнувала Австро-Унгарија да не ѝ се додели на Италија битолскиот сектор, според она како што му било кажано на францускиот амбасадор во Виена Реверсо, во текот на еден разговор со грофот Голуховски, биле покрај останатото и тоа што таа би се здобила со привилегирана положба во Македонија, со оглед на тоа што имала во Битола свој генерал со главен штаб и свој батаљон, а тоа било спротивно на Мирцштегскиот договор. На ова, според него, се надоврзувала и недовербата на Султанот, но кое повеќе пати било дементирано од италијанска страна. Во текот на разговорот Голуховски изјавил дека, кога генералот Де Џорџис ќе го воспоставел својот главен штаб во друг округ, Австро-Унгарија немала да се спротивстави ставува битолскиот сектор да ѝ биде доделен на Италија.[506] Во оваа смисла се изразил Голуховски и во разговорот што го водел со англискиот амбасадор во Виена во врска со доделувањето на Италија на битолскиот сектор за реорганизација на жандармеријата.[507]

Со цел да се отстрани постојаниот изговор на Австро-Унгарија да не се согласува со доделувањето на битолскиот сектор на Италија ако го имал генералот де Џорџис истовремено и главни-

от штаб во Битола, последниот му изјавил на италијанскиот амбасадор во Цариград дека тој немал намера, да го воспостави својот главен штаб постојано во Битола.[508]

По интензивните дипломатски напори на италијанската влада е обезбедена и поддршката на Русија за доделување на битолскиот сектор за реорганизација на жандармеријата на Италија. За ова го информирал Титони, италијанскиот амбасадор во Петроград, соопштувајќи му дека рускиот министер за надворешни работи грофот Ламсдорф му телеграфирал на својот амбасадор во Цариград за своето одобрение за доделувањето на битолскиот сектор на Италија.[509]

Имајќи ја обезбедено поддршката од владите на сите големи сили за доделување на битолскиот сектор на Италија за реорганизација на македонската жандармерија, Титони повикувајќи се на своите инструкции од 17 март, му наложил на амбасадорот во Виена Аварна, да поведе разговор со грофот Голуховски за ова прашање. Забележувајќи некои нови позитивни навестувања кај грофот Голуховски, искажани во неговите разговори со англискиот амбасадор на 24 март, Титони му наложил на својот амбасадор да му изјави на него дека "ниедна нација повеќе од Италија не сака помалку да профитира од моменталната ситуација во Македонија за посебни политички позиции. Налето инсистирање врз прашањето за распределбата на секторите потекнува од состојбата на италијанското јавно мислење и од едно справедливо почитување на самољубието."[510]

Под влијание на одлуките на другите сили кои се покажале благонаклонети кон доделувањето на битолскиот сектор на Италија, грофот Голуховски попуштил од својата намера за постојано спротивставување на Италија во врска со ова прашање. Меѓутоа, тој и понатаму ја задржувал познатата резерва околу подоцнежното пренесување на главниот штаб на командантот на жандармеријата во

Битола.[511]

За согласноста на австроунгарската влада да и се додели на Италија секторот на Битола, под услов генералот Де Доркис да нема седиште во истиот град, зборува и италијанскиот амбасадор во Берлин Ланца, во својот извештај упатен до министерот за надворешни работи на 27 март 1904 година.[512]

Со цел Австро-Унгарија да не поставува повеќе пречки за италијанското барање, Титони, со посредство на италијанскиот амбасадор во Цариград, бара од генералот де Доркис, да се обврзе да го установи и одржи седиштето на својот главен штаб во Солун. Тоа според него било единственото средство да се разреши, деликатното прашање, на начин за Италија задоволителен. Ова исто така било во интерес на техничката задача на него доверена, која не можела да започне пред да има склучена спогодба на силите за таквото претходно прашање.[513]

Прифаќајќи ги ваквите сугестии од неговата влада, генералот Де Доркис во еден разговор со австроунгарскиот амбасадор во Цариград на 27 март, изјавил дека неговиот главен штаб ќе остане во Солун. Тој исто така сметал за корисно, да го истакне своето мислење, дека заради спречување на можни притисоци во идина кои евентуално би се вршеле од Високата Порта или од другите сили во смисла да се премести неговиот главен штаб во Битола, да биде со извршна определеност од страна на силите установено седиштето на главниот штаб во Солун. За да се спречат евентуалните обиди на Високата Порта во овој правец, со што италијанската влада и генералот Де Доркис би биле ставени во тешка положба, италијанскиот амбасадор Маласпина сметал прифаќањето од италијанска страна, на предложеното решение на баронот Каличе (австроунгарски амбасадор во Цариград) во однос на тоа главниот штаб да биде во

Солун, да биде пропратено со изјава на италијанската влада до кабинетите во Виена и во Петроград, со цел да се осигура нивната соработка во колку Високата Порта реши да се откаже од тоа да биде воспоставен главниот штаб на генералот Де Дорџис во Солун.[514]

Воочувајќи дека настапила извесна промена во тврдите австроунгарски ставови во врска со доделувањето на битолскиот сектор на Италија, италијанскиот министер за надворешни работи Титони, со посредство на својот амбасадор во Цариград Маласпина, бара од италијанскиот помошник во воената комисија полковникот Сињориле на наредната седница, да ја презентира следната текстуална изјава на кралската влада: "Во распределбата на секторите за реорганизирање на жандармеријата, италијанската влада бара да и биде доделен округот на Битола, со резерва дека, кога Битола ќе стане седиштето на главниот штаб на генералот Де Дорџис, на Италија ќе ѝ биде доделен друг сектор."[515]

Исто така министерот барал оваа инструкција да му биде соопштена и на генералот Де Дорџис и да биде замолен прашањето за распределба на секторите бездруго да биде ставено во дневниот ред на седницата на воената комисија од 5 април 1904 година.

На почетокот на седницата на воената комисија од 5 април, генералот Де Дорџис ја отворил дискусијата за прашањето на доделување на секторите на разните сили. Тој изјавил пред се, дека, по негово мислење, центарот за реорганизација на жандармеријата, и според тоа седиштето на главниот штаб, требало да биде во Солун; и додал дека министерот на војната на Турција, информиран за таквото негово гледиште, го имал наполно одобрено. Мислењето на генералот Де Дорџис било споделено од членовите на Комисијата, и затоа тој ги поканил воените помошници да ги означат секторите во кои тие имале намера да почнат со реорганизацијата

на жандармеријата, заедно со офицерите од нивната националност.

По изјавите на сите останати воени помошници[516] капетанот Замполи (бидејќи бил отсутен полковникот Сињориле), го изнел барањето на Италија за секторот на Битола, прочитувајќи ја изјавата формулирана во телеграмата на Титони од 4 април 1904 г.[517]

Никаков приговор не бил изразен од воените помошници во однос на изнесените барања. Останувала само резервата, ако во случај на тоа, седиштето на главниот штаб на генералот де Џордис биде пренесено во Битола да и биде на Италија доделен друг сектор. Но за оваа не била одговорна Комисијата туку тоа било прашање на договор на односните влади.

На седницата се расправало и за техничките и финансиските прашања поврзани со реорганизацијата на жандармеријата.

На крајот на споменатата седница англискиот воен помошник инсистирал помошниците да отпатуваат по можност на 6 април за Македонија, меѓутоа Комисијата, во согласност со генералот де Џордис, решила дека патувањето не би требало да биде задоцнето преку 11 април, и оти офицерите на разните сили кои ќе се примеле во отоманска служба ќе требало да пристигнат во Солун не пред 15, ниту подоцна од 23 април.[518]

Откако дознал за решенијата на воената комисија за реорганизација на македонската жандармерија, министерот за надворешни работи Титони, оценил со посебно задоволство, дека заклучоците на Комисијата биле потполно согласни со мислењето и разбирањата на италијанската влада и образувале едно решение кое Италија го ценела како задоволително во секој однос.[519]

Работите на воената комисија за реорганизација на македонската жандармерија биле завршени на 9 април, кога таа решила да побара интервенција на амбасадите на големите сили кај

Високата Порта околу следните прашања: потписот на договорот на офицерите кои ќе се примат во отоманска служба; мерки кои се однесувале на пристигањето на помошниците и странските офицери во Солун и за размена на телеграфската кореспонденција помеѓу помошниците и односните амбасади.[520]

По завршувањето на работите во Цариград генералот Де Дорцис на 16 април, придружен од полковникот Сиљориле и капетанот Каприни заминал за Солун.[521] Тука пристигнал на 19 април и заедно со придружбата бил примен од сите цивилни и воени власти, поздравен од италијанскиот конзул и од персоналот на конзулатот. Две војнички чети му оддадоа воени почести.[522]

Со овој чин завршиле напорите на италијанската влада за добивање на своја зона за реорганизација на македонската жандармерија. Сега започнува новата фаза практичната активност за реорганизација на жандармеријата. Италијанските офицери и подофицери требале да го применат искуството што го стекнале со нивното работење на Крит.

г. Доаѓањето на италијанските офицери во Македонија и подготовките за нивната дејност

По пристигнувањето на сите странски воени помошници во Солун започнале подготовките за нивната практична дејност. Беќе на 29 април, според известувањето на италијанскиот конзул во Солун С. Милацо, се одржала првата техничка конференција за реорганизација на македонската жандармерија под претседателство на генерал-потполковникот Де Дорцис, на која биле присутни сите 25 странски офицери од Франција, Италија, Австро-Унгарија, Русија и Англија, кои овде пристигнале на 28 април. На состанокот бил присутен и аѓутантот на генералот де Дорцис капетанот Каприни и

шесте помошници на големите сили: меѓу кои бил и италијанскиот полковник Синьориле заедно со двата воени аташеа на Русија и на Австро-Унгарија во Цариград.[523]

Генералот Де Дордис пред отворањето на конференцијата, одржал пред присутните краток говор за приликите во регионите кај што ќе се упателе, кој бил испушан со големо внимание, пред се кога истакнал за тешката мисија доделена на него и на другите странски воени претставници за реорганизација на жандармеријата во Македонија. Мисијата тој сакал да ја реализира на најдобар можен начин за добрито на месното население, со учество од една страна на турските власти и истовремено со ефикасното и интелигентно учество од друга страна на сите странски офицери кои по потреба овде биле одредени. Тие секогаш биле спремни за извршување на задачите и така ќе ја оправдаат довербата на Султанот и на големите европски сили.

Потоа генералот де Дордис ги изнесол во главни црти постоечките услови во Македонија и го завршил својот говор изразувајќи надеж, дека проектираните реформи за доброто на оваа земја со благородната иницијатива на Русија и на Австро-Унгарија, на која се придружиле со еднодушна согласност другите големи сили, Франција, Италија, Англија и Германија, немало да задоцнат во нивното прилагање, со оглед на тоа дека Султанот и целата локална власт им имале ветено на нив најширока и силна поддршка.[524]

Меѓутоа, за разлика од вакви оптимистички изјави на генералот Де Дордис во поглед на реорганизацијата на македонската жандармерија, поинакви се согледувањата на самиот терен. Тоа може да се воочи и од извештаите на италијанскиот конзул во Битола Г. де Визарт. Тој во својот извештај од 9 април, упатен до министерот за надворешни работи Титони, зборува дека во Бито-

ла владеело големо исчекување за пристигањето на странските офицери за реорганизација на жандармеријата и можело да се утврди дека последните вести, според кои на Италијанците ќе им бил доделен Битолскиот вилает, оплто биле примени со наклонетост кај христијанското население. Точно во таквото исчекување македонскиот комитет ќи има прекинато непријателствата со турските власти, бидејќи во вилаетот тогаш се наоѓале десетина чети.[525]

Оценувајќи ја според разни согледувања, италијанскиот конзул во Битола сметал дека програмата донесена во Мирцштег, можела да се оценува како банкротирана и верувал дека би претставувало грешка да се одгледуваат празни надежи во успехот на италијанските офицери, особено ако нивната мисија се ограничела само на чисто надгледување. Тој сметал дека на нив требало да им се додели вистинска ефективна власт, поголема од онаа на турските власти. Тие во овој случај ќе се нашле речиси во идентична ситуација со белгиските и шведските офицери кои биле во даденият момент комплетно обезвластени и доведени до најнизок степен. Не можело да се очекуваат слични резултати во споредба со оние кои ги дала странската жандармерија установена на Крит. За разлика од Македонија на Крит била присутна само грчката пропаганда која водела борба против турските власти. Во Македонија задачата на странската жандармерија ќе била многу потешка, бидејќи ќе требало да се спречи непријателството на Турците кои биле незадоволни од оваа обнова и да ги прекини конфликтите не само помеѓу муслиманите и христијаните туку исто така и меѓу приврзаниците на разните странски пропаганди кои дејствувале во христијанскиот дел на населението. Италијанскиот конзул потоа се прашувал како можело пет високи странски (италијански) офицери - и тоа пред сè сами во еден регион составен од пет санџакати - да бидат доволни за

една таква задача и посебно во тој момент кога се зголемуваат раздорите во месното население предизвикани од дејноста на странските пропаганди. Единствената корист од испраќањето на италијанските офицери во Битолскиот вилает била онаа субјективната за правото на италијанската влада да може да го споделува со другите сили влијанието во балканските работи. Со цел да се оствари ваквата италијанска интенција, ќе било потребно во иднина да се вложат поголеми усилби за подобрување на условите во овој регион, и да се создадат средства за проширување на соработката на Италија во австроунгарско-руската политика или поарно речено вмешување во балканските работи.[526]

Освен горенаведеното мислење на италијанскиот конзул во Битола, се уочувале и други пречки, кои го запирале позабрзаниот од на реорганизацијата на македонската жандармерија. Една од нив била и несогласувањето на Високата Порта да ги исплаќа странските офицери како било предвидено со договорот на генералот Де Џордис и амбасадите на Австро-Унгарија и на Русија во Цариград. Странските офицери требале да имаат повисоки примања од оние кои ги добивале во своите армии.[527]

Дури по долготрајни преговори водени помеѓу генералот Де Џордис и генералниот инспектор Хилми-паша, на 14 мај 1904 година бил потпишан договорот за примањето на 25 странски офицери: Италијанци, Французи, Англичани, Австријанци и Руси кои биле одредени да стапат на служба во новата македонска жандармерија. Главната пречка во преговорите, како што било и погоре споменато, била исплатата која отоманската влада сакала за секој странски офицер да одговара само на чинот кој го имале во војската на сопствената земја а не според повисокиот чин на секого од нив кој бил примен во отоманска служба. Меѓутоа, сите овие тешкотии, спо-

ред зборовите на италијанскиот конзул во Солун С. Милацо, срекно биле надминати, благодарејќи на успешната интервенција на генералот Де Џордис, и особено поради големата доверба која тој ја имал кај Султанот и симпатиите кои знаел да ги инспирира кај целата власт и пред се кај Хилми-паша и кај валијата.[528)]

Во меѓувреме додека траеле долготрајните преговори во врска со потпишувањето на договорите со странските офицери, италијанскиот полковник Сиљориле поднел оставка на должноста помошник на меѓународната комисија за македонската жандармерија. За негов наследник бил одреден потполковникот Албера,[529)]

Зголеменото влијание и престиж, што ги стекнувал генералот Де Џордис со својата дејност, предизвикувале загриженост кај австроунгарската влада за засилувањето на нејзините позиции во Македонија. Таа на секој начин настојувала да се намали неговата компетентност.[530)] Сигурно со ваква цел, можат да се окарактеризираат и барањата на австроунгарскиот цивилен агент Милер, за формирање на комисија во која ќе се разгледуваат прашања кои се однесувале на реформата на жандармеријата. Споменатата комисија би била составена од цивилните агенти на Русија и Австро-Унгарија, генералот Де Џордис и генералниот инспектор Хилми-паша кој би бил на нејзино чело.

Меѓутоа, генералот Де Џордис му изјавил на италијанскиот амбасадор во Цариград Г. де Мартино дека австроунгарскиот предлог го сметал како неумесен и штетен за реорганизацијата на жандармеријата.[531)]

Италијанскиот амбасадор сметал дека, предлогот на австроунгарскиот цивилен агент имал за цел, да ја извлече сферата за акција резервирана со одлуката на силите, од исклучивата компетенција на италијанскиот генерал. Впрочем предлогот бил спроти-

тивен на одлуките од Мирцштег. И со оглед на тоа што, како што многу јасно можело да се види, реорганизацијата на жандармеријата изгледала единствена помеѓу реформите во Македонија одредена да има некој практичен резултат,, предлогот на австроунгарскиот цивилен агент би имал за резултат, во голем дел да се анулираат значителните морални предимства кои за италијанското влијание требале да произлезат од фактот дека, овој посебен потфат му бил доверен на раководење на еден италијански генерал.[532]

Ваквиот предлог на Австро-Унгарија наишол на одбивање кај генералниот инспектор Хилми-паша, против него бил и Де Дорџис. Благодарејќи на спротивставувањето на амбасадорите на Франција и Велика Британија во Цариград, умесното одбивање на Де Дорџис и без директна интервенција на италијанската влада и нејзиниот амбасадор во Цариград, а со цел да се одбегнат австроунгарските сомненија, пропаднал предлогот на Милер.[533]

Австро-Унгарија и на други начини се обидувала да ја провоцира Италија. Така во Битола била испратена една австроунгарско-руска комисија, која најверојатно со политичка цел била упатена од страна на виенскиот и петроградскиот кабинет во зоната на дејствување на италијанските офицери.[534]

За недобронамерниот однос на австроунгарските претставници кон генералот Де Дорџис, зборува и италијанскиот амбасадор во Виена Аваона, во извештајот упатен до министерот за надворешни работи Титони на 28 мај 1904 година. Во него зборувал за многу задоволителниот прием, кој му бил направен на генералот Де Дорџис, кој заедно со воените помошници бил во посета на Скопје, од страна на властите и од локалното население. Меѓутоа, австроунгарскиот конзул имал непријателски однос кон генералот Де Дорџис, за што италијанскиот амбасадор во Виена му оорнал посебно

внимание на одговорните функционери во австроунгарското министерство за надворешни работи.[535)]

Инаку, треба да се спомене и тоа дека на генералот Де Горџис свечени пречекувања, придружени со големи почитувања му биле приредени и при посетата за време на кратката обиколка на инспекција на Серес, Драма а исто така и во Солун и во Битола, како што известувал италијанскиот конзул во Солун С. Милацо.[536)]

Покрај сите тешкотии кои ја придружувале реорганизацијата на жандармеријата, се јавило и прашањето за зголемувањето на бројот на странските офицери, кои ќе учествувале во нејзиното реорганизирање. Високата Порта сметала дека, првообележениот број од 25 офицери, по пет на секоја земја, бил доволен, повикувајќи се на некоја претходна изјава на генералот Де Горџис. Меѓутоа, последниот оваа бројка ја земал како еден неопходен минимум за почеток на реорганизацијата на жандармеријата, бројка која што ќе требала да биде донесена барем се до шеесетмина, постепено до развојот на мерките за реорганизација.[537)]

Во рамките на покренатото прашање воените помошници на Франција, Русија и Австро-Унгарија ја истакнале намерата да бараат нови офицери, покрај петте веќе примени од секоја националност, а исто така и одреден број на подофицери. Но, во даденият момент генералот Де Горџис бил убеден дека, во прво време, еден поголем број на офицери и подофицери повеќе ќе претставувал пречка отколку што ќе имало корист.[538)]

Воочувајќи ја непопустливоста на генералот Де Горџис во прашањето за предвременото зголемување на бројот на странските офицери, италијанскиот министер за надворешни работи Титони инсистира деликатното прашање да биде предмет на разгледување од страна на европските кабинети, како би продолжила, да функциони-

ра перфектно согласноста на силите наспроти на Високата Порта. Дури откако ќе се постигнела согласност со заинтересираните кабинети во врска со ова прашање, тогаш да се поставело барањето пред Високата Порта.[539]

За разлика од ваквото гледиште на италијанската влада на ова прашање, австроунгарскиот министер за надворешни работи гроф от Голуховски, му изјавил на италијанскиот амбасадор во Виена Аварна, дека Австро-Унгарија била за тоа без консултација на европските сили, директно да се постави барањето до Високата Порта за зголемување на бројот на странските офицери.[540] Спротивно од погледите на австроунгарската влада, на италијанскиот амбасадор во Петроград Морра, му било изјавено дека Русија се согласувала со гледиштата на Италија за претходна заедничка согласност на големите европски сили, во врска со барањето за зголемување на бројот на странските офицери во македонската жандармерија.[541]

Како што се гледа од гореизложеното, Австро-Унгарија и Русија имале различни гледишта во врска со гореспоменатото прашање, иако Голуховски инсистирал на идентичните мислења на двете влади по ова прашање. За ваквите нејдентични мислења на двете влади, бил известен италијанскиот амбасадор во Цариград Г. де Мартино.[542] Наоѓајќи се во една ваква нејасна ситуација, италијанската влада се обрнала до англиската влада, за преземање на една заедничка иницијатива, доколку се побара зголемување на бројот на странските офицери.[543] Ова уште повеќе, ако се имало предвид дека Високата Порта, според извештајот на италијанскиот амбасадор во Цариград Г. де Мартино од 27 јуни, била решителна во одбивањето на барањето за зголемување на бројот на странските офицери, поткрепувајќи се на мислењето на генералот де Дорџис.[544]

Воените помошници на Русија и Франција, потоа францу-

ските конзули во Македонија а и рускиот воен аташе во Цариград, како што јавувал италијанскиот амбасадор во Виена Аварна, биле за тоа да се зголеми бројот на странските офицери.[545]

Кога и при повторната интервенција кај англиската влада, да се усогласи заедничкиот настап на двете влади, во врска со прашањето за зголемување на бројот на странските офицери, бил даден неодреден одговор,[546] Италија и самата ја истакнала намерата да го постави барањето за зголемување на бројот на нејзините офицери во Македонија, во случај ако тоа го направеле и другите сили. Како оправдување за ова, таа ја истакнува должноста да се реорганизира жандармеријата во еден округ (Битола), кој сигурно во секој поглед не бил помалку важен и тежок од било кој друг.[547] За ваквите намери на Италија била известена и Високата Порта, со посредство на италијанскиот амбасадор во Цариград Г. де Мартино.[548]

Кога се зборува за ова прашање, треба да се каже дека петте италијански офицери кои ќе биле ангажирани во Битолскиот сектор, би биле на следниот начин распределени: еден бил определен за училиштето на жандармеријата кое ќе се основало во Солун, еден офицер - сметководител ќе бил на располагање на генералот де Џорџис, еден офицер на располагање на италијанскиот воен помошник и двајца останувале на располагање за надгледување на четите на жандармеријата која требала да се реорганизира.[549] Меѓутоа, подоцна ќе дојде до нивна поинаква распределба. Италијанските офицери на 27 мај 1904 година пристигаат во Битола. По нивното пристигање офицерите вршат посета на објектите на жандармеријата. Нивната распределба е извршена по овој редослед:

1. Мајор Чиконьани - седиште во Битола со подрачјето на околината на Прилеп, Демир Хисар и Ресен; 2. Мајор Гароне - седиште во Битола, со подрачјето на локалната околина и на онаа

на Лерин; 3. Капетан Лоди - седиште во Охрид со подрачјето на неговата околина и онаа на Кичево; 4. Капетан Луци - седиште во Костур со подрачјето на неговата околина,[550)]

По извршениот распоред на италијанските офицери и по нивното разместување по соодветните кази во Битолскиот сектор, италијанските офицери вложиле максимум усилби во претходно запознавање со состојбата на секторот и во секциите. Италијанските офицери на работа во Битолскиот сектор покажале моќне голема заинтересираност и ангажираност за успешно извршување на нивната мисија за реформирање и реорганизирање на турската жандармерија и полиција во Битолскиот вилает. Оттука биле забележителни и нивните напори во попречувањето и во намалувањето на самоволијата на турските граѓански и воени власти, вршени врз македонското население и во прогонувањето на разбојнички банди, кои биле многубројни во Битолскиот сектор. Несомнено дека задагањето на италијанските офицери во повеќето насоки имало, пред сè, политички белег, пресметнат во прилог на афирмирањето на италијанската политика на Балканскиот Полуостров, посебно во западните негови краишта: Албанија и Македонија, токму каде, предимно, биле насочени италијанските економски и политички интереси, заради што доаѓале во судир со австроунгарските. Оттука Италија, односно италијанската влада, била моќне заинтересирана за успехот на нејзината офицерска мисија во Битолскиот сектор, што објективно таквото нејзино настојување придонесувало за подобрување на состојбата на населението во Битолскиот сектор, со извесно елиминирање на одделни самоволија. Меѓутоа, италијанските офицери, и покрај нивната желба за подобрување на состојбата во нивниот сектор, заради непрецизноста и двосмисленоста на самата Мирцштегска реформна програма, со одземањето правото на странските офицери да командува-

ат со турските жандармериски единици во трите румелиски вилаети, а на кој начин единствено можело да се обезбеди успешното извршување на реформирањето на турската жандармерија, потоа заради малубројноста на странските офицери, а од друга страна забележлива била изразитата нетрпеливост кај турското население, свесно било попречувани во извршувањето на реформите од органите на турската власт што и италијанските офицери, набргу почувствувале дека не ќе бидат во состојба, ниту да ја спроведат жандармериската реформа, ниту, пак да придонесат нешто повеќе во корист на населението.[551]

Исправен пред сериозни тешкотии што го попречувале успешното извршување на мисијата и несакањето да работи врз такви понижувачки услови, шефот на италијанската воена мисија и член на штабот на генералот Де Џорџис, полковникот Сињориле, уште во почетокот на работата на странските офицери во Македонија, во мај 1904 година, поднел оставка и бил заменет со полковникот албера. За неговата оставка во реформаторските кругови, како што е истакнато и погоре, се претпоставувало дека била предизвикана од настојувањето на австро-Унгарија, бидејќи Сињориле бил јавен противник на австроунгарската политика во Македонија.

Во својот извештај испратен до италијанскиот министе за надворешни работи во Рим на 2 јули 1904 год., италијанскиот конзул во Битола Аугусто Страниери, меѓу другото, пишува дека веќе го посетил поголемиот дел на пространата територија и дека италијанските офицери се подготвиле за извршување на инспекцијата на соодветните подрачја што биле под нивна јурисдикција. Нивната задача, како што произлегува од извештајот, не била лесна со оглед на положбата на работите и на начинот на дејствување на турската управа. Италијанскиот конзул бил скептичен во постигањето

на одредени резултати од работата на италијанските офицери, имајќи ја предвид ограничената соработка на турските власти и ретките извори од кои би можеле да се добијат соодветни информации. Општата импресија што ја добиле италијанските офицери насекаде за функционирањето на жандармеријата, била во секој поглед очајна. Персоналот на офицерите на жандармеријата, во поголем дел, бил многу слаб и таков што апсолутно не бил на висина да раководи и да врши надзор над обучувањето на жандармите. Многу од нив биле неписмени, кои потекнувале од жандармеријата или биле преместени поради протекционизам или поради заменување на службите; шпионирање или друго. Во извештајот, исто така, станува збор за недисциплината што владеела во жандармеријата, за лошите сместувачки услови, и за недовербата што се чувствувала во врска со нејзината работа. Општо земено, италијанските офицери сметале дека условите за работа биле неблагопријатни.[552]

Главната задача на италијанските офицери била да се изврши чистка на персоналот - офицерите и обичните жандарми - отстранувајќи ги оние неспособни поради природните недостатоци, поради недоволната обука и поради лошиот однос, заменувајќи ги, со друг дел на војската кој бил образуван во училиштата за питомци установено во Солун. Исто така, нивна задача била да го проучат начинот како да се дојде до едно територијално распределување што подобро ќе одговара на барањето на службата. Така, постигнатото средување ќе овозможи италијанските офицери да се свртат целосно кон нивната работа за контрола на точната, прогресивна примена на новиот правилник, работа која ќе бара, без сомнение, еден доста долг период на време. Меѓутоа, за да биде успешна работата, требало да се премавнат горенаведените тешкотии, а во исто време, да се изврши реформа на администрацијата, на судството и тн.[553]

Што се однесувало до бројот на италијанските офицери, тој, во даденият момент, бил доволен; но ако се сакало да се искаже потребната будност, потребната контрола за строга примена на новиот правилник за обука, за службата и за администрацијата, било неопходно да се зголеми нивниот број со барем еден во седиштетож на секое подрачје. пространата територија на секое од овие подрачја, тешкотиите во комуникациите и бројните пречки што требало да се надминат за да се применат новите реформи, го оправдуваат барањето во таа смисла. На четирите гореспоменати италијански офицери им се чинело, во секој случај, неопходен еден преведувач не можејќи - како што можело лесно да се разбере - да бидат сигурни во она што го преведувале турските офицери, кои зборувале француски, и кои со тек на време ќе им биле ставени на нивно располагање. Соодветните трошоци кои би се направиле би биле на сметка на италијанската влада, како што тие би биле за француската и за англиската влада за нивните офицери.[554]

Решавајќи ги сите отворени прашања, колку што било можно во рамките на нивните овластувања, италијанските офицери преминале кон практична дејност во реорганизацијата на македонската жандармерија во Битолскиот сектор, што им била доверена со одлуките од Мирцштег.

в. Дејноста на италијанските офицери за реорганизирање на жандармеријата во Македонија

Запознавајќи се со состојбата набргу по доаѓањето во Битолскиот сектор италијанските офицери изјавувале дека Мирцштегската реформска програма не ќе донесе ништо ново, бидејќи Турција ја сметале за болно тело и со нејзиното непоправлив организам, на овие мерки со реформите ги сметале за палијативни. Тие сметале дека на Турција и била потребна здрава рака, која требало корени-

то да "премавне се старо и гнило и да даде пат на се што било младо, ново и напредно".[555] За италијанските офицери било, исто така, јасно дека турските владеачки кругови биле веќе "некадарни да управуваат и дека требало да отстапат место на здрави и напредни елементи".[556]

Италијанските офицери во Битолскиот сектор сметале дека самите турски граѓански и воени власти биле една од најголемите пречки за успешно извршување на нивната мисија. Наместо да им помогнат во извршувањето на нивната мисија турските власти на секаков начин настојувале да им попречуваат, посебно во доменот на подобрувањето на состојбата на населението, така што Битолскиот валија дури и одредбата за прием на христијани во турската жандармерија во Битолскиот сектор настојувал да ја дезавуира. Тој предлагал во жандармеријата да стапуваат христијани кои, и дотогаш, на некој начин се наоѓале во турска служба. Во таквата ситуација италијанскиот полковник Албера резигнирано истакнува за немоќноста да сторат ништо повеќе петмината италијански офицери. Италијанските офицери кои се наоѓале во центрите на казите во Битолскиот сектор, во Охрид, во Прилеп и Костур, а непознавајќи го македонскиот јазик, се чувствувале како затвореници. Ева што за ова вели Албера: "Јас самиот се чувствувам тука во многу непријатна положба. И да направиш некоја забелешка, никој не ја зема во внимание, бидејќи и последниот турски чиновник гледа, дека немаш никаква власт и тоа е најглупавото. Оној ден, после вашето соопштение (на бугарскиот трговски агент во Битола, б.м.) за тепаниот христијанин - стражар во Прилеп, јас го запрашав началникот на жандармеријата, но ми беше одговорено, дека тој ги провоцирал војниците, затоа бил тепан. И со тоа прашањето се исцрпело. И сум сигурен, дека истите одговори, ако не и побахати, ќе добивам

постојано, кога ќе поставам слични прашања. Поинаку би било, ако, наместо пет души, ние да бевме 25 офицери со 60 подофицери и тоа со право на ефективна команда. Тогаш ќе можевме да се ласкаме од надежта да направиме нешто добро, како на Крит. Но поставени во вакви услови, во кои се наоѓаме сега, ние ќе сториме толку работа колку и нашите претходници - другари Симон и Унандер (првиот Белгиец, вториот Швеѓанец, б.м.). Малкуминатэ христијански стражари должни се и сега ноќта да одат со фенери... На нив пушки не им се даваат. И при сето тоа, тука ги нарекуваат стражари!".[557]

Од изложеното е разбирливо дека, вакviот однос на турските власти спрема италијанските офицери во Битолскиот сектор, бил свесно насочуван. Високата Порта ја согледала политичката задачина на мисијата на странските офицери и во зависност од националната припадност на офицерите, таа и диференцирано се однесувала спрема нив. Меѓутоа, во голема мерка влијаела упорноста и енергичноста на самите офицери во извршувањето на нивната мисија, како што биле посебно француските, потоа италијанските, руските, австроунгарските и нешто помалку англиските офицери. Но, на сето тоа влијаела и географската положба на секторот за реформирање како и општата позиција спрема Отоманската империја на соодветната странска земја што офицерите ја претставувале.

Италијанските офицери сосема добро разбирале за самоволијата што ги вршеле самите турски власти. Тие настојувале да се почувствува нивното присуство во Битолскиот вилает, меѓутоа, постигнатите резултати биле мали. Турските органи на секој чекор настојувале да го ограничат нивното движење низ Битолскиот вилает и да ја неутрализираат нивната служба за известување. Турските власти, настојувале, исто така, да ја стеснат нивната функција, така што италијанската воена мисија од ден на ден го губела својот

авторитет меѓу населението.[558] Против луѓето кои доаѓале да се пожалат кај италијанските офицери, турските власти преземале репресалии против нив: ги затворале, кое од друга страна тоа влијаело да престанат поплаките пред италијанските офицери за неправилностите што биле вршени спрема нив. Како последица од сето ова единствениот излез од тешката состојба на селаните се гледал во учеството во Организацијата, верувајќи дека само една силна и револуционерна организација и едно ново востание и уште поголемо усложнување на состојбата, ќе ја натера Европа кон воведување на поефикасни мерки спрема Отоманската империја; со тоа ќе се прошират реформите за добивање на целосна автономија, што било мислење на повеќето луѓе во Битолскиот вилает.[559]

Поставени во едни вакви специфични услови за работа и без ефективна команда врз жандармериските единици во секторот, италијанските офицери правеле напори успешно да ја извршат својата мисија. Покрај другите должности италијанските офицери вршеле и редовни обиколки на казалиските центри и на жандармериските станици; вршеле извидување по сите поводи при судирите на четите и турските војски и врз поединечни или групни насилства што не биле ретка појава, посебно во Битолскиот сектор. Така, полковникот Алфера, во јуни 1905 година отпатувал во Костурско каде во неколкудневниот престој ги проучил и се запознал со сите прашања за состојбата на жандармеријата во тие делови на Битолскиот сектор; за достигнатиот процес во остварувањето на реформите и за тоа што можело да се очекува во иднина. При тоа, тој ги посетил и разговарал со сите италијански офицери ангажирани во реорганизирањето на жандармеријата, кои, притоа, му ги изнеле своите сознанија за настаните во одделните реони, односно секции, давајќи предлози за подобрување на состојбата. И покрај тоа што обиколките на итали-

јанските офицери на секциите не можеле нешто суштествено да измената, тие, сепак, барем во психолошка смисла имале соодветно значење кај месното македонско население.[560]

И покрај тоа, како што погоре рековме, спротивното мислење на генералот Де Дорлис моментално да не се зголемува бројот на странските офицери, се повеќе, било кај воените помошници, било кај односните влади надвладувало уверувањето за потребата од зголемување на нивниот број со оглед на наросната задачи да се контролира односот на трупите. Единствено што можела да направи италијанската влада било, да се постигне едногласноста на силите, т.е. сите да можат подеднакво да го зголемат бројот на своите офицери. Меѓутоа, се настојувало посебно од руска страна, тоа да стане во согласност со генералот Де Дорлис.[561]

Во едни вакви околности австроунгарската и руската влада изнеле предлози, првата да испрати 6 офицери а втората 5 офицери, како генералот Де Дорлис бил за тоа привремено ова прашање да се одложи за два месеци. Отоманската влада енергично се опирала да го прифати ова барање базирајќи се: 1. врз мислењето на генералот Де Дорлис; 2. врз ограниченоста на буџетот на жандармеријата во тој момент, кој апсолутно немал можност да ги зголемува фондовите; 3. врз целесообразноста да се искористат исто така белгиските и шведските офицери примени во нејзина служба, претходната година под притисок на силите.[562]

Во врска со ова прашање Високата Порта изјавувала дека имала определено пет милиони франкови во буџетот за жандармеријата и полицијата во Солунскиот, Битолскиот и Скопскиот вилает и додава дека не можела да поднесува поголеми трошоци. Генералот Де Дорлис а и некои други странски офицери го имале признаено ваквото однесување на Портата во ова прашање.[563]

Карактеристично е да се спомене дека самиот генерал Де Дорџис, внимателно го проучувал прашањето за зголемување на бројот на странските офицери, колку од техничка, толку и од политичка страна и дошол до убедување дека посакуваното зголемување, не само што не било потребно, во даденият момент, но не било нити опортуно, нити корисно. Како последица од сето ова тој извлекувал заклучок дека, некои од силите настојуваат да ја поткопаат акцијата што тој ја водел со цел да се спречи позитивниот од на работите. Сето ова, тој го изнесува во извештајот што го упатил до министерот за надворешни работи на 29 јуни 1904 година.[564]

На изјавите дека новите офицери се потребни да го надгледуваат односот на трупите кон населението, де Дорџис вели: апсурдно било, спротивно на военото чувство дека офицерите применети во служба на Турција, плаќани од Високата порта, облечени во турска униформа ќе ја контролираат постапката на трупите спрема населението. Пивната позиција ќе била неодржлива, предизвикувајќи веројатно сериозни инциденти.[565]

Италијанската влада по ова се нашла во деликатна положба. Од една страна, морала да внимава на мислењата на другите сили кои биле за зголемување на бројот на странските офицери, а од друга да не истапи против својот генерал и така да го наруши неговиот престиж. Со оглед на ова, таа му советувала сепак да се приклони на мислењето на силите, зошто и самата Италија не би имала ништо против да се зголеми бројот на офицерите.[566]

Со оглед на тоа дека ова прашање било се почесто предмет на дипломатските контакти на големите европски сили, на 27 септември во Солун се состанале сите странски помошници под претседателство на генералот Де Дорџис, кои покрај другото, ќе расправале и за зголемувањето на бројот на странските офицери. За

ова прашање, сите помошници биле согласни, имајќи еднодушно признато дека постоечкиот број на офицерите бил недостаточен за барањата на службата. Австроунгарскиот воен помошник исто така ја поддржувал потребата, да бидат во Македонија испратени од страна на заинтересираните сили и подофицери, барајќи барем еден за секој странски офицер кој бил на служба во неа. Таквиот предлог бил поддржан од рускиот и францускиот воен помошник; меѓутоа, бил прифатен и од другите, и од самиот генерал Де Џордис, со една определена реверва, и поарно речено неповолно.[567]

Во врска со одлуките на овој состанок, а што се однесувало до новите италијански офицери кои би биле испратени во Македонија, италијанскиот воен помошник Е. Албера му советувал на министерот за надворешни работи, нивниот избор да биде доста строг. Тие, требале да бидат физички здрави, постојано спремни, тактични, со добар карактер, искусни и неженети. Тие требале да поседуваат и други позитивни особини и дека од сето тоа ќе зависел ефектот од мисијата на италијанските офицери.[568]

По донесувањето на одлуката од страна на Комисијата за реорганизација на жандармеријата да се примат нови странски офицери, на еден друг состанок во Солун било решено од страна на генералот Де Џордис и неговите шест помошници да се побара од отоманската влада да повика други дваесет и три странски офицери. Тие би биле шест австроунгарски за Скопскиот санџак, шест руски за Солунскиот санџак, пет италијански за Битолскиот санџак, пет француски за Серскиот санџак и еден англиски за Драмскиот санџак. Меѓутоа, на истиот состанок не била постигната согласност околу примањето на нови подофицери. За ова бил известен италијанскиот амбасадор во Париз Г. Торниели од страна на францускиот министер за надворешни работи Делкасе.[569]

Во врска со решението да се испратат нови странски офицери за реорганизација на жандармеријата, италијанскиот амбасадор во Цариград Империали разговарал со големиот везир за тоа што намеравала да преземе Високата Порта по споменатото решение. Спротиставувајќи му се на ова решение Ферид Паша истакнал дека, ако пристигнат новите офицери тие ќе бидат игнорирани од отоманската влада.[570] Во текот на истиот разговор, италијанскиот амбасадор го резервирал правото на својата земја да го зголеми бројот на своите офицери во Македонија, кога другите сили ќе го направеле тоа исто така. Во контекстот на ова, италијанскиот амбасадор и советувал на својата влада да ги преземе потребните мерки, при стигањето на италијанските офицери да следи веднаш по онаа на австроунгарските и руските офицери. Ова со евидентна цел да не и се даде можност на Турција за изговори, за да смета на разнишаност или компромитираност на идентичноста на погледите помеѓу Силите.[571]

За намерата на италијанската влада да испрати нови свои офицери во Македонија, се зборува и во инструкциите по повод ова прашање испратени од министерот за надворешни работи Титони на 18 октомври на италијанскиот амбасадор во Петроград Морра ди Лавриано.[572]

Сепак и покрај сите интервенции што ги преземале големите сили Високата Порта се опирала на примањето на нови офицери. Во еден разговор на италијанскиот амбасадор во Цариград Империали со германскиот амбасадор Маршал во врска со оваа проблематика, последниот изјавил дека Високата Порта се опирала на доаѓањето на новите офицери, поради плашењето од зголемување на влијанието на Австро-Унгарија во ова прашање бидејќи Русија била зафатена на Далечниот Исток. Германскиот амбасадор сметал дека, отпорот на Султанот ќе траел се дотогаш, се додека на акцијата за

зголемување на бројот на офицерите не се приклучат Италија, Франција и Велика Британија.[573]

И покрај неприфаќањето од страна на Високата Порта, новите руски офицери пристигнале во Солун. За ова италијанскиот конзул во овој град С. Милацо вели дека доаѓањето ќе станело причина за најсериозни компликации чии последици тешко можеле да се предвидат. Единствен начин, според него, тоа да се спречи било Турција, свесна за сериозноста на ситуацијата бездруго да се согласи со барањата на Силите околу зголемувањето на бројот на офицерите веќе од нив еднодушно решено.[574] Исто така пристигнале во Македонија и австроунгарските офицери.

По пристигнувањето на новите офицери на Австро-Унгарија и Русија во Македонија, министерот за надворешни работи Титони побарал од својот амбасадор во Цариград да му ја соопшти на Високата Порта одлуката на кралската влада да испрати офицери во Македонија.

Титони сакал истовремено да го повика целото внимание на Високата Порта за тежината на фактот дека странските офицери, не на служба на отоманската влада, и против нејзината волја, ќи извршуваат нивните функции на турската територија со нивната национална униформа. Единствениот начин да се спречел најсериозниот преседан ќе бил оној да се одобри веднаш примањето во служба на новите офицери, резервирајќи го, евентуално, за момент, финансиското прашање кое произлегувало од нивното примање во служба.[575]

За оваа своја одлука италијанската влада ги известува владите на Англија и Франција со посредство на своите амбасадори во Лондон и Париз,[576] од каде му било одговорено дека и односните влади ќе ги испрателе своите офицери во Македонија.[577]

Според извештаите на италијанскиот конзул во Солун

ситуацијата на новопристигнатите офицери била тешка, можело да дојде до инциденти, а тие самите имале наредба од своите влади да се облекуваат во сопствените униформи и да одат во внатрешноста на Македонија. Одбивањето на Турција да ги прими на служба новопристигнатите офицери ќе довело до предизвикување на збркн, чии последици не можеле да се предвидат.[578] Високата Порта во својата истрајност одела до таму што, кога италијанскиот амбасадор во Цариград го поставил барањето за новите италијански офицери кај Високата Порта, му било речено дека од турска страна се инсистирало да бидат повлечени како новите така и оние што имале дозвола од турската влада да им престане службата во Турција.[579]

Со цел да се скрши отпорот на Отоманската влада во врска со примањето на новите офицери, претставниците на големите сили во Цариград[580] и доставиле на Високата Порта колективна нота која била изработена по претходен договор на амбасадорите. Целта на соопштението била, здружено и заеднички, да се инсистира кај Високата Порта повеќе да не задоцнува во примањето во својата служба на новите офицери, за кое имаат решено петте сили, врз база на одлуките на Меѓународната воена комисија на седницата одржана во Солун на 28 септември 1904 година.[581]

По сите овие недоразбирања, италијанскиот државен потсекретар за надворешни работи Фузинато го известува амбасадорот во Цариград Империали дека новите пет офицери, кои кралската влада имала решено да ги испрати во Македонија, ќе пристигнеле во Солун на 1 јануари 1905 година.[582]

Попуштајќи под заедничкиот притисок на Силите, Високата Порта го прифатила образложението за зголемувањето на бројот на странските офицери во Македонија, изнесено во колективната нота од 18 декември 1904 година, со обврска нивните права да

бидат исти како и оние на претходните странски офицери. За ова, таа ја известила со нота амбасадата на Австро-Унгарија во Цариград на 28 декември 1904 година.[585]

Со нова колективна нота на петте сили, упатена на Високата Порта на 7 јануари 1905 гидина, тие ја известуваат дека примиле на знаење оти таа се согласила со бројката од 23 нови офицери за петте сили учеснички во реорганизацијата на жандармеријата. Силите изјавиле дека се согласуваат со вкупната бројка од 60 офицери и немале да бараат ново зголемување освен во случај на апсолутна потреба. Исто било изјавено дека силите ќе продолжеле со напорите да се спречат поттикнувањата на безредијата од соседните земји. За внатрешниот мир требала да се погрижи со разумни мерки самата турска власт а доаѓањето на новите офицери уште повеќе ќе придонесло за воспоставувањето на редот и мирот во Македонија.[584]

Во меѓувреме во Солун на 5 јануари 1905 година пристигнале новите италијански офицери.[585]

Италијанските офицери биле меѓу првите што пристигнале на местото на службување. Тие дефинитивно биле придодадени на битолската вилаетска жандармерија и на следниот начин биле распоредени: потполковникот Винченцо Курино, за Охрид; капетанот Козма Канера за Костур, капетанот Фортунато Кастолди за Лерин, капетанот Винченцо Бартоломео за Кичево и капетанот Петернела Ренато за Ресен.[586] Таква од поранешните италијански офицери во Битола се наоѓале: капетанот Луци Гузепи, капетанот Лоди бил директор на жандармеридското училиште во Битола, на местото на мајорот Гароне, кој пред малку време бил преместен за Солун и мајорот Чикоњани, кој се наоѓал на тримесечно отсуство. Командант на сите италијански офицери во Битолскиот сектор бил полковникот Албера, кој имал постојано место на живеење и престој во Битола.[587]

Со нота од 12 јануари, Високата Порта им соопштува на претставниците на Италија, Австро-Унгарија, Франција, Велика Британија и Русија, дека императорската влада ги имала испратено потребните наредби за потпишување на договорите на 23 нови офицери, повикани да ја реорганизираат жандармеријата во трите вилаети на Македонија.[588]

На таков начин е разрешено прашањето кое се однесувало на зголемувањето на бројот на странските офицери. Меѓутоа, се појавило и едно друго сериозно прашање за карактерот на односите на генералот Де Џордис со австроунгарскиот и рускиот цивилен агент.

Во Ед-Мемоарот, доставен од амбасадорот на Австро-Унгарија во Рим до министерот за надворешни работи на Италија на 9 август 1904 година (идентично соопштение било направено, под исти от датум, и од амбасадата на Русија во Рим) се зборува за појавеното несогласување помеѓу цивилните агенти на Австро-Унгарија и на Русија од една страна, и командантот на жандармеријата од друга. Несогласувањето се јавувало во врска со непрецизираните овластувања на генералот Де Џордис за неговата улога во спроведувањето на реорганизацијата на жандармеријата во трите вилаети.

Според мислењето на кабинетите во Виена и во Петроград генералот не можел да го покрива авторитетот на цивилните агенти; исто така двата кабинети не сакале да му признаат една потполна независност која ќе се состоела во тоа што би ја вршел целокупната контрола во врска со реорганизацијата на жандармеријата. Тие инсистирале на тоа оти не требало да се губи од вид дека реорганизацијата на жандармеријата, на чие што чело, според договорот на силите, бил избран генералот, претставувало само еден дел од програмата на реформите кои се извршувале под надзор на Австро-Унгарија и на Русија.[589]

Според она што е искажано во Ед-Мемоарот може да се заклучи дека, се сакало генералот Де Дорџис да се стави во подредена позиција на онаа на генералниот инспектор Хилми-паша и на двата цивилни агенти. Против таквата претензија протестираше министерот за надворешни работи Титони одговарајќи дека: "Генералот има една своја особена задача да ја развива во полна слобода и независност, и дека цивилните агенти немало потреба да се занимаваат со реформата на жандармеријата, ако тоа не е поврзано со целосниот план на реформите."[590] Во продолжение на одговорот се велело дека, таков бил општопознатиот заклучок кон што водело проучувањето на текстот од Мирџштегскиот договор, кого силите требале да го разберат и да се согласат со него; но на истиот заклучок водело уште поделотворно размислувањето дека цивилните агенти, немајќи во материјата некоја компетентност, би довеле до пречење и реализирање на работата на генералот, компромитирајќи го благопријатниот исход на она, што во комплексот на реформите донесени за Македонија, без сомнение била една од оние работи што повеќе ѓи посакувало нејзиното население т.е. воспоставување на ред и мир.[591]

Во врска со споменатото прашање за односите на цивилните агенти со генералот де Дорџис, Италија како и секогаш ја добила поддршката од англискиот кабинет.[592] Од друга страна грофот Голуховски му изјавил на италијанскиот амбасадор во Виена Аварна, дека цивилните агенти на Австро-Унгарија и на Русија биле поставени од нивните влади на страната на генералниот инспектор како негови советници, со задача да бдеат над приложувањето на сите реформи востановени во програмата од Мирџштег. Од овој факт произлегувало, дека тие имале право исто така да бдеат над реорганизацијата на жандармеријата која претставуваше дел од истите реформи. На генералот Де Дорџис бидејќи му била доверена таа задача,

тој не можеше да избегне од акцијата на цивилните агенти, која требаше да се практикува врз сите прашања кои што се однесуваше на жандармеријата, имајќи сооднос со делата програма од Мирцштег, со исклучок на оние чисто и исклучиво технички.[593] Руската влада ова не го замислуваше како австроунгарската; всушност амбасадорот на Русија во Рим му доставил на италијанскиот министер за надворешни работи нота, во која меѓу другото се велело дека руската влада сакала да се заштити авторитетот и престижот на командантот и шефот на жандармеријата, со тоа што во сферата на дејноста која му е доверена треба да има потполна независност. Исклучок се предвидувало само ако дејноста на генералот се поклопувала со општиот план на реформите донесени во Мирцштег. Ограничувањето на неговата контрола би требало да следи само по прашањето за зголемувањето на бројот на инструкторите во жандармеријата и на именувањето на странските офицери во исклучиво албанските окрузи, две прашања предвидени со програмата на реформите и за кои уште се дискутирало.[594] Исто така и рускиот амбасадор во Цариград му изјавил на италијанскиот амбасадор дека: "Императорската влада, свое времено, ја имала манифестирано согласноста да го поддржи високиот престиж на генералот де Нордмс, во кој ја имала сета доверба и високо ја ценела неговата работа."[595]

И во оваа околност Германија не сметала да го поддржи генералот, изјавувајќи: "секогаш владата на Германската империја, верна на својата линија на однесување следена сè до денес, ќе се воздржува од интервенирање во поединостите во извршувањето на програмата од Мирцштег."[596]

Поддршката од англиската страна, во врска со погореспоменатото прашање, му била потврдена и на италијанскиот амбасадор во Цариград во текот на еден разговор на 22 август во англис-

киот амбасадор Сер Николс, кој истакнал дека неговата доверба во генералот де Џорџис била секогаш целосна и за тоа многу пофално се изразил и англискиот крал во последните изјави по ова прашање. Тој исто така се застапувал за подната независност на генералот од цивилните агенти.[597]

Во оваа смисла му изјавил на италијанскиот амбасадор во Виена Аварна и тамошниот англиски амбасадор кој му рекол дека, според мислењето на маркизот Ленсдаун, генералот Де Џорџис не би требал да биде поставен под контрола на цивилните агенти, но дека едниот, како и другите, требале да бидат во постојан контакт и во пријателски односи за да соработуваат, во општ интерес, во извршувањето на програмата од Мирцштег. Англискиот амбасадор го запознал Аварна дека, на англиската влада ѝ било јасно оти ако владее најпотполна согласност помеѓу генералот Де Џорџис и цивилните агенти ќе постојат и најдобри односи помеѓу Италија и Австро-Унгарија.[598]

Покрај споменатите пречки, за бавното извршување на реформата акција придонесувала и Високата Порта која настојувала да ги ограничи правата на странските воени помошници. Отоманската влада со посебна изјава истакнала дека не дозволувала локалното население да се обраќа со жалби кај странските офицери и оти ја ограничува нивната задача единствено на реорганизација на жандармеријата. Според мислењето на италијанскиот конзул во Солун Видацо, во случај воените помошници, барем официјално, да ја задржат својата акција само на техничко поле на реорганизацијата на жандармеријата неминовно ќе дојело до намалување на нивниот престиж.

Италијанскиот конзул сметал дека, ако на странските офицери а посебно на воените помошници не им се овозможело да примаат жалби од месното население а и некои други привилегии, тогаш освен на нарушениот престиж на сите помошници на големите

сили и подеднакво на генералот де Дордис, ова ќе предизвикало кај целото христијанско население едно такво незадоволство, кое лесно би можело да биде причина за една жестока реакција, придружена со не мали безредија.[599]

Во врска со ова прашање, генералот де Дордис му упатил на италијанскиот генерален конзул во Солун Милацо еден краток меморандум кој бил препратен и на италијанскиот амбасадор во Цариград. Во овој меморандум генералот де Дордис навистина забележува дека странските воени помошници имале не само право, но и обврска, да примаат молби и притужби за сите дела кои биле разгледани во правилникот за жандармеријата или кои со истата имале врска, но меѓутоа не верувал, барем во моментот, според неговата интерпретација на програмата од Мирцштег, дека тие имале, надвор од ова, можност да примаат жалби од друга природа, освен со нови определувања од страна на силите и на Високата Порта.[600]

Респектирајќи го високо авторитетното мислење на генералот де Дордис, на С. Милацо сепак му се чинело дека интерпретацијата на генералот во врска со ова прашање била премногу ограничувачка, и претерано техничка. Меѓутоа, конзулот верувал, и истото тоа го сметале и неговите колеги од Франција и Велика Британија, дека странските помошници како директни претставници на големите сили, поставени надвор од секоја зависност на отоманската влада, имале право на поголеми и попрошрени полномоштија, од оние, кои на нив им следеле од техничката функција како соработници на страната на генералот де Дордис.

Впрочем, таквите големи овластувања, произлегувале исто така од содржината на програмата од Мирцштег каде, на нив им била дадена значајна квалификација како напр. "контролори". Исто така во неа им била призната можноста да можат "да го над-

<u>гледуваат однесувањето на трупите кон населението"</u>. Од ова произлегувало, дека помошниците требале да имаат доста пошироки надлежности и истовремено кои повеќе ќе одговараат на нивното високо, претставителстбо на делегати на големите сили, и следствено не биле ограничени да имаат само функции стриктно и исклучително технички, зошто во тој случај, сигурно би можеле таа функција да ја обавуваат други странски офицери примени директно во отоманска служба како капетани или мајори на жандармеријата.[601)]

Во случај овластувањата на помошниците на Италија, Франција и Англија да останеле како што биле дотогаш, тие ќе се најле во една состојба на голема инфериорност во однос на помошниците од Австро-Унгарија и од Русија, кои секогаш ќе можеле, кога ќе посакале, по официјален или приватен пат да достават било каква жалба од нетехничка природа на австрискиот и рускиот цивилен агент, со големо намалување на престижот на другите помошници.

Сообразувајќи се на одлуките на амбасадорите на Франција и на Англија, кои им испратиле на нивните помошници инструкции да примаат било какви жалби, да вршат во врска со нив истраги а исто така и политички жалби, кои со посредство на конзулите ќе им се испраќаат на цивилните агенти и на генералниот инспектор министерот за надворешни работи Титони го овластил италијанскиот амбасадор во Цариград Империали да му ги даде потребните инструкции на полковникот Албера во врска со ова прашање.[602)]

На ваков начин се разрешило и прашањето за правата на странските помошници во реорганизацијата на жандармеријата. Меѓутоа, карактеристично е да се спомене и тоа дека, во текот на еден разговор на италијанскиот амбасадор во Цариград Империали со германскиот амбасадор баронот Маршал, водени на 29 август 1904 година, првиот истакнал дека, зад постојаните приговори,

тешкотии и ситничења предизвикувани од австроунгарскиот амбасадор баронот Каличе врз основа на програмата од Мирцштег, стоела некоја интелигентна, енергична и амбициозна личност која претендирала на местото на реорганизатор шеф на жандармеријата т.е. била против работата на генералот де Џордис.[603]

Што се однесувало пак до појавените нијанси во ставовите на Австро-Унгарија и Русија кон улогата на генералот Де Џордис, францускиот амбасадор во Виена Бомпард му рекол на својот италијански колега дека, тие во крајна линија оформуваат речиси една идентична концепција за положбата на генералот Де Џордис но дека се разликувале помеѓу себе повеќе или помалку по живиот начин со кој го манифестирале своето мислење во врска со ова прашање. Меѓутоа, двете беа согласни во неприфаќањето Италија да извлече полза од присуството на генералот де Џордис на чело на отоманската жандармерија, за да се вметне на определен начин како трета сила во договорот постигнат во Мирцштег и да соработува со нив во прилагањето на реформите.[604]

Италијанскиот амбасадор сметал дека разликите, што од време на време се појавувале меѓу двете земји во врска со реформите, произлегувале пред сè од нивното гледање на Мирцштегскиот договор, кој делумно ја модифицирал нивната традиционална политика од нив следена на Балканот, но кое радикално не ја менувало суштината. Тој истакнувал дека преку Мирцштегскиот договор Австро-Унгарија и Русија настојувале да ја сочуваат Отоманската империја со што би ги одбраниле своите интереси, но исто така биле заинтересирани реформите да доведат до едно долготрајно консолидирање на истата империја.

Меѓутоа, иако Русија се покажувала кон Италија поблагонаклонета од Австро-Унгарија во прашањето за реорганизација-

та на жандармеријата, не изгледало дека одгледувала подеднакви чувства во однос на интервенцијата на Италија директно за разрешување на прашањата кои произлегувале од Мирцштегската програма. Оваа, бидејќи таа била согласна со Австро-Унгарија, во неприфаќањето за Италија, и покрај интересите кои ги имала во Отоманската империја, една слична позиција на онаа која двете влади си ја присвоиле со акцијата која ја спроведувале тогаш на Балканскиот Полуостров со премолчен мандат од Силите. Фактички сето се сведувало на тоа, како што му било кажано на амбасадорот Нигра од страна на еден австроунгарски дипломат дека австроунгарската влада не можела да и ги признае на Италија во балканските прашања еднаквите права кои ги имале Русија и Австро-Унгарија, и кои таа настојувала исто така да ги има во истите.[605]

Дејствувајќи во тешки околности, како поради дејствата на турските власти, така и поради интригите на австроунгарските претставници во Македонија, италијанските офицери заедно со генералот Де Џордис вложувале напори да постигнат определени резултати во реорганизацијата на жандармеријата. Посебен бил придонесот на генералот Де Џордис во отворањето на новото училиште на жандармеријата во Солун кое ја сочинуваше базата на новата жандармерија. Со својата работа во него се истакнал и мајорот Ридолфи, од редовите на италијанските кралски карабинијери, кој му помогал на германскиот воен помошник Фон алтен.[606]

Надоврзувајќи се на ова, италијанскиот конзул во Солун, С. Милацо, во еден извештај исто така од 1 јуни упатен на министерот за надворешни работи вели: "дека од сите реформи, предмет на познатиот договор од Мирцштег, единствената, која досега напомнува дека има еден поволен резултат, точно е реорганизацијата на жандармеријата, која благодарејќи на високата компетентност

на нашиот генерал и довербата која тој знаел да ја вдахне кај турските власти, од добрата доверба дека доверената работа може да биде извршена со задоволителен резултат, ако биде генералот Де Џорџис добро разбран до крајот на својата мисија, и ако, на истиот нема да му недостасува широката поддршка од Султанот, кој во моментот кон него се изразувал со најжива и искрена симпатија." 607)

Но и покрај вакквите ставови на конзулот за довербата што ја имал Султанот кон дејноста на генералот де Џорџис, факт е дека турските власти често пати ги саботирале неговите акции. Меѓутоа, сепак благодарејќи на дејноста на генералот де Џорџис а и на другите странски офицери, дошло до подобрување на јавната сигурност посебно во внатрешноста на Македонија.

Интересно е да се истакнат и некои мислења на други странски претставници во Македонија за дејноста на генералот Де Џорџис и за наводната доверба што тој ја имал кај турските власти Ете што вели за тоа норвешкиот капетан Пандруп во служба на турската жандармерија во Македонија: "... Главниот командант на македонската жандармерија, италијанскиот генерал де Џорџис, пред извесно време изврши инспекција овде (се мисли на Скопје, б.м.). Тој доби одличен впечаток од сето тоа што го виде, а луѓето велат дека турската влада има неограничена доверба во него - голема која се уште трае. (Подвлечено во извештајот, б.м.). Ми беше мило кога слушнав кога тој говореше мошне впечатливо за мојата работа, во исто време нагласувајќи уште колку многу треба овде да се работи! 608)

Истиот тој Пандруп во еден друг извештај изразил непо волно мислење за дејноста на генералот де Џорџис. Пишувајќи за Де Џорџис (де Џорџис во овој извештај е претставен исклучиво како чо век кој што ги штити интересите на Портата, а не на големите сили.), норвешкиот капетан К.ИПандруп нагласува дека во почетокот

тој прави грешка. Имено, на седницата на Меѓународната комисија, кога се дискутирало во Цариград за реорганизација на жандармерискиот корпус, најпрвин тој се сложил со барањето право за команда на европските офицери, така што шефот на батаљонот требало да биде европски офицер, со турски шеф, како негов заменик. Неочекувано, генералот де Џордис не се сложил,по ова прашање, и таа идеја морала да се одложи. Европските офицери не биле запознати со тоа што се случува внатре во жандармериските контингенти. Нарежбите и упатствата што пристигнувале од де Џордис биле непрактични и неостварливи, а училиштата што тој ги основал во Ѓолун биле безвредни. (Ова тврдење го образложува во Извештајот англискиот мајор Бонам, еден од лидерите и помошниците во работата на генералот де Џордис). Општо е мислењето дека де Џордис повеќе работел во услуга на Турците, отколку како претставник на големите сили. Тој мошне многу им бил наклонет на Турците и тие имале голема доверба во него. Тие велеле: "тој е наш човек". Неговата плата била на двапати зголемувана: прво, после неговата отстапка да бара право на команда 100 турски фунти (2500 франка) до 150 фунти, а подоцна и на 170 фунти месечно.[609]

Критички тонови за работата на генералот де Џордис се појавиле и во печатот на Австро-Унгарија. Така будимпештанскиот весник "Pester Lloyd" на 26 август 1904 година во една кратка статија, го критикува однесувањето на командантот на македонската жандармерија, по повод барањето за зголемување на бројот на странските офицери од страна на Австро-Унгарија и Русија.

Според таа статија, генералот де Џордис работел повеќе во интерес на Турција отколку на европските сили. Ова го правел со намера да ги придобие за Италија симпатиите на Султанот, пред сè во поглед на италијанските аспирации во Албанија. Дури

се споменувале и гласовите за оставка на генералот и се изразувала надеж дека новиот функционер кој би го избрале европските сили како командант на чело на македонската жандармерија, ќе ги имал за цел само на него доделените задачи за смирување на земјата и немал да служи на разни политички замисли од било каква природа.[610]

Било како и да било, дејноста на генералот де Дордис била прифатена од турските власти барем во 1904 година на лојални начини. Така, по повод засилувањето на акциите на револуционерното движење, генералот бил повикан во Скопје каде на 15 октомври се состанал со генералниот инспектор Хилми-паша, на кого му поднел еден нацрт на предлози, со кои се одредувало ангажирањето на воените помошници во новонастанатата ситуација. Овие предлози, биле исцело прифатени од Хилми-паша, и од него биле телеграфски соопштени на Високата Порта за дефинитивно одобрување. Според нив, сите странски офицери, вклучувајќи ги воените помошници, вклучени во реформата на жандармеријата во трите вилаети, воздржувајќи се од преземање на каков и да било вид на активна команда, или од материјална интервенција во задушувањето на безредијата предизвикани од дејноста на комитетите, ќе требале, во секој случај, да помагаат со ефикасни упатства, со корисни совети или друго, било на воените власти, било на отоманските цивилни власти, во нивната работа за заштита на јавниот ред.[611]

Генералот де Дордис добил признанија од турските власти по повод на завршувањето на обуката во Солун на првите 120 отомански жандарми.[612]

Во дејноста на странските офицери во Македонија се испреплетувало и прашањето за улогата што ја имале белгиските и шведските офицери за реорганизација на жандармеријата во Македонија. Тие биле применети во служба на отоманската влада уште пред

Мирцштегските договарања и сега таа настојувала да ги стави во зависност од генералот де Џордис. Фактички овие офицери би дејствувале во оние делови на Македонија каде немало офицери од петте сили. Овие офицери беа распределени на следниот начин во округзите: норвешките (Скопје), шведско-норвешките (Битола) и белгиските (Солун). Меѓутоа, во врска со нивната дејност се појавиле и недоразбирања меѓу Австро-Унгарија и Италија. Тоа се огледало во тоа што норвешкиот полковник Хандруп бил зависен во својата работа од австроунгарскиот воен помошник Салис а шведските офицери биле независни од полковникот Албера, но исто така и од генералот де Џордис. Заради ова генералот се обрнал за помош кај италијанската влада а со цел да се спречи да му се одземат на помошникот на Италија двата офицери Симон и Унандер. Бидејќи немал поддршка дури ниту од Франција и Велика Британија, а во случај отоманската влада да попуштела под притисокот на двете сили (Австро-Унгарија и Русија), де Џордис се надевал дека барем владата на неговата земја ќе настојувала да се попречи усвојувањето на една мерка, која, ако се приложела само во Битола, ќе нанесела штета на италијанскиот престиж и ќе ја попречувала работата на реорганизацијата, точно и единствено, во италијанскиот сектор.[613]

Со цел да се разреши ова прашање, министерот за надворешни работи Титони му наложил на италијанскиот пратеник во Стогхолм да разговара со шведскиот министер за надворешни работи Лагерхајм, за позицијата која се сакало да им се даде од амбасадорите на Австро-Унгарија и на Русија на скандинавските офицери на служба во жандармеријата во Македонија. Се инсистирало во текот на разговорите по можност шведската влада да се согласи со италијанското гледиште во врска со положбата на овие офицери, а ако не го одобрувала, истите да бидат одземени од командата на

генералот Де Дордис.[614]

Од страна на шведскиот министер било одговорено дека двата скандинавски офицери, едниот шведски, другиот норвешки, имале станено во жандармеријата во Турција пред последната нејзина реорганизација и имале директно склучено договор за служба од три години со отоманската влада и од неа целосно зависеле. Со оглед на ова, тешко била изводлива некоја интервенција кај Високата Порта која изгледа сакала тие да бидат распоредени надвор од желбите на генералот де Дордис. Шведскиот министер во текот на разговорите истакнал, дека прашањето било предјудицирано од фактот што шведската влада, не сакајќи да има разногласие се согласила еден од двата скандинавски офицери да биде доделен на личноста на еден од австроунгарските воени помошници за реформа. Италијанскиот пратеник предупредил дека реорганизацијата на службите на жандармеријата во Македонија, важела за големите сили и за Турција и сигурно требала да се одмесува и на офицерите кои биле први повикани т.е. скандинавските и белгиските офицери кои биле применети во отоманска служба. Заради ова, требало да се промени ситуацијата на споменатите офицери и секако било пожелно истите да бидат изедначени во третирањето со другите странски офицери применети на идентична служба и цел. Шведскиот министер се покажал наклонет да ги уважи италијанските гледишта по ова прашање. Заради ова ќе побарал подетални информации од својот пратеник во Цариград. Исто така ќе било побарано тој да дејствува во правец кој ќе ги задоволи италијанските барања. Но, како што забележувал италијанскиот пратеник работата се одолговлекувала.[615]

Но, надминувајќи ги сите погореспоменати тешкотии, генералот де Дордис можел, во еден релативно краток временски период, да ја реорганизира македонската жандармерија на најдобар

начин кој му бил дозволен од околностите, од финансиските средства кои му биле ставени на негово располагање, и од местата каде акцијата на жандармите требала да се развива,

4. Италија и прашањето за финансиските реформи во Македонија

Покрај кон прашањето за реорганизација на македонската жандармерија Италија покажала значително интересирање и кон прашањето за финансиските реформи во Отоманската империја односно Македонија. Ова прашање било поставено кон крајот на 1904 година од страна на Англија. Тоа веднаш се компликува. Австро-рускиот договор за реформите ја зел предвид исклучивата интервенција и контрола на Австро-Унгарија и на Русија: тогаш Италија формално побарала за прв пат учество на сите сили во финансиската контрола дотолку повеќе што Отоманската влада истовремено побарала од Силте зголемување од 8 на 11% на таксата од вредноста на стоките што се внесувале поради пополнување на дефицитот предизвикан од примената на реформите. Италијанската влада ја услови својата согласност со колективноста на контролата. Во Ед-Мемоарот, доставен од италијанската влада на амбасадорите на Австро-Унгарија и на Русија во Рим, на 3 март 1905 година се зборувало за тоа дека амбасадорот на Австро-Унгарија и отправникот на работите на Русија му доставиле на министерот за надворешни работи на Италија еден идентичен меморандум каде што се зборува за предлозите на двете влади во однос на барањето на Високата Порта да ги зголеми на 11% царинските такси кои во моментот биле 8%.

Италијанската влада во принцип не била против бараното зголемување, но со проучување на условите на кои зголемувањето би требало да биде подредено, и откако за нив би се произнесле и другите сили.

Италијанската влада пристанувала секако, во принцип,

на условите бр. 2 и 3 сугерирани од Русија и Австро-Унгарија,[616] еден дел од новите приходи да биде наменет за Македонија, и во оваа прилика би се извршила ревизија на отоманските царински правилници.

Само условите од точката 1 не биле доволно јасни каде што се барало зголемувањето на царинските такси, барано од страна на Високата Порта, да биде подредено со прифаќањето на последната на финансискиот правилник изработен од Австро-Унгарија и од Русија а порано презентиран за Македонија.[617]

Во продолжение на меморандумот на италијанската влада се вели дека таа внимателно го проучувала овој проект како од техничка така и од политичка гледна точка. Од техничка гледна точка реформата на финансиската администрација во Македонија била една ургентна потреба, и било природно што кралската влада била готова да ги прифати со задоволство сите мерки кои би придонеле за подобрување на ситуацијата, а во врска со одлучувањето за предлозите на двата кабинети, италијанската влада ќе побарала попрецизни информации од своите конзули кои биле на самото место во можност да ја согледаат ситуацијата на теренот. Од политичка гледна точка италијанската влада била заинтересирана да се разјасни значењето на фразата заинтересирани сили во прв ред таа се согласувала сите сили да се ангажираат во спроведувањето на финансиската администрација во Македонија; а ако под "заинтересирани сили" се подразбирале само Австро-Унгарија и Русија тогаш оваа концепција не ќе била прифатлива за кралската влада.[618]

Исто така од италијанска страна се забележувало дека австроруските предлози кои ќе се соопштеле на Високата Порта во врска со нејзиното барање за зголемување на царинските такси би требало да ја имаат согласноста на другите сили за да не уочела

Портата дека постои несогласување меѓу силите во врска со ова пра
шање, а со тоа би се зголемил и нејзиниот отпор спрема овие пред-
лози. Оваа забелешка имала уште поголема важност со оглед на тоа
што прашањето за зголемување на царинските такси било во врска и
со програмата од Мирцштег, и дека несогласувањето не би било пре-
дизвикано од некои причини од суштински карактер.[619]

Во врска со одговорот на италијанската влада на авст-
ро-рускиот меморандум од 3 март 1905 година за финансиската рефо-
рма во Македонија, италијанскиот амбасадор во Петроград бил изве-
стен од страна на италијанското министерство за надворешни работи
дека, кога се поставило прашањето за фразата заинтересирани сили
во меморандумот, руската влада изјавила оти навистина се алудира-
ло со изразот, на Русија и на Австро-Унгарија. Но со ова не се
имало намера потполно да се одречува дека исто така и другите си-
ли немале интерес кон разрешувањето на прашањата кои што се одне-
сувале на Македонија. Имено, намерата била само да се повика на
посебната положба дадена на Русија и на Австро-Унгарија со прог-
рамата од Мирцштег со согласност на другите држави.

Меѓутоа, со ваквиот одговор на руската влада, со по-
средство на рускиот амбасадор во Рим Крупенски, италијанската вла
да не била задоволна. Всушност, не станувало збор за, признавање,
во принцип, дека имало други сили, освен Австро-Унгарија и Русија
исто заинтересирани за македонското прашање, но станувало збор да
се даде согласност за една нова привилегирана положба која Русија
и АвстроУнгарија си ја присвојуваат во една материја така суште-
ствена како онаа за администрацијата на финансиите во трите маке-
донски вилаети. Вистина било и тоа дека Мирцштегската програма
била прифатена од сите сили, и дека во неа се зборува исто така
за финансиската администрација. Меѓутоа, ова не вклучувало за по-

требно дека силите имале претходно прифатено, со ова, било каква мерка која во редот на истата финансиска администрација била измислена од Русија и од Австро-Унгарија, особено кога, со неа, се создава за двете сили една ваква посебна и привилегирана положба. Во дописот до амбасадорот исто така било истакнато дека подобро ќе било двете сили, пред да и го дооштат на Високата Порта познатиот правилник, да го презентираат на другите, за да се спречи несогласноста на мислењата, од која корист ќе имала само Турција, со штета на општата цел, онаа на реформите; и оваа забелешка изгледала толку оправдана, дотолку што, како што можело да се забележи, финансискиот правилник наидувал на спротивставување исто така и на друго место.[620]

Од друга страна Високата Порта се опирала на ангажирањето на големите сили во финансиската реформа во Македонија, така што со една нота од 5 март 1905 година, таа им предложила на нив еден нов финансиски правилник, кој сепак не содржеше ни најмало навестување за прашањето на контролата, кое меѓутоа го сочинуваше основниот дух на австро-рускиот правилник.[621] И покрај ова италијанската влада сериозно се зафатила со проучувањето на финансискиот правилник за Македонија изработен од Високата Порта заедно со Отоманската банка.[622]

По критиките упатени на австро-руската финансиска програма владите на двете земји се согласувале на извесна нејзина модификација. Така функционерот на руското министерство за надворешни работи Хартвиг му изјавил на италијанскиот амбасадор во Петроград Мелегари дека се подготвувала преработка на оваа програма, во смисла да им се осигура на сите сили контрола во финансиската администрација. Англија имала предложено именување на еден странски генерал контролор, кој, речиси, би ја имал истата

позиција која што во тој момент ја имал генералот де Џорџис. Меѓутоа, изгледало дека во Петроград повеќе биле наклонети секоја сила да има свој агент контролор. Но се очекувало и овој проект да сретне некои потешкотии.[623]

Италијанската влада за своите погледи околу австро-руската финансиска програма нашла поддршка како и во врска со другите прашања кај англиската влада.[624]

Под енергичниот притисок на останатите сили, грофот Голуховски во врска со прашањето на финансиските реформи во Македонија, направил отстапки од поранешните негови гледишта. Тие отстапки се состоеле во тоа што прифаќал останатите сили во спроведувањето на овие реформи да бидат застапени со посредство на свои делегати, чии надлежности не би требало да ги поклопуваат оние веќе доделени на цивилните агенти.[625]

Споменатиот Голуховски ја условувал својата согласност на ова со тоа: акцијата на овие делегати да се ограничува на финансиската контрола, без интеренција во другите должности кои што им припаѓале на цивилните агенти. Ова му го рекол на италијанскиот амбасадор во Лондон Пансо, англискиот државен секретар за надворешни работи маркизот Ленсдаун.[626]

По долготрајни преговори на заинтересираните страни билатерален нацртот на отоманскиот проект на финансискиот правилник за Македонија од 5 март 1905 година но со тоа на него да се додаде еден дополнителен член. Со него се предвидувало секоја од четирите влади да именува по еден финансиски делегат кој ќе дејствувал заедно со генералниот инспектор и австроунгарскиот и рускиот цивилен агент чии што надлежности биле определени со Мирцштегската програма.

Дефинитивниот текст на правилникот кој ќе се упател

на Високата Порта требало да се продискутира на амбасадорската ко нференција на претставниците на големите сили во Цариград. Италијанскиот амбасадор Империјали во својот извештај од 27 април 190 година ѝ предлагал на својата влада да го прифати дополнително предложениот член.[627] Со својата телеграма од 3 мај истата година министерот за надворешни работи Титони го овластува италијанскиот амбасадор во Цариград да го прифати дополнителниот член на отоманскиот финансиски правилник за Македонија во кој се предвидувало на каков начин и кој ќе ја вршел финансиската контрола.[628]

На 4 мај 1905 година била постигната согласност на амбасадорите на шесте сили за дополнителниот член кој би се додал на отоманскиот проект на финансискиот правилник за Македонија. По ова било решено да ѝ се испрати нота на Високата Порта со која ќе ѝ се соопштела усогласената точка, одредена да го комплетира отоманскиот проект на финансискиот правилник. Нотата немала да го споменува барањето за царинското зголемување од 3 посто.

Меѓу амбасадорите било усогласено дека делегатите ќе требало да бидат плаќани од односните влади. Шесте сили ќе ги поделат, потоа, трошоците на трите инспектори. За оваа точка едногласноста меѓу амбасадорите била целосна, бидејќи тие биле убедени за неодложната потреба од мерките, било за да не се влоши буџетот, било заради гарантирање независноста на гореспоменатите функционери.[629] А на 8 мај Империали го известува министерот за надворешни работи Титони дека: "Денес сите ја потпишавме колективната нота за финансискиот правилник за Македонија. Нотата ќе биде испратена исто така денес на Високата Порта".[630]

Високата Порта во првиот момент одбила да го прифати членот за финансиската контрола, изјавувајќи дека со него се имало намера да се ослабне нејзиниот суверенитет. Таа пре-

зела чекори да ја добие поддршката од германската влада во врска со ова прашање, но и било дадено до знаење дека таа била наполно согласна со другите сили околу таквите мерки за финансиска контрола, и ја имаше советувано да ја даде својата согласност.[631)]

Ваквиот исход на резултатот во врска со прашањето за финансиската реформа во Македонија во италијанската јавност бил оценет како дипломатски успех на италијанската надворешна политика. Ова се огледа во говорот од 13 мај 1905 година што го одржал министерот за надворешни работи Титони во Народното собрание. Со овој говор била потврдена и формулата на европскиот концерт за учество на сите големи сили во извршувањето на реформите во Македонија. И постигнатите победи на дипломатски план покажуваат дека во тој момент во финансиската реформа, како понапред во онаа на жандармеријата, Италија имала ефикасно придонесено да се одржи морално-политичката рамнотежа помеѓу сите големи сили.[632)]

Оваа рамнотежа, се одржува во целата 1905 и 1906 година од европскиот концерт. Тешките проблеми на општата политика, кои ја разбранувале Европа, потоа отпорот на Отоманската империја на финансиската контрола го одржуваат непроменет европскиот концерт за Истокот и до крајот на 1906 година. Новите македонски проблеми не барале еден нов меѓународен дипломатски состав.

Како што е и во нашето претходно излагање истакнато, Високата Порта, по поморската демонстрација кон крајот на ноември 1905 година извршена од флотата на големите сили, се согласила на востановување во Македонија на финансиска комисија. Иако нејзиното барање од 5 март 1905 година, упатено до големите сили за нивната согласност за зголемување на увозните такси за 3% т.е. од 8% на 11%, било одбиено, Високата Порта, повикувајќи се на крајно тешката финансиска положба на трите македонски вилаети,

таа одново молела за дозвола да ги зголеми своите увозни такси.

Повторно формираната финансиска комисија наскоро открила во македонскиот буџет значителен дефицит, кој не било возможно да се покрие, не прибегнувајќи кон било какви неодложни мерки.

Отстапувајќи на Отоманската империја, сепак, државите и најавиле, нејзе редица барања. Согласноста на државите на 3 - процентното зголемување на таксите било потчинето на два главни услови: 1. повторно разгледување на правилата, кои се однесувале на хемиската анализа на некои странски стоки кај турските царинарници и 2. добро уредување на самите царинарници. Било исто така поставено и прашањето за пристигнувањето и трошењето на царинските приходи.[633)]

На 25 февруари 1906 година на советувањето на пратениците на европските држави во Цариград рускиот пратеник Зиновјев предложил, целиот приход од зголемувањето на царинските такси да биде наменет за покривање на дефицитот во буџетот на македонските вилаети. После кратко претресување пратениците се согласиле и ги прифатиле предлозите на Зиновјев.

Сепак претставниците на државите се колебале со одговорот на Високата Порта, продолжувајќи да се советуваат и да ги претресуваат условите за зголемување на таксите. На крајот, на 3 мај 1906 година тие се согласиле на зголемување на турската увозна такса под следните услови: ограничување на рокот на собирањето на зголемените такси на 7 години, исполнување од Портата на првобитните барања на пратениците и полна гаранција на тоа, дека делот од доходите што припаѓал на Отоманската империја од зголемувањето на царинските такси ќе биде наполно употребен за покривање на дефицитот во буџетот на македонските вилаети.[634)]

На 14 мај во Цариград се одржало ново советување на

пратениците, на кое бил изработен колективен одговор на Високата Порта врз основа на условите, прифатени на 3 мај. Треба да се каже, дека предлогот на Зиновјев за отстапувањето на целиот приход од царинските такси за потребите на Македонија бил променет и на македонските вилаети, како што се велело во проектот на нотата на пратениците, им се отстапувал само дел од овие приходи.

На 28 мај 1906 година европските држави и упатиле на Високата Порта колективна нота со излагање на условите, на кои државите се согласувале да го санкционираат 3-процентното зголемување на царинските такси на седумгодишен рок. Најважните од тие услови биле: 1. реорганизација на турската царинарница и воведување на правилата за применување во царинарниците на хемиската анализа; 2. промена на турскиот закон за рударството; 3. вистинска гаранција за тоа, дека нараснатиот царински приход ќе оди на покривање на дефицитот во буџетот на македонските вилаети и дека, покрај тоа, 25% од средствата од дополнителните такси ќе влезат во Управата на отоманскиот државен долг.[635]

Одговорот на Високата Порта, добиен на 21 јуни 1906 година, не ги задоволил државите. Во нотатаа на Портата се заобиколувало прашањето за гаранциите за искористувањето на дополнителниот царински приход за покривањето на дефицитот на македонскиот буџет; Високата Порта само соопштувала, дека таа ќе се "грижи да го покрива дефицитот, доколку тоа биде возможно, од својот дел (75%) од зголемувањето на приходот".

Високата Порта исто така приговарала против ограничувањето на рокот на дејствувањето на договорот за седум години, предлагајќи да не се укинува овој дополнителен царински приход до тоа време, додека од страна на државите не биде вклучен нов трговски договор со Отоманската империја.

По многубројните средби на пратениците на Англија, Австро-Унгарија и Русија била изработена и претставена на Високата Порта на 30 септември 1906 година нота, која ги вклучувала сите основни пунктови на англискиот меморандум од 10 јули 1906 година, упатен на владите на Русија и Австро-Унгарија, во кој се предлагало како последица од незадоволителниот одговор на Портата одново да се разгледаат условите за согласноста на односните држави за зголемување на царинскиот приход на Отоманската империја.

Покрај општото барање за реорганизација на царинарниците, нотата го содржела упатството за неопходноста од страна на Отоманската империја да се потрошат 100 илјади турски фунти за ремонт и подобрување на царинските простории и регулирање на правењето за помош на царниците со носачи и транспортни работници.[636]

Во нотата од 9 ноември 1906 година со која одговорила Високата Порта, предоставувајќи ја бараната гаранција, ќи известувала државите за склучувањето на договорот со Управата на отоманскиот долг. Во соодветност со тој договор Управата била должна да го контролира собирањето на 3-процентното зголемување и да им ја исплаќа на трите македонски вилаети целата сума на добиениот приход. На таков начин, Високата Порта била готова да ги прифати речиси сите услови, само да го добие правото на воведување на дополнителни царински такси.

Меѓутоа, размената на нотите меѓу претставниците на државите во Цариград и Портата не довела до конечно решение на прашањето.

Имајќи ја во предвид изразената желба од страна на францускиот министер за надворешни работи Пишон - условите, врз кои државите се согласуваат да го допуштат зголемувањето на турската такса, да бидат во форма на документ, на одржаното совету-

ање на пратениците на 27 февруари 1907 година во Цариград (на советувањето зеле учество шест европски држави: Англија, Австро-Унгарија, Германија, Италија, Русија и Франција) францускиот пратеник Констанс им го претставил на нив подготвениот проект на договорот.

Проектот ги вклучувал сите барања, кои биле изработени од односните држави и прифатени од Портата уште во септември 1906 година, а исто така редица нови услови, за кои претстоело да се добие од неа согласност.

Членовите 1-4 на проектот се односувале на подобрувањето на царинската служба, кое го барале трговските и индустриските кругови на заинтересираните европски земји. Членот 4 на проектот освен ова налагал на отоманската влада обврска да не ги оптоварува со никакви "непредвидени давачки" царинските операции.[637] Фактички тука може да се види заинтересираноста на капиталот на големите европски сили за уште поголем продор во Отоманската империја. Всушност зад сите овие договарања стоеле интересите на експанзионистичките кругови на односните држави за нови економски и политички позиции во Турција.

Во членовите 5-8 се набројувале мерките, кои била обврзана да ги преземе отоманската влада со цел за покривање на дефицитот во буџетот на Македонија. Согласно на овие членови, целиот дел од приходот од зголемувањето на царинската такса кој припаѓал на отоманската влада требало да биде наменет исклучиво за задоволување на финансиските потреби на македонските вилаети.

Точките 10 и 11 и налагале на отоманската влада обврска да ја снабди реорганизираната жандармерија со оружје какво што ѝ било потребно, да го допушти нејзиното учество во иследувањето на "престапите" и да го олесни на жандармериските офицери

исполнувањето на нивните обврски со содејството на месните власти

После тоа откако пратениците го претресоа францускиот проект, станало извесно, дека англиската влада повторно го ста вила потпишувањето на овој договор во зависност од прифаќањето од страна на Портата на петте пунктови на програмата за жандармерија та.

Во врска со ова било решено официјално да ѝ се изјави на Портата, дека задржувањето со нејзиниот одговор на колективната нота на државите нив ги лишува од возможноста да го прифатат конечното решение за зголемувањето на турските царински такси

Прифатениот од сите пратеници протокол бил предложен на Портата, која и го потпишала на 29 април 1907 година.[638]

По долготрајни дискусии на ваков начин било разрешено и прашањето за финансиските реформи во Македонија. Но како што забележувал италијанскиот публицист Пелегрини не било можно да се биде доверлив во работата и во ефикасноста на реформите, бидејќи како се забележувало дека мнозинството на европските сили искрено го посакувало смирувањето на оваа земја, не може да се смета дека таквата желба била интимно чувствувана од сите. Од друга страна, во една земја каква што била Македонија, каде пропагандните борби биле жестоки, крвави и долготрајни, финансиските реформи, кои не задирале во суштината на општествено-економското уредување на Отоманската империја, не можеле да имаат магичен ефект да ги смират вкоренетите омрази, пред сè кога отоманската правда, освен тоа, била една илузија, еден подбив.[639]

Според споменатиот автор, сите мерки што ги презеле дотогаш отоманските власти, почнувајќи од Гилханскиот хатишериф од 1839 година, потоа Хатихумајунот прогласен од султанот во 1856 година и чл. 23 од Берлинскиот договор каде биле нагласени мерките што требала да ги преземе Отоманската империја за подоб-

рување на положбата на месното население во европскиот дел на Турција не довеле до никаков резултат. Со таквите преседани, скептицизмот бил голем исто така кога се однесувало и по прашањето на финансиските реформи кои се спроведувале во Македонија. Тие биле повеќе од недостаточни за себе и најмизерни за Македонија. Условите во последната не можеле да се променат се додека генералниот инспектор ќе бил лоаник на Високата Порта.[640]

3
Ш. Италија и спроведувањето на судските реформи во Македонија

Паралелно со спроведувањето на другите реформи во Македонија, предвидени со Мирцштегската програма, во 1907 година се појавува и прашањето за спроведувањето на судските реформи. Тоа веројатност биле реформи кои се надоврзувале на целата реорганизација на локалната автономна администрација, која имала за цел да ги смири духовите кај незадоволното месно население. Судските реформи ќе бидат главните реформи во 1907 година. Веќе од декември 1906 година австроунгарскиот и рускиот цивилен агент во Македонија имале изработено, врз база на чл. 4 на Мирцштегската програма еден проект за реформа на правосудството, и го имале доставено проектот на своите влади. На дури на 19 август 1907 година амбасадорите на Австро-Унгарија и на Русија во Цариград, им го соопштиле на амбасадорите на другите европски сили проектот за судските реформи.[641]

По ова започнале консултациите помеѓу големите сили за прифаќање на овој проект и неопходните модификации во смисла на едно поголемо вклучување на останатите големи сили во извршувањето на судската контрола, во оригиналните проекти на Мирцштегската програма исклучително доделена на Австро-Унгарија и на Русија.

Наспроти на овие нови европски манифестации за контрола во Македонија, Високата Порта немала намера да остане рамно-

душна. Таа имала сфатено дека новите реформи ќе бидат започнати и дека единствено средство да се обиде да го попречи овој нов напад на нејзиниот престиж ќе биде тоа да се предухитрат овие реформи. Високата Порта ваква политика следела и во поранешните слични случаеви. Така, таа во јануари 1907 година презела иницијатива: основала една комисија за истрага, составена од два високи функционери, со задача да ја надгледуваат целата правосудна организација на трите македонски вилаети. Веќе во март истата година Високата Порта презентираа една Нота, која го резимира делото правосудно реорганизирање кое требало да се приложи во Македонија, според резултатите од истражувањето. Во април истата година Портата се обидува во начело да го прифати прилагањето на оваа програма и именува инспектори за правосудство и нивни помошници за трите вилаети на Македонија. Според ова инспекторите за Солун и Скопје би биле муслимани а нивните помошници христијани, а инспекторот за Битола би бил христијанин а неговиот помошник муслиман.[642)]

Меѓутоа од друга страна силите немале намера да си откажат од нивната сопствена програма која ја воспоставувала нивната контрола и дипломатски расотеле во оваа смисла. Тогаш во почетокот на август Портата објавила ираде кое донесувало еден нов проект, покомплетен, за судската реформа во Македонија изработен од министерскиот совет. Овој проект, помеѓу другите новини, го санкционирал основањето на еден колегиум на мировни судии.

Оваа последна мерка била оценета како еден обид за опструкционизам, во однос на проектот во изработка од страна на големите сили, на кој последните упорно инсистирале.

Така се создала една политичка ситуација помалку или повеќе слична на онаа определена во 1905 година од австро-руски-

от проект за финансиските реформи и од отоманскиот противпроект. Исто така во даденият момент две се целите кои ги проследувала европската дипломатија: принудување на Портата да го прифати проектот на големите сили, кој установува една ефективна контрола; согласување на сите големи сили за формата на оваа контрола, со оглед на тоа што многу од нив посакуваат да бидат целосно вклучени во неа, исто како во онаа финансиската.

За постигнување на овие две цели, не блиски и не лесни, се развила во 1907 година голема дипломатска активност, која го наоѓа својот заклучок во усните договори од Дезио помеѓу Титони и Ерентал, од Ишл помеѓу Франц Јосиф и Едвард VII, и од Семеринг. За средбата во Дезио во официјалното соопштение се велело: "На средбата која што е одржана помеѓу баронот Ерентал и почитуваниот Титони се искажани и потврдени чувствата на најсрдечно пријателство кое како последица од сојузништвото ги сврзуваат двете влади и двете земји. Разгледувањето на општата европска ситуација и на сите поединечни прашања кои имаат за Австро-Унгарија и за Италија особен интерес (се разбира тука влегувало и прашањето за реформите во Македонија, б.м.) ја имаат потврдено, со обострано задоволство на двата министри, нивната комплетна согласност. Оваа согласност, за која како база останува секогаш принципот на рамнотежа и на одржувањето на статус-квото, ќе се применува не само во сегашнината, но и во која и да било евентуалност во иднина."[643])

Во Семеринг официјалната изјава ја потврдува нотата од Дезио и ја истакнува конкретната примена на италијанско-австроунгарската согласност за судските реформи: "Баронот фон Ерентал и министерот почитуваниот Титони, на средбата што ја имале, ја имаат потврдено со обострано задоволство програмата врз која се

беа веќе согласиле во Дезио... Привржаноста дадена од италијанската влада на проектот за судска реформа во Македонија, презентиран неодамна од Австро-Унгарија и од Русија на другите сили, е едно ново сведоштво на целосна идентичност на погледите помеѓу Австро-Унгарија и Италија во однос на балканското прашање."[644]

Фактички преку овие договори Италија ја постигнала целта да се изврши вклучување на сите сили во изведувањето на македонските реформи, одземајќи ги од австро-руската исклучителност. Со договорите Италија постигнува ново потврдување од Австро-Унгарија на своите интенции за мир и за воено-политичко статус-кво. И не само тоа, постигнува Австро-Унгарија да го признае принципот за рамнотежа на влијанијата, она признавање кое од 1903 година Австро-Унгарија настојувала да го спречи: и оваа рамнотежа била приложена на македонската реформна програма, со тоа што сите сили се вклучиле во неа. Всушност Италија се враќа на Балканот од меѓународна гледна точка во една ситуација на израмнување на правата во статус-квото, кое било пред 1903 година и од кое Австро-Унгарија и Русија настојувале да излезат со исклучителната програма од Мирцштег. Отсега за во иднина италијанската буржоазија си ја осигурала, наспроти Австро-Унгарија, можноста за слободно извршување на сопственото балканско влијание, било во работата на реформите, било надвор од нив, во слободната економско-социјална конкуренција. За сето ова, кое одговарало на италијанските интереси за непроменување на положбата на Балканот во даденият момент, придонела како меѓународната ситуација, така и новите интереси на Австро-Унгарија и на Русија, но исто така и енергичната дејност на италијанската надворешна политика на чело со министерот Титони.

Како и да било, од сето ова дефинитивниот резултат

бил дека и покрај противењето на Портата, реформаторската реорганизација на трите македонски вилаети продолжувала со одреден успех, и силите во даденият момент немале намера да се откажат од нејзиното извршување. Паралелно со овие преговори, на зоната за реорганизација на жандармеријата доделена на Италија, е придодаден санџакот на Серфиџе. На 2 октомври 1905 година била продолжена за две години задачата на цивилните агенти. На 2 октомври 190[illegible] година нивниот мандат ќе биде обновен, истовремено одобрувајќи се[illegible] 645 кога[illegible] пошироко контрола со изедначено учество на сите големи сили

Состаноците во Дезио и во Ишл сигурно имале придонесено за овој договор за кој се верувало дека ќе биде дефинитивен помеѓу австро-руската гледна точка, и онаа за вклучување на сите останати сили во извршувањето на реформите: договор кој ќе ја остави институцијата, повеќе формална отколку суштествена, на австро-руските цивилни агенти, и дека истовремено ќе ја развива акцијата, посуштествена отколку формална, за европскиот концерт во реформите.

Покрај споменатото, со овие преговарања на финансиската контрола ѝ била гарантирана постојаноста барем за целиот период, во кој ќе траеле постоечките обврски за зголемување на царинските такси. Истата линија на реформаторската акција продолжувала сега да се одвива под водството на сите европски сили, кои имале намера да ја носат својата контрола сè до крајните консеквенци: се до европеизацијата на Румелија, како што се истакнувало во едно полуофицијално соопштение на австрискиот весник "Fremdenblatt" (20 февруари 1907). Самата Отоманска империја ја признавала, според зборовите на споменатиот Довани Амадори-Бирдил, во принцип потребата од вклучувањеѫ на сите сили во контролата. Таа ја имала доверено реорганизацијата на жандармеријата во Одринскиот ви-

лает на два италијански офицери, а нешто подоцна на овие истите им била доделена реорганизацијата во вилаетот на Смирна. Истиот Вирџил, укажува на појавените тенденции, според изјавите на современиците, за навлегувањето на полиберални идеи во Отоманската империја од западните земји, Но, од друга страна се сомневало дали земјата ќе ја имала потребната волја и моќ заради извршување на исправки во сопствениот развој. Меѓутоа, селак големите сили не очекувале нешто во овој правец.[646)]

На крајот може да се каже дека со воведувањето на судските реформи се настојувало, паралелно со спроведувањето на другите реформи предвидени со Мирцштегската програма, да се настојува да се смират духовите кај незадоволното месно население.

8. Италија и крајот на реформната акција во Македонија

Иако бавно, поради пречките кои ги правела отоманската влада, реформите во Македонија напредувале како што може да се види и од нашето погорно излагање. Во 1907-1908 година истечувале полномоштијата на низа органи поврзани со реформната акција во Македонија.

Во 1907 година по согласноста со виенскиот кабинет руската влада им доверила на своите пратеници во Париз, Лондон, Берлин и Рим да им предложат на државите да и се поднесе на Портата колективна нота за обновување на полномоштвата на органите на реформите во Македонија на рокот на дејствување на 3-процентното царинско зголемување т.е. до 12 јули 1914 година. Треба да се спомене дека во 1908 година истекувал рокот на полномоштвата на генералниот инспектор Хилми-паша, цивилните агенти, на раководителите на финансиската комисија и жандармериските установи, на кои им било доверено спроведувањето на реформите во Македонија.

Постоечките органи за спроведување на реформите се

признавале како привремени, но обично, кога истекнувал идниот рок на нивните полномоштва, европските држави, повикувајќи се на "безредија" во Македонија, барале продолжување на нивната дејност. Така на 18 декември 1907 година претставниците на шесте држави во Цариград - Англија, Австро-Унгарија, Германија, Италија, Русија и Франција - му поднесоа на отоманскиот министер за надворешни работи колективна нота за продолжување на седум години на полномоштвата на генералниот инспектор Хилми-паша, генералот-реорганизатор на жандармеријата де Џорџис, на цивилните агенти и членовите на финансиската комисија, а исто така обновување на ист таков рок на договорите со офицерите, кои биле ангажирани во реорганизацијата на жандармеријата.[647)]

Истиот ден Портата им предала на претставниците на државите нота како одговор, во која се соопштувало за намерата на отоманската влада да прими на служба цивилни агенти и членови на финансиската комисија и да ја прифати врз себе нивната издршка, а исто така издршката на офицерите, на кои им била доверена реорганизацијата на жандармеријата.

Меѓутоа државите не се согласија со предлогот на Портата, мотивирајќи го ова со тоа, што дури и номиналната зависност на странските агенти од Портата неизбежно ќе го загуби нивното значење во очите на македонското население.

Спротивставувањето на Портата на спроведувањето на реформите можело да се објасни со тоа, што и султанот и големиот везир знаеле за отсуството на еднодушноста кај европските држави во македонските работи, кое се појавувало повеќе пати по разни поводи. Тоа не можело а да не го забележат и самите пратеници. Британскиот пратеник О'Конор му соопштувал на Греј, дека Австро-Унгарија и Италија се влечат зад Германија, која зазема протур-

ска позиција. "Франција во принцип ги одобрува англиските предлози, - соопштувал тогаш истиот О' Конор, - но финансиските и стопанските интереси ја побудуваат неа кон претпазливост."[648]

Меѓутоа, положбата во Македонија во почетокот на 1908 година достигнала крајна напрегнатост. Под влијание на руската револуција 1905-1907 година значително се засилило национално-ослободителното движење и она што било најважно-- во борбата се забележувал стремежот кон обединување на сето население: на христијаните и муслиманите, Турците и нетурците. Вооружените истапувања на револуционерните чети зеле таков замав, што ни жандармеријата, ниту регуларните војски не можеле нив да ги запрат.

Во Рим, примајќи го од рускиот пратеник меморандумот за македонските реформи, министерот за надворешни работи Титони изјавил, дека италијанската влада ќе ги поддржи сите предлози содржани во руската нота.

Истиот ден италијанскиот весник "Трибуна" поместил официјално соопштение, во кое се зборувало, дека Италија со задоволство го прифатила рускиот предлог по балканското прашање, со оглед на тоа што тој наполно одговарал на политиката на Италија. Уште во говорот, произнесен во Народното собрание непосредно пред врачувањето на меморандумот, Титони предложил програма, идентична на руската. Оваа околност дала основа да се смета, дека до официјалното врачување од страна на руската влада на своите предлози меѓу Петроград и Рим веќе се одвивала интензивна размена на мислења.[649]

Меѓутоа, во екот на најголемата активност за реорганизирањето на македонската жандармерија, на 13 март 1908 година, умрел генералот Де Доргис. Човекот, кој, од името на шесте големи европски сили, бил задолжен со реформирањето

и реорганизирањето на жандармеријата во Битолскиот, Солунскиот и Скопскиот вилает. За неговото име и активност биле врзани многу нишки од реформирањето на турската жандармерија во трите румелиски вилаети. И покрај тоа што меѓу шесте големи европски сили различно се оценувала неговата работа и по некој пат се доаѓало и до кризи во односите меѓу големите европски сили заради некои негови одделни потези, посебно со барањето на европските сили за зголемување на бројот на странските офицери во Македонија, во 1904-1905 година, сепак, неговата работа била позитивно оценета од сите големи европски сили. И кај турските власти генералот Де Доминис, во текот на престојот во Македонија, како што може да се види и од нашите излагања, се здобил со висока доверба и почит. Меѓутоа, со неговата смрт останало упразнето местото на генералмкиот реорганизатор на турската жандармерија во трите македонски вилаети.

По барање од Високата Порта, а и според порано востановената согласност меѓу големите сили дека Италија била земјата која го определувала и го предлагала жандармерискиот генерал од составот на своите офицери за реорганизатор на турската жандармерија во трите македонски вилаети, италијанската влада ги известила погоренаведените фактори дека таа се определила да го кандидира за генерален реформатор на турската жандармерија во румелиските вилаети Марио Антонио Николас ди Робилант.[650)]

По истакнувањето од страна на италијанската влада на генералот Робилант за кандидат на генералското место - реорганизатор на турската жандармерија во трите румелиски вилаети, големите сили и тоа пред се Велика Британија, Австро-Унгарија и Русија се согласиле со предлогот на Италија. Конечното прифаќање станало при крајот на март 1908 година, кога турскиот султан се со-

гласил грофот ди Робилант да го именува за "генерален реорганизатор на македонската жандармерија", истовремено доделувајќи му чин генерал-лајтнант.[651]

По неговиот избор и по извршените консултации што ги имал Робилант, со дипломатските претставници на големите европски сили во Рим и во Министерството за надворешни работи на Италија, во првата своја изјава што ја дал во Рим, генералот Робилант напомнал дека неговата прва задача ќе се состоела во тоа да работи за натамошна пацификација на Македонија; потоа, дека ќе побара од Високата Порта согласност да да се зголеми бројот на жандармеријата во трите румелиски вилаети на 10,000 жандарми, и дека со Високата Порта ќе одржувал што покоректни односи.[652]

Со ваквата изјава на Робилант можело да се уочи дека иако и покрај тоа што поминало неколку години од спроведувањето на Мирцштегската реформна програма во Македонија положбата посуштествено не се изменила. Смирувањето во Македонија и покрај реорганизирањето на жандармеријата и на сите преземени мерки во рамките на Мирцштегската реформна програма, за што погоре посебно е зборувано, била далечна перспектива, а барањето на Робилант за зголемување на турската жандармерија во трите румелиски вилаети на 10,000 жандарми, претставувало најголемо признание за неуспехот на Мирцштегската реформна програма, конкретно за смирување на состојбите во Македонија, што била една од првичните задачи на оваа реформска програма.

По долготрајните подготовки генералот Робилант на 5 мај отпатувал за Цариград. По неговото пристигнување, во придружба на италијанскиот амбасадор во Цариград, лично му бил претставен на Султанот, кај кого "наводно" оставил добар впечаток, посебно со изгледот на педесетитригодишната возраст. По извршените

подготовки и запознавање со дипломатскиот кор во Цариград, Робилант го напуштил Цариград, на 25 мај 1908 година и отпатувал за Солун, каде ја примил новата должност генерал - реорганизатор на турската жандармерија во трите румелиски вилаети[653] продолжувајќи ја мисијата на неговиот претходник. Но, извршувањето на доверената мисија т.е. продолжување на реорганизирањето на турската жандармерија во трите румелиски вилаети и постигнувањето смирување во Македонија, било сè повеќе сложено. На усложнувањето на ситуацијата влијаеле повеќе внатрешни и надворешни фактори. Меѓутоа, големите европски сили ангажирани во реализирањето на Мирцштегската реформна програма, за разлика од порано, ја напуштиле единствеността во настапувањето пред Високата Порта, во врска со нивната акција за спроведување реформи во Македонија. Мошне тешката состојба во Македонија ја влошуваше и навлегувањето на сè поголем број вооружени чети во Македонија, кои доаѓале од соседните држави. Имајќи го предвид сето ова личните ангажирања на ди Робилант многу не помогнале.

По младотурската револуција (за што посебно ќе стане збор, б.м.) положбата на европските органи на реформите во Македонија значително се променила. Пред сè тоа се покажало на положбата на жандармеријата. Започнале поодделни инциденти помеѓу офицерите на отоманската армија - младотурците и жандармериските офицери - европејците.

Доаѓајќи на власт, младотурците изнудиле кај европ-ските држави отповикување од Македонија на своите офицери - инструктори на жандармеријата.

Создадената положба довела до тоа, што по задача на своите влади пратениците на Англија, Италија, Русија и Франција во Цариград и упатиле колективна нота на Високата Порта со след-

ната содржина: "Примајќи во внимание, дека турскиот устав има за цел да ги обопшти реформите, предложени од државите, и меѓу другото жандармериската, државите си го поставиле на себеси прашањето, не би ли било поарно исцело да и се отстапи на турската влада остварувањето на реформите, и заради тоа би сакале да дознаат, нема ли да средњат од страна на означената влада пречки за привременото отповикување од Македонија на странските офицери и да им се дозволи на нив временски неограничено отсуство."[602] По иницијатива на англиската влада во нотата била вклучена желбата за награда на отпуштените офицери - европејци.

Прва од Македонија почнала да ги повлекува своите офицери Австро-Унгарија. При крајот на 1908 година, без заедничка согласност на сите големи европски сили, Австро-Унгарија го повлекла поголемиот дел од австроунгарските офицери од Македонија. Тој чин значел прва сериозна пукнатина и почеток на крајот на реформската акција на големите европски сили во Македонија, што ќе има несомнено тешки последици. Ова со оглед на тоа што се нарушила едногласноста на големите сили во спроведувањето на заедничка политика кон Отоманската империја, кое ќе доведе до засилување на нивните освојувачки апетити за отоманското наследство било во европските делови на Империјата било во другите негови делови.

Со повлекувањето на еден дел австроунгарски офицери од Скопскиот сектор и Италија покажала прилична вознемиреност во врска со состојбата на италијанските офицери во Битолскиот сектор. Меѓутоа, таа се наоѓала во една поспецифична состојба во споредба со другите големи европски сили во однос на жандармериските офицери. Нејзин генерал се наоѓал на чело на европските офицери во Македонија и секој недоволно промислен и недоволно проучен потег од страна на италијанската влада можел да има пого-

леми меѓународни импликации. Италија зазела становиштето дека прашањето за натамошно останување на странските офицери во Македонија требало да се решава во договор со другите големи европски сили.[656] Така, во врска со реформската акција во Македонија, а во случајот станува збор за натамошно останување на странските жандармериски офицери, отпочнале интензивни консултации меѓу владите на големите европски сили. Меѓутоа, определени настани во Македонија, непосредно по Младотурската револуција влијаеле дилемата во врска со повлекувањето на странските офицери да стане уште поголема, бидејќи во Македонија и натаму дејствувале разни вооружени чети и други групи. Се уште, се чувствувало нивното дејствување, така што оваа појава спротивно влијаела на желбите на одделни големи европски сили за повлекување на странските жандармериски офицери од Македонија.

На 10 декември 1908 година отоманското министерство за надворешни работи ги известило претставниците на големите сили, кои ја потпишале колективната нота, дека отоманската влада се согласува со предлогот на државите, уште повеќе, таа имала намера да ги награди отповиканите офицери и да им изрази благодарност за услугите, направени од нив при исполнувањето на нивните обврски. На 26 февруари 1909 година руските офицери веќе отпатувале од Македонија.

Од друга страна треба да се истакне дека отоманската влада решила да спроведе реорганизација на жандармеријата во целата Отоманска империја. Со оваа цел таа му предложила на генералот Робилант да остане во отоманска служба, доверувајќи му нему да подготви проект на реформи и да одбере од бројот на француските, англиските и италијанските офицери кои се наоѓале во Македонија дваесет и четири луѓе кои требало да се упатат во шест окрузи

на Империјата. Во почетокот на јули 1909 година Робилант го напу-
штил Солун и заминал со целиот свој штаб во Цариград, за таму да
се зафати со реорганизирањето на жандармеријата во целата Отома-
нска империја.[657]

Кон ова време фактички ја прекратиле својата дејност и членовите на европската финансиска комисија и цивилните агенти во Македонија.

Улогата на цивилните агенти се свела на набљудување и учество во заседанијата на финансиската комисија. Последната уште некое време останувала како единствен орган на европската ко-нтрола, кој остварувал практична дејност. Меѓутоа младотурската влада постепено ги ограничувала функциите на финансиската комиси-ја, а месните отомански административни органи се почесто откажу-вале да ги исполнуваат нејзините наредби.

При разгледувањето на буџетот на Империјата за 1909 година отоманскиот парламент, не сметајќи со правата на финанси-ската комисија во областа на контролата, прифатил решенија, кои противречеле на решенијата на комисијата. Со договорот, склучен од отоманската влада со големите држави, буџетот, составен од ко-мисијата, требало да биде прифатен од централната влада без нека-кви промени. Меѓутоа собранието внесувало во буџетот промени, неусогласени со комисијата.

Со привлекувањето кон "реорганизаторска" дејност во империјата на членовите на европските органи Портата решила да ја доведе до крај ликвидацијата на последните. По распуштањето на управата на жандармеријата редот дошол на финансиската комисија. На 21 март 1909 година францускиот пратеник му предал на министе-рот за надворешни работи на Русија писмо, во кое се зборувало за намерата на отоманската влада да им предложи на францускиот, ан-

глискиот и италијанскиот член на финансиската комисија, не прекратувајќи ја својата дејност во Македонија, да преминат во отоманска служба, за да земат учество во реорганизирањето на финансиската управа на Империјата.[658]

Во Цариград не брзале со формалната ликвидација на македонската финансиска комисија, со оглед на тоа што таа во тоа време фактички ја прекратила својата дејност. Дури во почетокот на мај 1909 година Високата Порта официјално ги замолила за согласност државите за укинување на меѓународната финансиска комисија, истовремено ветувајќи, дека 3-процентните увозни царински такси како и порано ќе бидат наменети за потребите на трите македонски вилаети.

Категоричната изјава на отоманската влада за правото на Портата да избира финансиски консултанти по сопствено наоѓање ги направило невозможни понатамошните преговори по прашањето за финансиската комисија. Тоа истото ова во ова време австроунгарскиот пратеник во Цариград по налог на Ерентал предложил да ѝ се упати на Портата колективна нота за укинување во Македонија на меѓународната финансиска комисија.

Потпишана од пратениците на шесте држави, нотата од 10 август 1909 година и била врачена на отоманската влада. Рокот за прекратување на дејноста на финансиската комисија бил установен за 14 септември 1909 година.

На 24 август 1909 година Високата Порта официјално соопштила за решението на отоманската влада за укинување на меѓународната финансиска комисија и должноста на цивилните агенти. Истовремено државите биле запознати, дека 3-процентните одбивања од царинските приходи ќе бидат и за понатаму наменети за потребите на Македонија.

Со укинувањето на финансиската комисија и ликвидацијата на институцијата на цивилните агенти на големите сили во Македонија од септември 1909 година бил востановен во отоманските области таков режим, каков што постоел во неа до Мирцштегскиот договор.[660]

На ваков начин завршила и италијанската акција во Македонија која различно била оценувана од современиците во Италија. Видно место во давањето оценка за реформите земал познатиот погореспоменат италијански публицист Вико Мантегаца. Тој при својата втора посета на Македонија во месец мај 1908 година имал намера да ги провери ефектите од интервенцијата на големите сили во неа. Тој можел да увиди дека безбедносните мерки и натаму останувале, а Солун бил претворен во центар на реформите. Таму било седиштетот на генералниот инспектор за реформите Хилми-Паша и високиот офицер одреден од големите сили да командува со реорганизацијата на отоманската жандармерија, италијанскиот генерал де Доруцис (од Пиемонт), кој, како што погоре е споменато, умрел во јануари 1908 година по четири години истоштувачко конфронтирање со политиката на отоманските власти.[661]

При своето доаѓање во Битола, Вико Мантегаца го констатирал банкротот на реформите на големите сили, со оглед на тоа што и покрај присуството на многубројните отомански трупи, во Вилаетот секој месец имало по стопеесетина случаи на убиство на луѓе. За италијанските офицери В. Мантегаца вели дека имале голем респект и углед меѓу населението, зошто "само тие можат да го направат она кое сигурно не може да се осмели еден турски офицер, то ест да пропатуваат сами, без придружба, десетици километри, сигирно одејќи во близината на грчките или бугарските четиќ дека, и покрај фесот и униформата потполно подеднакви на оние на отома-

ските офицери, имаат научено да ги препознаваат и ги оставаат да поминуваат."[662] Но и покрај нивниот залог, вели Марко Дого, и покрај големите усилби од италијанските офицери во секторот на нивната надлежност ("Една работа на цивилизацијата" е поднаслов со кој започнува делото на Мантегаца "La Turchia Liberale e le questioni balcaniche", Милано 1908.), христијаните продолжуваат взаемно да се убиваат и Турците организираат рации во селата кои потоа ги прикажуваат како неопходно преземени мерки на репресија на дрскоста на револуционерите. И заради тоа горчлив беше заклучокот: "Колежите во селата и бесилките во градовите се глетки кои сеуште ги нуди Македонија, и покрај Реформите!."[663]

За реформите во Македонија пишувал и познатиот природоиспитувач и географ проф. Антонио Балдачи. Овој со сомневање гледал на "реформаторската" интервенција на силите во Македонија, како на згодна прилика која и се понудувала на Австро-Унгарија во нејзиното експанзионистичко движење кон европскиот југоисток. Империјата воено го контролираше, иако немаше суверенитет над него, Новопазарскиот санџак, ја задржуваше иницијативата во северна Албанија преку работата на редовите на фрањевците, езуитите и на другите училишно-помошни мисии од религиозна природа, и се подготвуваше да всвои други позиции во насоката кон Солун - како што всушност потоа и го направи, присвојувајќи го секторот на Скопје за реорганизација на отоманската жандармерија. Веќе доцна во летото 1903 година, пред Мирцштег, Балдачи почнал да пишува со цел да ги открие задните австроунгарски цели.[664]

Меѓутоа, тој не ги откривал намерите на Австро-Унгарија со цел правилно да ја протолкува суштината на македонското прашање. Според него, мнозинското место во трите македонски вилаети го имало муслиманското население и заради тоа не била

умесна официјалната мотивација за европската интервенција, според која реформите „во долината на Вардар" требало да им понудат заштита на христијаните. Во една статија од месец декември 1903 година објавена во "L'Italia Coloniale" (La questione macedone e le riforme nella diplomazia europea) Балдачи му обрнува внимание на италијанското јавно мислење дека во австроунгарските планови, на кои европската интервенција ризикува лекомислено да им понуди покритие, реформите во Македонија во суштина означуваат "хрватизирање на муслиманите кои таму се во мнозинство", додека "ниедна реформа не ќе биде навистина ефикасна и хуманитарна се додека не биде разрешено прашањето според аспирациите на петте народи, исклучувајќи го турскиот, кои ги населуваат големите долини помеѓу Вардар и Струма."[665]

Во рамките на тие "пет народи" тој најповеќе бил заинтересиран да се обезбедат привилегии за албанскиот народ, со зачувување на статус-квото на Империјата или независност за Албанија. Што се однесува до Македонија, која "беше станала нашироко албанска", стануваше збор за еден географски израз определувајќи територија со повеќеетничко население; и само во оваа смисла Балдачи зборува за "Македонци" кои го сочинуваат главниот објект во овој дел, во "многу интересната фарса" претставена од големите сили во форма на главни артисти.[666]

Според Балдачи заклучокот се сведувал на тоа дека големите сили не го познавале добро македонското прашање, европското јавно мислење било дезинформирано и дезориентирано, се верувањето дека постоел само еден народ македонскиот. Со едно вакво познавање европските офицери беа повикувани да дејствуваат во Македонија, во еден амбиент кој на нив им одзвонувал туѓо: јазикот, фолклорот, обичаите и навиките. Сè на сè земено Балдачи опфатен

со албанофилска опсесија, истапувал против, односно имал аверзија кон Македонците. Овде треба да се каже дека, зад "албанофилството" на Балдачи се кријат аспирациите на италијанската буржоазија кон западните региони на Балканскиот Полуостров.

Но било и какви да биле расудувањата на италијанските публицисти факт било дека Италија со учеството во реорганизацијата на отоманската жандармерија остварила значајни поени во реализирањето на своите стратегиски цели на западниот дел на Балканот. Исто така и италијанските деловни луѓе во заедница со другите европјани направија добри трговски работи во сенката на реформите.

Што се однесува до ставот на балканските држави кон Мирцштегските реформи во Македонија, нешто е кажано и во нашите погорни излагања, треба да се нагласи дека тие не ги прифатиле ниив. Балканските држави тоа го сметале како задирање и опасност за нивните "легитимни права" како природни наследници во турските области на Балканот. Интервенцијата на големите сили во Македонија ја сметаа како директна опасност за својата експанзија и сфери на влијание што се бореа да ги утврдат во самата Македонија.

Европското мешање во работите на Отоманската империја што најде израз во Мирцштегскиот реформен програм, значеше и индиректно признавање на македонското национално-ослободително движење, кое и ја предизвика таа интервенција како не се исполнија барањата на Внатрешната организација за поконструктивно решавање на македонското прашање во полза на македонската ослободителна кауза. Во суштина тоа значеше уште една афирмација на македонското национално-ослободително движење во меѓународните односи од почетокот на XX век.

II. ИТАЛИЈАНСКАТА ПОЛИТИКА КОН МАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОДОТ ОД 1908 ДО 1912 ГОДИНА (ОД МЛАДОТУРСКАТА РЕВОЛУЦИЈА ДО БАЛКАНСКИТЕ ВОЈНИ)

1. Осврт врз состојбите во Империјата до избувнувањето на младотурската револуција

Отоманската империја при крајот на XIX и почетокот на XX век, како што видовме во погоре изнесеното, покажуваше сериозни симптоми на распаѓање. Капиталите на големите империјалистички држави добиваа сè поголема доминантна положба во стопанството на Отоманската империја. Со тоа се зголемуваше зависноста на Империјата и се комплицикуваше нејзината надворешно-политичка положба. Национално-ослободителните движења на поробените народи сè повеќе се засилуваа и со тоа сè повеќе се влошуваше внатрешната положба во Империјата на "Светиот Падишах". Македонското национално-ослободително движење од предилинденскиот и поилинденскиот период, по својот замав што го имаше, значеше исто така сериозен удар на веќе разнишаните темели на државата на "Болниот човек".

Продолжителното империјалистичко потчинување на Отоманската империја и полната неспособност на владеачките кругови да ја бранат нејзината целост, бавно но постојано го засилувале младотурското движење, кое излезот од кризата го гледало во враќањето на уставниот систем. Основните цели во движењето на Младотурците претставувале уништувањето на апсолутизмот и враќањето на уставноста. Исто така реформните акции на големите сили не ги дадоа очекуваните резултати. Со нив не се одеше кон коренита промена на работите во Отоманската империја, туку само преку реформирање на администрацијата и жандармеријата кон извесно "подобрување" на положбата. Но иако беше минимално мешањето во работите на империјата преку Мирцштегските реформи, тие всушност значеа

de facto и de jure директно мешање во државата на "Светиот Падишах". Контролата на странските цивилни агенти над отоманската администрација, иако не дала некои позначајни резултати, во извесна смисла фактички значеше, деградирање на султановиот авторитет и специјално на државниот суверенитет на Отоманската империја. Реакцијата на мешањето на големите сили во нејзините работи, особено ќе се почувствува сред поинтелигентните слоеви на турското општество што ќе земат виден удел во подготовките за Младотурската револуција.

Илинденското востание во Македонија и новата Мирцштегска реформна акција на големите сили, му дале нов импулс на младотурското движење. Младотурските организации воспоставиле врски и со организациите на националноослободителните движења во Отоманската империја. Иако, на Парискиот конгрес во 1907 година, на кој биле присутни и претставници од други организации покрај младотурските, не било постигнато обединување на разните турски организации и комитети, по пат на заемни отстапки била усвоена една заедничка минимална програма, која предвидувала рушење на апсолутизмот и воспоставување на парламентарен систем во Отоманската империја. Било решено да се изведе вооружено востание под раководството на младотурскиот комитет "Обединение и Напредок" кој бил формиран уште во 1891 год. од младотурските емигранти во Женева.

Значително влијание врз политичкиот развиток на Отоманската империја укажала и Револуцијата во Русија од 1905-1907 година. Руската револуција укажала позитивно влијание и врз револуционерните сили во Македонија. Од друга страна треба да се каже дека, услови за агитациона и организациона работа нашле Младотурците токму во Македонија.

Новата фаза во развојот на македонското прашање, за-

почната со Англо-руската спогодба од 1908 година, а за натамошно продлабочување на реформите, го забрзала избувнувањето на востанието на Младотурците, кое првобитно било планирано за август 1909 година.

2. Младотурската револуција според извештаите на италијанските дипломатски претставници

Денот 24 јули 1908 година остана длабоко врежан во историјата на македонскиот народ и на Отоманската империја од последните нејзини години на Балканот. Со овој ден, придружен од бурни, масовни народни манифестации, беше одбележан почетокот на слободата, на "хуриетот", почетокот на уставно-парламентарниот режим во Македонија.

Италијанските дипломатски претставници во Македонија и воопшто во Отоманската империја со внимание ги следеа настаните кои претходеа на избувнувањето на Младотурската револуција од 1908 година. Тие го забележуваа раздвижувањето во отоманската војска. Така италијанскиот конзул во Скопје Августо Страниери, во својот извештај од 20 јуни 1908 година, известува за неочекуваното затворање во штип на осум офицери од војската. Поради овој настан за штип бедиен отпатувал дивизискиот генерал Осман Паша.[667]

Отоманските власти ги држеле во тајност причините за затворањето на осумте офицери, но во градот кружеле гласови дека тие биле затворени поради припадност на Младотурската партија. Дури се наоѓала и взаемна врска помеѓу апсењето во штип и ранувањето во Солун на командантот на тамошната воена крепост полковникот Назим беј, кој бил ранет од еден припадник на Младотурската партија. Последниот во лицето на Назим беј гледал како на шпион на властите против Младотурската партија. Заклучокот за активностите на приврзаниците на Младотурската партија, се изведувал и

од фактите за затворањето и на други офицери извршено тие денови во Едрене и во други места. Италијанскиот конзул вели дека, несомнено во Румелискиот вилает постоело едно страно движење, предизвикано од Младотурската партија, кое дејствувало во редовите на офицерите на војската. Исто така Страниери дознавал од добро информирани извори, дека скопскиот валија, пред извесно време, добил едно заплашувачко писмо од страна на некои офицери припадници на партијата на Младотурците.[668]

Како што споменавме погоре новата фаза во развојот на македонското прашање, започната со англо-руската спогодба од 1908 година[669] за натамошно продлабочување на реформите, го забрзала избувнувањето на востанието подготвувано од Младотурската партија. Веќе на 3 јули 1908 година командантот на турскиот гарнизон во Ресен, Ниjази-беј, преминал во илегалност со својата единица и започнал акции против месните султански власти. Младотурските комитети - цивилни и воени - и водачите на албанските востаници, соработувајќи меѓу себе, застанале на страната на востаниците. Востаничките сили, составени од војници и албански востаници, брзо израснувале и ја зеле контролата на ситуацијата во свои раце во голем дел од Западна Македонија: Преспа, Охридско, Струшко, Дебарско и во многу албански градови.

За приклучувањето на одделни офицери и војници на страната на востаниците, зборува и извештајот на италијанскиот заменик генерален конзул во Солун Бианки од 13 јули 1908 година. Тој зборува за вакви појави кои се случиле во казите Тиквеш, Воден кога одделни офицери и војници заминале во планините и им се приклучиле на востаниците. Во споменатиот извештај исто така се зборува дека, турските власти довлекувале војска од Анадолија за да го задушат востанието. Но новопристигнатите војници не сакале

да маршираат против востаниците, зошто и меѓу нив имало припадници на младотурската партија.[670]

Италијанскиот заменик конзул, и покрај привидната спокојност на генералниот инспектор Хилми-паша во врска со развојот на настаните во Битола, дознавал дека тој сериозно бил преокупиран од создадената ситуација, не можејќи да ги предвиди последиците од движењето, кое било многу посериозно отколку што изгледало со оглед на тоа што започнало токму во редовите на војската. Дури споменатото движење и да не успеело да ја оствари замислата за урнување на постоечкиот поредок, тоа ќе претставувало многу сериозна тешкотија за владата со оглед на тоа што таа не ќе можела да смета на војската, која дотогаш била нејзината главна потпора.

За ширењето на револуционерното движење во битолскиот вилает ни зборува и извештајот на италијанскиот конзул во Битола Г. де Визарт од 22 јули 1908 година. Меѓу другото тој вели дека: "Во Битола, Ресен, Охрид, Кичево и во други места 90% од офицерите, речиси сите цивилни службеници се привржани на идеите пропагирани од младотурците, а исто така и мнозинството од муслиманското население многу брзо ќе се присоедини, ако не е дури и сега придобиено."[672]

Кон востанатите војници и офицери во гарнизоните во Западна Македонија се придружил со свој одред од востанати војници и Енвер-беј, од Солунскиот гарнизон. Единиците што ги испратил Султанот за задушување на востанието откажале послушност, а нивниот командант Шемзи-паша бил убиен од младотурците во Битола. Во текот на неколку дена раководителите на движењето ги отстранувале месните султански органи преземајќи ја власта од нив.[673] Во врска со целите што ги проследувало младотурското движење, на

конзулите на европските сили во Солун им бил испратен посебен меморандум. Горенаведеното може да се констатира и од погореспоменатиот извештај на италијанскиот конзул во Битола, во кој се вели дека факторите на револуционерното движење го отфрлаат секое вмешување на странските сили, сметајќи дека станува збор за политичко прашање кое исклучително се однесувало на внатрешниот поредок.

Востаничкото движење во Македонија пораснало и се проширило. На 22 јули во ноќта, востаниците, околу три илјади души,[674] а според телеграмата на италијанскиот конзул во Битола од 23 јули, околу 1,500 баши-бозук и војници под команда на вице мајорот Нијази (?) влегле во Битола.[675] Со влегувањето во градот тие ја презеле власта и ги ослободиле сите политички затвореници, главно македонци и Албанци, а исто го затвориле маршалот Осман. Околу пладне истиот ден востанатите се собраа на плоштадот за воени паради и заедно со трупите го прокламираа Уставот од 1876 година истрелувајќи 21 топовски плотун.[676]

Карактеристично е да се спомене дека младотурскиот комитет "Обединение и напредок" со седиште во Битола, испраќа писмо до италијанскиот конзулат во Битола, во кое се зборува за држењето на грчкиот комитет во конфликтот кој избувнал помеѓу владата и младотурската партија.[677] Овој Комитет како тело на грчката пропаганда се плашел од победата на младотурската партија, која имала намера да ја прекине активноста на странските пропаганди, за што подолу ќе стане збор во нашите излагања.

Италијанскиот конзул во Битола Г. де Визарт во својата телеграма упатена до Министерството за надворешни работи на Италија од 24 јули известува за големото движење во градот кое се одвивало со максимален ред. Тој вели дека: "Муслиманите и христијаните цивили и воени лица, сите му аплаудираа на Уставот,

слободата, правдата, еднаквоста. Никој не извикуваше за Султанот дури постои една цивилна и воена струја која истапува за негово отстранување или барем оддалечување на сегашните советници. Вакви от развој на движењето, би можело да и отвори на земјата еден нов здрав пат воведувајќи ги за народот неопходните реформи. Преку илјада затвореници ослободени."[678] Движењето се проширило и на Солун и други места изразувајќи се како масовен народен револ

Италијанскиот конзул во Солун С. Милацо, на своето патување со воз од Скопје до Солун кое што го извршил на 24 јули, на попатните станици го забележувал братимењето на муслиманското и христијанското население со трупите, кои силно го извикувале името на Енвер-бег, познатиот водач на партијата на младотурците, кој патувал во истиот воз со италијанскиот генерален конзул. Тие извикувале "да живее нацијата" и "да живее отоманската војска".[67

Во текот на патувањето дошло до разговор помеѓу мајорот Енвер-бег и италијанскиот генерален конзул во Солун С. Милацо. Станало збор за Уставот добиен од Султанот по силниот притисок на младотурскиот либерален комитет, а исто така Енвер-бег го замолил конзулот да го извести италијанскиот министер за надворешни работи Титони дека: "Комитетот на младотурците немал субверзивни идеи но само ја сака правдата подеднаква за сите, (подвлечено во текстот, б.м.) ред и спокојство во земјата и прекратување на секоја злоупотреба и на секоја привилегија."[680] За таа цел сите отомански поданици ќе бидат третирани подеднакво било муслиманите како и христијаните и дека странците ќе бидат подеднакво почитувани. На забелешката од конзулот дека редот во Македонија бил и ќе биде нарушуван главно од бугарските, грчките и српските чети, Енвер-бег му одговорил дека четите ќе престанат да дејствуваат и за ова тој можел да му даде најшироки уверувања.

- На крајот Енвер-бej уште еднаш го замолил конзулот да го извести Титони за овој разговор и за манифестациите во трите вилаети кои се одвивале во ред, ред, кој новата либерална влада имала намера по секоја цена да го одржува.[681]

Новонастанатата ситуација во Скопје и целиот вилает по младотурскиот преврат внимателно ја следел италијанскиот конзул во овој град Аугусто Страниери. Тој во својот извештај од Скопје од 25 јули, зборува за прославувањето на револуцијата во Скопје, Велес и Штип на 23 јули. Италијанскиот конзул сметал дека ретко некоја револуција била изведена со така висок ред.[682]

Во врска со воспоставувањето на Уставот италијанскиот конзул во Битола Г. де Визарт во својот извештај од 25 јули упатен до министерот за надворешни работи Титони вели дека: веста за објавувањето на Иradето кое го воспоставувало Уставот "предизвикала радување кај тукашното население, кое на разни начини ја манифестирало својата радост, истовремено збратимувајќи се меѓусебно христијаните-Бугарите, со Грците и Власите а овие од своја страна со Турците и Албанците. Во корист на Султанот никој не извикувал пароли. Валијата кој бил потврден на својата должност од револуционерите продолжил да се ослободува од своите функции, и максимално добар ред владеел во градот...".[683]

Но од друга страна конзулот забележуваа дека: "...Без сомнение револуционерите нема да се задоволат со ветувањата на Султанот, и тие внимателно ќе пазат како тие ќе бидат одржани. Најпрво треба да го ослободат суверенот од "антуражот" (...); затоа многу пат требало да се помине за да се дојде до слободата; комликации можело да создаде барањето од многу страни да дојде до абдикација на Султанот." Тој забележувал ваква тенденција против Султанот меѓу воените лица во Битола.[684]

Што се однесува до Уставот кој Абдул Хамид мораше да
и го "подари" на Отоманската империја, а кој уште пред триесетина
години самиот го суспендира, италијанскиот конзул во Битола Г. де
Визарт сметал дека во секој случај навестувал формирање на широка
империја слична на австро-унгарската, во која муслиманското мно-
зинство немало да го заплашува христијанскиот елемент во неа на-
станет. Така таа ќе можела да биде отворена за секоја слобода не
спротивна на интересите на Империјата.

Г. де Визарт исто така забележува дека покрај совлад-
дувањето на внатрешните отпори предизвикани со трансформацијата
на муслиманскиот свет се засилувала и активноста на надворешните
непријатели. Таа активност, според неговите зборови, била изразе-
на во лицето на Атинската и на Софиската влада. Во еден разговор
воден со бугарскиот агент во Битола, конзулот вели дека агентот
не гледал со добри очи на новите настани, бидејќи повикувал на
интервенција на големите сили. Уште покатегоричен бил грчкиот ко-
нзул, кој во состојба на незадоволство напросто изјавил дека сето она
што се случувало означувало крај на Империјата.

Во продолжение на својот извештај од 26 јули 1908 го-
дина упатен до министерот за надворешни работи Титони, Г. де Ви-
зарт истакнува дека: "двајцата, и грчкиот конзул и бугарскиот
агент, гледајќи дека настаните ги доведуваат во опасност анекси-
онистичките проекти на нивните влади, ги сокриваат од јавноста
овие чувства кои не се во склад со концертот на ентузијазам и на
радување со кои се опфатени исто така и христијаните, кои исто
така посакуваат мир."[685]

Сите овие извештаи на италијанските конзули од Македо-
нија ни посведочуваат за заинтересираноста на италијанските
кругови за промените кои настануваат со Младотурската револуција

во Отоманската империја. Тоа секако имало и свои причини. Италијанската влада и општо сите политички кругови биле заинтересирани за натамошниот тек на настаните со оглед на интересите што ги имала Италија во овој дел на Балканот. Таа будно внимава и на однесувањето на балканските буржоаски влади кон промените во Империјата.

Во оваа смисла интересни се и забележувањата на италијанскиот пратеник во Атина Андреа Карлоти за ставовите на грчката влада и јавното мислење за новонастаната ситуација во Отоманската империја по избувнувањето на Младотурската револуција. Во врска со ова се појавиле две различни струи во политичкиот живот на Грција.

Најзагрижените привржаници на грчкиот национализам, кои биле во малцинство, не биле задоволни од новата состојба на работите, која, според зборовите на италијанскиот пратеник, изгледа ја затворала пропагандната ера за територијални повторувања. Тие биле обеспокоени за привилегиите на Патријаршијата и независноста на институциите и на грчките училишта во врска со намерите на режимот во иднина.[686)]

Во продолжение на својот извештај Карлоти вели дека големото мнозинство од јавното мислење, во кое влегувале разни слоеви и на кое припаѓаше без исклучок членовите на владата, не го кријат своето задоволство од политичките промени кои се случиле во Отоманската империја. "Овие се надеваат на одлагање и можеби дефинитивен крај на несаканите европски реформи, чии што дух, благодарејќи посебно на уредбите на последните иницијатори за нив, изгледаат благонаклонети на иднината на Бугарија и чијашто содржина имплицира на секој начин создавање на единствено и посебно административно битие, ма еден ембрион на држава, кој, изолиран ќе стане плен на посилните, нешто кое е во спротивност со по-

знатите гледишта на Грција за поделба на зоните на влијание."[687]

Но од друга страна италијанскиот пратеник забележува за постоењето на една работа која го нарушува таквото расположение. Таа се огледувала во тоа што движењето на младотурците беше и покрај истакнатите позитивни придобивки, сепак од муслиманско потекло и со најавени тенденции за патриотско пробудување. Тоа и посебен начин било потпомагано од националните соперништва кои егзистирале во македонскиот амбиент. Во Атина се поставувало прашањето дали младотурскиот режим стрпливо ќе ја толерирал, иако мирољубива, пропагандата на елинизмот во Македонија и во Епир.[688]

Во гореспоменатиот контекст италијанскиот пратеник инсистира кај својата влада да обрне посериозно внимание на настанатата ситуација која имала не незначителна важност за својата позиција на Јадранот.

Интересни се и забелешките на италијанскиот дипломатски пратеник во Белград Карло Бароли, во врска со однесувањето на Србија кон новите власти во Отоманската империја. На симпатиите на јавното мислење и народот на Србија, кои ја придружувале уставната еволуција во Отоманската империја, се надоврзуваат официјалните изјави на владата и тонот на српскиот печат кој продолжувал благонаклонето да се изјаснува за новиот режим и кон моралното и материјалното обновување на Империјата.

Меѓутоа италијанскиот пратеник сметал дека ваквите чувства на симпатија, повеќе резултирале од една смислена програма на владата за дејствување во новонастанатата ситуација.[689]

За однесувањето на бугарската влада кон младотурската револуција зборува италијанскиот дипломатски агент во Софија Куки Боасо во својот извештај од 20 август 1908 година во кој го пренесува пишувањето на в. "Време" од 15 август, во кое се збо-

рува за положбата во Македонија, во светлината на новонастанатата ситуација. Во написот се изнесени доста остри напади врз политиката на Младотурците кон "Бугарите" и е изнесено барањето младотурскиот комитет да соработува со бугарската конституциона партија во Македонија. Во спротивен случај младотурската партија би ја ризикувала својата победа.[690]

Со значително внимание во своите извештаи, италијанските дипломатски претставници се однесувале кон реагирањето на разните четнички формации на воспоставувањето на новиот уставен режим. Инаку треба да се каже дека на нив со обнародувањето на Уставот, им била ветена општа амнестија ако се јават на властите во рок од три дена и со обврска за бракање во својата земја на странците-учесници во четите. Младотурските власти изјавувале дека во случај на нејавување на четите, имале намера енергично да ги преследуваат, а за оваа цел дури ќе даделе оружје на христијаните. Нешто вакво било преземано и во минатото.

Во првите денови од победата на младотурското востание дојде во Солун и Јане Сандански, кој пред тоа, во Неврокоп, како што соопштува еден современик, бил пречекан од "маса која имала до 15000 луѓе."[691] Инаку според извештајот на италијанскиот генерален конзул во Солун од 27. VII 1908 година Јане Сандански заедно со познатиот Тодор Паница влегол во Неврокоп на 25 јули.[692] Во споменатиот извештај упатен до министерот за надворешни работи, италијанскиот конзул С. Милацо потврдува дека во Солунскиот вилает се пријавиле на властите четите на Македонската револуционерна организација на Сандански и грчките чети, освен бугарските врховистички чети кои во својата програма застапувале анексија на Македонија кон Бугарија.

Истиот конзул во еден подоцнежен извештај од Солун

од 27 јули 1908 година го известува својот министер за надворешни работи дека на 25 вечерта пристигнале во градот познатите водачи на револуционерните чети Јане Сандански и Тодор Паница, откако претходно се пријавиле на младотурскиот комитет во Драма.[695] Тој сметал дека со доброволното пријавување на Сандански и Паница престанала активноста на револуционерните чети во Солунскиот вилает.

Интересни се согледувањата на италијанскиот конзул во Битола Г. де Визарт, за прашањето на легализирањето на грчките пропагандни чети, кога вели дека: "околу прашањето за (легализирањето, О.м.) на грчките чети сеуште владее некоја мистерија со оглед на тоа што тие биле составени речиси исклучиво од странски елементи кои не можат да се јават во Битола, по примерот на бугарските чети, (италијанскиот конзул го применува терминот бугарски чети и за арховистичките и за револуционерните чети, О.м.) за да добијат амнестија.[696]

Во врска со предавањето на грчките пропагандни чети, италијанскиот конзул во Битола уште еднаш се навраќа во својот извештај од 4 август 1908 година, кога вели дека преговорите за нивното предавање биле доста мачни, затоа што грчкиот конзул правел од почеток тешкотии. Тој ги предизвикувал нив со оглед на тоа што му се чинело дека така биле изгубени со еден потег сите придобивки здобиени во последно време со нивното дејствување во Македонија.

Младотурските власти со цел да постигнат потполн успех во разоружувањето на пропагандните чети, го продолжувале рокот за амнестија за повеќе денови. Така во извештајот на горенаспоменатиот конзул се зборува за појавувањето во Битола на 220 четници предводени од Батов, кои дошле во градот да се користат со амнестијата. Тие биле пречекувани од Турците со воени почести и со звуци на музика.[697]

Карактеристични се искажувањата на италијанскиот конзул во Скопје Августо Страниери во врска со предавањето на пропагандните чети во Скопскиот Санџак. Тој истакнува дека голем број од предадените комитаџии, немале некој значаен удел во револуционерното движење во споменатиот санџак. Според него за повеќето од нив би можело да се каже дека повеќе биле вистински разбојници отколку комитаџии, кои престојувале во полето за да вршат некакви акти на лична одмазда и на грабежи. Страниери во својот извештај од 5 август 1908 година, упатен до министерот за надворешни работи меѓу другото вели: "Како што му е познато на Вашата екселенција, револуционерните водачи, достојни на ова име, кои го воделе движењето на четите во Скопскиот санџак, како Груев, Бобев, Константинов и други, речиси сите загинаа во судирите со трупите ...".[696] Во истиот извештај се зборува исто така дека некои од четите за да ги избегнат последиците од предавањето преминале во Бугарија. За предавањето на српските пропагандни чети кои најповеќе ги имало на теренот помеѓу Кадес, Прилеп и Поречието, Августо Страниери зборува во својот извештај од 3 август 1908 год.[697]

Веќутоа и покрај вакватa активност на младотурските власти, ситуацијата во врска со разоружувањето на пропагандните чети, останувала темна и нејасна со оглед на тоа дека сите комитаџии не се разоружувале. А ова со оглед на изборите кои требале да се одржат би можело да доведе до повторно отворање на најжестока борба меѓу соперничките чети.[698]

Италијанскиот генерален конзул во Солун С. Видаџо сметал дека распуштањето на грчките и бугарските чети (извршено доброволно со залагањето на водачите на турското либерално движење Енвер-бег и Џемал-бег, двајцата офицери на отоманската војска и на кои им припаѓал големиот успех за здобивката Устав) било

несомнено за големите европски сили многу значаен факт. Ако се успеело да се воспостави подолготраен мир, како што уверувале споменатите водачи на младотурската партија, тоа ќе овозможело да се разреши една од најсериозните точки на македонското прашање.[699]

Италијанските дипломатски претставници во Македонија, уште во првите денови од избувнувањето на младотурската револуција, во своите извештаи му посветувале место на тоа како овие настани ќе се одразат врз работата на реформните органи на големите европски сили. Така италијанскиот конзул во Битола во својот извештај од 26 јули 1908 година помегу останатото вели дека: "Европската реформаторска работа молчи и ќе биде можеби уште подобро да направи една подолга почивка во очекување на она што можат да го остварат новите луѓе; дали овие реално ќе успеат да ја задржат власта, ќе сакаат, ќе можат и ќе знаат да направат подобро од секој европски концерт за благосостојбата на оваа измачено население. Нивната задача меѓутоа е толку потешка колку што треба да се спречи пропаста на Империјата."[700]

Од друга страна претставникот на новите власти, мајорот Енвер-беј изјавувал дека, младотурскиот комитет накеравал иницијативата за повлекување на странските претставници за реформите да биде превземена од страна на европските влади, откога тие ќе го увидат лојалното држење и добриот резултат од работата на новата либерална влада.[701]

Раководните личности од младотурската партија изјавувале дека, Отоманската империја сакала да работи врз сопственото оспособување, без да биде возпремирувана со критички истапувања против нејзината работа или од вмешување на големите сили кои ја опкружувале. Таа работела да ја преземе својата судбина а силите требало да се повлечат и да чекаат на резултатите од нејзината

возобновителна работа. Младотурските власти сметале дека Султанот, по обновувањето на Отоманската империја, ќе можел успешно да се спротивставува имајќи го со себе целиот муслимански свет, како што било истакнато во еден циркулар распространет до странските конзулати во Битола од младотурскиот комитет "Обединение и напредок", кој бил доста жестоко настроен против странското мешање во внатрешните работи на Империјата.[702)]

Италијанскиот конзул во Битола Г. де Визарт сметал дека неговите колеги од малите балкански држави биле за продолжување на реформаторската работа на големите сили во Македонија. На крајот во својот извештај тој вели: "како и да било, разните проекти за реформи го истакнуваат она дека турскиот народ треба за прв пат да покаже, не со пароли туку со факти дека христијаните немале повеќе потреба од некоја заштита, имајќи ги реално истите права на муслиманите. И врз таа точка ќе треба да биде свртено најголемото внимание!".[703)]

По прогласувањето на Уставот, младотурските раководители се ангажирале да ја изградат организационо и политички својата партија, за да може таа да стане столб и носител на новата политичка власт. Притоа Солун станал седиштето на Централниот комитет на младотурската партија "Обединение и напредок" (Иттахад ве Терақи), што на овој град, па и на Македонија им давало посебно значење во Отоманската империја.

Извештајот на италијанскиот конзул од Битола Г. де Визарт од 16 август 1908 година, поопширно ни зборува за настојувањата на младотурската партија да го зацврсти својот режим по дефинитивното наметнување на Уставот на Султанот, не допуштајќи никаков обид за дејство на реакцијата против новиот режим. За таа цел младотурскиот комитет "Обединение и напредок" сеуште не

го напуштал раководењето со сите јавни работи: воените и цивилните функционери, и самиот валија заминеле од него во најапсолутна смисла на зборот, присилени да дејствуваат во духот на новите институции. Г. де Визарт сметал дека младотурскиот комитет непосредно ќе раководел со јавните работи, се додека парламентот не се оспособел да ја земе власта. Тој сметал дека во паролата за "Слобода, еднаквост и правда" била изразена програмата за која младотурската партија толку се борела. Карактеристично е да се истакне и тоа дека се настојувало, да се обезбеди и покрај изборите, да се одржи системот на власта, кој со толку темелни го изградиле припадниците на младотурската партија. Конзулот истакнувал дека уставот кој му бил наметнат на Султанот, всушност бил многу слабо оружје во рацете на турската либерална партија.

Важно е да се спомене дека во погореспоменатиот извештај италијанскиот конзул поопширно ги елаборира околностите кои оделе во прилог на новиот режим и оние кои биле против.[704)]

Една од повеќето отежнувачки околности за новата власт била држењето на Албанците кон младотурската револуција и во оваа смисла Г. де Визарт, посочува дека во северните делови на Албанија имало отпори кон младотурската акција, кои биле помагани од грчката пропаганда. За разлика од ова, што се однесувало до Битолскиот вилает, не било регистрирано некое непријателско држење на Албанците против младотурскиот комитет. Дури можело да се каже дека во овој вилает, тие ја прифатиле младотурската револуција пред сè поради искажаните патриотски стремежи, слободната употреба на албанскиот јазик, отворање на училиштата, и негативниот став спрема реформните органи на големите европски сили. Италијанскиот конзул укажува дека од страна на албанските политички дејци е искажуван непријателски став кон австроунгарската полити-

ка водена спрема овие области.[705] Меѓутоа, сигурно е дека и Италија водела своја политика настојувајќи да обезбеди што поголемо влијание во Албанија истиснувајќи го она австроунгарското.

Во извештаите на италијанските конзули можат да се забележат настојувањата на новите власти, во почетниот период на револуцијата, по пат на преговори со пропагандните институции од соседните балкански земји и претставниците на левицата на ВМРО, да придонесат за смирување на ситуацијата во Македонија. Така италијанскиот генерален конзул во Солун Ф. Милано зборува во својот извештај од 20 август 1908 година за "Основите на договорот постигнат помеѓу младотурскиот комитет "Обединение и напредок" од Солун и разните комитети македонски-христијански, бугарски, српски, грчки и романски за смирување на Македонија".

Во тој Договор или Програма биле набележани сите промени во воениот, политичкиот, културниот и економскиот живот на земјата. Со цел да се постигне согласност помеѓу сите заинтересирани страни, програмата ги конкретизирала разгледуваните прашања во општи линии. Програмата не навлегувала во прашањата што се однесувале на религијата, "попречувајќи да се зборува за бугарските и грчко-патријаршиските цркви, изоставајќи исто да зборува за Албанците и за нивните желби, и на крајот молчејќи со многу такт за европските реформи и за странските офицери тогаш на служба во трите македонски вилаети" (подвлеченото е во извештајот, б.м.).

Италијанскиот конзул по доверлив пат дознавал дека во Програмата, "параграфи со изразито социјалистички тенденции за поделбата на државната сопственост, неотуѓивиот имот (вакаф) и др. во корист на пролетаријатот беа предложени од водачот на бугарскиот централен комитет Сандански, како што потоа спротивно на членот 7, кој се однесувал на географското разграничување на

вилаетите и на неговото одржување на статус-кво кое е барано од грчкиот комитет".[706]

Новосоздадените услови придонесоа да се раздвижат и работниците во македонските градови. Тие започнаа да создаваат синдикални организации, просветни друштва, организираа штрајкови. Заедно со нив развија засилена и интензивна активност и македонските социјалисти. Во Македонија повторно најдоа свој револуционерен израз ослободителните стремежи на народните маси.

Во горенаведениот контекст, италијанскиот генерален конзул во Солун С. Милацо, во својот извештај од 12 август 1908 година го известува својот министер за надворешни работи дека познатиот деец на македонското револуционерно движење Јане Сандански и неговите приврзаници имале решено да издаваат во Солун свој весник на бугарски јазик. Инаку во очекување на неговото излегување, тие своите погледи по одделни прашања, ги изнесуваа во новиот весник редактиран на турски јазик "Иттахад ве Тераки", официјален орган на младотурскиот комитет "Обединение и напредок", чиј што прв број бил испратен од страна на С. Милацо на италијанскиот министер за надворешни работи.[707] Овој факт секако оди во прилог на заинтересираноста на италијанската влада за текот на новите настани во Отоманската империја.

Италија, а и другите европски империјалистички држави, надворешно пројавувале пријателска расположба кон младотурската револуција, но во стварност ним ги обеспокојувала перспективата на растењето на националното движење во колонијалните и зависните земји под влијанието на успехот на револуцијата во Отоманската империја. Тајно од последната и од јавното мислење се приготвувале за настапување против младотурската револуција.

Во статијата "Настаните на Балканот и во Персија"

В.И.Ленин пишувал: "... Ги фалат Младотурците и ја продолжуваат политиката, која на најочигледен начин ја претставувала сама по себе политиката на поделба на Турција".[708] Оваа констатација на Ленин може да се потврди и од излагањето на италијанскиот министер за надворешни работи Титони, на седницата на народното собрание од 4 декември 1908 година. Кој во своето излагање настојувале да ги придобие симпатиите на новиот режим упатувајќи пофалби на негова сметка заради "давањето на светот восхитувачки пример за една длабока револуција, извршена одеднаш и мирно", покажувајќи "колку била пречистувачка акцијата на слободата", и ветувајќи му целосна поддршка.[709] Меѓутоа, подоцна ќе видиме дека ваквата италијанска политика била само залажување, која во целосно светло ќе се види во текот на италијанско-турската војна од 1911-1912 година. Заради тоа и Ленин го разобличувал реакционерниот заговор на империјалистичките држави против револуцијата во Отоманската империја а и воопшто целото демократско движење на Истокот.[710]

Во италијанскиот печат се среќаваат различни погледи за новиот режим во Отоманската империја. Така во весникот со умерено-либерален поглед "Ла Трибуна" од 5 септември 1908 година била објавена статија од италијанскиот пратеник Роберто Гали, во која имало малку благонаклонети искажувања за отоманската држава. Во неа се искажувала мала доверба и воопшто недоверливост кон новиот либерален режим кој тогаш се воведувал во Отоманската империја. Особено природно младотурскиот комитет "Обединение и напредок" протестирал против таквиот напис на споменатиот весник.[711]

За разлика од овој напис, поинаква статија била објавена во познатиот милански весник "Коријере дела Сера" далеку подлуѓи луѓати. во неа се истапува во корист на новиот режим во Отоманската империја. Како одговор на оваа статија било и пишувањето

на органот на Централниот комитет на младотурскиот комитет "Обединение и напредок", "Иттахадъве Терраки" од 6 септември 1908 година, во кој е објавена значајна статија под заглавие "Отоманската револуција и Италија". Во статијата на младотурскиот весник се зборува за благонаклонетиот прием кое го имало кај странскиот печат, либералното движење започнато во Отоманската империја од младотурците. Особено се зборувало со жива симпатија за италијанската нација и за италијанските весници, кон кои биле упатени зборови на благодарност, заради тоа што во нив се искажувале чувствата на радост на Италијанците, поради промените во Отоманската империја. Најживи пофалби биле искажани заради погореспоменатата статија на Луиџи Луцати објавена во "Кориере дела Сера". Се сметало дека зборовите на симпатија искажани кон Отоманската империја, од една така авторитетна личност и човек во италијанската држава каква што бил споменатиот Луцати "<u>треба да се сметаат како одраз на мислењето на италијанската владах</u>".[712] (Подвлечено во извештајот, б.м.).

Еден таков израз на симпатија кон италијанската нација, бил изразен и на приемот кој на 18 август 1908 година го приредил познатиот и богат банкар од италијанската колонија во Солун Јакобе Модиано, во чест на локалниот комитет на младотурците, на кој биле повикани сите водачи на Комитетот со исклучок на Енвер бег, кој тогаш се наоѓал во Битола. На приемот биле искажани зборови дека италијанската нација била традиционална пријателка на Отоманската империја.[713]

Но како што е истакнато и погоре на промените во Отоманската империја, пред сè се гледало низ призмата на италијанските интереси. Најдобро ова може да се види од размислувањата на италијанскиот конзул во Битола, кој вели дека новонастанатите

промени во Империјата, можеле само да ја радуваат Италија, бидејќи тие го имаат осигурано, статус-квото кое во недостаток на подобри решенија, било секогаш цел на нејзината балканска политика. Во сепак, според неговите ѕборови не можело да се исклучи, како последица на засилувањето на отоманскиот патриотизам, појава на одредено движење, кое ќе отворело пат на повикот "Турција за Турците!" за чие значење не можело да има некое сомневање за странците: кои дотогаш биле фаворизирани со капитулациите, ќе биле помалку фаворизирани, и ќе се настојувало да се отури странскиот капитал. Небутоа и покрај горекажаното, Отоманската империја како доста просторна и богата земја, со толку уште необработени терени, имала итна потреба, од странски капитал. Во тој поглед италијанскиот конзул го посочувал примерот на Бугарија и верувал дека тој ќе бил следен и од Отоманската империја.[714]

Горенаведените коментари на италијанските дипломатски претставници во Македонија се однесуваат за почетниот тек на младотурската револуција која се остварени најважните придобивки за македонскиот народ. Тоа биле воведувањето на уставните политички, граѓански и лични слободи, што ги прокламира и гарантира Уставот; можноста за политичко организирање и легална борба за демократизација на општествено-политичкиот живот; поблагопријатни услови за борба за национално ослободување, односно за изводување македонска државна организација во рамките на Отоманската империја. Но, за жал во расположливата документација, па и соодветната литература нема доволно материјал кој поконкретно ќе го осветли односувањето на Италија кон македонското прашање во периодот на младотурската револуција - нешто кое ќе ни дадеше возможност тоа и да го потенцираме во нашето излагање.

Надежите кои се појавија во почетниот период на Мла-

дотурската револуција за успешно докрајчување на ослободителното дело, за жал ќе ги демантира подоцнешниот тек на револуцијата за што ќе стане збор во нашето понатамошно излагање. Во ова несомне на улога, покрај внатрешните фактори, одиграло и однесувањето на надворешните фактори кои биле против тоа Отоманската империја да стане стабилен фактор во меѓународните односи.

3. Опаѓањето на револуционерниот од на Младотурската револуција и Италија.

Револуционерните придобивки кои беа постигнати со Младотурската револуција во нејзиниот почетен период, а уште повеќе поволните перспективи ги исплашија бугарската и другите балкански влади, и тие побрзаа да превземат се што е во нивните сили, за да го спречат нормалниот внатрешен развој и да ја повратат злосреќната хаотична состојба во Македонија.

Од друга страна, и младотурското раководство не се покажало на висината на својата задача, нити беше подготвено на жртви за да може да ги зацврсти извојуваните придобивки и натаму да ја води револуцијата. Напротив, тоа се исплаши од акциите на масите и побара компромис со старите владеачки политички сили во Отоманската империја. Младотурската влада, например, им ги остави непипнати привилегиите на пропагандните црковно-школски институции на грчката патријарија и на бугарската Егзархија, а со самото тоа и власта што ја остваруваа кај македонскиот народ. А тоа претставуваше подлога за натамошно господарење во многу општествени домени од општествениот живот на Македонците.

Спротивно на неговите практични акции во периодот на револуцијата младотурскиот комитет "Обединение и напредок" истапуваше со паролите за борба против деспотскиот режим и против мешањето на европските држави во внатрешните работи на Отоманската

империја. Изјавувајќи за рамноправност на сите нации и религии, младотурците сакале да и ја покажат на Европа својата способност да го разрешат националното прашање и да ја спасат Отоманската империја од поделба. Со тоа и се објаснувала нивната демагогија во тоа прашање. На таков начин, паролата за рамноправност на нациите тесно се испреплетувала кај младотурците со паролата за неразделност, неприкосновеност на Отоманската империја.

Младотурците не ги заштитија ни националните интереси на македонскиот народ, оставајќи го и натаму да биде жртва на завојувачките апетити на балканските пропаганди. Уште помалку се покажа готови да го решаваат аграрното, даночното и другите економски и социјални прашања, задржувајќи ја и натаму жестоката експлоатација на македонските селански и градски народни маси од беговите-земјопоседници и од државата.[715]

Воопшто кажано, промените се извршиле само во највисоките управни сфери на империјата. Тие ја подобриле положбата на народните маси на поробените народи дотолку до колку што ја отстраниле анархичната полоша и довеле општествен мир и сигурност. Но и тоа за своето време претставувало крупна придобивка. Поради ова а и поради други околности младотурската револуција, била[716] окарактеризирана од В.И.Ленин како полупобеда над апсолутизмот.

На надворешно-политички план токму во времето на почетните чекори за консолидација на новата власт во Отоманската империја, како што погоре е споменато, на 5 октомври 1908 година Австро-Унгарија изјавила за анексијата на Босна и Херцеговина. Речиси во исто време Бугарија по договор со Австро-Унгарија се прогласила себеси за независна држава, раскинувајќи ги постоечките формални врски со Отоманската империја. Тоа претставувало сериозен удар по младотурската револуција. Загубата на Босна и Хе-

ерцеговина довела до паѓање на авторитетот на комитетот "Обединение и напредок" сред населението на Европска Турција. Во исто в ме босанската криза им дала на различните националии партии во Отоманската империја возможност да го продемонстрираат својот однос кон младотурскиот комитет "Обединение и напредок". Таа се јавила како важна етапа во бдот и на револуционерното движење во Македонија.

Како одговор на мерките на австроунгарската влада за анексијата на Босна и Херцеговина комитетот "Обединение и напредок" се обратил кон населението на империјата со повик да се отпочне со бојкотирање на австроунгарските стоки. Агитацијата се одвивала под паролата за неприкосновеност на отоманските земји и заштита на муслиманството.

Младотурците се труделе овој случај да го искористат за распалување на шовинистички, панисламски настроенија, отфрлајќи ја настрана својата декларација за рамноправност на христијаните со муслиманите. Во некои градови им успеало да му придадат на народното незадоволство и работничките штрајкови антиавстриски карактер.

Во вакви околности италијанските дипломатски претставници во Македонија, во Цариград и во другите балкански земји, внимателно го следеа понатамошниот тек на настаните поврзани со Младотурската револуција. Тие во своите извештаи се задржуваат на повеќе пунктови од активноста на Младотурците на политички план и на однесувањето на соседните балкански држави во врска со разни прејави во животот на Империјата. Секако, едно од централните места зафаќало интересирањето на италијанските дипломатски претставници за политичката програма на Младотурците.

Италијанскиот генерален конзул во Солун, посебно вни

мание во својот извештај, упатен до министерот за надворешни работи, обрнува на собирите од делегатите од разните комитети на младотурците "Обединение к напредок" во Солун, со цел да се установи со заедничка согласност една поширока политичка програма. Таа требала да послужи како база за платформата која Централниот комитет на "Обединение и напредок" во иднина требало да ја пропагира во целата Империја. Сето ова со цел да се осигура на стабилен начин новиот уставен либерален режим и истовремено да им се даде на формираните власти и на парламентот целата нивна максимална поддршка, за да може владата слободно да функционира со поголема енергија и авторитет.[717]

Главните резолуции донесени на генералниот конгрес на разните младотурски комитети "Обединение и напредок" одржан во Солун во основа ја имале целта, да се регулира активноста на комитетите и да се стабилизира новата политичка власт. Тие ја формирале базата на новата политичко-парламентарна програма на Младотурците на која требало да се потчинат сите младотурски комитети и поткомитети "Обединение и напредок" во Империјата.[718]

Италијанскиот генерален конзул во Солун О. Милацо на крајот од погореспоменатиот извештај пишувал дека, споменатите одлуки предизвикале во Солун најдобра импресија и давале доверба дека комитетот "Обединение и напредок" ќе продолжел да ја остварува својата програма на либерални реформи, од кои ќе произлезат такви решенија кои ќе претставуваат најголема поддршка на новоформираната власт.

На резолуциите од споменатиот генерален конгрес на младотурските комитети во Солун, О. Милацо се навраќа и во својот извештај од 14 ноември 1908 година. По повод на завршувањето на споменатиот конгрес, на кој со потполна согласност на сите де

легати од Европска и Азиска Турција, биле прифатени одредени резолуции, конзулот го известува својот министер за надворешни работи, посочувајќи ја важноста на донесената политичка програма, за натамошниот тек на младотурската револуција.[719]

Во споменатиот извештај се зборувало и за низа прашања кои биле разгледувани на конгресот поврзани за натамошната изградба на новата власт.[720]

Во врска со решенијата донесени на конгресот, конзулот О. Виљано надолго разговарал со полковникот Џемал-беј, еден од најавторитетните членови на комитетот "Обединение и напредок" од Солун.[721] Џемал-беј зборувајќи му на О. Виљано за решенијата донесени од страна на конгресот, му дал на знаење дека едно од прашањата кое најповеќе го интересирало комитетот, биле развитокот на народната просвета меѓу муслиманското население (подвлечено во извештајот на италијанскиот конзул О. Виљано, б.м.) со цел да се отстрани незнаењето во кое се наоѓало, и во кое сфаќот режим се дотогаш го држело за да може така да владее на деспотски начин.

Во текот на разговорот со конзулот Џемал-беј се држе резервиран, кога станувало збор за односот на војската и Комитетот. Легутоа во разговор со една друга личност која имала врски со најблиските членови на Комитетот "Обединение и напредок", на О. Виљано му било дадено до знаење во врска со прашањето за односите на војската и Комитетот, дека последниот се мешал во прашањата кои се однесувале на персоналот на високите офицери на војската. Со цел да се изоегнат сличните сериозни инциденти, на Конгресот било решено во иднина Комитетот "Обединение и напредок" не би требало да интервенира во никој случај, било кај воените власти исто и кај цивилните власти, заради вршење на притисок

или пак вмешување во било каква друга работа. Тоа значело оставање слобода на локалните власти во вршењето на своите функции во сообразност со законите и уредбите.

Конзулот сметал дека евентуалниот нов состав на Комитетот изобран на Конгресот, составен само од цивилни личности, би овозможил тој да биде послободен во остварувањето на усвоената програма на погоре споменатиот конгрес.[722]

Од извештаите на италијанскиот конзул во Солун, се гледа дека и италијанската влада, со видно внимание ги следела тенденциите кои се манифестирале меѓу конгресистите за идниот тек на револуцијата.

Италијанските дипломатски претставници во своите извештаи посебно место му обрнувале на влијанието на странските пропаганди и политички организации во Македонија. Во извештаите со кои располагаме најповеке место му е посветено на дејноста на грчката пропаганда. Таа создавала свои политички организации, во вид на сојузи од месни клубови, кои видоа бел свет со јасно определени задачи: да ги заменат во доменот на политичката акција нивните дотогашни четничко-терористички организации, кои нужно морале да се повлечат од сцената по победата на Младотурската револуција.

Активноста на грчката пропаганда се експонирала во активирањето на своите привржаници, по повод прашањето за распределбата од страна на новите власти на црквите и училиштата во Македонија. Така италијанскиот конзул во Солун Бјанки, во својот извештај од 5 септември 1909 година, зборува за протестниот митинг организиран од "грчкиот елемент" во Солун за прашањето на црквите и на училиштата. Тие барале да се отфрли установениот критериум од страна на владата за нивната распределба и правилно да се води сметка за правата на "грчкиот елемент".

Воопшто вели конзулот, прашањето за црквите предизви
кувало **нацатост кај** населението во Солунскиот вилает. Исто така
и привржаниците на бугарската пропаганда, кои во почетокот се ми
слеше дека барем делумно ќе бидат задоволни со начинот на распределба
та на самите цркви и на училиштата, се разбранува со цел да изд
ејствуваат да се модифицира законот во нивна корист.[724]

Треба исто така да се каже дека веднаш по победата
на младотурската револуција, италијанскиот генерален конзул во
Солун С. Пласе, го забележува непријателското односување на
"туртчките елементи" во Солун. Така тие на 11 септември 1908 го
дина приредиле демонстрации, по повод пристигнувањето на група
од 200 излетници од Софија. Овие демонстрации се промириле и про
тив Евреите и муслиманите во Солун.[725]

Овие настани го привлекле вниманието на италијански
министер за надворешни работи Титони,[726] кој побарал италијан-
скиот пратеник во Атина Андреа Карлоти, да разговара со грчкиот
министер за надворешни работи во врска со овие настани. Грчкиот
министер му изјавил на пратеникот дека демонстрациите и прекинот
на работата не биле од политичка природа.[727] Меѓутоа, италијан-
скиот генерален конзул во Солун во својот извештај од 30 октомври
1908 година потврдува дека, прекинот на работата на Грците во
врска со пристигнувањето на излетниците од Софија, имал несомнен
политички карактер. Исто така се сметало дека и инцидентот кој с
случил помеѓу Грците и Евреите, иако сеуште не се располагало со
докази, имал политички белег. Освен тоа во Солун се сметало дека
тој инцидент не бил случаен, туку претходно подготвен.[728] Во се-
кој случај италијанскиот пратеник во Атина Андреа Карлоти сметал
дека изјавите на грчкиот министер за надворешни работи имале еди-
ствена цел да ја успокојат неповолната импресија која кај турск

те власти ја предизвикале горенаведените настани.[729] Во инструкциите упатени од министерството за надворешни работи во Рим до италијанскиот пратеник во Атина, се прифаќаат констатациите од италијанскиот конзул во Солун, за политичкиот карактер на демонстрациите на населението од грчка националност во овој град.[730]

Како што е истакнато погоре, грешките што ги пројавуваа младотурците во спроведувањето на својата политика придонесоа тие да ја губат довербата и поддршката на широките народни маси, исто онака брзо, како што во јули 1908 година брзо ги здобија. Освен тоа, иако младотурците спроведоа парламентарни избори и во декември 1908 година во Цариград се состана Отоманскиот парламент, тие не ја развластија наполно ни султанската реакција. Абдул Хамид II остана на престолот како "уставен владетел", но со моќни големи права, и со уште поголема вистинска власт.

Италијанските дипломатски претставници со големо внимание го следеа одот на овие настаните и во Македонија, кои го прикажуваат слабеењето на власта и авторитетот на младотурската партија. Така во својот извештај од Битола од 26 јануари 1909 година италијанскиот конзул Г. де Визарт, зборува за пројавеното незадоволство на локалното население во Дебар и несогласувањето со централната власт. Во овој контекст тој зборува и за неенергичноста на властите во справувањето со отпорот на населението. Исто така истакнато е и за константиниот бунт на привржениците на старио режим во Цариград.

На крајот од својот извештај Г. де Визарт извлекува констатација дека: "Положбата на младотурците започнува да слабее и точно во ова се наоѓа опасноста за распаѓање на Империјата, зошто расколот се појавил во пазувите на самите муслимани."[731] Меѓутоа, споменатиот конзул сметал дека вакваата ситуација можеда

да се преобрне во корист на Империјата, заради тоа што младотурската партија била толку ослабена што било неопходно издигнување на една друга посилна партија која ќе може да го води новиот режим низ долгиот и тежок пат, полн со бескрајни тешкотии кои му о тежнуваат да ги помине за да се консолидира младата уставна држав

Заменикот на конзулот во Битола во еден пододнешен извештај, упатен до министерот за надворешни работи Титони, истакнува дека на младотурската влада не и недостасувала добрата желба за консолидирање на својата власт, но младотурците се наоѓале во апсолутно малцинство наспроти на муслиманската маса која се плашела да не ја загуби религијата и муслиманската правда. Младотурците настојувале по пат на печатот и преку разни други пишувани материјали да ја шират меѓу муслиманските маси новата теологија која имала за цел да ја помири верата со Уставот. Во оваа смисла тие барале помош од либералните свештеници и проповедници кои имале влијание во масите. Се настојувало да се изврши и емансипација на муслиманските жени. Не се штеделе средства - барем на теоретски план, според зборовите на М. Јинета, да се кодлираат и прилагаат соодветните европски закони, точно со цел за консолидирање на новиот режим.[732]

Италијанскиот заменик конзул сметал дека потфатот на младотурците за промена на положбата во Империјата бил доста мачен и тежок, уште повеќе со оглед на тоа дека за извршување на оваа задача биле потребни луѓе надарени со широки погледи и со многу трпеливост, особина која не ја поседувале источните народи. Малкумината луѓе од видот на Хилми-паша припаѓале на минатиот режим, и заради тоа биле малку способни за една ситуација која барала да се стави точка на празните пароли и ветувања. Младотурците плашејќи се од неуспех на својата работа пред да се консолиди-

ра режимот, тие искажувале премногу желба за замувување на Империјата.[733]

После овие констатации, М. Пинета го поставувал прашањето дали новиот режим ќе можел да опстои на сите овие тешкотии или пак ќе подлегнел, уште повеќе со оглед на тоа што во земјата се зборувало дека отоманскиот устав ќе служел пред се за залажување на светот за уште 4, 5 години. Во случај ова да се потврди, сметал М. Пинета, промената на формата на владата во Империјата, ќе биде една едноставна игра за престиж.[734]

Додека младотурците, во резултат на својата недоследност, ја губеле широката поддршка и му ја стеснувале социјалната база на своето движење, султанската реакција, благодарејќи на фактот што останала само делумно развластена, успеала да се соземе по одминувањето на првиот револуционерен бран. Кон крајот на 1908 година антиуставните и опозициски сили се организирале како група во парламентот. Но далеку поопасна се покажала реакционерната активност во војската, изразувајќи се како подготовка на контрареволуционерен заговор. На 13 април 1909 година султанската реакција извршила контраудар и ја освоила власта во Цариград. Абдул Хамид II практично го укинал Уставот, а почнал и да ги прогонува младотурците. Некои истакнати младотурски водачи во Цариград паднаа како жртви на реакцијата.

Заменикот на италијанскиот конзул во Битола М. Пинета, внимателно го следел одгласот, кој го имал реакционерниот превратот во Цариград, во градот и воопшто во целиот вилает. Тој новосоздадената ситуација со превратот ја споредува како комедија од летото 1908 година (младотурската револуција, б.м.). Исто така, констатира дека веднаш по превратот, младотурците воспоставуваат врски со своите истомисленици во другите места на Импери-

јата. Добиената наредба од султанот во смисла дека неговите противници се стават вон законот била отфрлена од битолскиот валија, бидејќи бил привржаник на младотурската партија. Во својот извештај Е. Пинета, истакнувя дека од целиот вилает се испраќани солидарни изјави со Конституцијата и дека започнало да се испраќаат трупи во Цариград.[735]

Прогресивните политички сили во Отоманската империја, на чие чело повторно се најдоа младотурците, се концентрираа во Македонија, со центар во Солун, каде што беше седиштето и на централниот комитет на младотурската партија. Младотурците презедоа брзи и енергични акции во организирањето на вооружен поход од Македонија против контрареволуционерниот преврат во Цариград. Војските, кои им останаа верни на младотурците, како и одредите доброволци составени од Турци, Македонци и Албанци, во тридневни жестоки борби го скршија отпорот на контрареволуцијата. Гореспоменатиот Е. Пинета ја споменува бројката од 40 батаљони доброволци кои се спремале да бидат испратени во Цариград. Значајна улога во подготвувањето на доброволците имал и Нијази-еј од Ресен. Сето тоа овозможило војската да замине во Цариград со ентузијазам. Валијата во една телеграма испратена до министерот за внатрешни работи во Цариград изјавил дека Конституцијата со сите сили ке се бранела. Истовремено во Битола се одржал голем митинг во поддршка на Уставот.[736]

Против реакцијата во Цариград станале турските балкански провинции, и пред сè војската и населението од Македонија. Контрареволуцијата не нашла масовна поддршка ни во внатрешноста на земјата, така што се ограничила главно на Цариград. Младотурските кадри се концентрирале во Солун и во текот на две недели покажале максимална активност во организирањето на уставните сили

за вооружен поход против султанската реакција. Во испратените воени сили од Битола за Солун се наоѓал и Ниjази-бej од Ресен. Меѓутоа италијанскиот заменик конзул во Битола го потенцирал фактот дека повеке се настојувало во Цариград да се испраќаат доброволци отколку регуларни трупи, со оглед на тоа што постоела несигурност околу/однесувањето на последните. За таа цел битолскиот валија подготвувал илјада доброволци-христијани во случај на потреба во периодот кога трае воената состојба.[737]

Со вооруженият поход на младотурците, младотурската револуција, изразена сега како борба за преземање на Цариград, продолжила. По ваков начин, во Империјата, во тоа време, се создале два антагонистички политички центри и за неа настанале денови на длабока внатрешна криза. Основната вооружена уставна сила ја сочинувал Третиот армиски корпус, стациониран во Македонија.

Италијанскиот конзул во Солун во својот извештај од 20 април 1909 година, упатен до министерот за надворешни работи, детално се осврнува на одразот на контрареволуционерниот преврат во Цариград, на младотурските офицери во Солун. Овие за главен виновник за превратот го сметале султанот Абдул Хамид II. Младотурските офицери биле решени да упатат војска на Цариград, а исто така била вршена и мобилизација на доброволци. Месното македонско население се согласувало со мерките на младотурците, додека пак прогрчките елементи се воздржувале од поддршка на акцијата, по директива на грчкиот патријарх од Цариград. Од Берлин доаѓал и Енвер-бej воен аташеи во Белград, кој бил еден од лидерите на младотурската револуција.[738]

На Третиот армиски корпус, во походот против реакционерниот преврат во Цариград му се придружиле единици од реформираната жандармерија во Македонија, како и турски, македонски и

албански доброволечки востанички одреди. Така италијанскиот конзул во Солун, зборува дека на апелот на младотурскиот комитет за заедничка акција против контрареволуционерниот преврат во Цариград, покрај бугарските конституциони клубови, одговорил и познатиот револуционерен водач Јане Сандански, кој формирал еден батаљон доброволци. Батаљонот заминал под команда на Христо Чернопеев и Тодор Паница, бидејќи Сандански морал да остане поради болест.[739] Во походот како и во борбите за турската престолнина учествувале околу 1200 Македонци. За учеството на привржениците на Сандански, во походот на Цариград ни зборува и извештајот на италијанскиот конзул во Скопје Б. Грабан од 20 април 1909 година во кој се вели, дека на 18 истиот месец, заминале од Велес околу 150 доброволци за Цариград.[740]

Италијанските конзули во Македонија во своите извештаи забележуваат дека, муслиманското население воглавно воздржувано се однесувало кон младотурскиот режим, за време на контрареволуционерниот преврат во Цариград. Дури во извесни случаи се однесувало и реакционерно кон младотурците. Исто така се изнесувало мислење дека и офицерите малку го познавале расположението на војниците. Властите најголемата доверба ја имале во офицерите и војниците на жандармеријата.[741]

По настанатиот контрареволуционерен преврат во Цариград, младотурските власти го расправале и прашањето за натамошната положба на султанот Абдул Хамид II. Некои членови на младотурскиот комитет во Солун барале тој дури да се казни со смрт, меѓутоа надвладеало мислењето тој да се детронизира и по наследен ред да се избере нов султан.[742]

Во борбите за турската престолнина македонските доброволци учествувале во составот на здружените турски уставни с

ли и под командата на Махмут Шефкет-паша, командант на Третиот армиски корпус. За текот на операциjата на трупите на Вториот и Третиот армиски корпус, Махмуд Шефкет-паша со една нота ги известува претставниците на сите странски конзулати во Солун, меѓу кои и италиjанскиот конзул Бианки.[743]

За натамошниот тек на настаните поврзани со задушувањето на контрареволуционерниот преврат во Цариград, во на нас расположивите извештаи на италиjанските дипломатски претставници, не срекаваме податоци. Во секој случаj текот на настаните е познат.[744]

По априлските настани, младотурците така го насочиjа општествено политичкиот развиток на Македониjа а и воопшто на Империjата, што тоj постепено водеше кон ликвидациjа на револуционерните придобивки, кон враќање на немирната, хаотична положба. Ваквата младотурска политика пак, се покажа катастрофална и за македонскиот и за соседните балкански народи.[745]

Како што е истакнато погоре, политиката на Младотурците проследувана по задушувањето на контрареволуционерниот преврат во Цариград, уште повеќе ja влошувала положбата на населението во Македониja. Така во својот извештаj од Битола од 2 jуни 1909 година, упатен до министерот за надворешни работи, италиjанскиот конзул зборува за тешката ситуациja во Битолскиот вилает и за немирите меѓу албанското население. Во него тоj меѓу другото вели дека: "мирниот и работливиот дел на христиjанското население нема некоja доверба во новиот поредок, коj се досега не му има донесено некаква економска или политичка корист; додека пак немирниот и воинственият дел од него со вознемирување предвидува веројатно една енергична репресиja кога периодот на сегашната неизвесност ќе исчезне".[746] Ова предвидување и всушност се оства-

рило, кога во периодот од април 1909 до средината на 1910 година младотурското парламентарно мнозинство изгласало низа законски акти кои имале за цел да ги сузбијат ослободителните стремежи на народните маси и на поробените народи и да им го осигураат господството на турските експлоататорски слоеви и во Македонија и воопшто на Балканот. Примената на новоизгласаните закони оставила катастрофални последици врз натамошниот развиток на Македонија. Како сведоштво за ова може да послужи, донесениот Закон против четите во румелиските вилаети, а всушност против востаничките елементи во Македонија и Албанија, донесен на 27. IX 1909 година, кој предвидувал смртни казни, интернирање на членовите на семејствата, конфискација на имотот и сл.

Од друга страна нити муслиманското население не било премногу воодушевено од новиот режим. За ова во погореспоменатиот извештај на италијанскиот конзул во Битола се вели дека: "муслиманското население, од своја страна, не изгледа дека го прифаќа со голем ентузијазам режимот, кој претендира да го третира подеднакво со рајата. Најпосле, за голем дел на Албанците Геги ригорозното прилагање на законите, кое го предвидува новиот поредок на работите, ќе значи прекратување на пљачките, кое може да се каже претставуваат нивни вообичаени средства за издржување".

Во продолжение на извештајот се вели: "Воопшто незадоволството е речиси општо и е отежнато од длабоката економска криза, неизбежна последица од пропаѓањето на земјоделството и на стагнирањето на трговијата.

Но сите овие симптоми претставуваат едно долготрајно зло; но може да се каже дека се појавуваат во овој момент во форма на исклучителна сериозност. Бегутоа што и да било јас природно не сум во состојба да контролирам дали вистината му има до-

верливо реферирано на Високата Порта во врска со сегашната ситуација во вилаетот на понесимистички начин отколку порано, се колебам да поверувам дека го има направено, или барем ќе го направи тоа сега на понагласен начин и со поголема преокупација отколку порано".[747]

Крајната констатација на конзулот била, дека општата ситуација не била задоволителна, но исто така не и алармантна во дадениот момент.

Меѓутоа кризата во Империјата и за понатаму се влошувала која довела до тоа последните години на турското владеење во Македонија да се изразат како период на тотална криза во економскиот и општествено-политичкиот систем на Отоманската империја.

Младотурската револуција предизвикала значително внимание и кај италијанските општествени и политички кругови. Под лупа била анализирана и самата суштина на Уставот од 1908 година, со цел преку него да се извлечат заклучоци за понатамошниот тек на настаните. Така се споредува дека Уставот од 1876 година, и Уставот од 1908 година го имале за заедничко следното: исламот остануал религија на државата; шефот на државата останувал претставник на бога на земјата; и како таков го именувал Големиот везир како одговорен шеф за политичките и воените работи, и шеик-ул-Исламот како шеф на религиозните работи на исламот. Сето ова придонесувало оној кој раководел со муслиманската религија да се задржи во една привилегирана сфера на односи со политичката власт, за разлика од водачите на другите религии. Ова пак водело кон неразделивоста на муслиманските религиозни интереси од политичките и го условувало исклучувањето од владата на другите христијански вери.[748]

Во овие услови уставот и парламентарното устројство

претставуваат само реформа на владата а не една вистинска и суштествена уставна реформа, која би дошла како резултат на слободната волја на сите општествени слоеви. Со оглед на искажаното се сметало дека во рамките кои ги нуди новиот поредок и дури во најдобра претпоставка, сигурно не ќе можела да се реформира државната организација на Отоманската империја. Отоманската држава, иако конституционална, во даденият момент, сеуште останувала како клучен фактор во разрешувањето на Источното прашање.[749]

Апсолутната власт на султанот, заштитувана со религиозната и воената бариера, според зборовите на Амадори-Виргил, ќе продолжела да се извлекува од контролата на населението, иако последното за таква контрола биде способно. "Централната влада ќе повикува на парламентарни функции личности од секоја народност и од секоја религија како што денес подеднакво ги повикува во разни степени на својата администрација - и ако во парламентот дојде до истапувања против владините луѓе, против љубимците на Султанот, овие истапувања не се инспирираат од западните принципи, но на својствените побуди на источната психологија."[750]

И покрај тоа што собранието можело да даде придонес во демократизацијата на општествено-политичките односи со донесувањето на одредени законски акти, неговите ограничени прерогативи, не овозможувале да се пренебрегне мислењето на централната власт, иако постоела една формална слобода на мислење.

Како заклучок на своите согледувања, гореспоменатиот Амадори-Виргил, вели дека погорните констатации ја претставуваат евентуалната можна ориентација на функционирањето на Уставот и на отоманскиот парламент; и дека такви се границите на неговата реформистичка способност.[751] (Подвлечено од Амадори-Виргил, б.м.).

Како што рековме и погоре противречностите во полити-

ката на младотурците ја поткопувале и младотурската партија и турскиот општество на Балканот. Прибегајќи се за насилствата како средства за решавање на сложениот сплет од национални, политички и економско-социјални спротивности, младотурците само ги продлабочиле постојните конфликти во Македонија. Своето господство тие биле принудени да го одржуваат скоро исклучиво со вооружени средства. Турската власт не можела да се одржи и во Албанија, иако Портата непрестајно испраќала војска за задушување на албанското востание. Како што е споменато погоре во октомври 1911 година Империјата влегла во војна со Италија.

Италија, користејќи се со ослабувањето на Отоманската империја, провоцирала конфликт во Северна Африка со цел за остварување на порано замисленото нејзино освојување на Триполитанија и Киренајка. Меѓународната ситуација била благопријатна за освојувачките планови на Италија. Но треба да се истакне дека во овој период не помалку актуелни биле и плановите за изградба на железниците во Македонија, од аспект на италијанските интереси.

4. Италија и прашањето на изградбата на железниците во Македонија

Интересот на Италија за изградба на железниците на Балканот а со тоа и во Македонија како негов централен дел уште од поодамна бил потенциран. За ова поопширно е зборувано во веќе претходни излагања. На оваа прашање се задржувале и повеќе италијански публицисти. Тие постојано инсистирале за утврдување на италијанското влијание во стратегиските региони на Балканскиот Полуостров и за тој цел настојувале да се охрабрели и да се помогнуваат сите оние приватни иницијативи кои имале за задача да се интензивира акцијата на овој план. Овој интерес требал да се усогласува покрај на железничките проекти во Црна Гора и Дунавско-ја-

дранскиот железнички пат кон кој биле устремени сите италијански усилби, бидејќи само со оваа железница, ако не се можело да се одземе потполно Балканскиот Полуостров од австро-германското влијание, меѓутоа ќе било барем овозможено со успех да се оспорува теренот, и на еден железнички проект кој би ја вклучувал Јужна Албанија и Македонија. Трасата на овој проект требала да оди во голем дел по долината на р. Шкумби и би се надоврзала на остатоците од старниот пат Via Egnatia. Евентуалната изградба на оваа железница би била од најголем интерес за Италија. Железницата која би тргнувала од Валона или Драч, која би одела по старата траса Via Egnatia, ќе требала да се соедини на едно место за да оди потоа да се поврзи, во Битола, на постоечката линија Солун-Битола. За ова поврзување на железничката линија Солун-Битола со една друга железница која доаѓала од оретот, биле изработувани разни проекти: еден од Драч, и еден од Валона, но исто тала се зборувало, маѓар повеќе неодредено, за една линија, која меѓутоа требала да оди од Битола за Јанина и за Превеза, со едно разгранување од Јанина за Валона, и кое ќе било доста поскапо од другите.[752)]

Проектите прво биле проучувани од германски инженери, за сметка на Deutsch Bank, и потоа со грижа на еден италијански синдикат составен од Societa Generale di Credito Mobiliare Italiano од браќата Алатини најбогати индустријалци и трговци Италијанци во Солун, на кои доста веројатно им припаѓала иницијативата, и на некои други личности. За реализирањето на овој проект не постоеле технички тешкотии туку финансиски и политички. Километарската гаранција, која била потребна како според проектот на Deutsch Bank така и според италијанскиот проект, била од околу 29 илјади тогашни лири: т.е. речиси двојно поголема од онаа плаќана од отоманската влада за линиите Солун-Битола и Солун-Дедеагач. Дру-

гата сериозна препрека се наоѓала во спротивставувањето кое го срекавала идејата за оваа железница во Солун, чие што трговско движење се предвидувало и тоа дека сигурно ќе се намалело, со отворањето на овој дел од железницата. Како доказ за ова служеле и протестите жалби од страна на богатите трговци во Солун до највисоките функционери на Империјата, со цел да донесат решение со кое ќе се попречело на сите начини концесијата. И сето ова наспроти иницијативата, која во основа била дојдена од Цариград, кога, после грчко-турската војна од 1897 година, самиот султан, како што наведува Пантегаца, апсолутно ја признал потребата да се изгради, гледајќи да оцдала трговска и политичка важност, но пред сè стратешка, една линија од Битола до албанскиот брег. Впрочем ова не претставувало ништо друго туку повторно изнесување на една стара идеја веќе манифестирана од 1890 година, кога, за проучувања кои веќе се споменати, Отоманската влада ѝ даде налог на Deutsch Bank во истиот момент во кој на таа установа ѝ била дадена концесијата за изградба и експлоатација на линијата Солун-Битола. Големиот стратегиски интерес на Отоманската империја за таа комуникација бил евидентен кога се знае дека Албанија, и пред сè долна Албанија, железнички била изолирана во Империјата.[756]

Меѓутоа, спротивставувањата на финансиерите и трговците од Солун, претставувале најјасен доказ за важноста и иднината на евентуално изградената железница. Уште повеќе ако се имало предвид дека најголемиот дел на албанската трговија, наспроти секој географски разум, како што забележувале многумина публицисти, се одвивал надвор од Јадранот.

Но со оглед на тоа што ваквата линија се косела со интересите на Германија во европска Турција и во мала азија Deutsch Bank која требала да направи проекти за оваа линија била наполно

во согласност со берлинската влада а често под нејзина инспирација и дури на императорот тогаш е сфатливо зошто за повеќе од двае сет години проектот не бил реализиран.

Во овој поглед треба да се спомене и ангажирањето на Австро-Унгарија, партнер во Тројниот сојуз на Германија, во врска со прашањето на железниците. Така без да чека султанско ираде, Ерентал, австро-унгарскиот министер за надворешни работи, објавил пред Комисијата за надворешни работи на Унгарската парламентарна делегација, на 29 јануари 1908 година, дека имал принципиелна согласност од страна на Високата Порта за поврзување на железничката линија од Ужиц до Косовска Митровица (денешна Титова Митровица) што можело да значи воспоставување на австро-унгарско господство и во Македонија. Ваквата акција на Австро-Унгарија била во директна спротивност со духот и содржината на Мирцштегската реформска програма и влијаела во нарушувањето на рамнотежата на големите европски сили на Балканскиот Полуостров во корист на Австро-германскиот блок, и приближувањето на Австро-Унгарија кон Солун, а истовремено и кон Ориентот.[754)]

Австроунгарската железничка програма за поврзување на Македонија со Босна и Херцеговина преку Новопазарската железничка линија, претставувала есушност, значаен политички настан. Таа неоспорно се одразувала не само врз целокупната состојба на Балканскиот Полуостров туку и во односите помеѓу големите европски сили заинтересирани за настаните на Балканскиот Полуостров.

Но и покрај ваквата состојба Италија во дадениот момент не пројавувала некоја поголема активност барем што се однесува на теренот во Македонија. И покрај тоа што мимо волјата на Италија, нејзината номинална сојузничка Германија, па и Австро-Унгарија со посредство на железничката програма си обезбедувале покрај

другото и големи трговски предимства а и се пронаоѓале секој ден нови пазари за богатата продукција на германската индустрија, таа не се ангажирала поделотворно на овој план. Од друга страна тоа не и попречувало на Германија и покрај прогласеното покровителство кон Отоманската империја да се подготви да го ограби својот дел од воениот плен по пропаста на Турција. Затоа Вико Мантегаца е во право кога вели дека со железниците се заземаат позиции и се установуваат за во идната зона во кои, во одредени околности, со претекст за заштита на сопствените интереси, исто така би можело да се испратат војници. Се набедгдува на тоа дека, веќе била извршена распределба на Отоманската империја, за изградба на железници, истовремено очекувајќи ја и онаа политичката. И затоа се советувало, иако можеби би требало и премногу напрегање, Италија на овој план да преземе некои иницијативи, за во идната да не доживее разочарувања.[755] Дури споменатиот автор духовито забележува дека во времето на Римската империја иако немало модерни и брзи средства за комуникација земјите од јужниот дел на Балканскиот Полуостров изгледале поблиски на Рим отколку во даденот момент.[756]

За воените и политичките аспекти од изградбата на железниците на овој простор зборува и доцни Амадори-Вирцил. Тој вели дека железничкото прашање во 1903 година и подоцна, било суштински едно политичко прашање, подредено на меѓународните констелации. И заради тоа ова морало да образува еден нов фактор за политичките преокупации на месното румелиско население. Од друга страна ова прашање ќе влегува и во доменот на заштитата на статус-кво-то на Балканот.[757] Заради тоа ова прашање ќе претставува интерес за големите сили и во наредниот период на развојот на настаните во овој дел на Полуостровот.

III. ИТАЛИЈАНСКАТА ПОЛИТИКА КОН МАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОДОТ ОД 1912 ДО 1914 Г. (ОД БАЛКАНСКИТЕ ВОЈНИ ДО ПОЧЕТОКОТ НА ПРВАТА СВЕТСКА ИМПЕРИЈАЛИСТИЧКА ВОЈНА)

Како што видовме погоре ослабените турски позиции во времето на последниот период од владеењето на младотурците предизвикале активирање на политиката на соседните балкански држави во Македонија. Само за неколку месеци балканските монархии се поврзале меѓусебно со договори, изградувајќи го Балканскиот сојуз за војна против Отоманската империја.

Италија и останатите големи сили, биле против тоа да се промени територијалното статус-кво на Балканот и во Отоманската империја. Таа во овој период се наоѓала во деликатна состојба заздравувајќи од тешката војна со Отоманската империја и заради тоа апсолутно била против радикалната промена на Балканот т.е. против промената на статус-кво. Италија во поголем обем била преокупирана со заштитата на своите интереси на Лондонската амбасадорска конференција кога се решавало за барањето на Србија да излезе на Јадранското Море. Заради спречување на српските барања таа се залагала за создавање на автономна албанска држава.

Како потврда на горенаведениот италијански став служи и извештајот на српскиот пратеник во Рим Михајловиќ од 27.I 1913 година упатен до министерството за надворешни работи на Кралството на Србија-Белград. Во него се вели: "Вон секое сомневање е дека италијанската влада нити сака некои посериозни компликации нити би била многу во состојба во ниив да земе некое повидно учество. И премногу е зафатена со своето либиско прашање, а исто и значително истрошена во последната војна, таа би сакала да го види балканското прашање што порано завршено."[758]

За разлика од воздржаниот став на италијанската офи

јална политика кон настаните поврзани со Првата балканска војна посебно кога се однесува за Македонија, поинакво било однесувањето на италијанските општествени кругови и тоа оние прогресивните. Со цел да се помогне во ослободувањето на балканските народи кои беа под доминација на Отоманската империја беа формирани одреди од доброволци тн. гарибалдинци - но исто така офицери и војници на војската - кои како и во деветнаесетиот век се бореа во Грција, Албанија, во Црна Гора и во Македонија.[759] Но иако во голем дел на доброволците сеуште бил присутен гарибалдинскиот идеал кој во чист вид ги инспирирал (и доста од нив, како напр. Чиприано Факинети, беа во недоумение и сомневања кога забележаа за одредените барања на војувачките страни), кај други веќе постоела идеја да се искористи оваа прилика како еден чин на италијанското присуство на Балканот. Веќе во 1911 година многумина посакуваа, како што вели Марио Пакор, да им пристапат како засилување на албанските востаници, но римската влада тоа го спречила бидејќи станувало збор за едно востание против една "легитимна" влада и пред се заради тоа што ова би можело да предизвика неугодност кај Австро-Унгарија, додека пак потоа го по поддржуваше испраќањето на легионери бидејќи сега станувало збор за една "легитимна" војна помеѓу држави.[760]

За ослободителниот дух со кој потфатот бил пресретнат од повеќето Италијанци кои имале учествувано во борбите сведочат и примерите на двата тртјани Габриеле Фоскиати и Марио Маовац.[761]

Но често пати овие доброволци доживуваа и разочарувања од нивното учество во борбите, иако често биле искрено убедени дека ги продолжуваат гарибалдинските традиции од времето на Ризорџименто. Дејноста на важните одреди, составени од слабо обучени кон военото дело, не снабдени со најнеопходното доброволците, не-

редко завршувале жално. Така, например, формираниот кон крајот на 1912 година експедициомен одред на новите гарибалдинци, земајќи учество во борбените дејства во времето на Првата балканска војна на страната на Грците, бил исфрлен од стројот веќе во првата борба со Турците под Јанина. Одредот наскоро бил распуштен, и доброволците се вратиле дома, иако борбените дејствија уште не биле завршени. За судбината на овој одред, за настроенијата на разочарување сред доброволците, не издржувајќи ги лишувањата, мно гу речито се раскажува во писмата на учесникот во оваа експедиција, на младиот италијански студент Алфредо Чечи, испратени во 1912-1913 г. до Е.И.Дракохруст.[762] Во писмото упатено од Фиренца на 14 јануари 1913 година меѓу другото се вели: "дека тие тргнале во неа (војната, б.м.), жртвувајќи се, со ентузијазам, кој го создаде нашата врела верба. По пристигнувањето во Грција ние бевме пресретнати сепак доста студено, но не му придадовме на ова значење. Бели ние се упативме напомош на угнетениот народ, борејќи се за право дело, и не сакавме ни почести, ниту восхитувачки апла удирања..."[763] Во продолжение се зборува за тоа како во текот на борбите со Турците кај Јанина (5.12 1912) гарибалдинците претрпеле тешки загуби поради откажаното содејство од грчката армија.[764]

Според некои проценки се сметало дека повеќе од три илјади италијански граѓани посакувале да станат доброволци само на страната на бугарската армија, во борбата против турската војска, под командата на Ричоти Гарибалди. Во Италија исто така се создал комитет за Црвениот крст со претседател Хенри Тажер.[765]

Но и покрај ваквите свои ангажирања италијанската јавност увидела дека настаните на Балканот се движат по поинаков тек отколку што таа очекувала. Веднаш по завршувањето на Првата балканска војна се надвиснала опасноста од нова војна на довчера-

шните сојузници. Од една страна беа српските, грчките, романските а и турските војски (довчерашниот заеднички непријател) и бугарската војска. Главната причина за ова била повторната распределба на територијата на Македонија. За конкретните ангажирања на италијанската влада во односите со завојуваните балкански земји подетално е споменато во нашето погорно излагање.

По поразот на бугарските војски, е заклучен мировниот договор меѓу завојуваните земји во Букурешт. Овој договор ги утврдил граничните линии меѓу Србија, Бугарија и Грција, кои фактички значеле и државни гранични линии кои Македонија ја поделиле на три дела. Ваквиот резултат всушност бил санкционирање на завојувачките воени акции на Бугарија, Србија и Грција во однос на Македонија. И покрај тоа што се сметало дека со овој мир била воспоставена некоја рамнотежа меѓу завојуваните страни, со резултатите од војната е продлабочен јазот меѓу себе кој ги заострил спротивностите, кои само по две години ќе ги доведе до нова војна во Македонија и повторно пак за нејзината прераспределба. Карактеристични се некои мислења на италијанскиот публицист Анџело Перни че во врска со причините за избувнувањето на Втората балканска војна, карактерот и последиците од Букурешкиот мировен договор.

Во врска со причините за избувнувањето на Втората балканска војна тој вели: "Разгледувана во комплексот на нејзините причини војната која избувнала помеѓу сојузниците, веднаш по нивната победа над Турците, не може да ѝ се припише на претераната амбиција на мал број личности; таа всушност е фатална последица на силно пробудување на националното чувство кај балканските народи, на збрката на етничките елементи и на пропагандата на омраза за толку години развивана од училиштето, од црквата и од четите во Македонија, од неодложните потреби на Србија, принудена да

се обрне, поради неотповикливото спротивставување на Австрија, од Јадранот на Егејот, од географската положба на бугарската нација, распространета од бреговите на Црното море до Охридското езеро, од нарушувачката работа на големите сили, кои имале намера да му дадат на Полуостровот еден политички ред не премногу неповолен на нивните европски и источни интереси; то ест, беше, последица од еволуцијата сè дотогаш извршена на Балканот".[766)]

Споменатиот Перниче не заборава да напомене за жестокостите што ги извршиле новите освојувачи во заграбените делови на Македонија. Така за постапките на Грција тој вели дека таа не објавила драконски закони и не ги подложила окупираните земји на еден исклучителен режим, бидејќи не сакала официјално да признае дека тие беа населени од народи со негрчка националност: но жестокостите кои таа ги направи во јужна Македонија и во Епир, припоен или не припоен, не беа помалку сериозни и крвави од оние на Србите во централна Македонија и во источна Албанија. Басекаде се следеа истите методи на денационализација и на разурнување: во Солун, Воден, Костур, Лерин, Скопје, Штип, Битола. Тој го пренесува пишувањето на странскиот печат за ситуацијата во Македонија велејќи дека во неа "ситуацијата на Бугарите е една од најнесносливите - се известува кон крајот на 1913. во едно писмо објавено од Manchester Guardian - е еден вистински пекол..."[767)]

Анџело Перниче ги критикува освојувачките стремежи на балканските држави зошто во нивниот прв акт на "слободна волја" тие не знаеја да се ослободат од тежината на традицијата и, заборавајќи ги истите причини за нивното постоење и за нивниот триумф, се инспираа од критериуми, веќе надминати, на конгресите во Виена и во Берлин, кога народите беа сметани како една аморфна материја која можела да се моделира според сопствените интереси и на

"државните" барања на монархиите. Со ова уште посериозно отколку во 1815 и во 1878 година кога сеуште била несигурна националната свест на народите на Европа и на Балканот, додека во 1913 година во Македонија политичките тенденции и сознанија се беа ориентирале кон оние национални идеали кои самите балкански држави ги имале секогаш препорачувано, повикувано, поддржувано. Според него политичката рамнотежа во Букурешт била постигната и заради нејзино доближување тој наведува некои бројки.[768]

Но тој бил приморан да признае дека до овој резултат се дошло нарушувајќи ги чувствата и аспирациите на народите. Фактички таквата рамнотежа и не постоела зошто како што истакнавме погоре само по две години избувнала нова војна за повторна прераспределба на Македонија.

Анџело Перниче го критикува посебно однесувањето на Србија и Грција на освоените територии, за тоа дека издавале вонредни закони, ги затворале училиштата и црквите, го конфискувале оружјето и имотите, во исто време протерувајќи дел од населението надвор од новите политички граници, затворајќи лица осомничени за антидржавни чувства, убивајќи ги масовно оние кои на обидите за денационализација одговараа со бунт.[769]

После сите овие образлагања Анџело Перниче извлекува заклучок дека македонското прашање не било разрешено од конференцијата во Букурешт. Поделбата на Македонија помеѓу Србите, Бугарите и Грците, иако одговорила на политичките барања и на амбициите на Србија и на Грција, таа ги ставила народите под едно господство многу потешко отколку од онаа од кое беа ослободени. Тој исто така вели дека новите освојувачи и уште повеќе од Турците се истакнуваа во примената на средствата за национално уништување и во нивната нетолерантност кон другите народи. Затоа,

Букурешкиот договор, помеѓу народите кои по природа и од историја та беа станати ривали, имал подигнато една нова бариера на омраза која изгледала несовладлива.[770]

Во едни вакви околности кога на Балканот нараснуваат новите спротивности меѓу поранешните сојузници и се навестуваат темните сенки од големиот воен пожар во Италија веќе се губи оној дух на солидарност меѓу Италија и балканските народи дури и кај прогресивната јавност. Кај некои од претставниците на демократските кругови во нивната борба за националната идеја се појавуваат екстремните позиции на национализмот. Едниот од нив трстјанинот Рудеро Фауро Тимеус пишуваше за неослободените провинции: "Ќе треба да ги освоиме, во секој случај, заради политички, економски и пред сè стратегиски причини" и "... денес Италија не треба повеќе да се создава, но да се направи голема."[771] Потоа велел: "Границите се означуваат не заради идниот мир туку заради идните војни." Меѓутоа еден друг претставник на демократските кругови исто така трстјанин Сципио Слатапер во Гласот на Фиренца (Voce Fiorentina) со чудесна предвидливост изјавувал: "Една војна, иако победоносна, против други националности, ќе биде против нас самите, и доказот овде ќе биде незнаењето како да се управуваат угнетените народи!!."[772] Тој наслутувал дека Венеција Џулија се наоѓала на неминовниот фронт на конфликтот помеѓу германизмот и славизмот и заради тоа мислеше, според традицијата од прередната, дека ослободувањето од Австро-Унгарија ќе било возможно само со сојузот на Италија со Франција и словенските народи, и ги фрлаше во лице нивните контрадикции на оние иредентисти кои особено ги беа мразеле Словените и дека поради конформизам го прифаќале Тројниот сојуз.

Поради ова Марио Пакор вели дека:"Се сака и се проклама на цел глас војна на Австрија и се завршува со кажување-

то дека Франција не водела сметка, дека врз Словените не можело да се смета, дека војната со Австрија е една лудост, дека треба да се остане достоинствено во Тројниот сојуз. Се сака војна против германизмот и ѝ се нагрбува на Словените. Се поттикнува иредентизмот и се сака да се остане со Австрија...".[773]

Фактички доаѓа до тоа во рамките на справедливите барања на италијанските демократи за ослободување на територите од нивната земја кои биле под австроунгарска власт да се вмеша империјализмот кој ги негира барањата на другите народи за национална слобода.

И во една ваква ситуација на различните идејни движења во Италија во однос на нејзината балканска политика избувнува Првата светска империјалистичка војна. По долгата внатрешно-политичка борба за тоа на кој од војувачките блокови да се пристапи превагнала определбата кон Антантата. Тоа заради тоа што Италија увидела дека нејзината примарна програма на експанзија, која била сврзана кон Балканот и доминација на Јадранското море, можела да се оствари не во сојуз, туку во судир со Австро-Унгарија. Како што е познато, со лондонскиот договор од 1915 година на Италија ѝ се ветени, освен Трентино и некои територии во Африка, големи проширувања на источниот брег на Јадранот (Истра, Далмација, делови на Албанија), со доминантна положба на Јадранот. Со превземање на тие територии од Австро-Унгарија, италијанските владеачки кругови ниту предвидувале ниту сакале, нејзино рушење, бидејќи, како и останатите сили на Антантата, гледале во двојната монархија елемент на европската рамнотежа и, посебно пречка на обединувањето на југословенските народи и создавањето на силна југословенска држава,која, со самото свое постоење, би го онемогможила зацврстувањето на Италија на Балканот и доминација во

јадранскиот басен.[774]

На војнички план, италијанската влада иако не била заинтересирана за одржување на солунскиот фронт, таа солидаризирајќи се со останатите сојузници во летото на 1916 година ја упатила во Солун својата 35 дивизија, со нејзините бригади "Каљари", "Ивреа" и "Сицилија". Оваа дивизија дејствувала на битолскиот дел на фронтот се до завршувањето на војната. По доаѓањето на трите бригади во нејзиниот состав, во почетокот на 1917 година, дивизијата со околу 45,000 борци претставувала значајна сила на балканската воена арена.[775] Боравејќи стално на фронтот, со своето храбро држење и големи жртви таа дала сјаен пример на воено другарство и самопрегор во исполнувањето на тешките задачи кои пред неа ги поставувала сојузничката команда. Сојузничката главна команда во Солун и српските високи штабови повеќе пати ги изразувале своите симпатии и благодарност за борбеното содејство на командата и борците на 35 дивизија, истакнувајќи ја големата корист која таа ја правела на сојузничкото дело.[776] Италијанските војници беа употребувани во внатрешноста на Македонија, во операции кои понекогаш се развлекуваа во една испрпувачка позиционна војна (како што се случило околу Котата 1050 на Селечка Планина) и понекогаш со насочувачки офанзиви или со акции на одбрана од нападите на бугарската војска. Италијанската дивизија имала во текот на кампањата во Македонија 2840 загинати и преку 5000 ранети.[777]

Но сепак наредните насоки ќе покажат дека намерите на Италија беа по завршувањето на војната на Балканот да ја игра онаа улога која во минатото бараше да ја игра заедно со Австро-Унгарија. Нејзините аспирации оделе кон Далмација, Словенија, Хрватска, Македонија, со цел да излези на Солун и од таму да го прошири своето влијание на Егејското море и во Мала Азија.[778]

Иако балканските војни доведуваат до прекројување на картата на Балканот не престанала италијанската заинтересираност за железничкото прашање во Македонија. Таа и во овој период инсистирала на изградбата на железницата Валона-Корча-Битола. Тоа и било причината Италија да не можела да пристане градот Корча, во рамките на разграничувањето на новата албанска држава и Грција, да припадне на последната. Во еден разговор на српскиот пратеник во Рим Михајловиќ и италијанскиот државен потсекретар Скалеја на 24. VI 1913 година станало збор за изградбата на оваа пруга која би била во интерес и на Србија к на Италија. Овој разговор бил воден во навечерието на избувнувањето на меѓусојузничката војна и затоа и било потенцирано на италијанската страна дека железницата Валона-Корча-Битола била од економско значење за Италија, но само така ако Битола би била во рамките на Србија. Без своите пристаниште Србија морала да бара најкратки патишта за својот извоз и увоз и пругата Валона-Битола неоспорно би и била најзе од голема корист. Од Врање до Солун исто толкаво било растојанието колку од Врање до Битола така да освен Солун Србија би имала голема сметка еден дел од својот извоз и увоз да ги упати по пругата Битола-Валона. Меѓутоа ако Битола би била заземенa од Бугарија таа пруга од економски поглед би покажувала помала вредност за Италија, бидејќи Бугарија имала за својот увоз и извоз свои железници и свои пристаништа.[779)]

Покрај ова прашање италијанската влада покажувала голема заинтересираност во годината во која што ќе избувне сметката војна и за прашањето на српските источни железници во кои се наоѓале и оние кои поминувале и низ Македонија. За ова станало збор во разговорите што ги водел српскиот пратеник во Рим Михајловиќ со началникот на Консулта[780)] де Мартино на 7 февруари 1914 год.

Во својот извештај упатен до министерството за надворешни работи на Кралството Србија-Белград Михајловиќ вели: "Де Мартино ми рекол дека Италија е силно заинтересирана српските источни железници да не бидат под исклучителни привилегии на ниту една сила. Таа спрема тоа не може да остане рамнодушна ниту во поглед на барањата на Австрија, ниту во поглед на предлогот на Франција. Заради тоа италијанската влада најавила и во Виена и во Париз дека нејзините интереси и налагаат да не биде исклучена од комбинацијата за учество на своите капитали за решавање на тоа прашање, и дека во спротивен случај Италија си го задржува правото подоцна да се изјасни како ќе се држи кон можните договори."[781] Де Мартино му рекол на српскиот пратеник дека Италија во даденият момент била зафатена на други страни, па заради тоа не можела поактивно да се ангажира во прашањето за источните железници. Но таа во секој случај немала намера, и покрај ова, да допушти да се нарушат нејзините интереси. Заради интересите на својата трговија Италија била заинтересирана што побргу да се оствари врската Дунав-Јадранско море. Таа пруга Италија би ја поврзала директно со сите балкански држави и затоа владата работела што побргу да се приђде кон потребните работи.[782]

Меѓутоа Италија сеуште не била на сигурно дали Србија и натаму ќе инсистира на нејзиниот излез на Јадранско море со оглед на новонастанатата ситуација. Од друга страна српската влада изјавувала дека не мислела да го напушти градењето на таа пруга, кое нејзе и било обезбедено на Лондонската конференција. Како неутрално пристаниште за почеток на пругата се споменувало пристаништето во Драч.[783] Но наближувачката воена опасност ги свртела погледите на заинтересираните страни за овие железници во друг правец и воопшто не дошло до реализација на овие замисли.

На крајот како заклучок за односот на Италија кон македонското прашање во периодот 1912-1914 година треба да се каже дека нејзиното интересирање било помало во однос на претходниот период. Главна причина била последиците од либиската војна која ја исцрпела сета енергија и ресурси на земјата. Но воените настани поврзани со Балканските војни покажале дека таа настојувала и покрај се да се зачува нејзиното влијание во Албанија и да не дозволи поголеми прераспределби на територите на бившата Отоманска империја. Италијанската прогресивна јавност во првиот момент не увидувајќи го освојувачкиот карактер на Првата балканска војна испратила на теренот на борбите со турските војски свои доброволци, но кои подоцна останале разочарани од однесувањето на владите на балканските монархии кои се бореле за заграбување на отоманското наследство. Но од друга страна се пробиваат и империјалистичките амбиции во Италија кои наброгу ќе дојдат до израз со избувнувањето на Првата светска империјалистичка војна.

IV. СТАВОТ НА ИТАЛИЈА СПРЕМА МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНО-ОСЛОБОДИТЕЛНОХ ДВИЖЕЊЕ

Појавата и развојот на македонското национално-ослободително движење при крајот на XIX век било одраз на општата положба во Отоманската империја, економската и политичката ситуација во Македонија, како и шовинистичките пропаганди на соседните балкански држави.

Потребно е да се каже дека и покрај општите карактеристики на општествените процеси на балканските народи, во никој случај не треба да се загубат од предвид специфичностите во развојот на национално-ослободителните движења на секој народ одделно. Тие произлегувале од географските, економските, демографските и политичките услови во рамките на Империјата. Во тоа е особено евидентен примерот на македонското национално-ослободително движење. Во неговиот развој, покрај општите услови во Отоманската империја во крајот на XIX век, специфичен одраз имале посебните политички карактеристики во земјата-производ на црковните и просветните пропаганди на балканските буржоазии и буржоаски држави, на нивните шовинистички стремежи за поделба на Македонија. Освен ова треба да се нагласи дека македонското национално-ослободително движење се појавило и како резултат на национално-ослободителните пројави на македонскиот народ-стремежот за внатрешна самостојна борба за национално и социјално ослободување.

За развојот на македонското национално-ослободително движење во предилинденскиот период италијанските официјални кругови, печатот а и публицистите доста зборуваат особено во последните години пред избувнувањето на Илинденското востание. Баквиот интерес ке се засили во времето на избувнувањето на Востанието.

Со самото избувнување на Илинденското востание тоа

ја предизвикало заинтересираноста кај доста италијански публицисти да се заинтересираат за тоа каква цел проследувало македонското национално-ослободително движење. За дејноста на Внатрешната револуционерна организација доста пишувал и порано споменатиот Довани Амадори-Вирдил. Во неговите размислувања се истакнува основното барање на Организацијата, автономија за Македонија, која на политички план ја означувале раширената аспирација - која во основни рамки би значела независност е рамна на сопственост на земјата, за селанецот полу-роб, но веќе наполно артикулирана кај интелектуалната елита и на управување на сопствените колективни судбини, и кое ниедна од другите сили кои дејствувале на теренот не беше во состојба да го прифати.[784)]

Во третирањето на Внатрешната револуционерна организација Амадори-Вирдил се базира претежно врз грчки извори и врз бугарски извори пренесени во грчкиот печат, или попрецизно во печатот на грчката пропаганда на француски јазик ("L'Hellénisme"), очевидно заинтересирана за едно упростување на распоредувањата кои ќе и овозможуваат да игра на картата за заедништво на цивилизацијата со Европа во борбата против панславизмот. Сликата за Внатрешната револуционерна организација која можела да произлезе од размислувањата на споменатиот автор беше прилично издржана, и според Марко дого не заслужувала да биде реконструирана во детали: потекло од "бугарската партија", раководена од "Македонскиот централен комитет во Софија", потчинета на влијанието на еден Сарафов кој од смртта на Гоце Делчев станал "морален водач".[785)]

Според Амадори-Вирдил револуционерната организација се залагала само за фиктивен автономизам и ги прикривала своите вистински цели. Нејзиниот позвучен потфат, востанието од 1903 година, пак според Амадори-Вирдил, беше една иницијатива донесена од надвор,

кон која домашниот елемент имаше гледано со суштествена индиферентност, без да остане вовлечен: "Заради тоа македонската криза од 1903-04 година нема некој карактер на македонско востание". Ако за две течениja може да се зборува во ВМРО овие не се раѓале од ништо друго туку од личните антагонизми, како сведоштво за "моралното и материјалното распаѓање", така како поглед на "чети кои припаѓаат на разни бугарски организации" кои "фаќајќи се за оружјето употребувајќи го против самите нив на истата македонска територија" покажуваше колку сеуште слабо "сознанието за нивната национална политичка функција".[786]

Меѓутоа Марко Дого правилно го истакнува фактот дека, сведувањето на расправиите на двете струи во македонската револуционерна организација на лични антагонизми, всушност претставувало непризнавање на историското значење на петте години - од Илинденското востание до Младотурската револуција - на остар судир, околу ВМРО и во самите негови редови, врз јазолот на македонскиот автономизам на кој ја врзуваше својата судбина истакнатата политичка субјективност на "домашниот елемент".[787]

Но наспроти вакивите гледишта на Амадори-Вирцил италијанскиот печат дава доволно сведоштва за дејноста на Македонската револуционерна организација. Така социјалистичкиот "Аванти" на 8 септември 1903 година пишува: "Револуционерната организација на Македонија и на Одринско е значи една држава во отоманската држава. Македонската автономија се установи со своја влада, со своја милиција, со свои финансии и судство и ја обавува својата власт во мракот на шумите, тоа значи во месностите, каде што Турците не смеjат да ги достигнат.

- Македонската организација истапува денеска на историската сцена со своето највисоко сведоштво, и тешкотиите што

следуваа чинеа само една драма без да се познава главниот протагонист."[788]

Интересни податоци за дејноста на еден од револуционерните водачи во Македонија Васил Чакаларов дава и трстјанската "Единост". Во бројот од 30 ноември 1903 година новинарот на овој весник ги изнесува деталите од неговиот разговор со водачот на востаниците во Костурскиот крај. Инаку разговорот бил воден во Белград. Откако му раскажал за борбите што ги водел во неговиот крај со Турците, пред и по Илинденското востание и дека во Костурско за време на Востанието имало околу 2500 востаници тој бил запрашан од новинарот: "Што мислите, дали е загушено востанието? - Револуцијата македонска - викна со силен глас - не може да се загуши дотогаш, додека во Македонија не се воведе некаков ред. Ние го грабнавме револверот и ножот да се бориме до последниот здив против турското тиранство."[789]

Дописникот на "Единост" од Белград во истиот извештај вели дека Васил Чакаларов е "најголем јунак од македонското востание, за кого зборуваат и самите комити дека е поголем јунак од Борис Сарафов. Во тоа писмо нема сомнение затоа што ниеден комитски водач не учествувал во толку борби со Турците и не им задавал на истите толку страв."[790]

За дејноста на Македонската револуционерна организација пишувал доста и кореспондентот на гореспоменатиот италијански социјалистички весник "Аванти" Одино Моргари. Тој се упатил во месец август во Бугарија, обидувајќи се без успех да добие виза за да влезе во Македонија. "Во Македонија - тој пишува - не можат да влезат повеќе отколку две категории на личности: аналфабетите и четите. Кој знае да пишува не влегува. Факт е оти Турците не гледале драго на пратениците (еден месец порано почи-

туваниот Гвичардини се имаше безуспешно обидувано да ја посети земјата), на новинарите и на сличните индискретни пишувачи за пари кои оделе да го пикаат носот во нивните работи, па потоа да ѕакаат како преплашени гуски по весниците и во парламентите на Европа, веднаш штом имаат видено некој христијанин со мамивче на носот поради едно мало крвавење. Го сметаат за еден убиен и така над тоа се создаваат страшни легенди."[791] Принуден да се запре во Софија тој непрестајно се ѕафати да собира најширок број на сведочења од страна на бегалците кои го преполнале градот. И сведочењата беа згрозувачки, зборуваат за одземање имоти, грабежи, насилства на жени и мажи, сите деликти достојни на други епохи и како дополнение извршувани често од оние кои требало да го почитуваат законот.[792]

Моргари во своите дописи ги известува своите читатели за целата подготвителна фаза на Востанието опишувајќи ги надолго оние организации кои влегувале во Врховниот македонски комитет во Софија, "придворен и милитаристички" во својот проект за анексија на Македонија од страна на Бугарија, со посредство на бугарска интервенција и дури и руска, и оние револуционерни организации кои меѓутоа ја почитуваат Револуционерната организација на Македонија и на Одринскиот вилает (Внатрешна организација) која била насочена за една автономна Македонија. Оваа внатрешна организација тој ја оценува "една држава во Отоманската држава".[793] Одино Моргари го истакнува неуспешниот обид за востание на Врховниот комитет од Софија во октомври 1902 година, недалеку од бугарската граница а последица за ова било тоа што како што вели тој "остатокот од Македонија молчеше". Помеѓу двете организации вели споменатиот автор "Ударот дојде до таа точка што потече крв. Се отиде до таму што Врховниот комитет имал дури испратено платени

убијци за да ги убиваат повидните луѓе на внатрешното движење. Нашите другари од Софија, на пример, го сметаат за сигурно дека социјалистот Александар Илиев, еден од водачите на Внатрешната организација, бил убиен во една заседа во Македонија веќе не од Турците, но од пратениците на Комитетот од Софија."[794] Иако јасно благонаклонет на востаниците, не заборава да зборува за "патриотските уценувања" и за грабнувањата вршени од востаничките чети за финансирање на Востанието.[795]

Наспроти на првите успеси на турската воена репресија и непрестајноста во продолжувањето на македонскиот отпор, иако со карактер не повеќе масивно но фрагментарно, Моргари забележува дека "подигнувањето на масите, избувнато овој август во Битолскиот вилает, можеби имало собрано сто илјади борци за две или три седмици; но веќе е завршено и се вратени на поединечни акции на чети вршени од 10-20,000 луѓе. Кога по малку денови преминале од герила во судир на отворено поле востаниците; помалубројни и послабо вооружени, веднаш ги почувствувале првите неуспеси. Истрајувањето на отпорот е случено на теренот на кој се војува, на герилската тактика на која се повратиле, на отпорноста, на омразата, на желбата за одмазда која ги распалува востаниците, на сигурноста дека Турците на никого нема да му опростат, но исто така на комплетното чувство за граѓанска свест и за татковина... иако довед ведено до најмали граници, какво може да биде во главата на еден спартански борец" како го дефинира востанатиот селанец во кога ова чувство го има сретнато.[796]

Во разјаснувањето на улогата на Внатрешната револуционерна организација свој удел даде и в. "Ил Коријере дела Сера" еден од меѓу најважните италијански весници кој се зафати со востанието со понепристрасни и поинакви обзроки имајќи го во предвид

фактот дека во информирањето на читателите учествувале некои авторитетни имиња на италијанското новинарство и барем два дописници од Солун и Букурешт, следствено не еден единствен извор. Покрај другото во своите описи во овој весник познатиот новинар Луиџи Барзини разјаснува дека одредените жестокости извршени од револуционерите служеле да го размрдаат инертното европско јавно мислење. Врз оваа подготовка тој се задржува датирајќи ја од 1870 година и припишувајќи ја пред сè на поповите и на учителите кои го "имаат разгорено огнот на фанатизмот на нивните следбеници." Крајно интересна е една друга забелешка на Барзини: "Со училиштата е создаден огромен број на учени пропаднати луѓе, кои го имаат напуштено теренот во барање на позиции кои Македонија не ги нуди и на должности кои турската власт на нив ги има негирано"но". Овие беа револуционерните кадрови.[797]

Дописникот од Букурешт на "Ил Корјере дела Сера", според Франческо Гвида, можеби бил првиот кој го одредил денот на Свети Илија како почеток на Востанието, потцртувајќи дека одлуката донесена од револуционерните водачи, помеѓу кои Борис Сарафов, Дамјан Груев бивш школски инспектор и фотографот Лозанчев од Битола, извршено пред предвиденото време и претставувале одговор на репресијата водена од генералниот инспектор Хилми-паша.[798] На букурешкиот дописник покрај тоа му биле достапни многу подробни вести за состојбата на востаничките чети и за нивното вооружување (тој исто така зборува за "4500 жителца од колерични банциили" и за оружје кое потекнувало од Русија преку Батум-Галати,[799] овие вести кои одеа контролирани) и исто така продлабочени [illegible] Патрони опишувања на вооружените чистани како [illegible] освојувањето на Крушево прво од страна на востаниците и потоа од Турците.[800]

Дописникот од Солун е сведок на напрегнатата состој-

ба создадена исто така во овој многу значаен трговски центар од атентатите и од упаѓањата од востаниците, иако во основа градот не бил повлечен во Востанието. Доушникот од овој град зборува за тајниот престој во Солун во l'Hotel International на Борис Сарафов снабден со англиски и италијански пасош.[801] Значајна била и неговата вест, потврдена од повеќе извори, која се однесувала на една учителка која станала водач на чета. Е "многу убава, мургаста, стројна и има во погледот и во гласот таква сугестивна сила што, кога зборува помеѓу масите во агитацијата повикувајќи на борба против Турците, жените ја благословуваат и младите ја следат во планините."[802]

За дејноста на револуционерните водачи Анастас Лозанчев и Горче Петров во 1904 година пишувал италијанскиот дипломат во Софија Куки Брасо. Во својот извештај од 30 август 1904 година, упатен до министерот за надворешни работи Т. Титони, тој зборува за состанокот одржан кон крајот на август 1904 година во истиот град на водачите на Врховниот комитет генералот Дончев, полковникот Николов и Јанков. На седницата на тој комитет според извештајот на споменатиот претставник, присуствувал Анастас Лозанчев како ополномоштен делегат на ВМРО чии претставници во Софија биле др. Татарчев и С.Матов а во Македонија покрај Лозанчев уште Даме Груев и Горче Петров.[803]

Италијанскиот дипломат покрај другото го истакнува фактот дека, кога се зборувало за состојбата во Македонија по револуционерното истапување од 1903 година, Лозанчев отворено изјавил дека македонските патриоти немаат намера да работат ниту за Бугарија ниту за Србија ниту пак за други сили туку единствено што побргу да постигнат автономија за Македонија.

За овој состанок го известил Т.Титони веќе споменати-

от Фаусто Врасо Куќи, италијански вондреден пратеник и ополномоштен министер во Софија.[804] Тој повторно на 15 септември 1904 година му пишувал на Титони за македонските комитети и организации па по тој повод дал и неколку податоци за Лозанчев и Петров, кој нешто порано од овој првиот пристигнал во Софија.

За Лозанчев рекол дека бил водач на чета и член на главниот штаб на востанието од 1903 година во Битолскиот вилает. Понатаму, Лозанчев според мислењето на Куќи бил доста влијателна личност и слободно можела да се смета како приврзаник на бугарската експанзија во Македонија, нешто кое е во контрадикција со претходното искажување на Куќи дека Лозанчев изјавил дека македонските патриоти не намераваат да работат ниту за Бугарија ниту за Србија. Покрај тоа тој според изјавата на Куќи бил во врска со кнежевската влада и е личен пријател на Рачо Петров (тој од 1903 до 1906 година бил министер-претседател на владата), тогашен претседател на советот и министер за надворешни работи.[805]

Во споменатиот извештај италијанскиот дипломат наведува како Ѓорче Петров пропатувал низ сите окрузи на Македонија и таму установил дека меѓу разните бугарско-македонски групи се шири ело живо незадоволство против претставниците на Внатрешната организација во Софија (Др Татарчев и С.Матов). Понатаму во истиот извештај се нагласува дека Петров стигнал во бугарската престолнина откако успеал да му побегне на надзорот на отоманските власти а главната цел на доаѓањето била да ѝ предложи на организацијата замена на наведените делегати. Ѓорче Петров не криел дека сегашните водачи ја изгубиле довербата на македонскиот народ, кој жалел што се направени жртви без никаков резултат и заради тоа ѓи окривува оние кои биле на чело на востаничкото движење. Исто така и "генералот" Дамјан Груев, кој бил водач на револуционерниот гла-

вен штаб, не би уживал повеќе општа доверба и неговите го сметаа ат за уморен и предлагаат да се смени. Самиот Петров, како што се наведува во документот, тврдел дека во Македонија идејата за автономија сè повеќе си го расчистувала патот, признавајќи дека по склучениот договор со Турција, Бугарија не можела директно да посредува, како што во претходната година се очекувало, да ѓи ослободи "браќата" од јаремот. Понатаму, Куќи известува дека активноста на организацијата би можела да биде ограничена заради тоа што бугарската влада ѝ ја ускратила секоја парична помош. Седиштето на организацијата е затворено и Др. Татарчев се ваканувал дека нејзиното седиште од Софија ќе го премести во Македонија.[806] Од доверливиот извештај на италијанскиот дипломат може да се забележи дека тој бил запознат со дејноста на Лозанчев и Петров. За првиот зборувал и во своето поранешно писмо до Титони од 30 август 1904 година, опишувајќи го неговиот став на седниците на Врховниот комитет во Софија а во врска со автономијата на Македонија. Во својот втор извештај го прикажува Лозанчев како застапник на бугарската експанзија во Македонија и личен пријател на тогашниот министер претседател и зборува за неговата повраќност со бугарската влада.

За личноста на Ѓорче Петров Куќи ништо не зборува туку само ја изнесува неговата фуикција и мисија по доаѓањето во Софија, потоа неговите изјави за водачите на Внатрешната организација и за замафот на ширењето на идеите за автономија на Македонија, и за улогата на Бугарија во 1903 година. Секако, овој дипломат знаел да ја процени улогата на Лозанчев и Петров во македонското движење во 1904 година. Затоа и сметал дека требало по доверлив пат да се информира Титони за нивната работа.

Порано споменатиот Амадори-Виргил зборувајќи за ситуа-

цијата во Внатрешната револуционерна организација во 1905 година ја истакнува нејзината непомирливост со врховистичката организација. Тој го пренесува пишувањето во "Револуционерен лист"[807] дека Македонската револуционерна организација немала намера да го толерира постоењето на било каков друг организам или комитет кој не подлежел на нејзините закони. Во овој контекст тој го потенцира и фактот дека "Македонците се плашат повеќе од цончевистите отколку од Турците".[808]

Истиот овој автор зборува и за смртта на водачот на Внатрешната револуционерна организација Даме Груев во крајот на 1906 година нарекувајќи го "душата на рускиот тероризам".[809]

За дејноста на револуционерното движење во Македонија пишуваат и италијанските публицисти Вико Мантегаца и Родолфо Фоа. Вико Мантегаца ги користел информациите за дејноста на револуционерното движење во Македонија од втора рака, собрани надвор од главната арена на настаните. Мантегаца повеќе го интересирале личностите кои дејствувале во Софија напр. полковникот Јанков, десната рака на генералот Цончев, отколку оние кои работеле во длабочината на Македонија. Посебно Мантегаца се осврнува на личноста на Борис Сарафов. Вико Мантегаца Сарафова го прикажувал во позитивно светло но го обвинува за неговата "театралност... и убавиот живот во Софија и во странство". За оваа негова слабост забележува и италијанскиот дипломатски агент во Софија, кој во летото 1904 година ја навестил можноста за повторно враќање на сцената на Сарафов "вплеткан во некој сензационалистички настан, уште повеќе за да обезбеди неопходни средства за својот скап живот тој има потреба да го обезбеди својот углед на опасен агитатор."[810]

За разлика од Сарафова, Вико Мантегаца негативно се однесува кон личноста и делото на Јане Сандански. Сепак тој ги

забележува социјалистичките наклонености на Сандански и вели: "Сандански, човекот чие име инспирира терор, не толку во зоната на Битола каде бил многу ретко виден, но на јужната граница на Кнежевството (регионот на Серес) е анатемисан (од "Македонскиот комитет во Софија") и исто така поради тоа што му има дадено на својата програма - ако може да се зборува за програма - една одредена боја на социјализам и се изјасnил против монаркијата".[811]

Во врска со програмското определување на Внатрешната револуционерна организација за ослободување на Македонија од тугинското ропство Мантегаца вели: "Внатрешната организација е една многу поразлична работа од бугарско-македонските чети, командувани од офицери на бугарската војска, и кои примаат наредби од Комитетот во Софија, чија аспирација е онаа да можат еден ден да ја присоединат Македонија кон Кнежевството".[812] Се разбира, вели Марко Дого, како му има објаснувано полковникот Јанков на Мантегаца, на теренот на борбата се пронаѓдуваше согласноста, Но стануваше збор за "две апсолутно различни организации". Оваа различност произлегуваше од нивниот распоред во однос на "етничкиот конфликт" капиларен и генерализиран кој од внатре го потресуваше "универзумот Македонија"; под овој профил заклучокот на Мантегаца, според Марко Дого, беше крајно верен: "Додека едната (организација) - онаа на Софија има бугарско политичко национален карактер, другата - онаа Внатрешната - го исклучува овој карактер, на најексплицитен начин. Исто така овој пат таа однопо истакнува, дека ништо не е поопасно за делото на угнетените желбата да му се даде на востанието карактер на националност: бидејќи ова ја спречува потполната согласност на сите христијани кои припаѓаат на различните националности, и ништо друго само ќе му користи на Турците..."[813]

Имајќи го предвид горенаведеното, може да се рече дека значењето на дејноста на Вико Мантегаца, имало одредена тежина, со оглед на тоа што преку неа стигнуваат до јавноста во Европа активноста и принципите на Внатрешната револуционерна организација за ослободување на Македонија од странското господство и влијание.

Покрај Мантегаца и Родолфо Фоа[814] се занимавал со прашањето за дејноста на Македонската револуционерна организација. Тој посебно се интересира за ова прашање по убиството на Борис Сарафов. По убиството на последниот, Родолфо Фоа формулирал еден остар суд за него, од кој читателот, според тоа како вели Марко Дого, можел да наслути дека "непријателите на автономијата" не беа само оние набројени од Симеон Радев:

"Возможно јас верувам дека Сарафов немаше политички ум и во неговата мисла не беше многу јасна визијата на идninата, дека борбата од него започната и организирана ќе може да ѝ се подготви на Македонија. Со мене Сарафов секогаш го одречуваше бугарскиот национален карактер на македонското движење, велејќи дека програмата на Внатрешната организација беше автономија за Македонија подеднакво благодатна за сите националности без разлика. Од друга страна влијанието на Сарафов беше така големо исто така во официјалните сфери, што не е за исклучување дека факторите за една поголема Бугарија се користеле со него за подготвување идната анексија на Македонија кон Кнежевството."[815]

Потоа откако станало познато дека автор на ова убиство беше еден привржаник, како што вели Родолфо Фоа, на "комитетот Сандански"[816] и дека станувало збор за "политичка одмазда" му била доделена задача на новинарот Бенедето де Лука да изврши комплетна реконструкција на настанот, т.е. кои беа предусловите да

се дојде до овој чин. Така на читателите на "L'Italie all'Estero" им е претставено дека, по смртта на Даме Груев,

"Три големи фракции се бореа за да го дофатат раководството на комитетите: партијата на Гарванов, онаа на Сарафов и третата на Сандански. Видејќи овој последниот со својата позната изрека: "Македонците ќе ја ослободат Македонија, без вмешување на соседните држави; во Македонија не треба да бидат ниту Бугари, ниту Грци, ниту Срби, ниту Романци, ниту Турци, но единствено Македонци", станал најпопуларен од македонските водачи, спротивставувајќи го интернационализмот на своите принципи на национализмот на непријателската пропаганда, Гарванов и Сарафов, за да го парализираат неговото влијание, мислеа да се примират со страшниот противник. Но помирувањето не направи ништо освен потпалување на омразите. Сандански им прекоруваше на националистите дека прима-

ле пари од бугарската влада, за доверување на владата ослободителната работа на Македонија; а тие го обвинувале него за гасење, со неговите принципи, ентузијазмот на слободните Бугари за живите браќа од Македонија. Станувајќи пропаднати обидите за помирување, ... кавгата се распламти во омраза...".[817]

Интересно е да се спомени и тоа дека сведоштва за дејноста на Македонската револуционерна организација добиваме и од италијанските офицери кои ќе наоѓале во Македонија во рамките на реорганизацијата на македонската жандармерија предвидена со одлуките од Мирштег.

Во рамките на својата дејност одделни италијански офицери покажувале интерес за воспоставување контакти со луѓе-членови на Внатрешната организација. Дали тие контакти биле од изолиран карактер и со каква цел биле барани таквите контакти, тешко е да се каже нешто поодредено, меѓутоа, останува фактот де-

ка таква иницијатива на одделни италијански офицери била забележлива. Вакви иницијативи се забележуваат повеќе, за што сведочи и Киријак Џуртов, за барањето на италијанскиот офицер во Костур, Кузма Манера, за една нелегална средба со него, која била одржана во селото Старичери, Костурско, во март 1905 година.[818] Со овој италијански офицер била одржана повторна средба во селото Старичери, во септември 1905 година, при што на средбата бил присутен и еден Англичанец, офицер, дојден од Битола. Инаку треба да се истакне дека на првата средба Манера покажал желба да слушне мислење од Луѓе на Организацијата за состојбата во Костурско.

На овие а и на другите средби, странските офицери покажале интерес за потеклото на материјалната издршка на револуционерите. Така, на погореспоменатиот италијански офицер Манера, му било одговорено дека вооружувањето, прехраната и облеката го обезбедувала Македонската револуционерна организација од народот, а дека борците веле пушка в раце за да се борат против неподносливата турска тиранија и дека нивната борба борците ја базирале врз сопствените сили и врз европското општествено мислење. Имајќи го предвид сето ова тие биле уверени дека ќе можело да се извојува автономија на Македонија.[819] Во текот на овој разговор двата странски офицери ја искажале својата симпатија за борбата што ја водела Македонската револуционерна организација за ослободување и истовремено и посакале успешен крај и остварување на целите за кои тие ја воделе борбата.

Покрај оваа средба италијанските реформаторски офицери покажале интерес и за дејноста на истакнатиот македонски револуционер Христо Узунов. Така италијанскиот офицер Ettore Lodgi покажал посебен интерес за неговата дејност. За таа цел тој ја повикал неговата мајка Анастасија од Струга во Охрид, за да ја информира

за дејноста на нејзиниот син. Меѓу нив се водел ваков дијалог:

"Пишетеи му на Вашиот син да се прибере дома; инаку ќе биде убиен", го започнал разговорот Лодди, на кое баба Анастасија одговорила:

Како ќе му пишам. - Не знам каде е - в град, в село или в планина. Кога тргна, ми рече дека освен мене има и друга мајка - татковината и дека оди, за да се врати со слобода, или пак да умре за неа."

Но ова италијанскиот офицер ја потапкал баба Анастасија по рамото и ѝ рекол:

Штом има такви синови, Вашата општа мајка нема да загине."[820])

Вакквите смели искажувања на неговата достоинствена и храбра мајка, го одушевиле потомокот на големиот Гарибалди, кој, трогнат од тоа величие, се поклонил пред херојскиот син на Македонија. Со тоа се отворале хоризонтите за автентично разбирање на македонската борба за слобода и за нејзините најнапредни протагонисти, што служело за нејзиното аргументирано и точно афирмирање пред странската јавност.

Италијанските офицери биле често пати присутни и на местата каде се судруваде одделенија на турската војска со чети на Внатрешната организација. Во такви случаи тие го констатирале бројот на жртвите и на убиените комити и војници, при што доаѓало и до изливи на симпатии и чувства спрема борбата што ја водел македонскиот народ. Во таа смисла посебно е забележителен и односот на погореспоменатиот италијански жандармериски офицер Еторе Лодди, кој по повод убиството на Христо Узунов, отпатувал во селото Цер, на 11 април 1905 година, и на самото место собрал податоци за извршената саможртва, а четири години подоцна ја дал

следнава изјава пред Наум Томалевски:

"Ја познавам одблизу мартирологијата на вашиот тврд, бестрашен и горд народ. Живеев со години сред него и поголем од христијанските маченици ми изгледа тој. Ги познавам и нашите и жените. Видов многу подвизи и примери на стоицизам кои вашата убава земја

Во 1904 година, по востанието, неколку италијански офицери бевме пратени на служба во Македонија. Знаевме многу малку за причините на беспокојствата и бунтовите во таа земја, како и за "комитаџиите".

Живеев во Охрид. Целата околина беше во рацете на Организацијата. Како легенда се носеше од уста на уста насекаде меѓу христијани и Турци името на Христо Узунов, кој по се изгледа беше една од најзначителните личности во битолскиот вилает по Востанието. За да се спротивстават на организацијата, Турците ги отворија широко вратите на грчките и српските пропагандисти, па и на нивните вооружени чети. Отпочна остра, страшна борба на самоуништување на христијаните.

Ние имавме хуманистички цели. Ни дојде на ум и решивме да ги наговориме нелегалните да се вратат по своите домови, гарантирајќи им дека нема да бидат прогонувани. Требаше да почнеме со Узунов. Неговата мајка беше во Струга. Замолив да ја викнат и таа ме посети во Охрид. Облечена беше во црно. Беше загубила веќе еден син во борбата. И рејов зошто ја викам, ме послуша и ми заблагодари за вниманието кон нејзиното семејство и спокојно, решително, реско, со достоинство на древните Римјани, речиси, без тага, ми ја предаде својата увереност дека нејзиниот син не ќе посака да ги прими моите совети, зошто, кога ја напушти куќата, се заколнал дека нема да го пречекорува нејзиниот праг се додека не се ослободи неговата татковина. По две недели, мајката дојде одно-

во. Ми рече дека синот од гората ми благодари, но не може да ме п слуша, бидејќи отишол таму да го исполни долгот кон татковината.

Идната година, Узунов загина помашки од Христовите маченици.

На другиот ден по бојот ја видов во Џер страшната слика што никогаш нема да ја заборавам. Труповите на единаесет млади јунаци, сите со отворени рани по градите и по челата, се самоубија за да не паднат живи во рацете на непријателот. Ми го покажаа војводата. Узунов лежеше прострен на подот со рамирени раце, а погледот на неговите мртви и отворени очи гледаше горе, во бескрајот. Од челото уште течеше крв.

Ете го она што не можам да го заборавам никогаш.

Ја видов Македонија во тој момент - маченица, велика, непобедлива!"[821])

Ваквото ерудитивно и суверено сведоштво на Ѓоре Лодди придонесува за уште понагласено акцентирање на значењето на големото дело на Христо Узунов. Освен тоа, тоа ја потврдува и афирмацијата на македонската борба за слобода.

По шест децении, значајните сведоштва на Ѓоре Лодди повторно, по еден друг повод, ги подвлекол неговиот сонародник Ѓордо Нуридани. Во неговата стојносна книга под наслов: "Македонија вчера и денес", издадена во Рим 1966 година, е одбележен уште еднаш восхитот и симпатиите за херојството на македонските револуционери. На особено место е акцентирано делото на Узунов, со неизмерен восхит за неговиот бесмртен гест.[822])

Инаку како што е и погоре истакнато храбрата саможртва што ја поднел војводата Христо Узунов предизвикала силен впечаток во европската општественост, особено во Франција и во Италија, како несекојдневен настан од историјата на националните бо-

рби. Тој настан, токму заради присуството на италијанскиот офицер на местото на загинувањето на Христо Узунов, и на неговата информација што по тој повод ја испратил, бил живо коментиран во европскиот печат и помогнал за натамошно афирмирање на херојската борба што ја водел македонскиот народ.

И другите италијански офицери придонесоа со својата активност преку реорганизацијата на македонската жандармерија да се дознае за борбата на македонскиот народ за национална слобода. Следејќи ги настаните во својот сектор, италијанскиот офицер Луци пристигнал и на местоста "Вожот", на планината Бабуна, на 16/29 јули 1907 година,[823] по неколку часовната борба што се водела меѓу здружените чети на Внатрешната организација к на турските војски.[824] Пристигнатиот италијански жандармериски офицер веднаш направил фотографски снимки - на храбро загинатите борци, овозможувајќи на тој начин да остане една ретка и сугестивна фотографија на идните македонски генерации. По неговото пристигнување во Прилеп тој ги искажал своите восхитувања пред месните првенци со зборовите: "Вашите умреа херојски, гордетесе со нив!"[825]

Покрај ова треба да се истакне дека за дејноста на еден од водачите на Македонската револуционерна организација Јане Сандански, италијанските дипломати пишувале во врска со текот на Младотурската револуција. Тие ја потенцирале неговата наклонетост за развој на прогресивниот ход на оваа револуција, за што е зборувано во нашето погорно излагање.

Од изложеното може да се заклучи дека италијанските општествени и политички кругови ја забележувале дејноста на Македонската револуционерна организација и нејзините сподвижници во борбата за национално ослободување на македонскиот народ од под турското ропство. Тоа фактички било и логична последица и од текот на настаните во Македонија за кои Италија покажувала и во другите домени голем интерес.

V. ОДНОСОТ НА ИТАЛИЈА СПРЕМА АКТИВНОСТА НА СТРАНСКИТЕ ПРОПАГАНДИ ВО МАКЕДОНИЈА

Италијанската политика спрема Македонија секако од посебен аспект може да се види и од нејзините становишта спрема активноста на странските пропаганди во Македонија.

Треба да се спомене дека една од специфичните карактеристики за условите во кои се појавило и се развило македонското национално-ослободително движење било дејствувањето на балканските црковноопросветни пропаганди во Македонија.

Блиското соседство на Грција, Србија и Бугарија, до Македонија, предизвикало зголемено интересирање кај буржоазиите и владите на овие земји за проширување на пазарот на своите стоки и на политичкото влијание во Македонија. Базирајќи се врз специфичната положба во која се наоѓала Македонија и македонскиот народ во втората половина на XIX и во почетокот на XX век, соседните балкански држави развиле огромна пропагандна енергија за да го запрат историскиот развој на македонскиот народ, односно да го насочат тој развој во правец на своите сопствени интереси. Сосем е разбирливо дека за постигнување на своите намери и цели соседните држави барале поткрепа и помош кај поголемите европски држави. Целокупноста на сите форми, методи на работа и употребувани средства за реализација на своите намери ја прави содржината на политичките и националните пропаганди, кои биле различни и по времето, и по вложените средства, а и по постигнатите резултати.

Како најважно средство за постигнување на целта на странските пропаганди требало да послужат црквата и училиштето. Тие биле најсигурно средство за денационализација на македонскиот народ. Трите главни претенденти врз Македонија биле Грција, Бугарија и Србија.

Италијанските дипломатски претставници било на територијата на Македонија, т.е. италијанските конзули во Македонија, било во Отоманската империја, во соседните балкански држави, па и во европските престолнини му посветувале широко внимание на дејноста на странските пропаганди во Македонија. Со ова прашање се занимавале и италијанските публицисти.

Самата суштина на дејноста на странските пропаганди во Македонија најрелефно ја оценил познатиот италијански публицист Анџело Перинче. Тој меѓу другото во врска со ова прашање вели: "... Белград, Софија, Атина, Букурешт стануваат центри од каде отворено или прикривано се поттикнати четите, комитаџиите разорувачи и убијци. Нивната политика не се одвивала само со дипломатски чекори, но исто така со вооружена и нелегална акција; нивните односи се определени од потребата за изненадување во работата на македонското поле, секоја формула со голема јасност на поединостите во својата национална програма се стреми да ја оствари.

Овие програми ние сега ги познаваме и знаеме дека тие на теренот се вкрстуваат и се стават една врз друга на начин што е невозможно нивното остварување без асимилација или разурнување на тугите елементи. Одовде постојаната пропаганда, посебно на религиозно поле, и жестоката и убиствената борба. Расправи, каранџи, борби заповедани: секој ги пушта своите убијци и своите потпалувачи во поход не повеќе против турскиот тиранин но против конкурентот христијанин и секој го распростира овој бес на кланица кој го прави големиот дел на братоубиствените војни. Сите свирепости кои ја имале дваесетина години мачено Македонија се надминати; секој го става својот интерес да му ги пријави на Турците и на цивилизираниот свет злосторствата на својот близок. Весниците, рапортите на странските офицери во Македонија, извештаите

на конзулите и на амбасадорите се полни со раскажувања и збирови на 'страшни цифри. Од 1904 - т.е. од моментот кога се установи жандармеријата на наредбите на странските офицери и престанува бугарското востание -, се до 1908 година Македонија е жртва на колежи и на анаржија."[826)]

Што се однесува до дејствувањето на бугарската пропаганда, италијанскиот амбасадор во Цариград Паласпина, го увидува настојувањето на бугарската влада кај Високата порта, веднаш по Илинденското востание, да добие во замена за намалување на агитациите во Бугарија да обезбеди повторно отворање и президување на бугарски училишта и цркви во Македонија.[827)]

Италијанскиот дипломатски агент во Софија Куќи Босо во еден свој извештај од 25 јануари 1905 година зборува за меѓусебните борби што ги воделе бугарската и српската пропаганда во Македонија. Во врска со ова прашање тој водел разговор со српскиот дипломатски агент во Софија Симиќ кој помеѓу останатото сметал дека: Бугарија дејствувала со поттик на Австро-Унгарија во Скопскиот вилает и дека тоа можеби означувало таен бугарско-австриски договор. Тој не верувал во тоа, но во секој случај помошта од страна на Австро-Унгарија на Егзаржијата ќе имала за последица зголемување на влијанието на Австро-Унгарија во очите на "бугарското" население. Но од сето ова Куќи Босо констатирал дека дипломатскиот агент на Австро-Унгарија во Софија бил задоволен од развитокот на настаните во односите меѓу Бугарија и Србија.[828)]

Во врска со дејствувањето на бугарската пропаганда во Македонија а и на другите пропаганди од соседните балкански држави многу карактеристично е мислењето искажано од италијанскиот амбасадор во Цариград Империјали во својот извештај од 2 октомври 1905 година упатен до министерот за надворешни работи Тито-

ни. Тој сметал дека и покрај тоа што предложените реформи во Мирдитег не биле онакви какви што требало да бидат тие и понакви да биле не ќе придонесоа повеќе за средување на ситуацијата се додека српската, грчката и бугарската пропаганда во Македонија биле фаворизирани од соодветните влади. Во врска со ова прашање амбасадорот Империјали побарал да му се испратат статистички податоци од страна на италијанските конзули во Скопје, Солун и Битола за политичките убиства извршени во периодот 1904-1905 година. Од испратените податоци од италијанскиот конзул во Битола амбасадорот Империјали извлекувал заклучок дека учеството на Турците во политичките убиства било многу помало отколку од страната на "Грците и на Бугарите".[829]

На крајот на погореспоменатиот извештај Империјали вели дека: "Јас немам намера овде да давам оценки за подобро решение на македонското прашање. Само констатирам еден факт и тој е ако не постојат четите, и ако христијанското население, по причина на националноста, или поради религиозните борби, не се бори жестоко, како што прави, полеѓу себе, условите за јавно спокојство во Македонија несомнено ќе биле подобри и реформаторската работа на Силите ќе можела да се развива пошироко, поефикасно, и да даде подобри резултати."[830]

Италијанските дипломати во помала мерка исто така се осврнуваде и на дејноста на српската пропагавда во Македонија. Така италијанскиот пратеник во Белград Карињано во својот извештај од 20 август 1903 година упатен до министерот за надворешни работи зборува за регрутирање и подготовки за испраќање на вооружени групи во Стара Србија. Тој дури забележува дека била организирана една вооружена чета од триста луѓе и во која имало доста офицери и подофицери на српската војска. Заради тоа тој интервенирал

кај српската влада со цел да се разјасни вистинската ситуација со овие вооружени групи.[831] Истакнувајќи ја заинтересираноста на италијанската влада да се зачува мирот на Балканот, италијанскиот пратеник му укажал на српскиот министер за надворешни работи дека Италија секогаш инсистирала да се зачува status-quo -то во Македонија со реформи способни да го гарантираат спокојниот прогрес на националностите кои таму живееле. Фактичкиот со тоа, тој индиректно и укажувал на српската влада дека Италија иако ги почитувала легитимните идеали на Србија сепак била против тоа да се променува политичката состојба на Балканот и посебно во Македонија.[832]

Италија и по еден друг повод, во врска со српско-турскиот дипломатски инцидент во Битола од 1908 година[833] гледала со недоверба кон дејноста на српската пропаганда во Македонија.[834]

Италијанските дипломатски претставници исто така со

подозрение гледале и на дејноста на грчката пропаганда во Македонија. Така италијанскиот амбасадор во Цариград Империјали во својот извештај од 13 април 1906 година соопштува, дека додека грчките чети вршат многу политички зверства во Битолскиот вилает, туреките војски ги сметаат за востаници само "бугарските" чети, кои се наоѓаат меѓу два огна.[855]

Од ваквата дејност на грчката пропаганда била загрижена и италијанската влада така што италијанскиот министер за надворешни работи барал од својот пратеник во Атина во врска со тогашната ситуација во Македонија, да направи нови предупредувања кај грчката влада да преземе мерки за поенергично обуздување на акцијата на грчките чети во Македонија.

Во разговорот што го водел на 26 септември 1905 година италијанскиот пратеник со грчкиот министер за надворешни работи му ја изнел загриженоста на италијанската влада поради возне-

мирувачката акција на грчките чети во Македонија, која наместо да ослабува, станувала секој ден поактивна и позаплашувачка, нешто што ја потврдувала не само инертноста на грчката влада наспроти на акцијата на четите, но и малку зоденатa сметка за повторените предупредувања и за советите на силите.[836]

Одговорот на грчкиот министер за надворешни работи Ралис не бил различен од оној кој му бил даван нему а и на другите странски претставници кои во друга прилика му имале направено аналогни приговори. Оспорувајќи ја зголемената активност на грчките чети во Македонија,и отворено оплакувајќи се, на состојбата на работите, министерот Ралис му рекол на италијанскиот пратеник дека откако бил на оваа должност, ќи презел сите расположиви средства за да се обузда акцијата на револуционерните комитети кои кои, впрочем секогаш се покажувал спротивен (бил против нивната акција, б.м.).

Импресијата што ја понел италијанскиот пратеник од разговорот со грчкиот министер за надворешни работи е дека последниот бил лично убеден за штетноста што од сето ова произлегувала за престижот на неговата земја. Според италијанскиот пратеник тој манифестирал добри интенции но не се осудувал да се спротивстави на гневот на јавното мислење и отворено да истапи против револуционерните комитети.[837]

Во врска со погоренаведеното италијанскиот пратеник сметал за корисно да го извести министерот Титони за живата полемика која била подигната од некои весници од грчката престолнина за злоупотребите кои биле установени во администрацијата на тамошниот македонски комитет. Тој во својот извештај исто така го забележува фактот, кој не бил демантиран, дека православното население по селата во Македонија било уморно од притисоците и од изну-

дувањата на грчките чети против кои се подготвувало да реагира.[838]

За неприкриената дејност на грчките пропагандни чети зборува италијанскиот конзул во Битола Г. де Визарт во својот извештај од Битола од 9 април 1904 година упатен до министерот за надворешни работи Титони. Во него се зборува за пристигнувањето во Лисодери (кажата Лерин) на познатиот водач на чета Коте, кој веќе пристапил во служба на грчкиот конзулат во Битола, со 32 негови приврзаници дојдени од Грција. Меѓу нив имало и 7 до 8 водачи одредени да формираат и да раководат со нови чети; жителите прогрчки ориентирани од Лисура и од другите села биле веќе повикани да му се придружат на нив со една надоknада од 2-3 турски лири месечно. Главната цел, според зборовите на Г. де Визарт, била да ги придобијат "нововерците" кон патријаршијата, борејќи се против последните преобрнувања на егзаржијата. "Турските власти се преправаат дека ништо не знаат за појавата на такви чети, нешто кое очигледно ја покажува намерата на турската влада да ги фаворизира грчките аспирации со омраза на бугарските кои се обидува насекаде да ги задуши. Така се настојувам да се привлече истовремено вниманието на Европа, потсетувајќи дека во Македонија постои исто така едно грчко прашање. Од своја страна Грците се во непријатност со Власите, кои се обидуваат да се оттргнат од јаремот на патријаршијата, која ја има напуштено својата религиозна мисија претворајќи се во едно политичко орудие кое нема друга цел освен да се бори за остварување на грчката кауза."[839])

За тоа дека грчките чети во Македонија не биле прогонувани од турските власти признавал и Великиот везир во еден допис упатен до главниот инспектор на румелиските вилаети. Повод за ова тврдење била изјавата на Џемс Брајс, претседател на Балканскиот комитет, во в. "Тајмс". Во изјавата меѓу другото се вели-

ло дека Високата Порта со предомисла немарно се држела кон грчките чети а кон овој факт подеднакво се верувало во Италија а и во другите земји. Поради тоа, иако според мислењето на Великиот везир таквото тврдење не било верно, ќе требало да се засили прогонувањето на грчките чети.[840]

Интересно е исто така да се споменат погледите на италијанскиот амбасадор во Цариград Империјали во врска со заостренитe грчко-бугарски односи по повод антигрчката агитација во Бугарија. Тој своето мислење во врска со ова прашање го изнесува во извештајот од 14 август 1906 година упатен до министерот за надворешни работи Титони по повод испратеното до него писмо од вкуменската патријаршија со кое била приложена една промеморија и исто таква една промеморија испратена од бугарскиот агент во Цариград Начовиќ. Амбасадорот овие писма ги препраќа до Титони а тие се однесувале во врска со прогонувањата на Грците во Бугарија.

Изнесувајќи го своето мислење по ова прашање италијанскиот амбасадор сметал дека антигрчките акции во Бугарија биле предизвикани од грчките погроми во Македонија и би можеле да се оправдаат. Исто така нагласува дека Италија би требало со симпатии да гледа на Бугарија а во поглед на грчката промеморија нејзе не би требало да и се посвети некое внимание сметајќи ја како акција на грчката пропаганда. Овие факти биле потврдени и од италијанските офицери на теренот во Битолскиот вилает.[841]

За дејноста на грчката пропаганда покрај италијанските дипломати пишувале и италијанските публицисти. Така на свиреностите извршени од андартските чети, со турско соучество и покритие на световните (грчките конзули) и црковните (патријаршиските владици и свештеници) агенции, "L'Italia all'Estero" на Родолфо Фоа му посвети значајни документарни белешки.[842]

Покрај работата на пропагандите на соседните балкански држави, на територијата на Македонија дејствувала и романската пропаганда поттикнувана од Романија меѓу влашкото население во Македонија. Италија односно нејзините дипломатски претставници во Македонија а и во Романија му обрнувале посебно внимание на ова сметајќи и на свое одредено влијание меѓу влашкото население.

Веднаш по намалувањето на интензитетот на востаничката активност по задушувањето на Илинденското востание на италијанскиот пратеник во Букурешт Е. де Бекариа на 16 септември 1903 година му било изјавено од страна на романскиот министер за надворешни работи Братиано за штетите што ги претрпело влашкото население во Крушево како последица од борбите кои се воделе во ова градче за време на турските напади.[843]

Интересно е да се забележи дека гореспоменатиот италијански пратеник во Букурешт доста внимание во еден свој извештај од 12 октомври 1903 г. му посветува на именувањето на еден Влав во Мешовитата комисија за реформи во Македонија под претседателство на Хилми-паша и образувана од Султанот. Од страна на романскиот министер за надворешни работи Братиано му било забележано на споменатиот пратеник дека ова било за првпат романската националност во Македонија да биде призната во еден официјален акт на Отоманската влада. Според Е. де Бекариа во очите на Братиано таквото именување ќе било толку позначајно заради тоа што, велејќи му тој, најнапред бил повикан да учествува во споменатата Комисија еден Влав "Елинофил" кој, по забелешките на романскиот пратеник во Цариград, бил заменет со еден Влав "романофил".844)

Заинтересираноста на италијанската влада за дејноста на романската пропаганда во Македонија уште повеќе ќе се зголеми со именувањето на генералот де Дорџис за командант на жандарме-

ријата во Македонија. Романската влада со ова наименување настојувала да се искористи за подобрување на положбата на романскиот елемент во Македонија. Во текот на еден разговор на италијанскиот пратеник во Букурешт Е. ди Бекариа воден со романскиот министер за надворешни работи Братиано на 9 јануари 1904 година последниот ја искажал желбата генералниот инспектор на романските училишта во Македонија да биде овластен да го посетува генералот Де Џорџис. Во текот на разговорите министерот Братиано му изјавил на италијанскиот пратеник во врска со романската политика во Македонија: "Како што добро знаете ние посакуваме што подолго е можно одржувањето на територијалното status-quo во Турција, и кога ќе треба да се застапува за негова промена најсоодветна солуција за интересите на Романија, која не може да мисли на територијални зголемувања во овие предели, ќе биде организирањето на Македонија во една автономна заедница аналогно приближна на онаа на швајцарската конфедерација, создадена без резерва многу согласно во колку се однесува за формите на владата. И ќе биде подеднакво во интерес не само на Италија да поддржува една таква творба, но исто така и на Франција и на Англија кои ниту тие можат да посакуваат една словенска или австриска превласт во Европска Турција."[845])

Во продолжение споменатиот министер вели: "Романскиот елемент не можел а да не одгледува симпатии за Италија, лулка на латинската цивилизација, и ги свртувал своите погледи кон неа како еден природен покровител. Романија чии што интереси во Европска Турција апсолутно биле заеднички - со оние на Италија - можела само да се радува со секое наголемување на италијанското влијание под било каков вид, и таа ќе била посебно среќна ако можела да придонесе во границите на своите можности за напредување на оваа влијание помеѓу албанските елементи. И во натамошниот ра-

звиток на националностите во Македонија, влијанието кое што Италија можела да го врши врз албанците и онаа на Романија врз Куцо-Власите сигурно ќе се сложувало за да се осигура одот кон македонската рамнотежа која двете гореспоменати сили можеле да ја посакуваат, т.е. во форма погоре посочена."[846]

Италијанскиот пратеник сметал дека помеѓу албанскиот и романскиот елемент би можело поради повеќе околности полесно да дојде до соработка отколку со некој друг елемент. И затоа според него романскиот елемент во Македонија всушност бил единствениот врз кој Италија можела сериозно да смета на зголемувањето и консолидирањето на своето влијание на Балканскиот Полуостров. Следствено во интерес на Италија било да го поткрепува неговото засилување во колку тоа го допуштаат барањата на општата политика, и погоре наведеното му го доставува на знаење на својот министер за надворешни работи со молба внимателно да ги проучи желбите на министерот Братиано и да го извести дали и во која мерка кралската влада би можела да води сметка за нив.[847]

Вакватa политика следена од италијанската влада во однос на романскиот елемент наоѓа израз и во односот на теренот на влашкото население кои претставниците на Италија во Македонија. Така во дописот на министерот за надворешни работи Титони упатен на италијанскиот конзул во Битола де Визарт на 26 мај 1904 година тој го примил на знаење фактот дека некои од Власите веќе се обрнувале на кралскиот конзулат во Битола за да добијат заштита. Немало потреба да ја истакнува, вели министерот, во врска со ова прашање, потребата за начинот на однесување на конзулот (максимална внимателност) во слична околност.[848]

Фактички од досега изнесеното може да се извлече заклучок дека Италија, во Македонија, следејќи ги советите на сили-

те од Тројниот сојуз, ја поддржувала влашко-романската политика во борбата против грчката пропаганда, давајќи им ја на Романците поддршката на својата дипломатија и помошта на својот престиж. Така Италија, според зборовите на добиени амадори-Вирцил, се придружила на австриските притисоци кај Високата Порта за признавање на влашката националност.

Интересно е да се спомене дека погореспоменатиот италијански публицист ја обвинува италијанската влада дека премногу се ангажирала во браненьето на романските позиции во Македонија наспроти на грчките интереси. Како последица од ова грчко-италијанските односи иако формално добри тие се сведувале суштествено на изолиране на Грција на Балканот.[849]

Италијанските реформаторски офицери во Битолскиот вилает во рамките на својата дејност известуваат за вооружената активност на влашките чети кои возвраќале на злосторствата на грчките андартски чети. Исто така овие офицери известуваат за соработката на влашките, македонските и албанските чети во борбата против турските власти. За ова заменикот австроунгарски цивилен агент во Македонија Алфред Рапапорт го известува министерот за надворешни работи на Австро-Унгарија баронот Алоис фон Ерентал со упатен својот извештај од Солун на 7 октомври 1907 година.[850]

Од изложеното може да се заклучи дека Италија сета активност на романската пропаганда ја поставувала низ призмата на својата решеност да ја искористи и за своето зацврстуваше на овој дел на Балканот.

Меѓутоа за разлика од претходното што се однесува за ставот на Италија спрема активноста на останатите странски пропаганди во Македонија за односот на Италија кон католичката пропаганда не располагаме со поголем број на извештаи. Но сепак има-

јќи го во предвид општиот став на Италија спрема католичкото движење во целата Отоманска империја може да се каже дека тој бил детерминиран од целокупните односи на Кралството Италија со Ватикан. Студените односи на италијанското кралство со Ватикан до почетоне кот на XX век довеле до тоа покровителството над католиците во Отоманската империја од страна на Ватикан да му биде доверено на Франција со исклучок на Албанија каде Австро-Унгарија го имала главниот збор.

Интересно е да се спомене мислењето на познатиот италијански публицист Вико Мантегаца за тоа како католичкиот клер во Албанија а и во другите места бил во потполна зависност од Австро-Унгарија, која им плаќала на сите јупски свештеници, на некого повеќе а на некого помалку, една плата, и, по потреба, исто така им става на нивно располагање пари за изградба на цркви каде било потребно, со оглед на тоа што, како во Скопје, така и во многу други места, католичката црква била синоним за австриска црква, и ова второто именување било најкористено во општата употреба. Заради тоа 160 јупски свештеници, освен со мали исклучоци, како што вели Мантегаца, апсолутно можеле да се сметаат исто така како конзуларни агенти кои Австро-Унгарија ги имала на тој начин исто така во подалечните и помалку достапните земји и кои се најактивното и најефикасното средство на нејзината пропаганда и на нејзината политика.[851)]

Како логична последица на гореспоменатото, имајќи ги предвид односите на овие земји, Италија со недоверба гледала кон активноста на католичката пропаганда во Отоманската империја во конкретниот случај и во Македонија сметајќи дека таа им нанесувала штета на италијанските интереси. Неѓутоа од почетокот на XX век доаѓа до подобрување на односите на италијанското кралство

со Ватикан како последица на влошувањето на односите на Ватикан со Франција. Сето ова довело до последици и на самиот терен на активноста на католичката пропаганда. Голем дел од мисионерите приобаде под италијански протекторат не со празни раце. Тие ги принесувале како "дар" сите свои благотворителни и учебни установи, во кои биле готови сега да ја слават Италија, исто така како уште недавно ја славеле Франција. Италијанската влада им ги предава давала на мисионерите кои дејствувале на подрачјето на Отоманската империја италијанските училишта и благотворителните установи, им давала помош и ја поддржувала со својот авторитет изградбата на нови такви установи од нивна страна.[852]

И покрај споменатото во врска со благонаклонетиот став на Италија кон католичките мисионери, италијанските конзули со внимание ѓа следеле дејноста на ватиканските претставници во Македонија а и во соседните области поврзано со ситуацијата во Македонија. Така во својот извештај од 14 февруари 1904 година италијанскиот конзул во Пловдив Цузепе даки го информира својот министер за надворешни работи за патувањето во Рим на монс. Менини, апостолскиот викар во Бугарија со цел да го информира папата за состојбата околу македонското прашање. Со цел подобро да биде информиран монс. Менини разговарал со амбасадорите на Австро-Унгарија, Русија, Франција и Англија во Цариград. Тој исто така сметал да се состане во Виена со австроунгарскиот император Франьо Јосиф со цел да се запознае со неговите погледи по ова прашање.[853]

Споменатиот италијански конзул во Пловдив со своите извештаи исто така му осрнува внимание, на потешкотиите кои ги срекавале егзархистичките свештеници во Македонија во вршењето на својата служба а кои биле правени од страна на приврзаниците на Патријаршијата и турските власти. Од вака создадената ситуа-

ција сакал да профитира Ватикан и во врска со ова погореспоменатиот монс. Менини имал состанок со бугарскиот егзарх Јосиф I. На овој состанок монс. Менини предложил егзархистите да стапат во Унија со Ватикан истовремено задржувајќи го својот обред и се друго а исто така ќе имале поддршка од католичките земји. Меѓутоа, италијанскиот конзул сметал дека принцот Фердинанд не би поддржал едно вакво решение зошто би дошол во опасност неговиот престол. Монс. Менини во својот извештај упатен до Ватикан, според зборовите на италијанскиот конзул, барал овој поенергично да дејствува во правец на горенаведената акција.

Во разговорите водени помеѓу италијанскиот конзул и монс. Менини, во врска со ова прашање, последниот истакнал дека евентуалното прифаќање на Унијата од страна на Егзархијата би било од корист за Италија во моментот кога оваа би станала покровител на католиците на Истокот. По сепак на крајот италијанскиот конзул ја сметал оваа идеја за утопистичка во даденият момент и таа би можела да се реализира само во подалечно време.[854)]

На ова прашање се надоврзува и италијанскиот дипломатски агент во Софија Куќи Боасо кој во својот извештај од 9 ноември 1905 г. зборува за средбата на монс. Менини и бугарскиот егзарх. Куќи Боасо сметал дека една нивна спогодба би била невозможна со оглед на историските околности дека во овој дел на Европа религијата била синоним и на нацијата и дека бугарскиот народ имал повеќе симпатии спрема Русија отколку спрема Австро-Унгарија. Исто така се нагласува дека една евентуална ваква спогодба би предизвикала несогледливи последици за ситуацијата во земјата.[855)]

Италијанскиот конзул во Солун С. Милацо со внимание ја следел посетата на надбискупот монс. Тачи, апостолскиот делегат на папата во Цариград, кој ја направил на Солун, Битола и

Кавала. Инаку апостолскиот делегат ги посетил италијанскиот конзул во Солун С. Милацо и генералот Де Џорџис.[856]

Од гореналоженото може да се заклучи дека односот на Италија спрема активноста на католичката пропаганда во голема мера зависел од тоа дали активноста на последнава одела на штета на италијанските интереси или пак работела во нивна корист.

Покрај горенаведеното треба да се истакне дека и италијанските претставници настојуваат и самите да истапуваат во пропагирање на одредени свои ставови кои би оделе кон засилување на позициите на својата земја во овој дел на Балканот. Затоа и не треба да се испушти од вид и нивното пропагандното дејствување на италијанските конзули во Македонија. Тоа може да се забележи и од одредени нивни извештаи испратени од Македонија.

Како заклучок во однос на тоа каков бил ставот на италијанските официјални кругови спрема активноста на странските пропаганди може да се каже дека тие ги уочувале намерите и целите што си ги поставиле владите на соседните балкански буржоаски држави преку помагањето на дејноста на овие пропаганди да си подготвуваат патиштата за натамошно проникнување во Македонија.

Треба да се одбележи исто така дека овие италијански кругови активноста на странските пропаганди ја гледале и низ призмата на политичките и стратегиските интереси на Италија т.е. да не се допушти да се загрозуваат нејзините позиции на Балканскиот Полуостров имајќи го предвид третманот што го давала италијанската влада општо на Источното прашање. И покрај сето ова на крајот можеме да заклучиме дека сепак Италија ја осудувала активноста на странските пропаганди во Македонија кои имале за главна цел разбивање на единството на македонскиот народ.

З А К Л У Ч О К

Нашата главна цел при изработката на темата "Италијанската политика кон Македонија од Илинденското востание до Првата светска империјалистичка војна (1903-1914 година)" беше да дадеме еден систематизиран труд во кој ќе ги проследиме и расветлиме аспектите на италијанската политика спрема Македонија во времето од 1903 година т.е. од Илинденското востание па непосредно до почнувањето на Првата светска империјалистичка војна во 1914 год.

При давањето на синтеза на трудот "Италијанската политика кон Македонија од Илинденското востание до Првата светска империјалистичка војна (1903-1914 година)" настојувавме распределбата на материјата да ја извршиме така што за да може да се согледа италијанската политика во сите аспекти на своите односи со Турција, балканските земји, односно Македонија.

При разработката на оваа материја ние се користевме со извори, печат и литература кои што се однесуваат на оваа проблематика.

Изворите воглавно се од италијанско потекло, т.е. тоа се главно извештаи на италијанските дипломатски претставници од територијата на Македонија, Отоманската империја, соседните балкански држави, а и од престолнините на големите европски сили. Во извештаите најповеќе се застапени оние кои се однесуваат на Илинденското востание од 1903 година, на Мирцштегските реформи (улогата што во нив ја имала Италија) и Младотурската револуција. Секако, има одредени извештаи кои се однесуваат и на некои други настани. Извесни материјали - дипломатски документи од различно потекло се користени како превод и ни овозможуваат расветлување на извесни прашања од доменот на италијанската политика спрема Македонија и воопшто спрема Балканот. Во вакви релации се движи

и литературата која нам ни е достапна во овој момент, но таа воглавно, со извесни исклучоци, е литература од постарите годишта.

Врз основа на користените извори и на литературата го констатираме интензитетот на италијанското интересирање спрема Македонија во периодот од 1903 до 1914 година, како на политички така и на економски план. Но треба да се каже дека италијанско-македонските врски постоеле, и тоа прилично интензивни, и пред Обединувањето на Италија во 1870 година. Тие врски започнале да се засилуваат уште во времето кога Македонија веќе била под власта на Отоманската империја а Венецијанската република и другите италијански градови во најголема мера ја развиле својата трговска и политичка моќ.

Но ослободувањето и обединувањето на Италија македонско-италијанските односи добиваат конкретен вид особено на полето на дипломатијата и трговијата. Имемо, Италија сè повеќе тежнеела на овој дел на Балканот да ги зголеми своите позиции и интереси и да ја зголеми трговската размена. Ова ѝ било потребно на Италија заради нејзиниот побрз капиталистички развиток имајќи предвид дека италијанската индустрија, која засилено почнала да се развива, не располагала со значајни извори на енергија, рудни суровини, потоа различни земјоделски производи и др.

Во времето до почнувањето на балканските војни економските односи на Македонија со Италија се одвивале во рамките на трговијата на Италија со Отоманската империја. Во времето на војните, па се до 1914 година оваа трговија се одвивала во рамките на трговијата на балканските земји со Италија. Погодната местоположба на Македонија, поволната клима за одгледување на низа земјоделски производи, меѓу кои особено спаѓале тутунот, памукот, житните растенија, разните сточарски производи, потоа одгледувањето

на кожурците на свилените буби придонело за развивањето на меѓусебната трговска размена. По развитокот на трговските врски помеѓу Македонија и Италија во периодот од 1903 до 1914 година зависел од низа суштествени услови, кои биле стрикно поврзани со овие врски. Развитокот на трговските врски пред се зависел од општите услови на трговските врски помеѓу Италија и Отоманската империја, односно по 1912 година Италија и балканските земји, кои воопредно влијаеле врз македонско-италијанските трговски врски.

Одредени тешкотии во детално разгледување на трговската размена меѓу Македонија и Италија ни причинуваше фактот што за поедини години не располагаме со податоци за структурата на производите кои учествувале во оваа трговска размена.

Италија воглавно во Македонија плесувала индустриска стока и тоа различни текстилни стоки, метални изработки, мотори и машини, музички инструменти, стаклорија, ориз, масло, петролеј, кафе, брашно и други прехранбени и колонијални производи, чиј извоз бил многу значаен за Италија на листата на извозот,

И покрај ваквата разновидност на производите кои учествувале во италијанскиот внос во Македонија, Италија, сепак, во тој поглед, заостанувала зад една Австро-Унгарија, Англија и др.

Структурата на производите кои учествувале во италијанскиот извоз од Македонија во најголем дел ја сочинувале индустриските култури и тоа особено тутунот, памукот потоа волната. Треба да се спомене и транзитот на жив добиток од Србија за Италија преку Солунското пристаниште. Меѓутоа, артикал кој што бил во центарот на вниманието на италијанските увозници биле кожурците од свилените буби. Имајќи го предвид развитокот на италијанската индустрија за свила и самите италијански фабрики на различни начини го помагале увозот на кожурците на свилените буби од Македо-

нија. Меѓутоа, балканските војни имале за последица да се намали производството на кожурците од свилени буби, како последица на исчезнатите илјадници луѓе во балканските војни и на големата емиграција, посебно на турскиот елемент. Бегањето на Турците кон Азија чувствително го намали производството во Македонија, бидејќи тие беа едни од главните производители на свилени буби. Удел во италијанскиот извоз од Македонија земале и различните видови на кожи, потоа житните култури и некои други производи.

Може да се констатира дека италијанскиот извоз од Македонија заземал значајна ставка во експортот на разните производи од Македонија. Интензитетот на извозот зависел од низата фактори кои ја одредувале висината на надворешно-трговската размена на Македонија.

Значителен удел во развитокот на трговската размена на Македонија и Италија имала и пловидбата на италијанските бродови во Солунското пристаниште која што се одвивала преку "Италијанското друштво за општо поморство (Ллоуд Италиано)" а и некои други европски компании.

Сообразно со вака постоечките трговски врски меѓу Македонија и Италија би требало да се очекува и одредено политичко интересирање на Италија за состојбите во Македонија односно за развитокот на македонското прашање во овој период.

Во последната третина на XIX и особено во почетокот на XX век во Италија се создаде современа фабричко-заводска индустрија и бил направен решавачкиот чекор на патот за претворање на земјата од заостаната аграрна во аграрно-индустриска. Паралелно со ваквиот развиток, почнувајќи од крајот на XIX век во Италија со брзи чекори одел процесот на концентрација на производството и капиталите.

Проблемот за освојување на пазари за продажба на индустриската и селскостопанската продукција, а исто така и зацврстувањето на меѓународниот престиж на Италија среде тн. големи држави, го обуслови засилувањето на империјалистичката политика на владеачката класа. Тоа фактички е и времето на засилувањето на индустриската револуција во Италија. Како логична последица од таквата општествено-економска и политичка ситуација во Италија во првата деценија од XX век се надоврзува и надворешната политика на земјата. Во овој период доаѓа до заострување на нејзините односи со сојузничката Австро-Унгарија која била против проникнувањето на Италија на Балканот. Како последица од ова доаѓа до ослабување на врските со централните сили и подобрување на односите со Франција и Англија. Сметајќи на поддршка на царска Русија во спротивставувањето на експанзијата на Австро-Унгарија на Балканот, Италија пројавила голема заинтересираност за зближување со Русија.

Таквата дипломатска активност на италијанските владеачки кругови им овозможиле поактивно да се вклучат во решавањето на Источното прашање. Италија инсистира да се вметне како трета заинтересирана сила во реализацијата на Мирцштегските реформи донесени по средбата на рускиот и австро-унгарскиот император на 2 октомври 1903 година. Италија покажала значително интересирање и кон прашањето за финансиските реформи во Отоманската империја. Таа била вклучена и во изработката на разни проекти за изградба на железници кои би поминувале со еден свој дел и по територијата на Отоманската империја.

Настан кој посебно ја загрижил Италија била анексијата на Босна и Херцеговина која ја покажала експанзионистичката политика на Австро-Унгарија на Балканот. Анексијата била сигнал

за Италија, во следните години да ги засили своите империјалистички потфати во однос на Отоманската империја кои ќе кулминираат со италијанско-турската војна 1911-1912 година за Либија. Војната завршила со мировниот договор потпишан во Лозана на 18 октомври 1912 година. Италијанско-турската војна на меѓународен план оставила сериозни последици во рамнотежата на силите. Всушност либискиот потфат се наречува предудиум на балканските војни и на Првата светска империјалистичка војна.

Либиската војна го забрзала настапувањето на уште една, одамна совреана криза. Таа ги побудила балканските држави да се договорат помеѓу себе за сојуз против Отоманската империја и да започнат против неа војна. Настанатата положба на Балканот, ќе како последица од војната настојувала да ја искористи и Италија. По исто така треба да се каже дека италијанската влада заземала, иако не јавно, крајно остра позиција по однос на претензиите на балканските сојузници спрема турското наследство на Балканот. Таа во секој случај сакала да се зачува status-quo -то.

Италија исто така со внимание ги следи настаните поврзани со избувнувањето на меѓусебната војна на балканските сојузници. Таа енергично истапува против намерите на Австро-Унгарија да ја нападне Србија по повод нарушената рамнотежа на Балканот по поразот на Бугарија во меѓусојузничката војна. Исто така и прашањето за ревизија на Букурешкиот мировен договор било во жижата на интересирањето на италијанските политички кругови. Во овој период за Италија многу актуелно било и албанското прашање во врска со одредувањето на границите на новата албанска држава и во кое Италија ја држела страната на Албанија. Во сето ова интересирање на италијанските владеачки кругови, делта била, иако Италија била ослабена од Либиската војна, да не се дозволи да се

загрозат нејзините позиции посебно во западниот дел на Балканот како од балканските фактори така и од страна на Австро-Унгарија.

Меѓутоа во годините непосредно пред почнувањето на Првата светска империјалистичка војна, Италија почнува уште повеќе да ја потенцира својата балканска политика. Таа најповеќе се изразувала во интересирањето на италијанските политички кругови за прашањето за изградбата на железници на Балканот. На политички план, италијанската влада, по убиството на австро-унгарскиот престолонаследник Франц Фердинанд и реперкусиите што произлегле од тоа, во настанатата ситуација зазела многу двосмислена позиција. Таа настојувала да извлече компензации за себе од двата воено-политички сојузи Антантата и Тројниот Сојуз. Но кога веќе избувнала Првата светска империјалистичка војна, поради редица причини Италија ја прогласила својата неутралност во однос на завојуваните страни. Секако,една од нив била и војничката неспремност на земјата да истапи против еден од војувачките блокови.

Во рамките на својата балканска политика спрема Отоманската империја, во сите фази почнувајќи од Илинденското востание во 1903 година, па преку младотурската револуција во 1908 година до балканските војни Италија покажувала зголемено интересирање кон Македонија, во некои периоди во поголема мера а во некои во помала, сообразно на нејзината политика спрема Империјата. Заинтересираноста на Италија за Македонија продолжила и во време на балканските војни, кога будно ги следела воените операции кои се одвивале на нејзината територија прво против Отоманската империја од страна на балканските сојузници а потоа и во текот на меѓусојузничката војна. Македонија била во фокусот на италијанската заинтересираност и во врска со плановите за изградба на железнички патишта кои би врвеле на нејзината територија. Оваа заинте-

ресираност произлегувала од стремежот да се обезбедат прво економските а потоа и политичките позиции во Македонија.

Голем придонес во запознавањето на италијанската влада со положбата во Македонија давале несомнено италијанските дипломатски претставници. Италијанските конзули преку своите извештаи ги запознавале своите претпоставени за ситуацијата во Македонија во поедините фази на македонското прашање во времето од 1903 до 1914 година.

Дејноста на италијанските конзули, како и на конзулите на останатите држави, се сведувала: на административни работи - заштита на интересите на своите поданици, испраќање на извештаи до своите претпоставени т.е. или на својот амбасадор во Цариград или директно до министерот односно министерството за надворешни работи. Покрај податоците што ги добивале од официјалните власти за одредени настани, конзулите стапувале во контакт со одделни претставници од македонското револуционерно движење од кои добивале информации за акциите било на турската армија било на востаничките чети. Конзулите со многу поголема сигурност се потпирале на информациите што ги добивале од претставниците на револуционерната организација. Заради тоа тие настојувале да бидат во постојан контакт со претставниците на револуционерната организација. Покрај тоа конзулите добивале налози од своите претпоставени да извршат истражување по одделни проблеми од состојбата на теренот или пак самите разменувале одредени информации со своите колеги во врска со одредени проблеми.

Во ваков контекст се движат и извештаите на италијанските дипломатски претставници од соседните балкански држави а во нешто поголема мера се застапени дипломатски коментари за ситуацијата во Македонија во извештаите на италијанските амбасадори

акредитирани кај владите на големите европски сили. Меѓутоа, и во нив отсуствуваат подетални податоци за официјалните ставови на Италија кон поодделните прашања што се третираат во нашата работа. Со оглед на ваквите состојби на работата се неопходни понатамошни истражувања за дел од прашањата кои се разгледуваат во нашата ~~кандидатска~~ тема. Таквите истражувања ќе овозможат уште подетално да се претстави политиката на Италија спрема Македонија во разгледуваниот период.

Засиленият интерес на Италија кон македонското прашање на најочигледен начин се искажало за време на Илинденското востание. Неа како и сите останати големи империјалистички држави востанието ја изненадило и вознемирило. Таа, како и во предилинденскиот период инсистирала на зачувување на статус-то, на мирот и на рамнотежата на Истокот, а била против создавање на таква ситуација која би одела на штета на нејзините интереси. Италија настојувала да се зачува интегритетот на Отоманската империја зошто тој претставувал гарант за обезбедување на нејзините позиции.

Извештаите на италијанските конзули во Македонија придонесуваат во не мала мера во формирањето на италијанската политика кон настаните во Македонија. Тие тоа го постигнуваат со внимателно следење на текот на востаничкото движење, со што и овозможиле на италијанската влада да заземе соодветни насоки во однос кон Отоманската империја.

Борбата на македонскиот народ за национално ослободување за време и по Илинденското востание, остави силен впечаток среде некои кругови на општественото мислење во Италија. Печатот беше главниот информатор за настаните во Македонија за време и по востанието. Речиси, сите повлијателни весници имаа свои политички и воени кореспонденти, како и специјални известувачи во Ма-

кедонија. Со не помало внимание е третирана и положбата во Македонија по Илинденското востание.

За разлика од конзервативните официјални органи кои, раководејќи се од свои интереси и од својот посебен однос кон балканската политика, го штитеа интегритетот на Отоманската империја и се залагаа за зачувување на територијалното status-quo, либералниот печат кој отпрвен беше за спроведување на поумерени реформи, подоцна бараше поенергична интервенција на силите во работите на Отоманската империја.

Од сите нам излагања по ова прашање може да се изведе општ заклучок дека востанието во Македонија имало силен одглас кај италијанското прогресивно општествено мислење кое ги изразува ваше своите симпатии кон македонското ослободително дело и бараше енергична интервенција за подобрување на положбата во Македонија. Свои акции во таа насока преземаа бившите гарибалдинци, потоа и порано формираните комитети "За Ерменија и Македонија". Покрај политичките акции, по востанието, во Италија започнала да се собира помош во полза на настраданото македонско население од востанието. Драгоцен придонес во запознавањето на италијанската јавност со ситуацијата во Македонија давале и познатите италијански публицисти преку своите репортажи, студии и др. посветени на оваа проблематика.

Друг момент кој силно го привлече вниманието на италијанските владеачки кругови било и прашањето поврзано со реформите во Македонија. Илинденското востание ги изненади и ги вознемири големите империјалистички држави и владеачките кругови во балканските држави. Во околности кои се заканувале да го нарушат status-quo-то во Отоманската империја, кај некои големи сили созревала мислата од корисноста на нови реформи, притоа не коренити

и не такви што би биле во расчекор со нивните интереси. Такви биле и Мирцштегските реформи од 1903 година.

Како главен акцент во реформниот програм донесен во Мирцштег претставува именувањето на двајца европски соработници на Хилми-паша и странски генерал како началник што ќе се грижи за реорганизација на турската жандармерија. На австро-руските предлози за реформната акција, италијанската влада ја дала својата поддршка.

Во текот на договарањата за испраќање на странски офицери во Македонија за реорганизација на жандармеријата се искристализирала и идејата за назначување на офицер началник на жандармеријата кој би бил Италијанец. По долготрајни дискусии Високата Порта се согласила со назначувањето на генералот Де Џордис за генерал реорганизатор на чело на македонската жандармерија. Фактички преку овој чин Италија успеала, до една определена точка, да и се признае, една особена позиција на Балканот, после таа на Австро-Унгарија и на Русија. Покрај генералот Де Џордис, Италија успеала да го издејствува и именувањето на еден италијански висок офицер во главниот штаб на македонската жандармерија.

Кон крајот на јануари 1904 година, генералот Де Џордис со своите соработници отпатуваше за Цариград. Во италијанските политички кругови се очекувало со активноста на италијанските офицери да се обезбеди засилување на италијанското влијание во Македонија.

Но и покрај дипломатските успеси кои ги постигнала Италија во пралањето за нејзиното место во реализирањето на Мирцштегските реформи неа уште ја очекувале тешки борби за зацврстување на своето влијание во Македонија со добивање на своја зона за реорганизација на македонската жандармерија.

По именувањето на генералот Де Доргис за командант на македонската жандармерија Италија била заинтересирана за разрешување на уште две прашања поврзани со реорганизацијата на последнава и тоа имено: која зона треба да ѝ се додели на Италија за надгледување, на нејзините офицери, и какви мерки да се преземат во врска со положбата на албанското население кое живеело во вилаетите опфатени со реформите.

По интензивните дипломатски напори на италијанската влада, а совладувајќи ги сите спротиставувања на Австро-Унгарија, на Италија ѝ бил доделен секторот на Битола за реорганизација на македонската жандармерија. Но сѐ било обусловено, во случај ако седиштето на главниот штаб на генералот Де Доргис биде пренесено од Солун во Битола на Италија, да ѝ биде доделен друг сектор.

Во врска со прашањето за исклучување на албанските казни од реформата на жандармеријата, Италија се залагала тоа да биде привремено за разлика од Австро-Унгарија која барала тоа да биде постојано.

Со доделувањето на секторите за реорганизација на македонската жандармерија започнала новата фаза т.е. практичната активност за реорганизација на жандармеријата. Италијанските офицери на 27 мај пристигнале во Битола. По извршениот распоред на италијанските офицери и по нивното разместување по соодветните казни во битолскиот сектор, италијанските офицери го вложиле својот максимум за да се запознаат со состојбата на секторот и во секциите. Биле забележителни нивните напори за спречување на самоволијата на турските власти врз македонското население. Несомнено нивното ангажирање и залагање имало политички белег, со цел да се афирмира италијанската политика на Балканот, посебно во неговите западни краишта: Албанија и Македонија, каде воглавно би-

ле насочени италијанските економски и политички интереси, заради што доаѓале и во судир со австроунгарските.

Запознавајќи се на самото место со состојбата во Битолскиот сектор италијанските офицери не изразувале некој поголем оптимизам во резултатите од примената на Мирцштегската реформна програма. Една од најглавните пречки за успешно извршување на нивната мисија тие ја гледале во однесувањето на самите турски граѓански и воени власти. Подоцна со решение на сите сили учеснички во реформите бил зголемен бројот на странските офицери во Македонија меѓу кои и на Италија.

И покрај несомнениот успех на политички план на Италија, Австро-Унгарија настојувала да го намалува влијанието на генералот де Дорџис со поставувањето на прашањето за односите на генералот со австроунгарскиот и рускиот цивилен агент. Намерите биле генералот Де Дорџис да се постави во подредена позиција на онаа на генералниот инспектор Хилми-паша и на двата цивилни агенти. Но со активна поддршка на англиската влада ова прашање било разрешено во корист на генералот.

Дејствувајќи во тешки околности, како поради дејствата на турските власти, така и поради интригите на австроунгарските претставници во Македонија, италијанските офицери заедно со генералот Де Дорџис вложувале напори да постигнат определени резултати во реорганизацијата на жандармеријата. Благодарејќи на дејноста на италијанските, а и останатите странски офицери, дошло до подобрување на јавната сигурност посебно во внатрешноста на Македонија. Но треба да се спомене дека одредени кругови го критикувале генералот поради неговите односи со турските власти. Но, надминувајќи ги сите погоре споменати тешкотии, генералот де Дорџис, можел во еден релативно краток временски период, да ја

организира македонската жандармерија на најдобар начин кој му бил дозволен од околностите, од финансиските средства кои му биле ставени на негово располагање, и од местата каде акцијата на жандармите требала да се развива.

Покрај кон прашањето за реорганизација на македонската жандармерија, Италија покажала значително интересирање и кон прашањето за финансиските реформи во Отоманската империја односно Македонија. Суштината на ова прашање се состоела во барањето на Отоманската влада ушатено до 11% на таксата од вредноста на стоките што се внесувале поради пополнување на дефицитот предизвикан од примената на реформите. Италијанската влада ја услови својата согласност со колективноста на контролата. Со нацртот на финансискиот правилник било предвидено секоја од четирите влади (Италија, Германија, Англија и Франција) да именуваат по еден финансиски делегат кои ке дејствувале заедно со генералниот инспектор и австроунгарскиот и рускиот цивилен агент чии што надлежности биле определени со Мирцштегската програма. По успешниот исход на резултатот во врска со прашањето за финансиската реформа во Македонија, тој во италијанската јавност бил оценет како дипломатски успех на италијанската надворешна политика. Треба да се каже дека правилникот за финансиската контрола во Македонија бил во наредниот период повеќе пати дополнуван.

Во рамките на македонските реформи значајна е и судската реформа. Таа всушност била реформа која се надоврзувала на целата реорганизација на локалната автономна администрација, која имала за цел да ги смири духовите кај незадоволното население во Македонија. Проектот го изработиле австроунгарскиот и рускиот цивилен агент во Македонија, врз база на чл. 4 на Мирцштегската програма. Отоманската влада се обидувала со свои против предлози

да го спречи прилагањето на оваа реформа. Меѓутоа, со австро-италијанските и австро-англиските контакти на високо ниво се разрешиле спорните прашања во врска со судската реформа. Фактички преку дипломатските договори Италија ја постигнала целта и таа да се вклучи во прилагањето на македонските реформи, одземајќи ги од австро-руската исклучителност.

Во 1907-1908 година завршувал рокот на полномоштијата на низа органи поврзани со реформната акција во Македонија. Големите сили се обидоа да ѝ предложат на Портата и понатаму овие органи да останат во Македонија, но таа се спротиставила обидувајќи се да ги стави под своја зависност. Во време на крајна затегнатост на положбата во Македонија, во 1908 година умира генералот Де Џорџис. За негов наследник италијанската влада го одредила генералот Робилант. Имајќи ги предвид тешките прилики во Отоманската империја извршувањето на доверената задача станувало се посложено.

Со избувнувањето на Младотурската револуција, Младотурците доаѓајќи на власт изнудиле кај европските држави отповикување од Македонија на своите офицери - инструктори на жандармеријата.

Улогата на Италија во реформната акција во Македонија различно била оценувана од современиците во земјата. Некои ја оценувале позитивно акцијата на Италија и покрај тоа што реформите генерално банкротирале (В.Мантегаца). Но, некои со сомневање гледале на реформаторската интервенција на силите во Македонија, како на згодна прилика која ѝ се понудувала на Австро-Унгарија во нејзиното експанзионистичко движење кон европскиот југоисток (Антонио Балдачи). Било и какви да се расудувањата на италијанските публицисти, неоспорен бил фактот дека Италија со учеството во реорганизацијата на македонската жандармерија остварила значајни поени во остварувањето на своите стратегиски цели на запад-

ниот дел на Балканот.

Значајно интересирање италијанската влада им обрнала на-
настаните поврзани со избувнувањето на Младотурската револуција
во 1908 година. Преку своите дипломатски претставници во Македо-
нија владата била постојано информирана за новонастанатата ситу-
ација. Во извештаите се застапени материјали за политиката што
имал намера да ја спроведува новиот режим, потоа за односот на
странските пропаганди кон новите власти. Посебно се издвојуваат
податоци за односот на македонските револуционери, како напр. Ја-
не Сандански, кон младотурските власти.

Италија, а и другите европски империјалистички држа-
ви, надворешно пројавувале пријателска расположба кон Младотурска-
та револуција, но во стварност нив ги обеспокојувала перспектива-
та на растењето на националното движење во колонијалните и зави-
сните земји под влијанието на успехот на револуцијата во Отоман-
ската империја. Во италијанскиот печат различно се оценувала Мла-
дотурската револуција во зависност од тоа чии интереси ги изразу-
вал. Италијанските владеачки кругови биле заинтересирани новона-
станатите промени во Империјата да го осигураат статус-квото. Ме-
ѓутоа, анексијата на Босна и Херцеговина предизвикала силни пре-
окупации кај Италија во врска со развојот на натамошниот тек на
настаните. Анексијата претставувала сериозен удар врз авторитетот
на младотурскиот режим. Италијанските дипломатски претставници,
посебно обрнувале внимание на влијанието на странските пропага-
нди и политички организации во Македонија кои го користеле зао-
струвањето на ситуацијата во земјата. Тие во одредени случаи и
интервенирале кај соодветните власти во врска со ова прашање.
Италијанските политички кругови со внимание ја следеле и ситуа-
цијата настаната со дејствувањето на конзервативните сили против

младотурскиот режим.

Во овој период продолжувало и интересирањето на Италија за изградбата на железниците на Балканот, а се разбира и во Македонија. Посебно предизвикувале интерес плановите за изградба на железница од Битола до албанскиот брег. Но немањето финансиски средства а и некои други околности и попречувале на Италија повеќе да се ангажира на овој план.

Покрај заинтересираноста на италијанската влада за погореспоменатата проблематика поврзана со разните етапи од развојот на македонското прашање доаѓа исто така и до зголемување на заинтересираноста на италијанската јавност, особено по избувнувањето на Илинденското востание, за да се дознае каква цел проследувало македонското национално-ослободително движење. Италијанските весници уочуваат дека револуционерната организација во Македонија фактички значела една држава во отоманската држава која располагала со свои органи во областа на правосудството, финансиите и др. Значаен придонес во разјаснувањето на значењето на Внатрешната револуционерна организација даваат и италијанските публицисти Јован Амадори-Вирџил, Одино Воргари, Луиџи Барзини и др. Тие ги уочуваат и анексионистичките намери на Врховниот комитет во Софија кон Македонија. Од друга страна се истакнува непомирливоста на Внатрешната револуционерна организација која немала намера да ја толерира активноста на врховистичката организација во Македонија. Покрај гореспоменатите публицисти за револуционерното движење во Македонија пишувале и Вико Мантегаца и Родолфо Фоа. И покрај некои нивни неточни становишта, тие ја увидуваат разликата во дејноста на Внатрешната организација и онаа на Врховниот комитет во Софија.

Интересни сведоштва за дејноста на македонската рево-

луционерна организација ни даваат и италијанските офицери кои учествувале во реорганизацијата на жандармеријата во Македонија. Во рамките на својата дејност одделни италијански офицери покажувале интерес за воспоставување контакти со луѓе-членови на Внатрешната организација. Преку одделни разговори тие дознавале за целите што ги проследувала револуционерната организација во својата борба против турските власти. Особено италијанскиот офицер Еторе Лодди покажал голем интерес за дејноста на истакнатиот македонски револуционер Христо Узунов. И другите италијански офицери придонесоа со својата активност да се дознае за борбата на македонскиот народ за национална слобода.

Воопшто може да се каже дека италијанските општествени и политички кругови ја забележувале дејноста на Македонската револуционерна организација и нејзините сподвижници во борбата за национално ослободување на македонскиот народ од под тугинското ропство.

Италијанската политика кон Македонија може да се следи и по тоа какви биле нејзините становишта спрема активноста на странските пропаганди во Македонија. Италијанските дипломатски претставници било на територијата на Македонија, т.е. италијанските конзули во Македонија, било во Отоманската империја, во соседните балкански држави, па и во европските престолнини му посветувале широко внимание на дејноста на странските пропаганди во Македонија. Со ова прашање се занимавале и италијанските публицисти. Најрелефно дејноста на странските пропаганди во Македонија ја оценил познатиот италијански публицист Анџело Перките. Тој ги обвинувал владите во Белград, Софија, Атина и Букурешт дека станувале центри од каде отворено или прикриено се поттикнувала дејноста на пропагандните чети. Нивната политика не се одвивала са-

мо со дипломатски чекори, но исто така и со вооружена и нелегална акција. Владите на соседните балкански монархии настојувале помеѓу себе да се испреварат во работата на пропагандното поле во Македонија. Преку оваа дејност споменатите влади настојувале во сите поединости да ја остварат својата национална програма.

Италијанските официјални кругови ги уочувале намерите и целите кои си ги поставиле владите на соседните балкански буржоаски држави преку помагањето на дејноста на овие пропаганди да си подготвуваат патиштата за натамошно проникнување во Македонија.

Покрај споменатото, потребно е да се одбележи дека италијанските официјални кругови активноста на странските пропаганди ја гледале и низ призмата на политичките и стратегиските интереси на Италија т.е. да не се допушти да се загрозуваат нејзините позиции на Балканскиот Полуостров, имајќи го предвид третманот што го давала италијанската влада општо на Источното прашање. И покрај сето ова на крајот можеме да заклучиме дека сепак италијанските прогресивни кругови ја осудувале активноста на странските пропаганди во Македонија кои имале за главна цел разбивање на единството на македонскиот народ.

Вложената ситуација во Турција, при крајот на владата на Младотурците, ја искористиле соседните балкански монархии и склучувајќи го Балканскиот сојуз и објавиле војна на Империјата. Во врска со избувнувањето на Првата балканска војна Италија била против тоа да се промени територијалното *status-quo* на Балканот и во Отоманската империја. Меѓутоа, прогресивните општествени кругови, реагираа на поинаков начин и иницираа формирање на одреди од доброволци тн. гарибалдинци кои се бореа против турските војски во Грција, Албанија, Црна Гора и во Македонија. Но и покрај вакви свои ангажирања италијанската јавност увидела де-

ка настаните на Балканот се движат по поинаков тек отколку што таа очекувала. Веднаш по завршувањето на Првата балканска војна се надвиснала опасноста од нови војна на довчерашните сојузници. Во воените операции кои се водеа за повторна распределба на Македонија најповеќе настрада македонскиот народ. Италијанските публицисти пишуваат за жестокостите кои ги вршеле врз македонското население новите окупатори. Така Анџело Перниче пишувал дека македонското прашање не било разрешено на конференцијата во Букурешт, а новите освојувачи уште повеќе од Турците се истакнувала во примената на средствата за национално уништување и во нивната нетолерантност кон другите народи. Меѓутоа, во услови на нараснување на затегнатоста во Европа, во предвечерјето на војната, во Италија сè повеќе се засилуваат националистичките идеи, во односот кон соседните народи, дури и кај претставниците на демократските кругови.

Со избувнувањето на Првата светска империјалистичка војна во 1914 година, Италија уште повеќе се свртува кон Балканот. Кога со Лондонскиот договор од 1915 година ѝ се ветени на неа некои територии кои се наоѓале под власта на Австро-Унгарија а биле населени со југословенски народи. Во текот на 1916-1918 година италијанската 35 дивизија учествувала во борбите на Солунскиот фронт на страната на силите на Антантата. Интересирањето на Италија за Македонија ќе продолжи и по завршувањето на Првата светска империјалистичка војна.

Како резиме на вкупната дејност на Италија во врска со нејзиниот однос кон македонското прашање може да се каже: Таа како млада сила, поттикнувана од амбициозните буржоаски кругови, настојувала да се вклучи во концертот на големите сили во разрешувањето на македонското прашање и одтука е таквиот не-

јзин интерес кон разните аспекти од македонското прашање. Во Италија била релативно слаба со слаб воjнички и економски потенциjал. Потоа таа релативно доцна стапнала на историската сцена, и овде и да сакала не можела да има, некое решавачко влиjание, ниту да има одредени соодветни политички позиции и во Македониjа.

Во рамките на расположивиот материjал се обидовме да дадеме синтеза за тоа каков бил односот на Италиjа спрема Македониjа во рамките на италиjанско-турските односи до 1912 година, а потоа во рамките на односите на Италиjа и балканските земjи до почетокот на Првата светска империjалистичка воjна во 1914 година како на економски така и на политички план.

B E L E Š K I

1. Hristo Andonov-Poljanski, Za makedonsko-italijanskite odnosi vo minatoto. Sovremenost 10 (1970), 1016.
2. Dančo Zografski, Razvitokot na kapitalističkite elementi vo Makedonija za vreme na turskoto vladeenje. Skopje 1967, 33.
3. Hristo Andonov-Poljanski, "Apelot" na Gorgi Iv.Kapčev od 1899 godina. Godišen zbornik na Filozofskiot fakultet (Skopje) 22 (1970), 192.
4. Mario Pacor, Italia e Balcani dal Risorgimento alla Resistenza. Milano 1968, 11.
5. Hristo Andonov-Poljanski, Za makedonsko-italijanskite odnosi vo minatoto... 1018.
6. Čedomir Popov, Francuska i Srbija 1871-1878. Beograd 1974, 224.
7. Hristo Hristov, Osvoboždenieto na Bŭlgariя i politikata ng zapadnite dŭržavi 1876-1878. Sofiя 1968, 36.
8. Za stavot na Italija vo vrska so prašanjeto za Istočnata kriza 1875-1878 g. vidi: Kočo Sidovski, Italija i Istočnata kriza. Zb.: Makedonija vo Istočnata kriza (1875-1881), Skopje 1988, 617-633.
9. Ibidem 632.
10. Za stavot na Italija kon makedonskoto prašanje vo ovoj period vidi: Kočo Sidovski, Stavot na Italija sprema makedonskoto prašanje vo godinite neposredno pred izbuvnuvanjeto na Ilindenskoto vostanie vo 1903 godina. Zb.: Prilozi za Ilinden 1978, II. Kruševo 1979, 559-580.
11. Reformi (Sofiя), V/15, 15.V 1903, 1.
12. Reformata programa bila donesena na 8 fevruari 1903 godina vo Viena od strana na pretstavnicite na vladite na Rusija i Avstro-Ungarija koi uštе so spogodba od 1897 godina go sankcionirale svojot odnos na "zainteresirani" za rabotite na Balkanot, odnosno za Makedonija. Spored ovaa programa se predviduvala reorganizacija na turskata žandarmerija i policija, samostoen budjet, zamena na desetokot so zemjišen danok i drugo. Megutoa, ovie reformi ne donesoa nikakvi resultati.
13. Edna od najkompleksnite studii kade za prvpat se tretira italijanskiot stav sprema makedonskoto prašanje vo ramkite na

italijanskata politika sprema Balkanot i Otomanskata imperija pretstavuva studijata na Viko Mantegasca (Vico Mantegazza, Macedonie (marzo-aprile 1903). - Milano 1903, 340.

14. Za stavot na Italija sprema makedonskoto nacionalnoosloboditelno dviženje vo ovoj period vidi: Kočo Sidovski, Stavot na Italija sprema makedonskoto nacionalno-oslobodite1no dviženje do 1903 godine. Istorija XVIII/2 (1981), 153-169.
15. L'Illustrazione italiana (Milano), XXX/14, 5.IV 1903, 260.
16. Documenti diplomatici presentati al Parlamento Italiano del Ministro degli Affari esteri (Di San Giuliano), Macedonia. Roma, 1906, Legisl. XXII-sess. 1904-906. 71.
17. Angelo Pernice, Origine ed Evoluzione Storica delle Nazioni balcaniche. Milano 1915, 329.
18. Za odglasot na ubistvoto na Goce Delčev vo italijanskiot pečat vidi: Hristo Andonov-Poljanski, Goce Delčev, IV tom. Skopje 1972, 26-36.
19. Vo ovoj grad vo fevruari 1903 godina bil formiran komitet narečen "Za Ermenija i Makedonija" (Pro Armenia e Macedonia).
20. Hristo Andonov-Poljanski, Odglasot na Ilindenskoto vostanie vo Amerika i Evropa. Istorija IV/1 (1968), 57-58.
21. L'Illustrazione Italiana (Milano), XXX/22, 31.V 1903, 441.
22. Archivio Storico del Ministero degli Affari esteri-Roma, Arhiv na Makedonija-Skopje, vo natamošniot tekst AMS; Roma, 13 maggio 1903, M-LX/710.
23. R. Pinon, L'Europe et l'Empire Ottoman. Paris 1913, 340.
24. Vo vrska so razgleduvanoto prašanje vidi: Kočo Sidovski, Prilog kon prašanjeto za trgovskata politika na Italija kon Osmanskata imperija so poseben aspekt kon Makedonija (1870-1903 godina). Godišen zbornik na Filozofskiot fakultet (Skopje) 8 (34) (1982), 87-95.
25. K. A. Kirova, Italьjanskaja ekspanzija v Vostočnom Sredizemnomorьe (V načale XX v.). - Moskva 1973, 48.
26. Ibidem, 49.
27. Idem, 50.
28. Id., 50.
29. I., 50.
30. Ž. P. Ahimović, Italo-turecka voĭna 1911-1912 g. Moskva 1977, 20.
31. K. A. Kirova, op. cit., 47.

32. Ibidem, 48.
33. Ibid.
34. Za brziot rast na italijanskata pamučna industrija ni svedočat slednite brojki: vo 1900 g. vo nea bea vraboteni 135 ilj. rabotnici, taa imala 2111 ilj. furki i 78 ilj. razboi; vo 1912 g. brojot na rabotnicite bil veḱe 220 ilj. furki - 4,5 mln. i razboi 116 ilj. A.Tremelloni, L'Industria tessile italiana. Come e sorta e come e oggi. Torino 1937, 84. Citirano spored: K.Ǯ.Kirova, op. cit., 277.
35. Ibidem, 49.
36. Ibid., 49-50.
37. Id., 51.
38. Za ova pišuval L.Lucati vo v. "Il Corriere della Serra", 6.VII 1912; Id., 52.
39. Sodržinata na dogovorot bila bazirana vrz osnova na dogovorot za trgovija i plovidba pomeǵu Sardinija i Visokata Porta sklučen vo Carigrad na 2 septemvri 1839 godina, ratificiran vo 1840.
40. D.A.Moričev, Očerki ekonomiki Turcii do Mirovoi Voiny. Moskva -Leningrad 1937, 182-183. Citirano spored Hristo Andonov-Poljanski, Osnovite na trgovskite vrski pomeǵu Rieka i Turcija vo vtorata polovina na XIX vek. - Godišen zbornik na Filozofskiot fakultet (Skopje) 15 (1963), 177.
41. Ibidem, 181.
42. Utvrdeni ušte so dogovorot na Otomanskata imperija so kapitalističkite državi vo tekot na 1861-1862 g.
43. R. Ministero degli Affari esteri. Trattati e convenzioni fra il Regno d'Italia e gli altri stati, Volume 19 - Atti conchiusi dal 1° gennaio al 31 dicembre 1907. Roma 1930 - VIII, 51.
44. Ibidem, 54. Protokolot bil potpišan od pretstavnicite na Visokata Porta Tewfik, minister za nadvorešni raboti, na Francija Constans, na Italija Sforza, na Germanija Marrshall, na Velika Britanija O'Conor, na Avstro-Ungarija Pallavicini i na Rusija Zinoviev.
45. Bollettinom del Ministero degli Affari esteri, Anno 1907. Rome 1908, 233.
46. Bollettino del Ministero degli Affari esteri, Novembre 1911, Roma 1911, 754. Tekstot e objaven i vo Gazzetta Ufficiale

del 27 novembre 1911, N. 774.

47. Ibidem, 755-757.

Podolu ja davame tabelata so pregled na stokite, koi podleżat na odredbite za carinski taksi od gorespomenatiot dekret:

Br. na tarifata	naziv na stokite	edinica	taksa
7 b	Maslinovo maslo	kvintal	25-
15	Prirodno gafo	"	200-
94 a	slatki koreni ne pretvoreni vo prav	"	15-
109 b/2	gumi, smola i dr.	"	15-
120 a	drvena građa	"	5-
121 a	koreni, kori i plodovi, za boja neneleni	"	5-
161 a	pamuk	"	6-
187 a	neprana volna	"	10-
187 b	prana volna	"	10-
191 a	neobrabotena volnena prega	"	50-
199	volneni kilimi	"	200-
208	kożurci od svileni bubi	"	30-
209 a/1	surova svila	kgr.	2,50
229 a/2	ogrevno drvo	toni	15-
231	dryen jaglen	"	3-
244 a	trski, sita i neobrabotani vrbuški	kvintal	5-
261 a/2	neobrabotani koži za krzna krzna	"	60-
270 a	żelezni minereli	toni	10-
374	oves	kvintal	8-
378	neimenuvani żitarici	"	7,50
383	trici	"	5-
395	neimenuvano svežo ovošje	"	5-
397	roguški	"	10-
400 a/1	lupeni bademi	"	25-
400 c	leśnici	"	20-
400 e	suvo grozje	"	30-
406 v	leneno seme	"	12-
406 d	seminja od susam i od kikiriki	"	12-

Br. na tarifata	naziv na stokite	edinica	taksa
411	konji	eden	80-
415	bikovi	"	30-
426 a	sveži ribi	kvintal	20-
433	jajca od živina	"	20-
437	sirenje	"	40-
444 a	perduvi za postelnina	"	50-.

48. Bollettino del Ministero degli Affari esteri, Parte Amministrativa, Anno 1912. Roma 1913, 79.
49. Vidi: Renner, Der Aussenhandel der Turkei von dem Welt kriege, 272-273. Citirano spored Hristo Andonov-Poljanski, Uslovite i sistemot na trgovskata organizacija vo trgovskite vrski pomegu Rieka i Turcija vo vtorata polovina na XIX vek. - Godišen zbornik na Filozofskiot fakultet (Skopje), 16 (1964), 83.
50. Ibidem, 83.
51. Ibid., 83-84.
52. M.K.S. Beleški za trgovijata i industrijata na Makedonija. Iz Raporta na Kermelo Melia. Bulgarski Pregled II/IV (1895), 86-110.
53. Hristo Andonov-Poljanski, Osnovite na trgovskite vrski, ... op. cit., 168.
54. Za ova vidi: Dančo Zografski, op. cit., 227-311.
55. Danica Milić, Odnosi sa Crnom Gorom u sklopu opšte ekonomske politike Italije prema Balkanu do 1915 godine. Zbornik: "Crna Gora u medjunarodnim odnosima". Titograd 1984, 189.
56. Ibidem, 194.
57. Ibid., 195.
58. G. Visart, Turchia, Il Vilayet di Monastir. Bollettino dell Ministero degli Affari Esteri, Gennaio 1906. Roma 1906, 19.
59. Ibidem.
60. Ibid., 19-20.
61. Dančo Zografski, op. cit., 306.
62. Danica Milić, op. cit., 195-196.
63. Ibidem, 198.
64. Dančo Zografski, op. cit., 308.
65. Ibidem, 311.
66. Ibid., 312-313.

67. Bollettino del Ministero degli Affari Esteri, Anno 1909. Roma, 1909, 562.
68. Ibidem, 650-653.
69. Bollettino del Ministero degli Affari Esteri, Anno 1910. Roma 1910, 871.
70. Danica Milić, op. cit., 198-199.
71. Kočo Sidovski, op. cit., 217.
72. Ibidem.
73. Danica Milić, op. cit., 199.
74. Ibiden, 200.
75. Ibid.
76. Denes s. Kremenica-Bitolsko.
77. Kočo Sidovski, op. cit., 219-220.
78. Kočo Sidovski, Eden italijanski izveštaj za odrazot na balkanskite vojni vrz makedonskoto stopanstvo i posebno na Bitola. Prilozi, 38. Bitola, 1983, 151.
79. Kočo Sidovski, Italijanski izveštaj, op. cit., 223-224.
80. Bollettino del Ministero degli Affari Esteri, Parte Commerciale 1915. Roma, 1915, 2.
81. Ibidem, 9.
82. Ibid., 10.
83. Id., 11-12.
84. Bollettino del Ministero degli Affari Esteri, Parte Commerciale 1915. Roma, 1915, 2.
85. Bollettino del Ministero degli Affari Esteri, Parte Commerciale 1914. Roma 1914, 13.
86. Bollettino del Ministero degli Affari Esteri, Direzione Generale degli affari commerciali, N° 9, 1914 - Maggio. Roma, 1914, 6-7.
87. Ibidem.
88. Ibid., 8-17.
89. Z.P.Ĵhinovič, op. cit., 18.
90. Ibidem, 18-19. Citirano spored: E. Tremelloni, Storia recente dell'industria italiana, 54.
91. Ibid., 19.
92. Krizata 1907-1908 godina teško se odrazila vo finansiskata, trgovskata i industriskata oblast; taa dovela do masovno razoruvanje na sitnite i srednite pretprijatija i gi zakrepna-

la poziciite na monopolite.

93. Id., 20.
94. Id., 20-21. Citirano spored: P.Togliati, Discorso su Giolitti, 40.
95. Id., 21. Citirano spored ↗Sereni, Agrarnyĭ vopros v Italii, 55ž
96. Id. 22.
97. Id., 23-24.
98. I. 24-25.
99. Istoriя Italiĭ, tom II. Moskva 1970, 344.
100. Ibidem.
101. Ibid., 345.
102. Id., 347.
103. I., 348.
104. I.
105. Ferdo Šišić, Predratna politika Italije i postanak Londonskog Pakta (1870-1915). Split 1933, 50.
106. K. ↗Kirova, op. cit., 25.
107. Ibidem, 25-26.
108. Ferdo Šišić, op. cit., 53.
109. A. Dž. P. Tejlor, Borba za prevlast u Evropi. Sarajevo, 1968, 402.
110. Za prvpat dogovorot za Trojniot sojuz megu Germanija, Avstr Avstro-Ungarija i Italija bil potpišan na 20 maj 1882 godina. Na 20 fevruari 1887 godina, Dogovorot od 1882 godina bil prodolžen do 1892 godina. Vo juni 1902 godina Italija se soglasila ušte ednaš da go vozobnovi dogovorot za Trojniot sojuz.
111. Ferdo Šišić, op. cit., 55. Megutoa i pokraj ova treba da se istakne deka Germancite nemale doverba vo Italija, no go obnovile sojuzot da ne bi izgledalo deka zavisat edinstveno od Avstro-Ungarija. Bilov pišuval: "Morame što e možno pomalku na Avstrijancite da im stavime do znaenje za našata relativna politička izolacija". Bilov do Viljem II, 31 maj 1906. A. Dž. P. Tejlor, op. cit., 402.
112. Ibidem.
113. Z. P.Ghimović, op. cit., 26.
114. Ibidem.

115. Istoriя Italiи, op. cit., 381.
116. Ibidem.
117. Ibid.
118. Id., 382.
119. Iredento - na italijanski: "Neosloboden", koj se naoga pod tuga vlast".
120. Istoriя Italiи, op. cit., 382.
121. Ibidem, 383. Citirano spored: E. Corredini, Le nazioni proleturie ed il nazionalismo. Roma, 1911, 21.
122. I., Citirano spored: E. Anchieri, Antologia storico-diplomatica. Raccolta ordinata di documenti diplomatici, politici, memorialistici, di trattati e convenzioni dal 1815 al 1940, s.a. 323-325.
123. I.
124. I. 384.
125. I. 384-385.
126. I. 386.
127. I. 386-387.
128. A. DŽ. P. Tejlor, op. cit., 429.
129. Ibidem.
130. Pendo Kišić, op. cit., 70.
131. V. Ćorović, Diplomatska prepiska Kraljevine Srbije, Knjiga prva (1 januar 1902 - 1 juna 1903). Beograd 1933, 668.
132. K. Kirova, op. cit., 260.
133. Reformi (Sofiя), IV/8, 16.III 1902.
134. H.G.Andonovski-Poljanski, Situacijata vo Makedonija po Ilindenskoto vostanie i Mircštegskite reformi. Godišen zbornik na Filozofskiot fakultet na Univerzitetot vo Skopje 8/1 (1955), 9-10.
135. UN ITALIANO (Giovanni Amadori Virgili). La politica estera italiana, 1875-1916. Bitonto, 1916, 609.
136. H.G.Andovski-Poljanski, op. cit., 24.
137. Istorija na makedonskiot narod, Kniga vtora. Skopje 1969, 297.
138. H.G.Andonovski, op. cit., 28.
139. UN ITALIANO, op. cit., 613.
140. Nuova Antologia di lettere, scienze ed arti, Quarta serio, Marzo-aprile 1904. Roma 1904, 162.

141. Angelo Pernice, Origine ed evoluzione storica dello Nazioni balcaniche. Milano 1915, 354.
142. Kon krajot na noevri 1905 godina kraj turskoto krejbrežje, na ostrovot Lemnos, se pojavila eskadra na brodovi na evropskite državi, osven brodovite na Germanija, a vo Mitilena angliskite odredi gi zavzedoa carinarnicata i telegrafot.
143. Angelo Pernice, op. cit., 354-355.
144. K.Ž.Kirova, op. cit., 233.
145. Ibidem, 234-235.
146. Ibid., 237.
147. Id., 238.
148. I., 239.
149. I.
150. I. 240-242. Pregovorite za raspredeluvanje na akciite na učesnicite vo realizacijata na Dunavsko-Jadranskiot železnički pat završile na sledniot način: Italijancite se soglasile na 35%, Francuzite dobile pravo da vnesat 45% od celiot kapital, 15% Rusije i 5 % - Srbija. Vo upravata na sindikatot 5 mesta im se davale na Francuzite, 4 - na Italijancite, 2 - na Rusite i 1 - na Srbite.
151. Angelo Tamborra, The rise of Italian Industry and the Balkans (1900-1914). The journal of europeen economic history. (Roma). Volume 3, Number 1 - Spring 1974, 116.
152. K.Ž.Kirova, op. cit., 243-244.
153. Ibidem, 244-245.
154. Vo 1891 godina mladoturskite emigranti vo Ženeva sozdale zagraničen centar koj podocna prerasnal vo "Otomanski komitet za obedinenie i napredok", na čie čelo zastanal progresivniot intelektualec Ahmed Riza. Od stranstvo tie povele počatnata sodržina na mladoturskata programa bila - borba za zapazuvanje celosta na Otomanskata imperija, a vo tesna vrska so ova - radikalno reformiranje na Turcija. Tokmu zatoa uništuvanjeto na apsolutizmot i vraćanjeto na ustavnosta i će stanat osnovni celi vo dviženjeto na Mladotureite.
155. I. G. Benkevič, Osvoboditel'noe dviženie albanskogo naroda v 1905-1912 gg. Moskva, 1959, 116. Citirano spored: V.I.Lenin, Sobytiя na Balkanah i v Persii. Sočineniя, t.15, 200.

156. Ibidem, 116.
157. Angelo Pernice, op. cit., 364-365.
158. За ова било дискутирано на средбата на претставниците на двете земји во Buchlau, т.е. Ерental и Изволски - на 16 септември 1908 година. Иначе тајната промеморија била од м. јуни 1908 година. Иако дискусијата на двата претставници била необврзувачка таа нашла начин да се појави во печатот. UN ITALIANO (Giovanni Amadori Virgili), op. cit., 693.
159. Ibidem, 692.
160. Ibid., 693.
161. Ibid.
162. Id.
163. Иš 694.
164. Во прилог на оваа констатација оди фактот, бидејќи таа не само што ги probуди протестите на Отоманската империја и на малите балкански држави (Србија и Црна Гора), но растревожи и две големи европски империјалистички сили како што биле Русија и Италија. Меѓутоа протестите не излегоа од дипломатскиот терен. Најсилен протест изрази Русија која изречно побара прашањето да биде регулирано на една европска конференција. Франција и Англија се покажаа благонаклонети на оваа идеја, но Австро-Унгарија категорично се отказала од тоа, поддржана безрезервно од Германија. Така, Италија уште еднаш се најде во тешка и деликатна позиција, бидејќи од една страна се чувствувала обврзана на сојузништво, а од друга засилувањето на Австро-Унгарија на Балканскиот Полуостров, без некое надополнување на нив, не можело да и биде нејзе пријатно.
165. Gemma Scipione, Storia dei Trattati 1815-1948. Firenze 1949, 229.
166. Ibidem.
167. Dj. P. Gučˇ - J. M. Jovanovićˇ, Diplomatska istorija moderne Evrope 1878-1919. Beograd, 1933, 351.
168. Ibidem.
169. Ferdo Šišić, op. cit., 62.
170. Istoriя diplomatii. Tom vtoroĭ. Diplomatiя v novoe vremя (1872-1919 gg.). Pod redakcieĭ akademika V.P.Potёmkina. Moskva-Leningrad 1945, 194.

171. Ferdo Šišić, op. cit., 62.
172. Ibidem, 62-63.
173. Ibid., 63.
174. Vo mestoto Dezio vo 1908 godina se sretnale italijanskiot minister za nadvorešni raboti Titoni i negoviot ruski kolega Izvolski. Koga stanalo zbor za aneksijata na Bosna i Hercegovina, Izvolski mu izjavil na Titoni, deka soglasnosta na Rusija na ovoj čin na Avstro-Ungarija bila obuslovena so istovremenoto razrešuvanje na prašanjeto na Dardanelskiot moreuz i kompenzacijata na Srbija i Crna Gora. Proektot za aneksijata na Bosna i Hercegovina go dovel Titoni vo bes. Pak što se odnesuva do ruskite planovi vo odnos na moreuzite, toa kon niv Titoni vo suština se odnesuval potvrdno: toj samo go postavil uslovot, deka Rusija kako vozvrat ќe ja dade svojata soglasnost za osvojuvanje na Tripolitanija od strana na Italija. Po nekoe vreme Titoni izjavil vo Parlamentot, deka vo Dezio bila postignata polna dogovorenost na ruskata i italijanskata gledna točka.
175. Tajnata na ovoj dogovor ja čuvale Italija i Rusija tolku rigorozno, što za glavnite punktovi ništo ne doznale nitu ruskite pratenici vo Pariz i London, pa nitu pretsedatelot na francuskata vlada Puankare, se do esenta na 1912 godina, koga izbuvnale Prvata balkanska vojna. Se razbira, ušte pomalku Italija gi informirala Viena i Berlin za dogovorot sklučen vo Rakonidji, duri imala i lice i ponatamu da pregovara so Viena za taen dogovor, kako "nema so Rusija da pregovara za balkanskite prašanja bez učestvo na Avstro-Ungarija", i deka božem "razgovorot" izmeģu Titoni i Izvolski se dviżel "samo onaka voopšteno okolu balkanskite prašanja ne menuvajќi ja nimalku denešnata sostojba na rabotite". Titoni i avstroungarskiot i germanskiot pretstavnik vo Rim gi uveruval deka: "nemalo pismeni dogovori vo Rakonidji". Ušte poveќe Titoni na 21 noemvri potpolno pristanal i na redakcijata na Erental na predloženiot tekst na noviot avstro-ungarsko-italijanski balkanski dogovor koj na 30 noemvri grofot Erental go primil na znaenje. No na 2 dekemvri padnal celiot kabinet na Giolitti i na čelo na vladata pak došol baronot Sidnej Sonino, a na čelo na minister-

министерството за надворешни работи Франческо Гвичардини. Потоа биле разменети нотите со кои се прифаќал новиот договор. За оваа измена на ноти веднаш бил известен Берлин. Фердо Шишић, op. cit., 64-65.

176. Ibidem, 65.

177. З.П.Якимовић, op. cit., 42.

178. Ibidem, 43.

179. Ibid., 45. Citirano spored: G.Ansaldo, Il ministro della buona vita Giolitti e i suoi tempi, 361.

180. Id., 49-50.

